З А К О Н
ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Дел први

ОСНОВИ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

(ОПШТ ДЕЛ)

Глава I

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Цел и содржина на законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги.

Учесници на облигационите односи

Член 2

Учесници во облигационите односи се правни и физички лица.

Слобода на уредувањето на облигационите односи

Член 3

Учесниците во прометот слободно ги уредуваат облигационите односи во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи.

Рамноправност на учесниците во облигациониот однос

Член 4

Учесниците во облигациониот однос се рамноправни.

Начело на совесност и чесност

Член 5

Во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи учесниците се должни да се придржуваат кон начелото на совесност и чесност.

Забрана на злоупотреба на право

Член 6

Забрането е вршењето на право од облигационите односи спротивно на целта заради која е тоа со закон установено или признаено.

Забрана на искористување
на монополска положба

Член 7

Во засновувањето на облигационите односи учесниците не можат да установат права и обврски со кои за кој и да е од нив или за друг се искористува монополската положба на пазарот.

Начело на еднаква вредност на давањето

Член 8

Во засновувањето на двострани договори, учесниците тргнуваат од начелото на еднаква вредност на заемните давања.

Забрана на предизвикување на штета

Член 9

Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета.

Заштита на личните права

Член 9-а

(1) *Секое физичко и правно лице, покрај заштитата на имотните права, има и право на заштита на своите лични права согласно со закон.*

(2) *Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права.*

(3) *Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.*

Должност за исполнување на обврски

Член 10

(1) *Учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се одговорни за нејзиното исполнување.*

(2) *Обврската може да се згасне само со согласност на волјите на учесниците во облигациониот однос или врз основа на закон.*

Начело на справедливост

Член 10-а

Начелото на справедливост се применува во случаите точно определени со закон, како што се одделни случаи поврзани со одговорноста за штета, општите услови на договорот, раскинувањето на договорот поради променети околности и слично.

Однесување во извршувањето на обврските и во остварувањето на правата

Член 11

(1) *Учесникот во облигациониот однос е должен во извршувањето на својата обврска да постапува со внимание кое во правниот промет се бара во соодветниот вид облигациони односи (внимание на добар стопанственик, односно внимание на добар домаќин)* .

(2) *Учесникот во облигациониот однос е должен во извршувањето на обврска од својата професионална дејност да постапува со зголемено внимание, според правилата на струката и обичаите (внимание на добар стручњак)* .

(3) *Учесникот во облигациониот однос е должен во остварувањето на своето право да се воздржи од постапка со која би се отежнало извршувањето на обврската на друг учесник.*

Обврски спрема граѓаните како потрошувачи и корисници на услуги

Член 12

Во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи, субјектите се должни (кога со вршењето на својата дејност непосредно задоволуваат потреби на граѓаните), своите права и обврски да ги уредуваат и вршат на начин со кој се обезбедува почитување на основните права на потрошувачите и корисниците на услуги утврдени со овој закон, друг закон и меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

Правни последици од повредата на начелата

Член 12-а

Во кои случаи и какви последици произлегуваат од повредата на начелата, се уредува со закон.

Решавање на спорови на мирен начин

Член 13

Учесниците во облигациониот однос ќе настојуваат споровите да ги решаваат со усогласување, посредување или на друг мирен начин.

Диспозитивен карактер на одредбите на законот

Член 14

Учесниците можат својот облигационен однос да го уредат поинаку отколку што е определено со овој закон, ако од одделна одредба на овој закон или друг закон или од нејзината смисла не произлегува нешто друго.

Примена на обичаите и практиката

Член 15

(1) *Во облигационите односи се применуваат обичаите кога нивната примена е договорена или со закон предвидена.*

(2) *Во облигационите односи меѓу трговците се применуваат трговските обичаи кои овие ги договориле и трговската практика која ја воспоставиле дури и кога се во спротивност со диспозитивните норми.*

(3) *Во облигационите односи се применуваат и узансите (општи и посебни), кога нивната примена е договорена или таа неспорно произлегува од околностите на случајот.*

Примена на други закони и меѓународни договори

Член 16

Врз облигационите односи кои се уредуваат со други закони и со меѓународни договори кои ги ратификувала Република Македонија се применуваат одредбите на овој закон во прашањата што не се уредени со тој закон, односно меѓународен договор.

Примена на одделни одредби

Член 17

(1) *Одредбите од овој закон што се однесуваат на договорите се применуваат врз сите видови договори, освен ако за трговските договори поинаку не е изречно определено.*

(2) *Трговски договори, во смисла на овој закон, се договори што трговските друштва, трговците поединци и другите правни или физички лица кои вршат трговска дејност, во вид на занимање, ги склучуваат меѓу себе во вршењето на дејностите што го сочинуваат предметот на нивното работење или се во врска со тие дејности.*

(3) *Одредбите од овој закон што се однесуваат на договорите сообразно се применуваат и врз другите правни работи.*

Самовласна заштита

Член 17-а

Учесниците во облигационите односи кои во согласност со закон самовласно прибаваат или штитат некое свое право, се должни тоа прибавување или штитење да го остварат во рамките на допуштеноста предвидена со закон, а во спротивно одговараат за направеното пречекорување.

Глава II

НАСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

Основи за настанување на обврските

Член 17-б

Обврските настануваат со договор, причинување штета, стекнување без основ, работоводство без налог, јавно ветување награда, издавање хартии од вредност и други случаи предвидени со закон.

Оддел 1

ДОГОВОР

Отсек 1

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

I. СОГЛАСНОСТ НА ВОЛЈИТЕ

Кога договорот е склучен

Член 18

Договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот.

Задолжително склучување и задолжителна содржина на договорот

Член 19

(1) *Ако некој според законот е обврзан да склучи договор, заинтересираното лице може да бара таквиот договор да се склучи без одлагање.*

(2) *Одредбите на прописите со кои, делумно или во целост, се определува содржината на договорот се составни делови на тие договори и ги надополнуваат или влегуваат на местото на договорните одредби кои не се во согласност со нив.*

Изјава на волја

Член 20

(1) *Волјата за склучување на договор може да се изјави со зборови, вообичаени знаци или друго однесување од кое со сигурност може да се заклучи за нејзиното постоење, содржина и идентитетот на давачот на изјавата.*

(2) *Волјата за склучување на договор може да се изјави и со помош на различни комуникациски средства (телефон, факс, интернет врска и други).*

(3) *Изјавата на волја мора да биде направена слободно и сериозно.*

Дозвола и одобрение

Член 21

(1) *Кога за склучување на договор е потребна согласност од некое трето лице, оваа согласност може да биде дадена пред склучувањето на договорот, како дозвола или по неговото склучување, како одобрение, ако со закон не е пропишано нешто друго.*

(2) *Дозволата, односно одобрението мора да биде дадено во форма пропишана за договорите за чие склучување се дава.*

Преговори

Член 22

(1) *Преговорите што му претходат на склучувањето на договор не обврзуваат и секоја страна може да ги прекине секогаш кога сака.*

(2) *Страната што водела преговори без намера да склучи договор одговара за штетата настаната со водењето на преговорите.*

(3) *Одговара за штетата и страната што водела преговори со намера да склучи договор, па се откаже од таа намера без основана причина и со тоа на другата страна и предизвика штета.*

(4) *Ако едната страна, во текот на преговорите и дала на другата класифицирани или доверливи информации или и овозможила да дојде до нив, другата страна, освен ако поинаку не е договорено или уредено со закон, не смее да ги направи достапни на трети лица, ниту да ги користи за свои интереси, без разлика дали подоцна договорот е склучен или не.*

(5) *Класификацијата на информациите, нивната заштита, како и обврските и одговорностите на создавачите и корисниците на класифицирани информации, се врши согласно со закон.*

(6) *Кои информации се сметаат за доверливи во трговската практика и работење, се уредува со општ акт на правното лице.*

(7) *Ако не се спогодат поинаку, секоја страна ги поднесува своите трошоци околу подготовките за склучување на договорот, а заедничките трошоци ги поднесуваат во еднакви делови.*

Време и место на склучување на договор

Член 23

(1) *Договорот е склучен оној момент кога понудувачот ќе прими изјава од понудениот дека ја прифаќа понудата.*

(2) *Се смета дека договорот е склучен во местото во кое понудувачот имал свое седиште, односно живеалиште во моментот кога ја направил понудата.*

Насловите на членовите и членовите 23-а, 23-б и 23-в се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.84/08).

Понуда

Член 24

(1) *Понудата е предлог за склучување на договор направен за определено лице кој ги содржи сите суштествени состојки на договорот.*

(2) *Понудата може да се направи на присутно и на отсутно лице.*

(3) *Ако договорните страни по постигнатата согласност за суштествените состојки на договорот оставиле некои споредни точки за подоцна, договорот се смета склучен, а спорединте точки , ако самите договарачи не постигнат согласност за нив, ќе ги уреди судот водејќи сметка за претходните преговори, утврдената практика меѓу договарачите и обичаите.*

Понуда направена со комуникациско средство

Член 24-а

(1) *Понудата направена со комуникациско средство се смета за понуда меѓу отсутни лица.*

(2) *Ако во конкретниот случај може веднаш да се даде одговор на понудата, се смета дека понудата дадена со комуникациско средство е направена меѓу присутни лица, освен ако со посебен закон поинаку не е определено.*

Општа понуда

Член 25

(1) *Предлогот за склучување договор направен за неопределен број лица, што ги содржи суштествените состојки на договорот, за чие склучување е наменет, важи како понуда, доколку не произлегува поинаку од околностите на случајот или од обичајот.*

(2) *Доколку во општата понуда не е предвиден рокот на нејзината обврзност, се смета дека таа се обврзува се додека залихите на добра кои ги има понудувачот, а на кои се однесува понудата не бидат исцрпени, не престане неговата способност за давање на понудените услуги, односно не престане неговата способност да го пренесува или отстапува понуденото право.*

(3) *Кога општата понуда во која не е определен рокот на нејзината обврзност престанала поради неможност на понудувачот и понатаму да пренесува или отстапува определени права, заинтересираното лице има право на надоместок на штетата која ја претрпело верувајќи дека со примањето на нејзината изјава за прифаќање од страна на понудувачот договорот ќе се смета за склучен.*

Излагање на стоки

Член 26

Излагањето на стоки со означување на цената се смета за понуда, доколку не произлегува поинаку од околностите на случајот или од обичајот.

Испраќање на каталози и огласи

Член 27

(1) *Испраќањето на каталози, ценовници, тарифи и други известувања, како и огласите направени преку печатот, со летоци, по радиото, телевизијата или на некој друг начин не претставуваат понуда за склучување договор, туку само покана да се направи понуда под објавените услови.*

(2) *Испраќачот на таквите покани ќе одговара за штетата што би ја претрпел понудувачот, ако без основана причина не ја прифатил неговата понуда.*

Дејство на понудата

Член 28

(1) *Понудувачот е врзан со понудата освен ако ја исклучил својата обврска да ја одржи понудата, или ако тоа исклучување произлегува од околностите на работата.*

(2) *Понудата може да се отповика само ако понудениот го примил отповикот пред приемот на понудата или истовремено со неа.*

Рок до кога понудата обврзува

Член 29

(1) *Понудата во која е определен рокот за нејзино прифаќање го обврзува понудувачот до истекот на тој рок.*

(2) *Ако понудувачот во писмо или во телеграма го определил рокот за прифаќање, ќе се смета дека тој рок започнал да тече од датумот означен во писмото, односно од денот кога телеграмата е предадена на пошта.*

(3) *Во случај писмото да не е датирано, рокот за прифаќање на понудата тече од моментот кога писмото е предадено на пошта.*

(4) *Понудата направена за отсутно лице во која не е определен рокот за прифаќање, го врзува понудувачот за времето кое е редовно потребно понудата да стигне до понудениот, овој да ја разгледа, да одлучи за неа и одговорот за прифаќањето да стигне до понудувачот.*

Форма на понудата

Член 30

Понудата на договорот за чие склучување со закон е утврдено посебна форма го обврзува понудувачот само ако е направена во таа форма.

Понуда од неовластено лице

Член 30-а

Писмената понуда го обврзува понудувачот иако не е потпишана од овластено лице само кога е дадена на деловна хартија (меморандум) со која тој се служи во деловното работење и е потпишана на вообичаен начин, се однесува на дејноста со која тој редовно се занимава и е во нејзиниот редовен обем и ако понудениот не знаел ниту можел да знае дека понудата е потпишана од неовластено лице.

Прифаќање на понудата

Член 31

(1) *Понудата е прифатена кога понудувачот ќе ја прими изјавата од понудениот дека ја прифаќа понудата.*

(2) *Понудата е прифатена и кога понудениот ќе го испрати предметот или ќе ја плати цената, како и кога ќе стори некое друго дејствие кое врз основа на понудата, практиката утврдена меѓу заинтересираните страни или обичајот, може да се смета како изјава за прифаќање.*

(3) *Прифаќањето може да се отповика ако понудувачот ја прими изјавата за отповикување пред изјавата за прифаќањето или истовремено со неа.*

(4) *Прифаќањето на понудата за договор за чие склучување со закон е утврдена посебна форма, го обврзува понудениот само ако е направена во таа форма.*

Прифаќање на непосредна понуда

Член 32

Понудата направена за присутно лице се смета одбиена ако не е прифатена без одлагање, освен ако од околностите произлегува дека на понудениот му припаѓа извесен рок за размислување.

Прифаќање на понудата со предлог да се измени

Член 33

Ако понудениот изјави дека ја прифаќа понудата и истовремено предложи таа да се измени или дополни во нешто, се смета дека понудата ја одбил и дека од своја страна му направил друга понуда на својот поранешен понудувач.

Молчење на понудениот

Член 34

(1) *Молчењето на понудениот не значи прифаќање на понудата.*

(2) *Нема дејство одредбата во понудата дека молчењето на понудениот или некое друго негово пропуштање (на пример, ако не ја одбие понудата во определниот рок или ако испратениот предмет за кој му се нуди договор не го врати во определениот рок и слично) ќе се смета како прифаќање.*

(3) *Кога понудениот се наоѓа во постојана деловна врска со понудувачот во поглед на определени стоки, се смета дека ја прифатил понудата што се однесува на таквите стоки, ако не ја одбил веднаш или во определениот рок.*

(4) *Лицето кое му се понудило на друг да ги извршува неговите налози за вршење на определени работи, како и лицето во чија деловна дејност спаѓа вршењето на таквите налози, должно е да го изврши добиениот налог ако не го одбило веднаш.*

(5) *Ако во случајот од став* (4) *на овој член понудата, односно налогот не е одбиен се смета дека договорот е склучен во моментот кога понудата, односно налогот стигнал до понудениот.*

Задоцнето прифаќање и задоцнето доставување на изјавата за прифаќање

Член 35

(1) *Прифаќањето на понудата извршена со задоцнување се смета како нова понуда од страна на понудениот.*

(2) *Договорот е склучен, ако изјавата за прифаќање на понудата е направена навремено, но стигнала до понудувачот по истекот на рокот за прифаќање, а понудувачот знаел или можел да знае дека изјавата е испратена навремено.*

(3) *Договорот од став* (2) *на овој член не е склучен ако понудувачот веднаш, а најдоцна првиот наредени работен ден по примањето на изјавата, или и пред примањето на изјавата, а по истекот на рокот за прифаќање на понудата, го извести понудениот дека поради задоцнување не се смета врзан со својата понуда.*

Смрт или неспособност на една страна

Член 36

Понудата не го губи дејството ако смртта или неспособноста на една страна настапила пред нејзиното прифаќање, освен ако спротивно произлегува од намерата на страните, обичајот или природата на работата.

Преддоговор

Член 37

(1) *Преддоговор е таков договор со кој се презема обврска да се склучи подоцна друг, главен договор.*

(2) *Ако пропишаната форма е услов за полноважноста на главниот договор, тогаш одредбите на овој закон за формата на главниот договор важат и за преддоговорот.*

(3) *Преддоговорот обврзува ако ги содржи суштествените состојки на главниот договор.*

(4) *На барање од заинтересираната страна судот ќе и наложи на другата страна која одбива да пристапи кон склучување на главниот договор да го направи тоа во рокот што ќе и го определи.*

(5) *Склучување на главниот договор може да се бара во рок од шест месеци од истекот на рокот предвиден за негово склучување, а ако тој рок не е предвиден, тогаш од денот кога според природата на работата и околностите договорот требало да биде склучен.*

(6) *Преддоговорот не обврзува ако околностите од неговото склучување толку се измениле што не би бил ни склучен да постоеле такви околности во тоа време.*

II. ПРЕДМЕТ

Каков мора да биде предметот на обврската

Член 38

(1) *Договорната обврска може да се состои во давање, сторување, несторување или трпење.*

(2) *Договорната обврска мора да биде возможна, дозволена и определена, односно определива.*

Ништовност на договорот поради предметот

Член 39

Кога предметот на обврската е невозможен, недозволен, неопределен или неопределив, договорот е ништовен.

Дополнителна можност

Член 40

Договорот склучен под одложен услов или рок е полноважен ако предметот на обврската кој во почетокот бил невозможен станал возможен пред остварувањето на условите или истекот на рокот.

Кога предметот на обврската е недозволен

Член 41

Предметот на обврската е недозволен ако не е во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи.

Кога предметот е определив

Член 42

(1) *Предметот на обврската е определив ако договорот содржи податоци со помош на кои може да се определи или ако страните му оставиле на трето лице да го определи.*

(2) *Ако третото лице не сака или не може да го определи предметот на обврската, договорот е ништовен.*

III. ОСНОВА

Дозволена основа

Член 43

(1) *Секоја договорна обврска мора да има дозволена основа.*

(2) *Основот е дозволен ако е во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи.*

(3) *Се претпоставува дека обврската има основа иако не е изразена.*

Ништовност на договорот поради основот

Член 44

Ако основот не постои или не е дозволен, договорот е ништовен.

Побуди за склучување договор

Член 45

(1) *Побудите од кои е склучен договорот не влијаат врз неговата полноважност.*

(2) *Ако недозволената побуда суштествено влијаела врз одлуката на едниот договарач да го склучи договорот и ако другиот договарач тоа го знаел или морал да го знае, договорот ќе биде без дејство.*

(3) *Договорот без надомест нема правно дејство и кога другиот договарач не знаел дека недозволената побуда суштествено влијаела врз одлуката на неговиот содоговарач.*

IV. СПОСОБНОСТ

Правна способност

Член 45-а

(1) *Секое физичко и правно лице е способно да биде носител на права и обврски во облигационите односи.*

(2) *Физичкото лице се стекнува со правна способност во моментот на неговото раѓање, а правното лице во моментот на неговото настанување, што се уредува со посебен закон.*

(3) *Се смета дека зачнатото дете е родено кога тоа е потребно за заштита на неговите права, под услов да се роди живо.*

(4) *Се смета дека детето е родено живо, освен ако не се докаже спротивното.*

(5) *Правната способност на физичкото лице престанува со неговата смрт, односно со неговото прогласување за умрено, а на правното лице со неговото престанување, уредено со закон.*

Деловна способност

Член 45-б

(1) *Деловно способното лице самостојно изјавува правно релевантна волја.*

(2) *Физичкото лице со деловна способност се стекнува со навршувањето на годините на полнолетство и во други случаи предвидени со закон.*

(3) *Физичкото лице до навршување на* 14 *години и полнолетното лице на кое му е одземена деловната способност е деловно неспособно.*

(4) *Лицето кое навршило* 14 *години до полнолетство и полнолетното лице на кое му е ограничена деловната способност е ограничено деловно способно, освен ако со закон поинаку не е определено.*

(5) *Правното лице со деловна способност се стекнува во моментот на стекнувањето на правната способност, освен ако со закон поинаку не е определено.*

Договори на правно лице

Член 46

(1) *Правно лице може да склучува договори во правниот промет во рамките на својата правна способност.*

(2) *Правните лица настапуваат во правниот промет во согласност со закон, својот статут, договорот за друштвото, односно нивните општи акти.*

(3) *Правните работи преземени од правното лице со трето лице надвор од дејностите што го сочинуваат неговиот предмет на работење се полноважни, освен ако третото лице знаело или со оглед на околностите морало да знае за пречекорувањето или ако со закон поинаку не е определено.*

(4) *Совесната страна може да бара надомест на штетата што ја претрпела поради склучување на договор кој нема правно дејство.*

Согласност за склучување договор

Член 47

(1) *Кога со статут или со друг општ акт на правното лице е утврдено и во надлежниот регистар што се води во судот запишано дека негов застапник може да склучи определен договор само со согласност на овластен орган, согласноста може да се даде претходно, истовремено или дополнително, ако во регистарот не е запишано нешто друго.*

(2) *Другата страна има право да го повика правното лице неговиот овластен орган во примерен рок да се изјасни дали дава согласност, па ако тој не го стори тоа ќе се смета дека не е дадена согласност.*

(3) *Дополнителната согласност има повратно дејство, ако поинаку не е договорено.*

(4) *Ако не е дадена согласност се смета дека договорот не е ни склучен.*

(5) *Кога според одредбите на овој член се смета дека договорот не е склучен, совесната страна може да бара од правното лице справедлив надомест.*

(6) *Одредбите на овој член се применуваат и во случајот кога со статут или со друг акт на правното лице е определено дека застапникот може да склучи некој договор само заедно со определен орган на тоа лице.*

Договор на деловно неспособно лице

Член 47-а

(1) *За склучување на полноважен договор е потребно договарачот да ја има деловната способност која се бара за склучување на тој договор.*

(2) *Договорот на деловно неспособно лице е ништовен*.

(3) *Договорот на деловно неспособно лице кој има помала вредност* (*секојдневни договори*) *се смета за полноважен*, *освен ако со закон поинаку не е определено*.

Договор на ограничено деловно способно лице

Член 48

(1) *Ограничено деловно способен малолетник може без одобрение од својот законски застапник да ги склучува само оние договори чие склучување му е дозволено со закон.*

(2) *Полнолетното лице на кое со судска одлука му е ограничена деловната способност може без одобрение на законскиот застапник да ги склучува сите договори чие склучување не му е забрането со судската одлука*.

(3) *Другите договори на овие лица, ако се склучени без одобрение од законскиот застапник се рушливи, но можат да останат во сила со негово дополнително одобрение.*

Право на содоговарачот на ограничено деловно способно лице

Член 49

(1) *Содоговарачот на ограничено деловно способно лице кој не знаел за неговата ограничена деловна способност може да се откаже од договорот што го склучил со него без дозвола од неговиот законски застапник*.

(2) *Ова право го има и содоговарачот на ограничено деловно способно лице кој знаел за неговата ограничена деловна способност, но бил измамен од него дека има дозвола од својот законски застапник.*

(3) *Ова право се гаси по истекот на* 30 *дена од дознавањето за ограничената деловна способност на другата страна, односно за непостоењето на дозвола од законскиот застапник, но и порано ако законскиот застапник го одобрил договорот пред да истече тој рок.*

Повикување на законскиот застапник да се изјасни

Член 50

(1) *Содоговарачот на ограничено деловно способно лице кој склучил договор со него без одобрение од неговиот законски застапник може да го повика законскиот застапник да се изјасни дали го одобрува тој договор.*

(2) *Ако законскиот застапник не се изјасни во рок од* 30 *дена од овој повик дека го одобрува договорот, ќе се смета дека одбил да даде одобрение.*

Кога договарачот ќе стекне деловна способност по склучување на договорот

Член 51

(1) *Деловно способно лице може да бара да се поништи договорот што без потребното одобрение го склучило додека било ограничено деловно способно само ако тужбата ја поднело во рок од три месеци од денот на стекнувањето на целосната деловна способност.*

V. МАНИ НА ВОЛЈАТА

Закана

Член 52

(1) *Ако договорната страна или некој трет со недозволена закана предизвикал оправдан страв кај другата страна така што оваа поради тоа склучила договор, другата страна може да бара да се поништи договорот.*

(2) *Стравот се смета за оправдан ако од околностите се гледа дека со сериозна опасност е загрозен животот, телото или друго значајно добро на договорната страна или на трето лице.*

Суштествена заблуда

Член 53

(1) *Заблудата е суштествена ако се однесува на суштествените својства на предметот, на лицето со кое се склучува договорот ако се склучува со оглед на тоа лице, како и на околностите што според обичаите во прометот или според намерата на странките се сметаат за решавачки, а страната која е во заблуда инаку не би склучила договор со таква содржина.*

(2) *Страната која е во заблуда може да бара поништување на договорот поради суштествена заблуда, освен ако при склучувањето на договорот не постапувала со вниманието кое се бара во прометот.*

(3) *Во случај на поништување на договорот поради заблуда, другата совесна страна има право да бара надомест на претрпената штета, без оглед што страната која е во заблуда не е виновна за својата заблуда.*

(4) *Страната која е во заблуда не може да се повикува на неа ако другата страна е готова да го изврши договорот како да немало заблуда.*

Заблуда за побудата кај договорот без надомест

Член 54

Кај договорот без надомест за суштествена заблуда се смета и заблудата за побудата која била решавачка за преземањето на обврската.

Недоразбирање

Член 55

Кога страните веруваат дека се согласни, а всушност меѓу нив постои недоразбирање за природата на договорот, или за основот или за предметот на обврската, договорот не настанува.

Посредна изјава

Член 56

Заблудата на лицето преку кое страната ја изјавила својата волја се смета исто како и заблудата во сопственото изјавување на волјата.

Измама

Член 57

(1) *Ако едната страна предизвика заблуда кај другата страна или ја одржува во заблуда со намера со тоа да ја наведе на склучување на договор, другата страна може да бара поништување на договорот и тогаш кога заблудата не е суштествена.*

(2) *Страната која склучила договор под измама има право да бара надомест на претрпената штета.*

(3) *Ако измамата ја сторило трето лице, измамата влијае врз самиот договор ако другата договорна страна, во време на склучувањето на договорот знаела или морала да знае за измамата.*

(4) *Договор без надомест може да се поништи и кога измамата ја сторило трето лице, без оглед дали другата договорна страна во време на склучувањето на договорот знаела или морала да знае за измамата.*

Привиден договор

Член 58

(1) *Привидниот договор нема дејство меѓу договорните страни.*

(2) *Ако привидниот договор прикрива некој друг договор, другиот договор важи ако се исполнети условите за неговата правна исправност.*

(3) *Привидност на договорот не може да се истакнува спрема трето совесно лице.*

VI. ФОРМА НА ДОГОВОРОТ

Неформалност на договорот

Член 59

(1) *Договорот може да биде склучен во било која форма, освен ако со закон поинаку не е определено.*

(2) *Барањето на законот договорот да биде склучен во определена форма важи и за сите подоцнежни измени или дополнувања на договорот.*

(3) *Полноважни се подоцнежните усни дополнувања за споредните точки за кои во формалниот договор не е речено ништо, доколку тоа не и е спротивно на целта заради која е пропишана формата.*

(4) *Полноважни се и подоцнежните усни спогодби со кои се намалуваат или олеснуваат обврските на едната или другата страна, ако посебната форма е пропишана само во интерес на договорните страни.*

Писмена потврда на усно склучениот договор

Член 59-а

(1) *Секоја од страните може да бара од другата страна писмена потврда за усно склучениот договор се додека другата страна не ја исполни својата обврска од договорот.*

(2) *Страната која ја бара писмената потврда ќе и достави на другата два истоветни примерока кои ги потпишала со повик да и врати еден од примероците откога ќе го потпише.*

(3) *Ако повиканата страна во рок од осум дена од денот кога го примила повикот не и ја предаде потврдата на другата страна, самата или преку друго лице, или не ја прати препорачано, другата страна може да бара од судот да го утврди постоењето на договорот и неговата содржина.*

(4) *Судот ќе го отфрли барањето за утврдување на постоењето на договорот и неговата содржина, доколку страната која ова утврдување го бара не успее да го стори веројатно постоењето на правен интерес за вложување на барањето за утврдување.*

(5) *Особено, судот ќе постапи вака кога обврската на страната кон која е истакнато барањето за утврдување на постоењето на договорот и неговата содржина* е *пристигната, а не постојат околности кои укажуваат на постоењето правен интерес кај страната која ова утврдување го бара.*

(6) *Договорот е полноважен иако писмената потврда не е дадена.*

(7) *Овие правила се применуваат и во случај кога страните се согласиле на својот усно склучен договор да му дадат писмена потврда.*

Раскинување на формалните договори

Член 60

Формалните договори можат да бидат раскинати со неформална спогодба, освен ако за определениот случај со закон е предвидено нешто друго или ако целта поради која е пропишана формата за склучување на договорот бара раскинувањето на договорот да биде извршено во истата форма.

Договорена форма

Член 61

(1) *Договорните страни можат да се спогодат посебната форма да биде услов за полноважноста на нивниот договор.*

(2) *Договорот за чие склучување е договорена посебна форма може да биде раскинат, дополнет или на друг начин изменет и со неформална спогодба.*

Санкција на недостигот на потребната форма

Член 62

(1) *Договорот кој не е склучен во пропишаната форма нема правно дејство доколку од целта на прописот со кој е определена формата не произлегува нешто друго.*

(2) *Договорот кој не е склучен во договорената форма нема правно дејство доколку странките ја условиле полноважноста на договорот со посебната форма.*

Претпоставка за целосност на исправата

Член 63

(1) *Ако договорот е склучен во посебна форма, било врз основа на закон или според волјата на странките, важи само она што е изразено во таа форма.*

(2) *Полноважни се истовремените усни спогодби за споредните точки за кои во формалниот договор не е речено ништо, доколку не се во спротивност со неговата содржина или ако не и се спротивни на целта поради која е пропишана формата.*

(3) *Полноважни се и истовремените усни спогодби со кои се намалуваат или олеснуваат обврските на една или на двете страни ако посебната форма е пропишана само во интерес на договорните страни.*

Составување на исправа

Член 64

(1) *Кога за склучување на договорот е потребно да се состави исправа, договорот е склучен кога исправата ќе ја потпишат сите лица кои се обврзуваат со него.*

(2) *Договарачот кој не знае да пишува ќе стави на исправата ракознак заверен од двајца сведоци или од судот, односно од друг орган што врши јавни овластувања.*

(3) *За склучување на двостран договор е доволно двете страни да потпишат една исправа или секоја од страните да го потпише примерокот на исправата што е наменет за другата страна.*

(4) *Барањето на писмената форма е исполнето и кога страните ќе разменат писма или ќе се спогодат со помош на некое комуникациско средство што овозможува со сигурност да се утврдат постоењето и содржината на изјавата, како и идентитетот на лицето кое ја дава.*

Кога е извршен договорот на кој му недостига форма

Член 65

Договорот за чие склучување се бара писмена форма се смета за полноважен иако не е склучен во таа форма ако договорните страни ги извршиле, во целост или во поголем дел, обврските што настануваат од него, освен ако од целта поради која е пропишана формата очигледно не произлегува нешто друго.

VII. УСЛОВ

Услови и нивното дејство

Член 66

(1) *Договорот е склучен под услов ако неговиот настанок или престанување зависи од неизвесен факт.*

(2) *Ако е склучен под одложен услов па условот се исполни, договорот дејствува од моментот на неговото склучување, освен ако од законот, природата на работата или волјата на страните не произлегува нешто друго.*

(3) *Ако е склучен под раскинлив услов, договорот престанува да важи кога ќе се исполни условот.*

(4) *Се смета дека условот е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го спречи страната врз чиј товар е определен, а се смета дека не е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го предизвикува страната во чија корист е определен.*

Недозволен или невозможен услов

Член 67

(1) *Ништовен е договорот во кој е поставен одложен или раскинлив услов спротивен на Уставот, законите и добрите обичаи.*

(2) *Договорот склучен под невозможен одложен услов е ништовен, а невозможниот раскинлив услов се смета за непостоечки.*

Обезбедување на условно право

Член 68

Ако договорот е склучен под одложен услов, доверителот чие право е условено може да побара соодветно обезбедување на тоа право ако е загрозено неговото остварување.

VIII. РОК

Сметање на времето

Член 69

(1) *Рокот определен во денови започнува да тече првиот ден по настанот од кој се смета рокот, а завршува со истекот на последниот ден од рокот.*

(2) *Рокот определен во недели, месеци или години, завршува оној ден кој според името и бројот се поклопува со денот на настанокот на настанот од кој започнува да тече рокот, а ако таков ден нема во последниот месец, крајот на рокот паѓа на последниот ден од тој месец.*

(3) *Ако последниот ден од рокот паѓа во ден кога со закон е определено да не се работи, како последен ден од рокот се смета наредниот работен ден.*

(4) *Почетокот на месецот го означува првиот ден во месецот, средината петнаесеттиот, а крајот последниот ден во месецот, ако не произлегува нешто друго од намерата на странките или од природата на договорниот однос.*

Примена на правилата за условот

Член 70

Кога дејството на договорот започнува од определеното време, сообразно се применуваат правилата за одложниот услов, а кога договорот престанува да важи по истекот на определениот рок, сообразно се применуваат правилата за раскинливиот услов.

IX. КАПАР И ПИШМАНЛАК

1. КАПАР

Враќање и засметување на капарот

Член 71

(1) *Ако во моментот на склучувањето на договорот едната страна и дала на другата извесен паричен износ или извесно количество на други заменливи предмети како знак дека договорот е склучен (капар), договорот се смета склучен кога капарот е даден, ако не е договорено нешто друго.*

(2) *Во случај на исполнување на договорот капарот мора да се врати или да се засмета во исполнувањето на обврската.*

(3) *Ако не е договорено нешто друго, страната која дала капар не може да се откаже од договорот оставајќи и го капарот на другата страна, ниту тоа може да го стори другата страна со враќање на удвоен капар.*

Неизвршување на договорот

Член 72

(1) *Ако за неизвршувањето на договорот е одговорна страната која дала капар, другата страна може, по свој избор, да бара извршување на договорот, ако тоа уште е возможно и да бара надомест на штетата, а капарот да го засмета во надоместот или да го врати или да се задоволи со примениот капар.*

(2) *Ако за неизвршувањето на договорот е одговорна страната која го примила капарот, другата страна може, по свој избор, да бара извршување на договорот ако тоа уште е возможно или да бара надомест на штетата и враќање на капарот, или да бара враќање на удвоен капар.*

(3) *Во секој случај кога другата страна бара извршување на договорот, таа има право и на надомест на штетата што ја трпи поради задоцнувањето.*

(4) *Судот може на барање на заинтересираната страна да го намали претерано големиот капар.*

Во случај на делумно исполнување на обврската

Член 73

(1) *Во случај на делумно исполнување на обврската, доверителот не може да го задржи капарот, туку може да бара исполнување на остатокот од обврската и надомест на штетата поради задоцнувањето, или да бара надомест на штетата поради нецелосното исполнување, но во двата случаи капарот се засметува во надоместот.*

(2) *Ако доверителот го раскине договорот и го врати она што го примил како делумно исполнување, тој може да избира меѓу другите барања што и припаѓаат на едната страна кога договорот останал неизвршен по вина на другата.*

2. ПИШМАНЛАК

Улога на пишманлакот

Член 74

(1) *Во договорот може да се овласти едната или секоја страна да се откаже од договорот со давање на пишманлак.*

(2) *Кога страната во чија корист е договорен пишманлак, ќе и изјави на другата страна дека ќе даде пишманлак, таа повеќе не може да бара извршување на договорот.*

(3) *Страната овластена да се откаже е должна да го даде пишманлакот истовремено со изјавата за откажување.*

(4) *Ако договарачите не определиле рок до кој овластената страна може да се откаже од договорот, таа може да го стори тоа се додека не ќе тече рокот определен за исполнување на нејзината обврска.*

(5) *Ова право на откажување од договорот престанува и кога страната во чија корист е договорено ќе започне да ги исполнува своите обврски од тој договор или да прима исполнување од другата страна.*

Капар како пишманлак

Член 75

(1) *Кога покрај капарот е договорено право да се откаже од договорот, тогаш капарот се смета како пишманлак и секоја страна може да се откаже од договорот.*

(2) *Во овој случај, ако се откаже страната што дала капар, таа го губи, а ако се откаже страната што го примила капарот, таа го враќа во двоен износ.*

ОТСЕК 2

ЗАСТАПУВАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Можност за застапување

Член 76

(1) *Договор, како и друга правна работа може да се преземе и преку застапник.*

(2) *Овластувањето за застапување се засновува врз закон, статут или друг општ акт, врз акт на надлежниот орган или врз изјава на волјата на застапуваниот (полномошно).*

Дејство на застапувањето

Член 77

(1) *Договорот што ќе го склучи застапник од името на застапувано лице и во границите на своите овластувања ги обврзува непосредно застапуваниот и другата договорна страна.*

(2) *Под истите услови и другите правни работи на застапникот произведуваат правно дејство непосредно спрема застапуваното лице.*

(3) *Застапникот е должен да ја извести другата страна дека настапува од името на застапуваниот, но и кога тој не ќе го стори тоа, договорот произведува правно дејство за застапуваниот и за другата страна, ако оваа знаела или од околностите можела да заклучи дека тој настапува како застапник.*

Пренесување на овластувањата

Член 78

(1) *Застапникот не може да ги пренесе своите овластувања врз друг, освен кога му е дозволено со закон или со договор* .

(2) *По исклучок од став* (1) *на овој член, застапникот може да го стори тоа ако е спречен од околностите да ја сврши работата лично, а интересите на застапуваниот бараат неодложно преземање на правната работа* .

Пречекорување на границите на овластувањето

Член 79

(1) *Кога застапникот ќе ги пречекори границите на овластувањето, застапуваниот е во обврска само доколку ќе го одобри пречекорувањето.*

(2) *Ако застапуваниот не го одобри договорот во рокот кој е редовно потребен да се разгледа и оцени договор од таков вид, ќе се смета дека одобрувањето е одбиено* .

(3) *Одобрувањето од став* (2) *на овој член има повратно дејство, ако страните поинаку не определат.*

(4) *Ако другата страна не знаела ниту морала да знае за пречекорувањето на овластувањето, може веднаш по дознавањето за пречекорувањето, не чекајќи застапуваниот да се изјасни за договорот, да изјави дека не се смета за врзана со договорот* .

(5) *Ако застапуваниот го одбие одобрувањето, застапникот и застапуваниот се солидарно одговорни за штетата што другата страна ја претрпела, ако таа не знаела ниту можела да знае за пречекорувањето на овластувањето.*

Склучување на договор од страна на неовластено лице

Член 80

(1) *Договорот што некое лице ќе го склучи како полномошник од името на друг без негово овластување го обврзува неовластено застапуваниот само ако тоа дополнително го одобри договорот.*

(2) *Страната со која е склучен договорот може да бара од неовластено застапуваниот во примерен рок да се изјасни дали го одобрува договорот.*

(3) *Ако неовластено застапуваниот ни во оставениот рок не го одобри договорот, се смета дека договорот не е ни склучен.*

(4) *Во случај од ставот* (3) *на овој член страната со која е склучен договорот може од лицето кое како полномошник без овластување го склучило договорот да бара надомест на штетата, ако во моментот на склучувањето на договорот не знаела ниту можела да знае дека тоа лице немало овластување за склучување на договорот.*

II. ПОЛНОМОШНО

Давање на полномошно

Член 81

(1) *Полномошното е овластување за застапување што властодавецот со правна работа му го дава на полномошникот.*

(2) *Постоењето и обемот на полномошното се независни од правниот однос врз чија основа е дадено полномошното.*

(3) *Полномошник може да биде и правно лице.*

Посебна форма на полномошното

Член 82

Формата пропишана со закон за некој договор или за некоја друга правна работа важи и за полномошното за склучување на тој договор, односно за преземање на таа работа.

Обем на овластувањето

Член 83

(1) *Полномошникот може да ги презема само оние правни работи за чие преземање е овластен.*

(2) *Полномошникот на кој му е дадено општо полномошно може да ги презема само правните работи што спаѓаат во редовното работење.*

(3) *Работа која не спаѓа во редовното работење полномошникот може да преземе само ако е посебно овластен за преземање на таа работа, односно на видот на работите меѓу кои спаѓа и таа.*

(4) *Полномошникот не може без посебно овластување за секој одделен случај да преземе менична обврска, да склучи договор за гаранција, за поромнување, за избран суд, како ни да се откаже од некое право без надомест.*

Отповикување и стеснување на полномошното

Член 84

(1) *Властодавецот може по своја волја да го стесни или да го отповика полномошното, дури и ако со договорот се откажал од тоа право.*

(2) *Отповикување или стеснување на секое полномошно може да се направи со изјава без посебна форма.*

(3) *Ако со отповикување или стеснување на полномошното е повреден договор за налог или договор за дело, или некој друг договор, полномошникот има право на надомест на штетата настаната со тоа.*

Дејство на престанувањето и на стеснувањето на полномошното спрема трети лица

Член 85

(1) *Отповикувањето на полномошното, како и неговото стеснување нема дејство спрема третото лице кое склучило договор со полномошникот или извршило друга правна работа, а не знаело ниту морало да знае дека полномошното е отповикано, односно стеснето* .

(2) *Во случајот од став* (1) *на овој член властодавецот има право да бара од полномошникот надомест на штетата што би ја претрпел поради тоа, освен ако полномошникот не знаел ниту морал да знае за отповикувањето, односно за стеснувањето на полномошното.*

(3) *Истото важи и во другите случаи на престанување на полномошното.*

Други случаи на престанување на полномошното

Член 86

(1) *Полномошното престанува со престанувањето на правното лице како полномошник, ако со законот поинаку не е определено.*

(2) *Полномошното престанува со смртта на полномошникот* .

(3) *Полномошното престанува со престанувањето на правното лице, односно со смртта на лицето кое го дало, освен ако започнатата работа не може да се прекине без штета за правните следбеници или ако полномошното важи и во случај на смрт на давателот*, *по негова волја или со оглед на природата на работата*.

III. ДЕЛОВНО ПОЛНОМОШНО

Кој може да даде полномошно и неговата содржина

Член 87

(1) *Деловно полномошно може да даде во границите на законот, трговско друштво или друго правно лице и со него да го овласти полномошникот да склучува договори и да ги врши другите работи што се вообичаени во вршењето на нивната деловна дејност.*

(2) *Деловниот полномошник не може да отуѓи или да оптовари недвижности, да преземе менични обврски или обврски за гаранција, да земе заем и да води спор, ако не добил посебно полномошно за секоја таква работа.*

(3) *Деловното полномошно може да биде ограничено на определен вид работи* , *или на определени работи, но овие ограничувања имаат дејство спрема трет само ако за нив знаел или морал да знае.*

Деловно полномошно на имател на дуќан

Член 88

(1) *Одредбите за деловното полномошно сообразно се применуваат врз деловното полномошно на имател на дуќан* .

(2) *Деловното полномошно не престанува со смртта на имателот на дуќан, како ни кога тој ќе биде лишен од деловна способност.*

IV. ОВЛАСТУВАЊА НА ТРГОВСКИ ПАТНИК

Граници на овластувањето

Член 89

(1) *Трговскиот патник на трговското друштво е овластен да ги презема само оние работи што се однесуваат на продажбата на стоки и што се наведени во полномошното што му го дало трговското друштво.*

(2) *Во случај на неизвесност, се смета дека трговскиот патник не е овластен да склучува договори туку само да собира порачки, но сепак договорот што го склучил ќе остане во сила, ако властодавецот дополнително го одобри.*

(3) *Трговскиот патник кој е овластен да продава стоки не е овластен да ја наплати цената, како ни да продава на кредит, освен ако има посебно овластување за продажба на кредит.*

(4) *Трговскиот патник е овластен за властодавецот да прима рекламации поради недостаток на стоките и други изјави во врска со извршувањето на договорот склучен со негово посредување, како и од името на властодавецот да презема потребни мерки за зачувување на неговите права од тој договор.*

V. ОВЛАСТУВАЊА НА ЛИЦАТА КОИ ВРШАТ ОПРЕДЕЛЕНИ РАБОТИ

Член 90

Работниците во трговските друштва и другите правни лица што работат на такви работи чие вршење е сврзано за склучување и исполнување на определени договори, како што се продавачите во продавници, работниците кои вршат определени услуги во угостителството, работниците на работи на шалтерска служба во пошта, во банка и слично се овластени со самото тоа за склучување и исполнување на тие договори.

Отсек 3

ТОЛКУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Примена на одредбите и толкување на спорните одредби

Член 91

(1) *Одредбите на договорот се применуваат онака како што гласат.*

(2) *При толкувањето на спорните одредби не треба да се прифаќа буквалното значење на употребените изрази , туку треба да се истражува заедничката намера на договорачите и одредбата да се разбере така како што тоа им одговара на начелата на облигационото право утврдени со овој закон.*

Нејасни одредби во посебни случаи

Член 92

Во случај кога договорот е склучен според однапред отпечатена содржина, или кога договорот бил на друг начин подготвен и предложен од една договорна страна, нејасните одредби ќе се толкуваат во корист на другата страна.

Дополнително правило

Член 93

Нејасните одредби во договорот без надомест треба да се толкуваат во смисла која е помалку тешка за должникот, а во товарниот договор во смисла со која се остварува справедлив однос на заемните давања.

Вонсудско толкување на договорот

Член 94

(1) *Договорните страни можат да предвидат дека во случај на несогласност во поглед на смислата и досегот на договорните одредби, некој трет ќе го толкува договорот.*

(2) *Во случајот од став* (1) *на овој член, ако со договорот поинаку не е предвидено, страните не можат да поведат спор пред суд или пред друг надлежен орган додека претходно не ќе прибават толкување на договорот, освен ако третото лице одбие да даде толкување на договорот.*

Отсек 4

НЕВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

I. НИШТОВНИ ДОГОВОРИ

Ништовност

Член 95

(1) *Договорот кој не е во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи е ништовен, ако целта на повредениот правило не упатува на некоја друга санкција или ако со законот во определениот случај не е предвидено нешто друго.*

(2) *Ако склучувањето на определен договор и е забрането само на едната страна, договорот ќе остане во сила ако во законот не е предвидено нешто друго за определениот случај, а страната што ја повредила законската забрана ќе ги поднесува соодветните последици.*

Последици од ништовноста

Член 96

(1) *Во случај на ништовност на договорот секоја договорна страна е должна да и го врати на другата сето она што го примила врз основа на таквиот договор, а ако тоа не можно, или ако природата на она што е исполнето му се спротиставува на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари, според цените во време на донесувањето на судската одлука, доколку законот не определува ништо друго* .

(2) *Договарачот кој е виновен за склучувањето на ништовен договор му одговара на содоговарачот за штетата што ја трпи поради ништовноста на договорот, ако овој не знаел или според околностите не морал да знае за постоењето на причината за ништовност.*

Делумна ништовност

Член 97

(1) *Ништовноста на некоја одредба на договорот не повлекува ништовност и на самиот договор, ако тој може да опстане без ништовната одредба и ако таа не била ни услов на договор ни решавачка побуда поради која е склучен договорот.*

(2) *Договорот ќе остане во сила дури и ако ништовната одредба била услов или решавачка побуда на договорот во случај кога ништовноста е установена токму за да биде договорот ослободен од таа одредба и да важи без неа.*

Конверзија

Член 98

Кога ништовниот договор ги исполнува условите за полноважноста на некој друг договор, тогаш меѓу договарачите ќе важи тој друг договор, ако тоа би било во согласност со целта што ја имале предвид договарачите кога го склучиле договорот и ако може да се земе дека тие би го склучиле тој договор да знаеле за ништовноста на својот договор.

Дополнително исчезнување на причината за ништовноста

Член 99

(1) *Ништовниот договор не станува полноважен кога забрана или некоја друга причина за ништовноста дополнително ќе исчезне* .

(2) *Ако забраната била од помало значење*, *а договорот е извршен*, *ништовноста не може да се истакнува*.

Насловот на членот 100 и членот 100 се избришани, *види: Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.84/08).*

Истакнување на ништовноста

Член 101

(1) *На ништовноста судот внимава по службена должност и на неа може да се повикува секое лице кое има правен интерес.*

(2) *Право да бара утврдување на ништовноста има и јавниот обвинител.*

Неограничено истакнување на ништовност

Член 102

Правото на истакнување на ништовноста не се гаси.

II. РУШЛИВИ ДОГОВОРИ

Кога е договорот рушлив

Член 103

Договорот е рушлив кога го склучило ограничено деловно способно лице, кога при неговото склучување имало мани во поглед на волјата на страните, како и кога е тоа определено со овој закон или со друг пропис.

Поништување на договорот

Член 104

(1) *Договорната страна во чиј интерес е установена рушливост може да бара договорот да се поништи.*

(2) *Содоговарачот на таа страна може да бара од неа во определен рок, но не пократок од* 30 *дена, да се изјасни дали останува при договорот или не, зашто во спротивно ќе се смета дека договорот е поништен.*

(3) *Ако повиканата договорна страна во определениот рок не се изјасни или ако изјави дека не останува при договорот, ќе се смета дека договорот е поништен.*

Последица од поништување

Член 105

(1) *Ако врз основа на рушлив договор кој е поништен било нешто исполнето, ќе се изврши враќање, а ако тоа не е можно или ако природата на тоа што е исполнето му се противи на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари.*

(2) *Надоместот во пари се дава според цените во време на враќањето, односно донесувањето на судската одлука.*

Враќање и надомест во случај на поништување на договор на ограничено деловно способно лице

Член 106

Во случај на поништување на договор поради ограничена деловна способност на едниот договорач, содоговарачот на таквото лице може да бара враќање само на оној дел од исполнувањето кој се наоѓа во имотот на ограничено деловно способно лице, или е употребен во негова корист, како и она што е намерно уништено или отуѓено.

Одговорност за поништување на договорот

Член 107

Договарачот на чија страна е причината за рушливост му е одговорен на својот содоговарач за штетата што ја трпи поради поништувањето на договорот, ако овој не знаел ниту морал да знае за постоењето на причината за рушливоста на договорот.

Одговорност на ограничено деловно способно лице

Член 108

Ограничено деловно способно лице одговара за штетата настаната со поништувањето на договор, ако со измама го убедило својот содоговарач дека е деловно способно односно дека има дозвола од својот законски застапник.

Престанување на право

Член 109

(1) *Правото да се бара поништување на рушлив договор престанува со истекот на рокот од една година од дознавањето за причината за рушливоста, односно од престанувањето на принудата.*

(2) *Правото да се бара поништување на рушлив договор во секој случај престанува со истекот на рокот од три години од денот на склучувањето на договорот.*

Отсек 5

ДВОСТРАНИ ДОГОВОРИ

I. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ И ПРАВНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО

Член 110

(1) *Кај договорот со надомест секој договарач одговара за материјалните недостатоци на своето исполнување.*

(2) *Договарачот одговара и за правните недостатоци на исполнувањето и е должен да ја штити другата страна од правата и барањата на трети лица со кои нејзиното право би било исклучено или стеснето.*

(3) *Врз овие обврски на пренесувачот сообразно се применуваат одредбите на овој закон за одговорноста на продавачот за материјалните и правните недостатоци, ако за определен случај не е пропишано нешто друго.*

II. ПРИГОВОР ЗА НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Правило на истовремено исполнување

Член 111

(1) *Во двостраните договори ниедна страна не е должна да ја исполни својата обврска ако другата страна не ја исполни или ако не е готова истовремено да ја исполни својата обврска освен ако нешто друго е договорено или со закон определено, или ако нешто друго произлегува од природата на работата.*

(2) *Ако на суд едната страна истакне дека не е должна да ја исполни својата обврска додека и другата не ја исполни својата, судот ќе и наложи да ја исполни својата обврска кога и другата страна ќе ја исполни својата.*

Кога исполнувањето на обврската на
една страна ќе стане неизвесно

Член 112

(1) *Ако е договорено прво едната страна да ја исполни својата обврска, па по склучувањето на договорот материјалните прилики на другата страна се влошат до таа мера што е неизвесно дали таа ќе може да ја исполни својата обврска, или ако таа неизвесност произлегува од други сериозни причини, страната што се обврзала прва да ја исполни својата обврска може да го одложи нејзиното исполнување додека другата страна не ќе ја исполни својата обврска или додека не ќе даде доволно обезбедување дека ќе ја исполни.*

(2) *Ако материјалните прилики на другата страна биле во иста мера тешки уште пред склучувањето на договорот, ако нејзиниот содоговарач не го знаел тоа ниту морал да го знае.*

(3) *Во случаите од ставовите* (1) *и* (2) *на овој член, страната што се обврзала прва да ја исполни својата обврска може да бара да и се даде обезбедување во примерен рок, а по истекот на тој рок без резултат, може да го раскине договорот.*

III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПОРАДИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ

Права на една страна кога другата страна
не ќе ја исполни својата обврска

Член 113

Во двостраните договори, кога една страна не ќе ја исполни својата обврска, другата страна, ако не е определено нешто друго, може да бара исполнувањето на обврските или под условите предвидени во натамошните членови, да го раскине договорот со проста изјава, ако раскинувањето на договорот не настапува според самиот закон, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Кога исполнувањето во рокот е суштествена состојка
на договор

Член 114

(1) *Кога исполнувањето на обврската во определениот рок е суштествена состојка на договорот, па должникот не ќе ја исполни обврската во тој рок, договорот се раскинува според самиот закон.*

(2) *Доверителот може да го одржи договорот во сила, ако по истекот на рокот, без одлагање, го извести должникот дека бара исполнување на договорот.*

(3) *Кога доверителот барал исполнување, па не го добил во разумен рок, може да изјави дека го раскинува договорот.*

(4) *Овие правила важат како во случај кога договорните страни предвиделе дека договорот ќе се смета раскинат ако не биде исполнет во определениот рок, така и тогаш кога исполнувањето на договорот во определениот рок е суштествена состојка на договорот според природата на работата.*

Кога исполнувањето на рокот не е суштествена состојка на договорот

Член 115

(1) *Кога исполнувањето на обврската во определениот рок не е суштествена состојка на договорот, должникот го задржува правото да ја исполни својата обврска и по истекот на рокот, а доверителот да бара нејзино исполнување* .

(2) *Ако доверителот сака да го раскине договорот, мора да му остави на должникот примерен дополнителен рок за исполнување.*

(3) *Ако должникот не ја исполни обврската во дополнителниот рок, настапуваат истите последици, како и во случај кога рокот е суштествена состојка на договорот.*

Раскинување на договор без оставање на дополнителен рок

Член 116

Доверителот може да го раскине договорот без да му остави на должникот дополнителен рок за исполнување ако од должниковото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Раскинување на договор пред истекот на рокот

Член 117

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Раскинување на договор со последователни обврски

Член 118

(1) *Кога во договорот со последователни обврски едната страна не ќе исполни една обврска*, *другата страна може во разумен рок*, *да го раскине договорот во поглед на сите идни обврски*, *ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети*.

(2) *Другата страна може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски*, *туку и во поглед на веќе исполнетите обврски*, *ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања нема интерес за неа*.

(3) *Должникот може да го одржи договорот ако даде соодветно обезбедување.*

Должност за известување

Член 119

Доверителот кој поради неисполнување на должниковата обврска го раскинува договорот, должен е тоа да му го соопшти на должникот без одлагање.

Кога договорот не може да се раскине

Член 120

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Дејство на раскинувањето

Член 121

(1) *Со раскинувањето на договорот двете страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.*

(2) *Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.*

(3) *Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.*

(4) *Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести* .

(5) *Страната што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата* .

IV. РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ИЗМЕНА НА ДОГОВОР ПОРАДИ ПРОМЕНЕТИ ОКОЛНОСТИ

Претпоставки за раскинување

Член 122

(1) *Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, а во едниот и во другиот случај во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.*

(2) *Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.*

(3) *Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.*

(4) *Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.*

(5) *Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.*

Должност за известување

Член 123

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

Околности од значење за одлуката на судот

Член 124

При одлучувањето за раскинување на договор, односно за неговата измена, судот се раководи од начелото на чесност во прометот, водејќи сметка особено за целта на договорот, за нормалниот ризик кај договорот од односен вид за општиот интерес и за интересите на двете страни.

Откажување од повикувањето на променетите околности

Член 125

Страните можат со договорот однапред да се откажат од повикувањето на определени променети околности, освен ако тоа е во спротивност со начелото на совесност и чесност.

V. НЕВОЗМОЖНОСТ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ

Невозможност за исполнување за која не одговара ниедна страна

Член 126

(1) *Кога исполнувањето на обврската на едната страна, во двостран договор, станало невозможно поради вонреден настан, кој се случил по склучувањето на договорот, а пред пристигнувањето на обврската, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна (виша сила), обврската на другата страна се гасне, а ако оваа целосно или делумно ја исполнила својата обврска, може да бара тоа да и се врати според правилата за стекнување без основ.*

(2) *Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.*

Невозможност за исполнување за која одговара другата страна

Член 127

(1) *Кога исполнувањето на обврската на едната страна во двостран договор станало невозможно поради настан за кој одговара другата страна, нејзината обврска се гасне, а таа го задржува своето побарување спрема другата страна, со тоа што се намалува за онолку колку што таа можела да има корист од ослободувањето од сопствената обврска.*

(2) *Освен тоа, таа е должна да и ги отстапи на другата страна сите права што би ги имала спрема трети лица во врска со предметот на својата обврска чие исполнување станало невозможно.*

VI. ПРЕКУМЕРНО ОШТЕТУВАЊЕ

Очигледен несразмер на заемните давања

Член 128

(1) *Ако меѓу обврските на договорните страни во двостран договор во време на склучувањето на договорот постоел очигледен несразмер, оштетената страна може да бара поништување на договорот ако за вистинската вредност тогаш не знаела ниту морала да знае.*

(2) *Правото да се бара поништување на договорот престанува со истекот на една година од неговото склучување.*

(3) *Откажувањето однапред од ова право нема правно дејство.*

(4) *Договорот ќе остане во сила ако другата страна понуди дополнување до вистинската вредност.*

(5) *Поради овој несразмер не може да се бара поништување на договорот на среќа, на јавна продажба, како ни тогаш кога за предметот е дадена поголема цена од особена наклоност.*

VII. ЛИХВАРСКИ ДОГОВОР

Член 129

(1) *Ништовен е договор со кој некој, користејќи ја состојбата на нужда или тешката материјална состојба на друг, неговото недоволно искуство, лекомисленост или зависност, ќе договори за себе или за некој трет корист која е во очигледен несразмер со она што тој на другиот му го дал или сторил, или се обврзал да му даде или да му стори.*

(2) *Врз лихварскиот договор сообразно се применуваат одредбите на овој закон за последиците од ништовноста и за делумната ништовност на договорот.*

(3) *Ако оштетениот бара да се намали неговата обврска на справедлив износ, судот ќе го дозволи таквото барање ако е тоа можно, а во тој случај договорот со соодветната измена останува во сила.*

(4) *Оштетеникот може да поднесе барање за намалување на обврската на справедлив износ во рок од пет години од склучувањето на договорот.*

VIII. ОПШТИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ

Поим и обврзност

Член 130

(1) *Општите услови на договорот се договорни одредби составени за поголем број договори кои едната договорна страна (составувач), пред или во моментот на склучување на договорот и ги предлага на другата, било да се содржани во формуларен (типски) договор, било договорот на нив да се повикува.*

(2) *Општите услови ги дополнуваат посебните спогодби утврдени меѓу договарачите и, по правило, обврзуваат како и овие.*

(3) *Во случај на несогласување меѓу општите услови и посебните спогодби, обврзуваат последниве.*

(4) *Општите услови на договорот мораат да бидат објавени на вообичаениот начин.*

(5) *Општите услови ја обврзуваат договорната страна ако и биле познати или морале да и бидат познати во моментот на склучувањето на договорот.*

Ништовност на одредени одредби

Член 131

(1) *Ништовни се одредбите на општите услови на договорот кои спротивно на начелото на совесност и чесност, овозможуваат очигледен несразмер во заемните давања на страните и како такви создаваат можност од настанување на штета на содоговарачот на составувачот или го загрозуваат постигнувањето на целите на склучениот договор, дури и кога општите услови кои ги содржат се одобрени од надлежен орган.*

(2) *Судот може да ја одбие примената на одделни одредби на општите услови што ја лишуваат другата страна од правото да стави приговори, или оние врз основа на кои таа ги губи правата од договорот или ги губи правата во однос на роковите, или кои инаку се несправедливи или претерано строги спрема неа.*

(3) *При оцената на ништовноста на одредени одредби од општите услови се земаат предвид сите околности, настанати пред и во моментот на склучување на договорот, правната природа на договорот, видот на стоките и услугите кои се предмет на обврската, другите одредби од договорот, како и одредбите на друг договор со кои одредбата од општите услови е поврзана.*

(4) *Ништовноста не се применува на оние одредби од општите услови на договорот чија содржина е преземена од важечките прописи или за нивната содржина претходно поединечно се преговарало и другата страна можела да влијае на нивната содржина, како и на одредбите за суштествените елементи на договорот ако се јасни, разбирливи и лесно воочливи.*

IX. ОТСТАПУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Услови на отстапување

Член 132

(1) *Секоја страна во двостран договор може, ако со тоа се согласи другата страна, да му го отстапи договорот на некое трето лице кое со тоа станува носител на сите нејзини права и обврски од тој договор.*

(2) *Со отстапувањето на договорот договорниот однос меѓу отстапувачот и другата страна преминува врз примачот и другата страна во моментот кога другата страна се согласила за отстапувањето, а ако другата страна ја дала својата согласност однапред, во моментот кога е известена за отстапувањето.*

(3) *Согласноста за отстапувањето на договорот е полноважна само ако е дадена во форма пропишана со закон за отстапен договор.*

(4) *Одредбите за споредните права во врска со договорот за преземање на долг сообразно ќе се применат и врз отстапувањето на договор.*

Одговорност на отстапувачот

Член 133

(1) *Отстапувачот му одговара на примачот за полноважноста на отстапениот договор.*

(2) *Тој не му гарантира дека другата страна ќе ги исполни своите обврски од отстапениот договор, освен ако се обврзал за тоа особено.*

(3) *Тој не и гарантира на другата страна дека примачот ќе ги исполни обврските од договорот, освен ако се обврзал за тоа особено.*

Приговори

Член 134

Другата страна може да му ги истакне на примачот сите приговори од отстапениот договор, како и оние што ги има од другите односи со него, но не и приговорите што ги има спрема отстапувачот.

Отсек 6

ОПШТИ ДЕЈСТВА НА ДОГОВОРОТ

I. СОЗДАВАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ДОГОВАРАЧИТЕ

Дејства на договорот меѓу договорачите и нивните правни следбеници

Член 135

(1) *Договорот создава права и обврски за договорните страни.*

(2) *Договорот има дејство и за универзалните правни следбеници на договорните страни, освен ако е нешто друго договорено или произлегува нешто друго од природата на самиот договор.*

(3) *Со договорот може да се установи право во корист на трето лице.*

II. ДОГОВОР ВО КОРИСТ НА ТРЕТО ЛИЦЕ

Непосредно право на третиот

Член 136

(1) *Кога некој од свое име ќе договори побарување во корист на трет, третиот стекнува сопствено и непосредно право спрема должникот, ако нешто друго не е договорено или не произлегува од околностите на работата.*

(2) *Договарачот има право да бара должникот да го изврши спрема третиот она што е договорено во корист на тоа трето лице.*

Отповикување на користа за трет

Член 137

(1) *Договарачот на корист за трет може да ја отповика или да ја измени се додека третиот не изјави дека го прифаќа она што е договорено во негова корист.*

(2) *Ако е договорено дека должникот ќе го изврши она за што се обврзал во корист на трет дури по смртта на договарачот, овој може се дотогаш, па и со својот тестамент, да ја отповика користа договорена за трет ако од самиот договор или од околностите не произлегува нешто друго.*

Приговор на должникот спрема трет

Член 138

Должникот може да му ги истакне на трет сите приговори што ги има спрема договарачот врз основа на договорот со кој е договорена корист за трет.

Одбивање на трет

Член 139

Ако третиот ја одбие користа што е договорена за него или договарачот ја отповика, користа му припаѓа на договарачот, ако нешто друго не е договорено или не произлегува од природата на работата.

Ветување дејствие на трето лице

Член 140

(1) *Ветувањето сторено на друг дека трет нешто ќе стори или ќе пропушти, третиот не го обврзува, а ветувачот одговара за штетата што другиот би ја претрпел поради тоа што третиот не сака да се обврзе или да изврши или да пропушти определено дејствие.*

(2) *Ветувачот нема да одговара ако на друг му ветил дека само ќе се заземе кај третиот овој да се обврзе нешто да стори или да пропушти, а во тоа не успеал и покрај сето потребно залагање.*

ОДДЕЛ 2

ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА

Отсек 1

ОПШТИ НАЧЕЛА

Основи на одговорноста

Член 141

(1) *Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести.*

(2) *За штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината, се одговара без оглед на вината.*

(3) *За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон.*

Штета

Член 142

Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета).

Барање да се отстрани опасноста од штета

Член 143

(1) *Секој може да бара од друг да го отстрани изворот на опасност од кој му се заканува позначителна штета нему или на неопределен број лица , како и да се воздржи од дејност од која произлегува вознемирување или опасност од штета, ако настанувањето на вознемирувањето или на штетата не може да се спречи со соодветни мерки.*

(2) *Судот, на барање од заинтерисираното лице, ќе нареди да се преземат соодветни мерки за спречување на настанувањето на штета или вознемирување, или да се отстрани изворот на опасноста, на трошок на држателот на изворот на опасноста, ако тој самиот не го стори тоа.*

(3) *Ако штетата настане во вршењето на општокорисна дејност за која е добиена дозвола од надлежниот орган може да се бара само надомест на штетата која ги преминува нормалните граници (прекумерна штета).*

(4) *Во случајот од став* (3) *на овој член, може да се бара преземање на општествено оправдани мерки за спречување на настанувањето на штетата или за нејзино намалување.*

Барање да се престане со повреда на личните права

Член 144

Секој има право да бара од суд или друг надлежен орган да нареди престанување на дејствие со кое се повредува неговото лично право и да нареди отстранување на последиците настанати со ова дејствие.

Отсек 2

ОДГОВОРНОСТ ВРЗ ОСНОВА НА ВИНА

Постоење вина

Член 145

(1) *Вина постои кога штетникот причинил штета со намера или со невнимание (крајно, обично или друг степен на невнимание предвиден со закон).*

(2) *Ако штетата е причинета со намера или крајно невнимание, оштетениот треба да го докаже нивното постоење.*

(3) *Ако пак штетата е причинета со обично невнимание или друг помал степен на невнимание, штетникот треба да докаже дека тие не постоеле.*

Лица кое не одговараат за штета

Член 146

(1) *Лице кое поради душевна болест или заостанат умствен развој или од кои и да е други причини не е способно за расудување, не одговара за штетата што ќе му ја причини на друг.*

(2) *Тој што ќе му причини штета на друг во состојба на преодна неспособност за расудување, одговорен е за неа, освен ако докаже дека во таа состојба не се нашол по своја вина.*

(3) *Ако во таа состојба се нашол по туѓа вина, за штетата ќе одговара оној што го довел во таа состојба.*

Одговорност на малолетник

Член 147

(1) *Малолетник до наполнета седма година не одговара за штетата што ќе ја причини.*

(2) *Малолетник од наполнета седма година до наполнета четиринаесетата година не одговара за штета, освен ако се докаже дека при причинувањето на штетата бил способен за расудување.*

(3) *Малолетник со наполети четиринаесет години одговара според општите правила за одговорност за штета.*

Нужна одбрана, состојба на нужда,
отстранување на штета од друг

Член 148

(1) *Тој што во нужна одбрана му причини штета на напаѓачот не е должен да ја надомести, освен во случај на пречекорување на нужната одбрана.*

(2) *Кога некој ќе причини штета во состојба на нужда, оштетеникот може да бара надомест од лицето што е виновно за настанувањето на опасноста од штета, или од лицата од кои е отстранета штетата, но од овие последните не повеќе од користа што ја имале од тоа.*

(3) *Тој што ќе претрпи штета отстранувајќи од друг опасност од штета, има право да бара од него надомест на онаа штета на која се изложил разумно.*

Дозволена самопомош

Член 149

(1) *Тој што во случај на дозволена самопомош ќе му причини штета на лицето кое ја предизвикало потребата од самопомош, не е должен да ја надомести*

(2) *Под дозволена самопомош се подразбира правото на секое лице да ја отстрани повредата на правото кога непосредно се заканува опасност, ако таква заштита е нужна и ако начинот на отстранување на повредата на правото им одговара на приликите во кои настанува опасност.*

Согласност на оштетеникот

Член 150

(1) *Тој што на своја штета ќе му дозволи на друг преземање на некое дејствие, не може да бара од него надомест на штетата причинета со тоа дејствие* .

(2) *Ништовна е изјавата на оштетеникот со која се согласил да му се стори штета со дејствие кое е забрането со закон.*

Отсек 3

ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

Душевно болни и заостанати во умствениот развој

Член 151

(1) *За штета што ќе ја причини лице кое поради душевна болест или заостанат умствен развој или поради некои други причини не е способно за расудување, одговара оној кој врз основа на закон, или на одлука од надлежниот орган, или на договор, е должен да врши надзор над него.*

(2) *Лицето може да се ослободи од одговорноста ако докаже дека го вршел надзорот на кој е обврзан или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот.*

Одговорност на родителите

Член 152

(1) *Родителите одговараат за штетата што ќе му ја причини на друг нивното дете до наполнета седма година, без оглед на својата вина.*

(2) *Тие се ослободуваат од одговорност ако постојат причини за исклучување на одговорноста според правилата за одговорноста без оглед на вината.*

(3) *Тие не одговараат ако штетата настанала додека детето му било доверено на друго лице и ако тоа лице е одговорно за штетата.*

(4) *Родителите одговараат за штетата што ќе ја причини на друг нивното малолетно дете што наполнило седум години, освен ако докажат дека штетата настанала без нивна вина.*

Солидарна одговорност

Член 153

Ако покрај родителите за штетата одговара и детето, нивната одговорност е солидарна.

Одговорност на друго лице за малолетник

Член 154

(1) *За штетата што на друг ќе му ја причини малолетник додека е под надзор на старател, училиште или друга установа, одговара старателот, училиштето, односно другата установа, освен ако докажат дека надзорот го вршеле на начинот на кој се обврзани, или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот.*

(2) *Ако за штетата одговара и малолетникот, одговорноста е солидарна.*

Посебна одговорност на родителите

Член 155

(1) *Ако должноста за надзор над малолетно лице не е од родителите, туку од некое друго лице, оштетениот има право да бара надомест од родителите кога штетата настанала поради лошото воспитување на малолетникот, лошите примери или порочните навики што му ги дале родителите, или ако и инаку штетата може да им се припише во вина на родителите.*

(2) *Лицето врз кое во овој случај е должноста за надзор има право да бара од родителите да му го надоместат исплатениот износ ако тоа му исплатило надомест на оштетениот.*

Одговорност врз основа на справедливост

Член 156

(1) *Во случај на штета што ја причинило лице кое за неа не е одговорно, а надоместот не може да се добие од лицето што било должно да води надзор над него судот може, кога тоа го бара справедливоста, а особено со оглед на материјалната состојба на штетникот и оштетениот, да го осуди штетникот да ја надомести штетата, наполно или делумно.*

(2) *Ако штетата ја причинил малолетник способен за расудување кој не е во состојба да ја надомести судот може, кога тоа го бара справедливоста, а особено со оглед на материјалната состојба на родителите и на оштетениот, да ги обврзе родителите да ја надоместат штетата, наполно или делумно, иако не се виновни за неа.*

Отсек 4

ОДГОВОРНОСТА НА РАБОТОДАВЕЦОТ СПРЕМА ТРЕТО ЛИЦЕ

Одговорност на работодавецот

Член 157

(1) *За штета што работникот во работата или во врска со работата ќе му ја причини на трето лице одговара работодавецот кај кој работел работникот во моментот на причинувањето на штетата, освен ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал онака како што требало.*

(2) *Оштетениот има право да бара надомест на штетата и непосредно од работникот ако штетата ја причинил намерно.*

(3) *Со одредбата од став* (1) *на овој член не се засега во правилата за одговорноста за штета што потекнува од опасен предмет или од опасна дејност.*

(4) *Работодавецот кој на оштетениот ќе му ја надомести штетата што работникот ја причинил намерно или со крајно невнимание, има право од тој работник да бара надомест на платениот износ.*

(5) *Тоа право застарува во рок од шест месеци од денот на исплатениот надомест на штетата.*

Одговорност на правно лице за штета што ќе ја причини негов орган

Член 158

(1) *Правно лице одговара за штета што ќе му ја причини негов орган на трето лице во вршењето или во врска со вршењето на своите функции.*

(2) *Ако за определен случај не е нешто друго определено во законот, правното лице има право на надомест од лицето кое штетата ја причинило намерно или со крајно невнимание.*

(3) *Тоа право застарува во рок од шест месеци од денот на исплатениот надомест на штетата.*

Отсек 5

ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ОПАСНА ДЕЈНОСТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Претпоставка на постоење причинска врска

Член 159

За штетата настаната во врска со предмет, подвижен или недвижен, чија положба, употреба, особина или самото негово постоење претставуваат зголемена опасност од настанување штета за околината (опасен предмет) или дејноста чие вршење претставува зголемена опасност од настанување штета за околината (опасна дејност), се претпоставува дека потекнува од тој предмет, односно таа дејност, освен ако се докаже дека причината е на страната на оштетениот или трето лице, односно настанала поради виша сила.

Кој одговара за штета

Член 160

За штета од опасен предмет одговара неговиот имател, а за штета од опасна дејност одговара лицето кое се занимава со неа.

Противправно одземање на опасен предмет од имателот

Член 161

Ако на имателот му е одземен опасен предмет на противправен начин, за штетата што произлегува од него не одговара тој туку оној што му го одзел опасниот предмет, ако имателот не е одговорен за тоа.

Предавање предмет на трето лице

Член 162

(1) *Наместо имателот на предметот, и исто како тој, одговара лицето на кое имателот му го доверил предметот да се служи со него, или лицето кое е инаку должно да го надгледува, а не е кај него на работа.*

(2) *Ќе одговара и имателот на предметот ако штетата произлегла од некоја скриена мана или скриено својство на предметот на кои тој не му обрнал внимание.*

(3) *Во тој случај одговорното лице кое му го исплатило надоместот на оштетениот има право да го бара целиот негов износ од имателот.*

(4) *Имателот на опасен предмет што му го доверил на лице кое не е оспособено или не е овластено да ракува со него, одговара за штетата што ќе произлезе од тој предмет.*

Ослободување од одговорноста

Член 163

(1) *Имателот на предметот се ослободува од одговорноста ако докаже дека штетата произлегува од некоја причина што се наоѓала надвор од предметот, а чие дејство не можело да се предвиди, ниту да се избегне или отстрани.*

(2) *Имателот на предметот се ослободува од одговорноста и ако докаже дека штетата настанала исклучиво со дејствие на оштетениот или на трето лице, кое тој не можел да го предвиди и чии последици не можел да ги избегне или отстрани.*

(3) *Имателот на предметот се ослободува од одговорноста делумно ако оштетениот делумно придонел за настанувањето на штетата.*

(4) *Ако за настанувањето на штетата делумно придонело трето лице, тоа му одговара на оштетениот солидарно со имателот на предметот, а е должно да го поднесува надоместот сразмерно со тежината на својата вина.*

(5) *Лицето со кое имателот се послужил при употребата на предметот не се смета како трето лице.*

II. ОДГОВОРНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА НЕСРЕЌА ПРЕДИЗВИКАНА СО МОТОРНИ ВОЗИЛА ВО ДВИЖЕЊЕ

Член 164

(1) *Во случај на несреќа предизвикана со моторно возило во движење што е причинета со исклучива вина на еден имател, се применуваат правилата за одговорноста врз основа на вина.*

(2) *Ако постои обострана вина, секој имател одговара за вкупната штета што тие ја претрпеле сразмерно со степенот на својата вина.*

(3) *Ако нема вина кај ниеден, имателите одговараат еднакво, ако причините за справедливост не бараат нешто друго.*

(4) *За штетата што ќе ја претрпат трети лица, имателите на моторни возила одговараат солидарно без оглед на својата вина.*

III. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕИСПРАВЕН ПРОИЗВОД

Општо правило

Член 165

(1) *Производителот кој пушти во промет некој производ, одговара за штетата предизвикана од неисправноста на тој производ, без оглед на вина.*

(2) *Одредбите од ова поглавје се однесуваат на материјалната штета предизвикана со смрт или телесна повреда и на штетата предизвикана со уништување или оштетување на предмет на оштетениот, ако се работи за таков вид на предмет кој е вообичаено наменет за лична употреба и ако оштетениот предмет претходно го користел за таа цел.*

(3) *Оштетениот има право на надоместок на штетата предизвикана со уништување или оштетување на предмет, само за делот на штетата кој го надминува паричниот износ еднаков на* 500 *евра, изразен во денарска противвредност, утврден според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на утврдувањето на износот на надоместокот за штета.*

(4) *Надоместокот на нематеријалната штета предизвикана од неисправен производ може да се бара само според општите правила за одговорност за штета.*

(5) *На износот на надоместокот на материјалната штета предизвикана со смрт или телесна повреда, се применуваат одредбите на овој закон за надоместок на материјална штета во случај на смрт, телесна повреда и оштетување на здравјето.*

(6) *Овие одредби не се применуваат на штетата предизвикана со нуклеарна несреќа.*

(7) *Овие одредби се применуваат без исклучување на можната примена на правилата за одговорност за штета предизвикана со опасен предмет и опасна дејност, како и на правилата за одговорност за материјалните недостатоци на предметот и на правилата на договорната и вондоговорната одговорност за причинета штета.*

(8) *Неисправноста на производот и причинетата штета, треба да ги докаже оштетениот.*

Производ

Член 165-а

(1) *Под производ, во смисла на овој закон се подразбира кој било подвижен предмет, како и самостоен дел вграден во некој подвижен или недвижен предмет.*

(2) *Производ е и електричната и другите видови енергија.*

Неисправен производ

Член 165-б

(1) *Производот е неисправен ако, земајќи ги предвид сите околности на случајот, а особено начинот на кој производот е претставен, целите во кои според разумното очекување производот може да биде употребен и времето кога производот е пуштен во промет, не дава сигурност што од таквите производи оправдано се очекува.*

(2) *Производот ставен во промет не се смета за неисправен ако подоцнежниот ваков вид на производ, пуштен во промет, е со подобри својства.*

Производител

Член 165-в

(1) *Производител е лицето кое изработило готов производ; лицето кое ја произвело суровината самостојниот и несамостојниот дел вграден во готов производ; како и лицето кое, обележувајќи ги производот со своето име, трговска марка или каков било друг знак на разликување, се претставува како производител.*

(2) *За производител се смета и лицето кое го увезло производот заради продажба, давање во закуп или заради друг вид на ставање на производот во промет.*

(3) *Производителот и лицето кое го увезло производот одговараат солидарно за причинетата штета.*

(4) *Ако не е можно да се утврди кој е производител, за таков се смета секое лице кое го става производот во промет, освен ако тоа лице во разумен рок не го извести оштетениот за лицето од кое го набавило производот.*

(5) *Решението од претходната одредба се применува и кога не може да се утврди кој го увезол производот, па и тогаш кога името, фирмата и називот на производителот се наведени на производот.*

Солидарна одговорност

Член 165-г

Ако повеќе лица одговараат за штетата предизвикана од неисправен производ, нивната одговорност е солидарна.

Ослободување од одговорност

Член 165-д

(1) *Производителот се ослободува од одговорност, ако докаже дека:*

- не го пуштил производот во промет,

- од околностите на случајот произлегува дека неисправноста, а ни нејзината причина не постоеле во моментот кога го пуштил производот во промет,

- производот не е произведен за продажба, давање во закуп или која било друга деловна цел, како и дека не е произведен или пуштен во промет во рамките на неговата дејност,

- неисправноста е последица на присилните прописи кои биле на сила во моментот кога го пуштил производот во промет,

- состојбата на науката или техничкото знаење, во моментот на ставање на производот во промет, не овозможувале откривање на неисправноста и

- штетата настапила исклучиво поради дејствие на оштетениот или лицето за кое тој одговара, односно дејствие на трето лице кое производителот не можел да го предвиди и чии последици не можел да ги избегне или отстрани.

(2) *Производителот на дел од производот се ослободува од одговорноста и ако докаже дека неисправноста е предизвикана од конструкцијата на производот во кој е вграден овој дел или произлегува од напатствијата добиени од производителот на производот во кој е вграден овој дел.*

(3) *Одговорноста на производителот е делумна ако тој докаже дека за настанувањето на штетата придонел самиот оштетен или лицето за кое тој одговара.*

(4) *Ако за настанувањето на штетата придонело и трето лице, тоа одговара солидарно со производителот.*

Забрана на договорно исклучување или ограничување на одговорноста

Член 165-ѓ

(1) *Одговорноста на производителот не може со договор однапред да се исклучи или ограничи.*

(2) *Секоја спротивна одредба е ништовна.*

Рокови за остварување на правата

Член 165-е

(1) *Побарувањето за надоместок на штетата предизвикана од неисправен производ застарува во рок од три години од денот кога оштетениот дознал или морал да дознае за штетата, неисправноста на производот и лицето кое е производител.*

(2) *Во секој случај, побарувањето за надоместок на штета предизвикана од неисправен производ престанува со истекот на рокот од пет години, сметано од неговото ставање во промет, освен ако пред истекот на овој рок е прекината застареноста поради поведување на постапка пред суд или друг надлежен орган заради утврдување или остварување на побарувањето за надоместок на штетата.*

III-а. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ЖИВОТНИ

Одговорност на имателот

Член 165-ж

(1) *За штета причинета од животно одговара неговиот имател, било тоа да се наоѓа кај него, било да се загубило или избегало.*

(2) *Имателот одговара и за штетата што вознемиреното животно ќе му ја причини на лицето кое со добра волја настојувало да го укроти и задржи.*

(3) *Како имател, во смисла на овој член се подразбира сопственикот, закупецот, послугопримачот, плодоуживателот и слично.*

Животно доверено на чување или грижа на друг

Член 165-з

(1) *За штетата причинета од животно дадено на користење, односно доверено на чување или грижа на друг или доверено на чување или грижа на установа во рамките на нејзината редовна дејност, одговараат другиот и установата, како што би одговарал и имателот.*

(2) *Имателот кој предал животно на друг за овој тоа да го користи, или го дал на чување или грижа, должен е на другиот односно на чуварот да им укаже на маните на животното, ако ги има, во спротивно ќе им одговара за штета солидарно со другиот.*

Животно затекнато при причинување на штета

Член 165-s

(1) *Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право животното кое ја причинува штетата на неговиот имот, да го фати и да го задржи кај себе до надоместувањето на штетата.*

(2) *Тој е должен, без одлагање да го извести имателот на животното за штетата и задржувањето, а ако не знае кој е имателот, надлежниот орган на локалната самоуправа.*

(3) *Ако имателот не ја надомести штетата во разумен рок, во поглед на надоместувањето соодветно се применуваат правилата за правото на задржување уредени со овој закон.*

Штета причинета од дивеч

Член 165-и

(1) *За штетата причинета од дивеч одговара корисникот на отворено или затворено ловиште.*

(2) *За штетата причинета од дивеч за кој е пропишана трајна забрана на ловење одговара државата, доколку не докаже дека штетата настанала по вина на оштетениот.*

(3) *Во поглед на одговорноста предвидена со претходните правила соодветно ќе се применуваат одредбите за одговорност врз основа на вина, односно опасен предмет или вршење опасна дејност, освен ако со посебен закон поинаку не е предвидено.*

III-6. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ГРАДЕЖ

Член 165-ј

(1) *Сопственикот на зграда, односно друг градеж одговара за штетата која ќе биде причинета со нивно уривање или од падот на некој нивен дел или на кој било друг начин.*

(2) *Тој се ослободува од одговорноста ако докаже дека штетата настанала поради виша сила или со вина на оштетениот.*

(3) *Сопственикот има право да бара надоместок од лицата кои се виновни за настанувањето на штетата.*

(4) *Овие одредби се применуваат и на владетелот кој зградата или градежот ги држи како да е сопственик.*

(5) *Во поглед на одговорноста предвидена со претходните правила соодветно ќе се применуваат одредбите за одговорност и надоместок на штета предвидени со овој закон, освен ако со посебен закон поинаку не е предвидено.*

(6) *Овие одредби не ја исклучуваат солидарната одговорност на нарачувачот и изведувачот на работи врз недвижност за штетата што ќе ја претрпи трето лице, согласно со овој закон.*

Отсек 6

ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ОДГОВОРНОСТА

Одговорност поради терористички акти, јавни демонстрации или манифестации

Член 166

(1) *За штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување, односно уништување на имотот на физичко или правно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демонстрации и манифестации одговара државата, без оглед на постоењето на вина, освен ако поинаку не е определено со друг закон.*

(2) *Организаторите, учесниците, поттикнувачите и помагачите во актите на насилство или терор, во јавните демонстрации и манифестации, што се насочени кон подривање на уставното уредување немаат право на надомест на штета според оваа основа.*

(3) *Државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата.*

(4) *Тоа право застарува во роковите пропишани за застареноста на побарувањата за надомест на штета*

Одговорност поради дела на корупција

Член 167

(1) *За штета настаната од некое дело на корупција сторено од државните службеници при вршење на нивните функции одговара државата, односно органите на локалната самоуправа, во чии органи вршеле функција државните службеници.*

(2) *Државата, односно органите на локалната самоуправа, има право и обврска да бара надомест за исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата.*

(3) *Правото од став* (2) *на овој член застарува во роковите пропишани за застареност на побарувања за надомест на штета.*

Одговорност за штета поради насилни казниви дела

***Членот 168 е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.4/02).*

Одговорност за штета направена од меѓународни воени или други организации

Член 169

(1) *За штета направена на правни и физички лица на територија на Република Македонија, од лица ангажирани во меѓународни воени или други организации со кои Република Македонија склучила договор, одговара државата.*

(2) *Државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од меѓународната воена или друга организација или од лицето кое директно ја предизвикало штетата.*

Одговорност на организаторот на приредби

Член 170

Организаторот на собирање на поголем број луѓе во затворен или на отворен простор одговара за штетата настаната од смрт или телесна повреда што некој ќе ја претрпи поради вонредни околности што можат да настанат во такви прилики, како што е бранување на масите, општ неред и слично, без оглед на постоењето на вина.

Одговорност поради недавање на неопходна помош

Член 171

(1) *Тој што без опасност за себеси нема да му даде помош на лице чиј живот или здравје се очигледно загрозени, одговара за штетата што настанала од тоа, ако тој според околностите на случајот морал да ја предвиди таа штета.*

(2) *Ако околностите на случајот и други околности бараат примена на начелото на справедливост, судот може штетникот да го ослободи од обврската за надоместок на штетата.*

Одговорност во врска со обврска за склучување на договор

Член 172

Лице кое според законот е обврзано да склучи некој договор, должно е да ја надомести штетата ако на барање од заинтересираното лице без одлагање не го склучи тој договор.

Одговорност во врска со вршење на работи од јавен интерес

Член 173

Правните лица што вршат комунална и друга слична дејност од јавен интерес одговараат за штетата ако без оправдана причина ја запрат или нередовно ја вршат својата услуга.

Отсек 7

I. НАДОМЕСТ НА МАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА

Воспоставување на поранешната состојба и надомест во пари

Член 174

(1) *Одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата.*

(2) *Доколку воспоставувањето на поранешната состојба не ја отстранува штетата наполно, одговорното лице е должно за остатокот на штетата да даде надомест во пари.*

(3) *Кога воспоставувањето на поранешната состојба не е можно, или кога судот смета дека не е нужно тоа да го стори одговорното лице, судот ќе определи тоа да му исплати на оштетениот соодветна сума пари на име надомест на штетата.*

(4) *Судот ќе му досуди на оштетениот надомест во пари кога тој го бара тоа, освен ако околностите на дадениот случај го оправдуваат воспоставувањето на поранешната состојба.*

Кога стасува обврската за надомест

Член 175

Обврската за надомест на штетата се смета за стасана од моментот на настанувањето на штетата.

Надомест во случај на пропаѓање на предметот одземен на недозволен начин

Член 176

Ако предметот што на имателот му бил одземен на недозволен начин пропаднал поради виша сила, одговорното лице е должно да даде надомест во пари.

Надомест во форма на парична рента

Член 177

(1) *Во случај на смрт, телесна повреда или оштетување на здравјето, надоместот се определува, по правило во форма на парична рента, доживотно или за определено време.*

(2) *Паричната рента досудена на име надомест на штетата се плаќа месечно однапред, ако судот не определи нешто друго.*

(3) *Доверителот има право да бара потребно обезбедување за исплата на рентата, освен ако тоа , според околностите на случајот, не би било оправдано.*

(4) *Ако должникот не го даде обезбедувањето што ќе го определи судот, доверителот има право да бара наместо рента да му се исплати една вкупна сума, чија висина се определува според висината на рентата и веројатното траење на доверителовиот живот, со одбивање на соодветните камати.*

(5) *Од сериозни причини доверителот може и во други случаи да бара, веднаш или подоцна, наместо рентата да му се исплати една вкупна сума.*

II. ОБЕМ НА НАДОМЕСТОТ НА МАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА

Обична штета и испуштена корист

Член 178

(1) *Ошетениот има право како на надомест на обичната штета, така и на надомест на испуштената корист.*

(2) *Висината на надоместот на штетата се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е уредено со закон.*

(3) *При оцената на висината на испуштената корист се зема предвид добивката што можела основано да се очекува според редовниот тек на работите или според посебни околности, а чие остварување е спречено со оштетниковото дејствие или пропуштање на оштетениот.*

(4) *Кога предметот е уништен или оштетен со кривично дело сторено со умисла, судот може да ја определи висината на надоместот според вредноста што предметот ја имал за оштетениот.*

Целосен надомест

Член 179

Судот земајќи ги предвид и околностите што настапиле по причинувањето на штетата, ќе досуди надомест во износот кој е потребен материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштење.

Намалување на надоместот

Член 180

(1) *Судот може водејќи сметка за материјалната состојба на оштетениот, да го осуди одговорното лице да исплати помал надомест отколку што изнесува штетата, ако таа не е причинета ни намерно ни со крајно невнимание, а одговорното лице е во слаба имотна состојба, па исплатата на целосниот надомест би го довела во скудност.*

(2) *Ако штетникот причинил штета работејќи нешто заради корист на оштетениот, судот може да определи помал надомест, водејќи сметка за грижливоста што штетникот ја покажува во сопствените работи.*

Поделена одговорност

Член 181

(1) *Оштетениот кој придонел штетата да настане или да биде поголема отколку би била инаку, има право само на сразмерно намален надомест.*

(2) *Кога е невозможно да се утврди кој дел од штетата произлегува од оштетениковото дејствие судот ќе досуди надомест водејќи сметка за околностите на случајот.*

III. ПОСЕБНО ЗА НАДОМЕСТОТ НА МАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ, ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА И ОШТЕТУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО

Загубена заработка и трошоци за лекување и погреб

Член 182

(1) *Тој што ќе причини нечија смрт е должен да ги надомести вообичаените трошоци за неговиот погреб.*

(2) *Тој е должен да ги надомести и трошоците за негово лекување од добиените повреди и другите потребни трошоци во врска со лекувањето, како и заработката загубена поради неспособноста за работа.*

Право на лицето кое го издржувал загинатиот

Член 183

(1) *Лицето кое загинатиот го издржувал или редовно го помагал, како и она кое според законот имало право да бара издржување од загинатиот, има право на надомест на штетата што ја трпи со загубувањето на издржувањето, односно помагањето.*

(2) *Оваа штета се надоместува со плаќање на парична рента, чиј износ се одмерува со оглед на сите околности на случајот, а кој не може да биде поголем од оној што оштетениот би го добивал од загинатиот да останал жив.*

Надомест на штетата во случај на телесна повреда или нарушување на здравјето

Член 184

(1) *Тој што на друг ќе му нанесе телесна повреда или ќе му го наруши здравјето, должен е да му ги надомести трошоците околу лекувањето и другите потребни трошоци во врска со тоа, како и заработката загубена поради неспособноста за работа за време на лекувањето.*

(2) *Ако повредениот поради целосна или делумна неспособност за работа ја губи заработката, или потребите му се трајно зголемени, или можностите за негово натамошно развивање и напредување се уништени или намалени, одговорното лице е должно да му плаќа на повредениот определена парична рента, како надомест за таа штета.*

Измена на досудениот надомест

Член 185

Судот може на барање од оштетениот за иднина да ја зголеми рентата, а може на барање од штетникот да ја намали или укине, ако позначително се променат околностите што судот ги имал предвид при донесувањето на поранешната одлука.

Непреносливост на правото

Член 186

(1) *Правото на надомест на штета во вид на парична рента поради смрт на блиското лице или поради повреда на телото или оштетување на здравјето не може да се пренесе врз друго лице.*

(2) *Стасаните износи на надоместот можат да се пренесат врз друг, ако износот на надоместот е определен со писмена спогодба на страните или со правосилна судска одлука.*

IV. ПОСЕБНО ЗА НАДОМЕСТОТ НА МАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА ЧЕСТА И ШИРЕЊЕ НА НЕВИСТИНИТИ НАВОДИ

Член 187

(1) *Тој што на друг ќе му ја повреди честа како и тој што изнесува или пренесува невистинити наводи за минатото, за знаењето, за способноста на друго лице или за нешто друго, а знаел или би морал да знае дека се невистинити и со тоа му причини материјална штета, должен е да ја надомести.*

(2) *За причинетата штета не одговара оној што ќе соопшти нешто невистинито за друг незнаејќи дека е тоа невистинито, ако тој или оној кому тоа му го соопштил имал во тоа сериозен интерес.*

V. НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

Како се надоместува нематеријалната штета

Член 187-а

Нематеријалната штета се надоместува нематеријално (морална сатисфакција) и материјално (материјална сатисфакција) во случаите предвидени со закон.

Објавување пресуда или исправка

Член 188

Во случај на повреда на личните права оштетениот може да бара, а судот да нареди на трошок на штетникот, објавување на пресудата, односно исправката, повлекување на изјавата со која е сторена повредата, или нешто друго со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок.

Справедлив паричен надоместок

Член 189

(1) *Во случај на повреда на личните права судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.*

(2) *При одлучувањето за барањето за справедлив паричен надоместок судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел.*

(3) *За повреда на правото на углед и другите лични права на правните лица судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.*

(4) *Покрај овие правила, во одделни случаи, кога тоа со друг закон поинаку е уредено ќе се применуваат и правилата од тој закон.*

Справедлив паричен надоместок во случај на смрт или тежок инвалидитет

Член 190

(1) *Во случај на смрт или тежок инвалидитет на некое лице, судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родители), справедлив паричен надоместок за нематеријална штета.*

(2) *Таквиот надоместок може да им се досуди и на браќата и сестрите, дедовците и бабите, внуците и вонбрачниот другар, ако меѓу нив и умреното, односно повреденото лице постоела потрајна животна заедница.*

(3) *Право на справедлив паричен надоместок имаат и родителите во случај на загуба на зачнатото, а неродено дете.*

Справедлив паричен надоместок во посебни случаи

Член 191

Право на справедлив паричен надоместок за нематеријална штета има лицето спрема кое со измама, со принуда или со злоупотреба на некој однос на потчинетост или зависност е извршено некое кривично дело против половата слобода и половиот морал.

Справедлив паричен надоместок за идна нематеријална штета

Член 192

Судот, на барање на оштетениот, ќе досуди справедлив паричен надоместок и за идна нематеријална штета, ако според редовниот тек е извесно дека таа ќе трае и во иднина.

Пристигнување и висина на справедливиот паричен надоместок

Член 192-а

(1) *Обврската за исплата на справедливиот паричен надоместок пристигнува со денот на донесувањето на првостепената пресуда со која е определена висината на овој надоместок.*

(2) *При одлучувањето за висината на справедливиот паричен надоместок, судот ќе го земе предвид и времето изминато од настанувањето на штетата до донесувањето на одлуката, ако должината на чекањето на сатисфакцијата и другите околности го оправдуваат тоа.*

Наследување и отстапување на побарување на надомест на нематеријална штета

Член 193

(1) *Побарувањето на надомест на нематеријалната штета преминува врз наследникот само ако е признаено со правосилна одлука или со писмена спогодба.*

(2) *Под истите услови тоа побарување може да биде предмет на отстапување, прибивање и на принудно извршување.*

Поделена одговорност и намалување на надоместот

Член 194

Одредбите за поделена одговорност и за намалување на надоместот што важат за материјална штета сообразно се применуваат и врз нематеријалната штета.

Отсек 8

ОДГОВОРНОСТ НА ПОВЕЌЕ ЛИЦА ЗА ИСТА ШТЕТА

Солидарна одговорност

Член 195

(1) *За штета што ја причинувале повеќе лица заедно, сите учесници одговараат солидарно.*

(2) *Подбуцнувачот и помагачот, како и оној што помогнал да не се открија одговорните лица, одговараат солидарно со нив.*

(3) *Солидарно одговараат за причинета штета и лицата кои ја причиниле работејќи независно едно од друго, ако не можат да се утврдат нивните удели во причинетата штета.* (4) *Кога е несомнено дека штетата ја причинило некое од две или повеќе определени лица кои на некој начин се меѓусебно поврзани, а не може да се утврди кое од нив ја причинило штетата, тие лица одговараат солидарно.*

Солидарна одговорност на наручувачот и изведувачот на работи

Член 196

Наручувачот и изведувачот на работи врз недвижност солидарно му одговараат на трето лице за штета што ќе му настане во врска со изведувањето на тие работи.

Регрес на исплатувачот

Член 197

(1) *Солидарниот должник што ќе исплати повеќе отколку што изнесува неговиот удел во штетата, може да бара од секој од другите должници да му го надомести она што го платил за него.*

(2) *Колку изнесува уделот на секој одделен должник определува судот со оглед на тежината на неговата вина и тежината на последиците што произлегле од неговото дејствување.*

(3) *Во случај на неможност да се утврдат уделите на должниците, врз секого паѓа еднаков дел, освен ако справедливоста бара во конкретниот случај да се одлучи поинаку.*

Отсек 9

ПРАВО НА ОШТЕТЕНИОТ ПО ЗАСТАРЕНОСТА НА ПРАВОТО ДА БАРА НАДОМЕСТ

Право на надомест

Член 198

(1) *По настапувањето на застареност на правото да бара надомест на штетата, оштетениот може да бара од одговорното лице, според правилата кои важат во случај на стекнување без основа, да му го отстапи она што го добил со дејствието со кое е причинета штетата.*

(2) *Правото на оштетениот да бара од одговорното лице да му го отстапи она што го добило со дејствието со кое е причинета штетата застарува со истекот на последниот ден на општиот рок на застареност*.

Оддел 3

СТЕКНУВАЊЕ БЕЗ ОСНОВА

Отсек 1

ОПШТО ПРАВИЛО

Член 199

(1) *Кога дел од имотот на едно лице премине на било кој начин во имотот на некое друго лице*, *а тоа преминување нема своја основа во некоја правна работа или во законот*, *стекнувачот е должен да го врати тој дел од имотот*, *ако тоа е можно*, *а инаку е должен да ја надомести вредноста на постигнатата корист*.

(2) *Под премин на имотот се подразбира и стекнување на корист со извршено дејствие.*

(3) *Обврската за враќање, односно за надомест на вредноста настанува и кога нешто ќе се прими со оглед на основот што не се остварил или кој подоцна отпаднал.*

Отсек 2

ПРАВИЛА НА ВРАЌАЊЕТО

Кога не може да се бара враќање

Член 200

Тој што ќе изврши исплата знаејќи дека не е должен да плати, нема право да бара враќање, освен ако го задржал правото да бара враќање или ако платил за да ја избегне принудата .

Двојна исплата на долг

Член 201

Тој што ист долг го платил двапати, па макар еднаш и врз основа на извршна исправа, има право да бара враќање според општите правила за стекнување без основа.

Извршување на некоја природна обврска или некоја морална или општествена должност

Член 202

Не може да се бара она што е дадено или сторено на име извршување на некоја природна обврска или некоја морална или општествена должност.

Обем на враќањето

Член 203

Кога се враќа она што е стекнато без основа мораат да се вратат плодовите и да се плати казнена камата, и тоа ако е стекнувачот несовесен, од денот на стекнувањето, а инаку од денот на поднесувањето на барањето.

Надомест на трошоците

Член 204

Стекнувачот има право на надомест на нужните и корисните трошоци, но ако бил несовесен, надомест за корисните трошоци му припаѓа само до износот што претставува зголемување на вредноста во моментот на враќањето.

Кога може да се задржи применото

Член 205

Не може да се бара враќање на неосновано платени износи на име надомест на штетата поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, доколку исплатата му е извршена на совесен прибавувач.

Употреба на предмети во туѓа корист

Член 206

Ако некој употребил свој или туѓ предмет во корист на трет, а нема услови за примена на правилата за работоводство без налог, третиот е должен да го врати предметот, односно ако не е можно тоа , да ја надомести неговата вредност.

Издаток на друг

Член 207

Тој што за друг ќе направи некаков издаток или нешто друго што овој според закон бил должен да го направи, има право да бара надомест од него.

Употреба на туѓ предмет во своја корист

Член 208

Кога некој ќе употреби туѓ предмет во своја корист, имателот може да бара, независно од правото на надомест на штетата или во отсуство на таа, да му ја надомести овој користа што ја имал од употребата.

Оддел 4

РАБОТОВОДСТВО БЕЗ НАЛОГ

Отсек 1

ОПШТО ПРАВИЛО

Член 209

Кон вршење туѓа работа може неповикано да се пристапи само ако работата не трпи одлагање, па претстои штета или пропуштање на очигледна корист .

Отсек 2

ОБВРСКИ И ПРАВА НА РАБОТОВОДИТЕЛОТ БЕЗ НАЛОГ

Обврски на работоводителот без налог

Член 210

(1) *Работоводителот без налог е должен за својата постапка да го извести што е можно побргу оној чија е работа и да ја продолжи започнатата работа доколку му е тоа разумно можно, додека овој не ќе биде во можност да ја преземе грижата за неа.*

(2) *По завршената работа тој е должен да му положи сметка и да му го отстапи на оној чија е работата сето она што го прибавил вршејќи ја неговата работа.*

(3) *Доколку поинаку не е определено со закон, работоводителот без налог има обврски на налогопримач.*

Должно внимание и одговорност

Член 211

(1) *При вршењето на туѓа работа работоводителот без налог е должен да се раководи со вистинските или веројатните намери и потреби на оној чија е работата* .

(2) *Тој е должен да постапи со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин.*

(3) *Судот може, со оглед на околностите во кои некој неповикано врши туѓа работа, да ја намали наговата одговорност или сосем да го ослободи од одговорноста за невнимание.*

(4) *За одговорноста на деловно неспособен работоводител без налог важат правилата за неговата договорна и вондоговорна одговорност.*

Право на работоводителот без налог

Член 212

(1) *Работоводителот без налог кој постапил во сето како што треба и го работел она што го барале околностите, има право да бара од оној чија работа ја вршел да го ослободи од сите обврски што поради таа работа ги презел врз себе, да ги преземе сите обврски што ги прифатил од негово име, да му ги надомести сите нужни и корисни издатоци, како и да му ја надомести претрпената штета, дури и ако не е постигнат очекуваниот резултат.*

(2) *Нему му припаѓа и примерен надомест за трудот, ако ја отстранил штетата од лицето чија е работата или ако му прибавил корист што им одговара во сето на неговите намери и потреби.*

Вршење на туѓи работи со намера да му се помогне на друг

Член 213

Тој што врши туѓа работа со намера да му помогне на друг, а не се исполнети условите за работоводство без налог, има право на надомест за направените трошоци, но најмногу до висината на користа што ја постигнал другиот .

Однесување на додатоците

Член 214

Секој работоводител без налог има право да ги однесе предметите со кој го зголемил туѓиот имот, а за кои не му се надоместуваат направените издатоци, ако тие можат да се одвојат без оштетување на предметот на кој му се додадени, но лицето во чија работа се замешал, *ако сака*, *може да ги задржи тие додатоци доколку ќе му ја надомести нивната сегашна вредност*, *но најмногу до износот на направените издатоци*.

Отсек 3

ВРШЕЊЕ ТУЃИ РАБОТИ ПРОТИВ ЗАБРАНА

Член 215

(1) *Тој што врши туѓа работа и покрај забраната на лицето чија е работата, а за забраната знаел или морал да знае , ги нема правата што му припаѓаат на работоводителот без налог.*

(2) *Тој одговара за штетата што ја причинил со мешањето во туѓи работи, дури и ако до неа дошло без негова вина* .

(3) *Кога забраната за вршење на работата не е во согласност со законот или е неморална, а особено ако некој забранил друг да исполни некоја негова законска обврска што не трпи одлагање, важат општите правила за работоводството без налог.*

Отсек 4

НЕВИСТИНСКО РАБОТОВОДСТВО

Член 216

(1) *Тој што врши туѓа работа со намера да ги задржи за себе постигнатите користи, иако знае дека работата е туѓа, должен е на барање од оној чија е работата да поднесе сметка како работоводител без налог и да му ги предаде сите постигнати користи.*

(2) *Оној чија е работата може да бара и враќање на предметите во поранешната состојба, како и надомест на штетата.*

Отсек 5

ОДОБРЕНИЕ

Член 217

Ако оној чија е работата дополнително го одобри она што е извршено, работоводителот без налог се смета за налогопримач кој од почетокот работел по налог од лицето чија е работата.

Оддел 5

ЕДНОСТРАНА ИЗЈАВА НА ВОЛЈА

Отсек 1

ЈАВНО ВЕТУВАЊЕ НАГРАДА

Кога обврзува

Член 218

(1) *Со јавен оглас стореното ветување награда на оној што ќе изврши определено дејствие, ќе постигне некој успех, ќе се најде во определена ситуација или, ако ветувањето е сторено под некој друг услов, го обврзува ветувачот да го исполни ветувањето.*

(2) *Ветувачот на награда или на каков и да е награден натпревар е должен да го определи рокот за натпревар, а ако не го определи секој што сака да учествува во натпреварот има право да бара тој да го направи во примерен рок.*

Отповикување на ветувањето

Член 219

(1) *Ветувањето може да се отповика онака како што е сторено, како и со лично соопштение, но оној што го извршил дејствието, а не знаел ниту морал да знае дека ветувањето на наградата е отповикано, има право да ја бара ветената награда, а оној што до отповикувањето ги направил потребните издатоци заради извршувањето на дејствието определено во јавниот оглас има право на нивен надомест, освен ако ветувачот докаже дека се тие направени без потреба.*

(2) *Ветувањето награда не може да се отповика ако со јавниот оглас е определен рокот за извршување на дејствието, односно за известување за постигнатиот резултат или за остварување на определена ситуација.*

Право на награда

Член 220

(1) *Право на награда има оној што прв ќе го изврши дејствието за кое е ветена награда.*

(2) *Ако повеќе лица истовремено го извршиле дејствието, секому му припаѓа еднаков дел од наградата, доколку справедливоста не бара поинаква поделба.*

Случај на конкурс

Член 221

(1) *За доделување награда во случај на конкурс одлучува организаторот на конкурсот или едно од повеќе лица што ќе ги определи тој.*

(2) *Ако во условите на конкурсот или со некои општи прописи што важат за определен конкурс се поставени правилата според кои наградата треба да биде доделена, секој учесник во конкурсот има право да бара поништување на одлуката за доделување награда, ако наградата не е доделена согласно со тие правила.*

(3) *Сопственост или некое друго право над дело наградено на конкурс стекнува организаторот на конкурсот само ако е тоа наведено во огласот на конкурсот.*

Престанување на обврска

Член 222

Обврската на ветувачот на награда престанува ако никој не му соопшти, во рокот определен во огласот, дека го извршил дејствието или постигнал успех, или воопшто ги исполнил условите поставени во јавниот оглас, а ако рокот не е определен, со истекот на една година од објавувањето на огласот.

Отсек 2

ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 223

Хартија од вредност е писмена исправа со која нејзиниот издавач се обврзува дека ќе му ја исполни на нејзиниот законит имател обврската запишана на таа исправа.

Суштествени состојки

Член 224

(1) *Хартијата од вредност мора да ги содржи следниве суштествени состојки* :

1) *означување на видот на хартијата од вредност;*

2) *фирма, односно назив и седиште, односно име и живеалиште на издавачот на хартијата од вредност;*

3) *фирма, односно назив или име на лицето на кое, односно по чија наредба гласи хартијата од вредност, или означување дека хартијата гласи на доносителот;*

4) *точно означена обврска на издавачот што произлегува од хартијата од вредност;*

5) *место и датум на издавањето на хартијата од вредност, а кај оние што се издаваат во серија и нејзиниот сериски број и*

6) *потпис на издавачот на хартијата од вредност, односно факсимил на потписот на издавачот на хартиите од вредност што се издаваат во серија.*

(2) *Со посебен закон за одделни хартии од вредност можат да бидат определени и други суштествени состојки.*

(3) *Исправата која не содржи која и да е од суштествените состојки не важи како хартија од вредност*.

(4) *Хартиите од вредност издадени во серија, кои не содржат која и да е од суштествените состојки, немаат правно дејство.*

На кого може да гласи хартијата од вредност

Член 225

Хартијата од вредност може да гласи на доносител, на име или по наредба, освен ако поинаку не е уредено со закон.

Настанување на обврската

Член 226

Обврската од хартијата од вредност настанува во моментот кога издавачот на хартијата од вредност ќе му ја предаде на нејзиниот корисник.

Посебни услови за издавање хартија од вредност во посебна серија

Член 227

Со посебен закон се определуваат и другите услови за издавање хартии од вредност во серија.

II. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО

Кому му припаѓа правото од хартијата од вредност

Член 228

(1) *Побарувањето од хартијата од вредност е врзано за самата хартија и му припаѓа на нејзиниот законит имател* .

(2) *Како законит имател на хартија од вредност на донесител се смета нејзиниот доносител* .

(3) *Како законит имател на хартија од вредност на име или по наредба се смета лицето на кое хартијата од вредност гласи, односно лицето врз кое уредно е пренесена.*

(4) *Совесниот прибавувач на хартија од вредност на доносител станува нејзин законит имател и го стекнува правото на побарувањето запишано на неа и кога хартијата од вредност излегла од рацете на нејзиниот издавач, односно на нејзиниот поранешен имател и без негова волја.*

Кој може да бара исполнување

Член 229

Исполнување на побарување на хартија од вредност може да бара, со нејзино поднесување, само нејзиниот законит имател, односно лицето кое ќе го овласти тој.

III. ПРЕНОС НА ХАРТИЈА ОД ВРЕДНОСТ

Пренос на правото од хартијата врз доносител

Член 230

Правото од хартијата од вредност се пренесува врз доносителот со нејзино предавање .

Пренос на правото од хартијата на име

Член 231

(1) *Правото од хартијата од вредност на име се пренесува со цесија* .

(2) *Со посебен закон може да биде определено дека правото од хартијата од вредност на име може да се пренесува и со индосамент.*

(3) *Пренос на правото од хартијата од вредност на име се врши со забележување на самата хартија фирмата, односно називот, односно името на новиот имател, со потпишување од пренесувачот и запишување на преносот во регистарот на хартиите од вредност, ако таков регистар се води кај издавачот.*

Пренос на правото од хартијата по наредба

Член 232

Правото од хартијата од вредност по наредба се пренесува со индосамент.

Видови на индосамент

Член 233

(1) *Индосаментот може да биде полн бланко и на доносител.*

(2) *Полниот индосамент содржи изјава за пренесувањето и фирма, односно назив или име на лицето врз кое се пренесува правото од хартијата од вредност (индосатар) и потпис на пренесувачот* (*индосант), а може да содржи и други податоци* (*место, датум и друго).*

(3) *Бланко индосаментот содржи само потпис на индосантот.*

(4) *Во случај на пренесување врз доносител, наместо името на индосатарот се стават зборовите "на доносител".*

(5) *Индосаментот на доносител важи како бланко индосамент.*

(6) *Ништовен е делумниот индосамент.*

Пренос на полномошно и пренесување за залог

Член 234

(1) *Хартијата од вредност може да се пренесе и како пренос во полномошно, односно како пренос за залог.*

(2) *Кај преносот на полномошно се става клаузулата "вредност во полномошно", а кај преносот за залог "вредност за залог" или слично.*

Дејство на преносот на правата

Член 235

(1) *Со преносот на правата од хартија од вредност нејзиниот нов имател ги прибавува сите права што му припаѓале на претходниот имател* .

(2) *Преносот на правата од хартија од вредност на име, било да се врши со цесија или со индосамент, нема дејство спрема издавачот додека тој за тоа ќе биде известен писмено, односно додека тој пренос не ќе биде забележан во регистарот на хартиите од вредност на име, ако се води таков регистар кај издавачот.*

(3) *Цедентот, односно индосантот не одговара за неисполнувањето на обврската од страна на издавачот, освен во случај на поинаква законска одредба или ако постои спротивна одредба запишана на самата хартија од вредност.*

Дејство на преносот на полномошно и на преносот за залог

Член 236

Имателот на хартија од вредност што е пренесена врз него како "пренос на полномошно" или како "пренос за залог" може да ги врши сите права што произлегуваат од таа хартија од вредност, но хартијата може да ја пренесе врз друг само како пренос на полномошно.

Докажување на законитоста на преносот

Член 237

(1) *Последниот индосатар го докажува своето право од хартијата од вредност со непрекината низа индосаменти.*

(2) *Ова правило се применува сообразно и врз последниот цесионар.*

Забрана на пренос

Член 238

(1) *Забрана на пренос со индосамент на хартија од вредност по наредба се врши со изразот "не по наредба" или со ставање слична клаузула која има исто значење.*

(2) *Правото од хартија од вредност чиј пренос со индосамент е забрането може да се пренесе само со цесија.*

(3) *Преносот со индосамент можат да го забранат издавачот и индосантот.*

(4) *Со посебен закон или со изјава на издавачот запишана на самата хартија од вредност на име може да се забрани секој нејзин пренос.*

IV. ПРОМЕНИ КАЈ ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ

Промени што ги врши издавачот

Член 239

(1) *Хартијата од вредност на доносител или по наредба може издавачот, по барање и на трошок на имателот на хартијата, да ја промени во хартија на име* .

(2) *Ако промената не ја забранил изречно, издавачот на хартијата од вредност на име може по барање и на трошок на имателот да ја промени во хартија на доносител или по наредба.*

Промени што ги врши имателот при пренесувањето

Член 240

(1) *Хартијата од вредност по наредба индосантот може да ја пренесе со индосамент врз доносителот, ако со посебен закон поинаку не е определено.*

(2) *Хартијата од вредност на име цедентот, односно индосантот може да ја пренесе само на определено лице.*

(3) *Хартијата од вредност на доносителот може со индосамент да се пренесе и на определено лице.*

Соединување и делење на хартиите од вредност

Член 241

(1) *Хартии од вредност издадени во серија можат, по барање и на трошок на имателот, да се соединат во една или во повеќе хартии од вредност.*

(2) *Хартијата од вредност може, по барање и на трошок на имателот да се подели на повеќе хартии од вредност со помал износ, но тие не можат да бидат под износот на најнискиот апоен на хартијата издадена во таа серија.*

V. ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКА ОД ХАРТИЈА ОД ВРЕДНОСТ

Престанување на обврската

Член 242

(1) *Обврската од хартијата од вредност престанува со исполнувањето од страна на издавачот на хартијата спрема законитиот имател.*

(2) *Побарувањето од хартијата од вредност престанува и кога таа ќе му припадне на издавачот, доколку со посебен закон поинаку не е определено.*

(3) *Совесниот издавач на хартија од вредност на доносител се ослободува од обврската со исполнувањето на доносителот и тогаш кога тој не е законит имател на хартијата од вредност.*

Забрана на исполнувањето

Член 243

(1) *Ако издавачот на хартија од вредност на доносител знаел или морал да знае дека доносителот не е законит имател на хартијата, ниту е овластен од страна на законитиот имател, должен е да го одбие исполнувањето, инаку одговара за штетата.*

(2) *Издавачот на хартија од вредност не може полноважно да ја исполни својата обврска ако надлежниот орган му го забранил тоа, или кога знаел или морал да знае дека е повредена постапката за амортизација или за поништување на хартијата од вредност.*

Исплата на каматата или на другите приноси по исплатата на главнината

Член 244

Должникот кој му ја исплатил главнината на имателот на хартијата од вредност должен е да ги исплати купоните на каматите, односно на другите приноси од истата хартија, што ќе му бидат поднесени за исплата по исплатата на главнината, доколку овие побарувања не се застарени.

Приговори на барањето за исполнување на обврската

Член 245

(1) *Против барањето на имателот на хартија од вредност, издавачот може да ги истакне само приговорите што се однесуваат на издавањето на самата хартија како што е фалсификатот, потоа приговорите што произлегуваат од содржината на хартијата, како што се роковите или условите, најпосле приговорите што ги има спрема самиот имател на хартијата, како што се конпензацијата, недостигот на со законот пропишана постапка за прибавување на хартија од вредност и отсуството на овластување.*

(2) *Издавачот може против барањето на имателот кому тој му ја отстапил хартијата од вредност да ги истакне недостатоците на правната работа врз основа на која е извршено пренесувањето, но тие недостатоци не може да ги истакне против барањето на некој подоцнежен имател.*

(3) *Меѓутоа ако имателот на хартија од вредност, примајќи ја хартијата од својот претходник, знаел или морал да знае дека тој му ја предава хартијата од вредност за да го избегне приговорот што го има издавачот спрема него, издавачот може да го истакне тој приговор и спрема имателот на хартијата.*

(4) *Со посебен закон можат да се определат и други видови приговори кај одделни видови хартии од вредност.*

VI. ЛЕГИТИМАЦИОНИ ХАРТИИ И ЗНАЦИ

Легитимациони хартии

Член 246

Врз железничките билети, театарските и други влезници, боновите и други слични исправи што содржат определена обврска за нивниот издавач, а во кој не е означен доверителот, ниту од нив или од околностите во кои се издадени произлегува дека можат да му се отстапат на друг, сообразно се применуваат соодветните одредби за хартиите од вредност.

Легитимациони знаци

Член 247

(1) *Гардеробните или слични знаци кои се состојат од парче хартија, метал или друг материјал на кои обично е втиснат некој број или е наведен бројот на предадените предмети, а кои обично не содржат нешто определено за обврската на нивниот издавач, служат да покажат кој доверител е во обврзан однос при чие настанување се издадени.*

(2) *Издавачот на легитимационен знак се ослободува од обврската кога во добра вера ќе му ја изврши на доносителот, но за доносителот не важи претпоставката дека е тој вистински доверител, или дека е овластен да бара исполнување и во случај на спор е должен да го докаже тоа свое својство.*

(3) *Доверителот може да бара исполнување на обврската иако го загубил легитимациониот знак.*

(4) *Во поглед на другото во секој одделен случај треба да се почитува заедничката волја на издавачот и на примачот на знакот, како и на она што е вообичаено.*

VII. ДРУГИ ОДРЕДБИ

Замена на оштетена хартија од вредност

Член 248

Имателот на оштетена хартија од вредност која не е подобна за промет, но чија вистинитост и содржина можат точно да се утврдат, има право да бара издавање на нова хартија од вредност во ист износ, со тоа што ќе ја врати оштетената хартија и ќе ги надомести трошоците.

Амортизација на хартија од вредност

Член 249

Загубената хартија од вредност може да се амортизира само ако гласи на име или по наредба, доколку со посебен закон поинаку не е определено.

Застареност на побарувањето од хартијата од вредност

Член 250

За застареноста на побарувањето од хартијата од вредност важат правилата за застареноста , ако со посебен закон поинаку не е определено.

Г л а в а III

ДЕЈСТВА НА ОБВРСКИТЕ

ОДДЕЛ 1

ДОВЕРИТЕЛОВИ ПРАВА И ДОЛЖНИКОВИ ОБВРСКИ

Отсек 1

ПРАВО НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

I. ОПШТИ ПРАВИЛА

Исполнување на обврската и последици од неисполнувањето

Член 251

(1) *Доверителот во обврзан однос е овластен да бара од должникот исполнување на обврската, а должникот е должен да ја исполни совесно во сето како што гласи таа.*

(2) *Кога должникот не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, доверителот има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.*

(3) *За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара и должникот кому доверителот му дал примерен дополнителен рок за исполнување.*

(4) *Должникот одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криел таа невозможност ако настапила по неговото доаѓање во задоцнување за кое одговара.*

(5) *Должникот се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога тој својата обврска би ја исполнил на време.*

Кога должникот се ослободува од одговорноста

Член 252

Должникот се ослободува од одговорноста за штета ако докаже дека не можел да ја исполни својата обврска односно дека задоцнил со исполнувањето на обврската поради вонреден настан што се случил по склучување на договорот, а кој не можел да го спречи, избегне или отстрани (виша сила).

Договорно проширување на одговорноста

Член 253

(1) *Со договор може да се прошири одговорноста на должникот и на случаите за кои тој инаку не одговара.*

(2) *Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.*

Ограничување и исклучување на одговорноста

Член 254

(1) *Одговорноста на должникот за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи или да се ограничи.*

(2) *Судот може, по барање од заинтересираната договорена страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување или ограничување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на должникот или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.*

(3) *Полноважна е одредбата на договорот со која се определува највисокиот износ на надоместот, ако така определениот износ не е во очигледен несразмер со штетата и ако за определениот случај не е нешто друго определено со закон.*

(4) *Во случај на ограничување на висината на надоместот доверителот има право на целосен надомест ако невозможноста за исполнување на обврската е причинета намерно или со крајно невнимание на должникот.*

Обем на надоместот

Член 255

(1) *Доверителот има право на надомест на обичната штета, испуштената корист, како и справедлив паричен надоместок на нематеријална штета кои должникот морал да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш му биле познати или морале да му бидат познати.*

(2) *Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, доверителот има право да бара од должникот надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што должникот не знаел за посебните околности поради кои настанале тие.*

(3) *Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за доверителот настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.*

(4) *Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.*

Намалување на надоместокот

Член 256

Кога доверителот или лицето за кое тој одговара придонел за настанувањето на штетата или нејзината големина или отежнувањето на должниковата положба, надоместокот се намалува сразмерно.

Одговорност поради пропуштање на известувањето

Член 257

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

Примена на одредбите за причинување штета

Член 258

Доколку со одредбите на овој отсек поинаку не е пропишано, врз надоместот на оваа штета сообразно се применуваат одредбите на овој закон за надоместот на вондоговорната штета.

II. ДОГОВОРНА КАЗНА

Општи правила

Член 259

(1) *Доверителот и должникот можат да се договорат дека должникот ќе му плати на доверителот определен паричен износ или ќе му прибави некоја друга материјална корист ако не ја исполни својата обврска или ако задоцни со нејзиното исполнување или неуредно ја исполни (договорна казна).*

(2) *Ако не произлегува нешто друго од договорот, се смета дека казната е договорена за случај ако должникот задоцни со исполнувањето.*

(3) *Договорна казна не може да биде договорена за парични обврски.*

Начин на определување

Член 260

(1) *Договорните страни можат да ја определат висината на казната според својот наод, во еден вкупен износ во процент, или за секој ден задоцнување, или на некој друг начин.*

(2) *Таа мора да биде договорена во форма која е пропишана за договорот од кој настанала обврската на чие исполнување се однесува.*

Акцесорност

Член 261

(1) *Спогодбата за договорната казна ја дели правната судбина на обврската на чие обезбедување се однесува таа.*

(2) *Спогодбата го губи правното дејство ако до неисполнување или до задоцнување или неуредното исполнување дошло од причини за кои должникот не одговара.*

Доверителови права

Член 262

(1) *Кога казната е договорена за случај на неисполнување на обврската, доверителот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.*

(2) *Тој го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.*

(3) *Кога казната е договорена за случај на неисполнување, должникот нема право да ја исплати договорната казна и да се откаже од договорот, освен ако тоа била намера на договарачите кога ја договарале казната.*

(4) *Кога казната е договорена за случај должникот да задоцни со исполнувањето или неуредното исполнување, доверителот има право да бара и исполнување на обврската и договорна казна.*

(5) *Доверителот не може да бара договорна казна поради задоцнување или неуредно исполнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на должникот дека го задржува своето право на договорна казна.*

Намалување на износот на договорната казна

Член 263

Судот, по барање од должникот, ќе го намали износот на договорната казна ако најде дека е таа несразмерно висока со оглед на вредноста и значењето на предметот на обврската.

Договорна казна и надомест на штета

Член 264

(1) *Доверителот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.*

(2) *Ако штетата што ја претрпел доверителот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.*

Надомест определен со закон и договорна казна

Член 265

Ако за неисполнување на обврската или за случај на задоцнување односно неуредно исполнување со исполнувањето со законот определена висина на надоместот под назив пенал, договорна казна, надомест или под некој друг назив, а договорните страни покрај тоа договориле казна, доверителот нема право наедно да ја бара договорната казна и надоместот определен со закон , освен ако е тоа дозволено со самиот закон.

III. КАЗНЕНА КАМАТА

Кога се должи казнена камата

Член 266

(1) *Должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата.*

(2) *Стасаноста на обврската за плаќање на казнена камата се определува согласно со правилата на овој закон што се однесуваат на определувањето на времето на исполнување на обврските.*

(3) *Доколку стасаноста не може да се определи на овој начин, а станува збор за побарување од прометот на стоки и услуги меѓу трговци или трговци и лица на јавното право, обврската за плаќање на казнената камата стасува во еден од следниве денови, без потреба од доставување опомена:*

- 30 *дена од денот на приемот на фактурата или соодветното барање за исплата или*
- *ако денот на приемот на фактурата или соодветното барање за исплата не може да се определи со сигурност,* 30 *дена по приемот на стоките или услугите или*
- *ако должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата пред приемот на стоките и услугите,* 30 *дена од приемот на стоките или услугите или*
- *ако со закон или договор е предвидена постапка за прием или потврдување со која се утврдува сообразноста на стоките или услугите, а должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата пред или на денот на приемот или потврдувањето,* 30 *дена од денот на приемот, односно потврдувањето.*

Висина на стапката на казнена камата

Член 266-а

(1) *Стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Македонија (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за осум процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).*

(2) *Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечна стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за осум процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).*

(3) *Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот (договорна казнена камата), но најмногу до* 50 *проценти повисока од утврдената законска казнена камата.*

(4) *Целосно или делумно е ништовна одредбата со која се договара стапка повисока од стапката на законската казнена камата ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската произлегува дека со вака договорената стапка на казнена камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.*

(5) *При оценувањето дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната казнена камата е ништовна, предвид ќе се земе и дали постоеле оправдани причини за отстапување од висината на стапката на законската казнена камата.*

(6) *Народната банка на Република Македонија е должна на секој* 2 *јануари и на секој* 1 *јули да ја објави референтната стапка на својата веб страница и истата се применува за тековните шест месеца (до крајот на полугодието).*

(7) *Како лица на јавното право, во смисла на овој закон, се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.*

Стапка на казнена камата за другите видови на облигациони односи

Член 266-б

На паричните обврски што произлегуваат од другите видови на облигациони односи се применува стапката на законска казнена камата за договорите во кои барем едното лице не е трговец, за соодветната валута.

Начин на пресметка на казнената камата

Член 266-в

(1) *Пресметката на казнената камата се врши со примена на декурзивниот едноставен каматен метод на стасаната главнина, без додавање на казнената камата на главнината.*

(2) *Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период подолг од една година, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување ќе се подели со бројот* 100.

(3) *Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период покус од една година, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување ќе се подели со бројот* 36.500, *односно со бројот* 36.600 *кога годината е престапна.*

Право на целосен надомест

Член 267

(1) *Доверителот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел некаква штета поради должниковото задоцнување.*

(2) *Ако штетата што ја претрпел доверителот поради должниковото задоцнување е поголема од износот што би го добил на име казнена камата, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.*

Камата на камата

Член 268

(1) *На стасаната, а неисплатена договорна или казнена камата, како и на други стасани повремени парични давања не тече казнена камата, освен кога е тоа определено со закон.*

(2) *На износот на неисплатената камата може да се бара казнена камата само од денот кога до судот е поднесено барање за нејзина исплата.*

(3) *На повремено стасаните парични давања тече казнена камата од моментот кога до судот е поднесено барање за нивна исплата.*

Примена на одредбите за казнената камата

Член 268-а

Правилата од овој закон кои се однесуваат на казнената камата ќе се применуваат на сите должничко-доверителски односи, освен ако за некои од нив поинаку не е определено со друг закон.

Отсек 2

ПОБИВАЊЕ НА ДОЛЖНИКОВИТЕ ПРАВНИ ДЕЈСТВИЈА

Општо правило

Член 269

(1) *Секој доверител чие побарување е стасано за исплата, и без оглед кога настанало, може да го побива правното дејствие на својот должник што е преземено на штета на доверителите.*

(2) *Под правно дејствие се подразбира и пропуштањето поради кое должникот загубил некакво материјално право или со кое за него настанала некаква материјална обврска.*

Кога должникот е неспособен за исполнување

Член 269-а

(1) *Побивање на должниковите правни дејствија се врши кога должникот не е во состојба да го исполни побарувањето на доверителот (инсолвентност).*

(2) *За вршење на побивањето не е битен видот на побарувањето кое го има доверителот.*

(3) *Во смисла на овие правила, се смета дека должникот станал инсолвентен кога, по претходно, препорачано или на друг соодветен начин е доставена писмена опомена од страна на доверителот, не ја исполни својата обврска во рок од* 90 *дена од денот кога му била врачена опомената, а доверителот стори веројатно дека должникот повеќе ги нема во својот имот паричните средства, односно предметите, односно правата на кои се однесува побарувањето.*

(4) *Ова правило се применува и кога должникот во својот имот нема други парични средства, предмети и права кои можат да се искористат за намирување на побарувањето на доверителот.*

Услови за побивање

Член 270

(1) *Товарното располагање може да се побива ако во времето на располагањето должникот знаел или можел да знае дека со преземеното располагање им нанесува штета на своите доверители и ако на третото лице со кое или во чија корист е преземено правното дејствие тоа му било познато или можело да му биде познато.*

(2) *Ако третото лице е должников сопруг или сродник по крв во права линија, или во странична линија до четвртиот степен, или по жена до истиот степен, се претпоставува дека му било познато дека должникот со преземеното располагање им нанесува штета на доверителите.*

(3) *Кај бесплатните располагања и со нив изедначените правни дејствија се смета дека должникот знаел дека со преземеното располагање им нанесува штета на доверителите и за побивање на тие дејствија не се бара на третото лице тоа да му било познато или да можело да му биде познато.*

(4) *Откажувањето од наследство се смета како бесплатно располагање* .

(5) *Кога бесплатното располагање е направено со привиден договор, се применуваат одредбите на овој закон за ништовност на привидните договори.*

Исклучување на побивањето

Член 271

Не можат да се побиваат поради оштетување на доверителите вообичаените пригодни подароци, наградните подароци, како ни подароци направени од благородност, сразмерни со материјалните можности на должникот.

Како се врши побивање

Член 272

(1) *Побивање може да се врши со тужба или со приговор.*

(2) *Тужба за побивање се поднесува против третото лице со кое или во чија корист е преземено правното дејствие што се побива, односно против неговите универзални правни следбеници.*

(3) *Ако третиот со некоја товарна работа ја отуѓил користа прибавана со располагањето кое се побива, тужба може да се подигне против прибавувачот само ако тој знаел дека прибавувањето на неговите претходници можело да се побива, а ако таа корист ја отуѓил со работа без надомест, тужба може да се подигне против прибавувачот и ако тој не го знаел тоа.*

(4) *Туженият може да го избегне побивањето ако ја исполни должниковата обврска.*

Дејство на побивањето

Член 273

Ако судот го усвои тужбеното барање, правното дејствие го губи дејството само спрема тужителот и само толку колку што е потребно за исполнување на неговите побарувања.

Рок за подигање тужба

Член 274

(1) *Тужба за побивање може да се поднесе во рок од три години.*

(2) *Рокот од став* (1) *на овој член се смета од денот кога е преземено правното дејствие кое се побива, односно од денот кога требало да се преземе пропуштеното дејствие.*

Отсек 3

ПРАВО НА ЗАДРЖУВАЊЕ

Вршење на правото на задржување

Член 275

(1) *Доверителот на стасаното побарување во чии раце се наоѓа некој должников предмет има право да го задржи додека не ќе му биде исплатено побарувањето*.

(2) *Во случај должникот да станал неспособен за плаќање, доверителот може да го врши правото на задржување иако неговото побарување не е стасано.*

Исклучоци

Член 276

(1) *Доверителот нема право на задржување кога должникот бара да му се врати предметот кој излегол од негов посед против негова волја, или кога должникот бара да му се врати предметот што му е предаден на доверителот на чување или на послуга.*

(2) *Тој не може да задржи ни полномошно добиено од должникот, како ни други должникови исправи, легитимации, преписка и други слични предмети, како ни други предмети кои не можат да се изложат на продажба.*

Обврска за враќање на предметот пред исполнувањето на обврската

Член 277

Доверителот е должен да му го врати предметот на должникот ако овој му даде соодветно обезбедување за неговото побарување.

Дејство на правото на задржување

Член 278

Доверителот што го држи должниковиот предмет врз основа на правото на задржување има право да се наплати од неговата вредност на истиот начин како заложниот доверител, но е должен пред да пристапи кон остварување на наплатувањето, за својата намера навреме да го извести должникот.

Оддел 2

ДОВЕРИТЕЛОВИ ПРАВА ВО НЕКОИ ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

Кога обврската се состои од давање предмети определени според родот

Член 279

Кога обврската се состои од давање предмети определени според родот, а должникот падне во задоцнување, доверителот, откако претходно за тоа го известил должникот, може по свој избор да набави предмет од ист род и да бара од должникот надомест на цената и надомест на штетата, или да ја бара вредноста на предметите што се должат и надомест на штетата.

Кога обврската се состои од сторување

Член 280

Кога обврската се состои од сторување, а должникот таа обврска не ја исполнил на време, доверителот може, откако за тоа претходно го известил должникот, сам на трошок на должникот да го стори она што бил должен да го стори должникот, а од должникот да бара надомест на штетата поради задоцнувањето, како и надомест на друга штета што би ја имал поради ваквиот начин на исполнување.

Кога обврската се состои од несторување

Член 281

(1) *Кога обврската се состои од несторување, доверителот има право на надомест на штетата со самото тоа што должникот постапил спротивно од својата обврска.*

(2) *Ако е нешто изградено спротивно од обврската, доверителот може да бара тоа да се отстрани на трошок на должникот и должникот да му ја надомести штетата што ја претрпел во врска со градењето и отстранувањето.*

(3) *Судот може, кога ќе најде дека е тоа очигледно покорисно, земајќи го предвид општиот интерес и оправданиот интерес на доверителот да одлучи да не се урнува она што е изградено, туку на доверителот да му се надомести штетата во пари.*

Право да се бара надомест наместо досуденото

Член 282

(1) *Ако должникот не ја исполни својата обврска во рокот што му е определен со правосилна одлука, доверителот може да го повика да ја исполни во дополнителен примерен рок и да изјави дека по истекот на тој рок нема да го прими исполнувањето туку ќе бара надомест на штетата поради неисполнување.*

(2) *По истекот на дополнителниот рок, доверителот може да бара само надомест на штетата поради неисполнување.*

Судски пенали

Член 283

(1) *Кога должникот во рокот не изврши некоја своја непарична обврска утврдена со правосилна одлука судот може, по барање од доверителот, да му определи на должникот дополнителен примерен рок и да изрече, а заради влијаење врз должникот и независно од секоја штета дека должникот ако не ја изврши својата обврска во тој рок, ќе биде должен да му исплати на доверителот извесна сума пари за секој ден за задоцнување или за некоја друга единица време, почнувајќи од истекот на тој рок.*

(2) *Кога должникот дополнително ќе ја исполни обврската, судот може да ја намали така определената сума, водејќи сметка за целта поради која го наредил нејзиното плаќање.*

Глава IV

ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

Оддел 1

ОПШТО ПРАВИЛО

Член 284

(1) *Обврската престанува кога ќе се исполни, како и во други случаи определени со закон.*

(2) *Со престанувањето на главната обврска се гаснат гаранцијата, залогот и другите споредни права.*

Оддел 2

ИСПОЛНУВАЊЕ

Отсек 1

ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ

I. КОЈ МОЖЕ ДА ИСПОЛНИ И ТРОШОЦИ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО

Исполнување од страна на должникот или трето лице

Член 285

(1) *Обврската може да ја исполни не само должникот, туку и трето лице.*

(2) *Доверителот е должен да прими исполнување од секое лице кое има некој правен интерес обврската да биде исполнета дури и кога должникот му се противи на тоа исполнување.*

(3) *Доверителот е должен да прими исполнување од трето лице ако должникот е согласен со тоа, освен кога според договорот или природата на самата обврска не треба да ја исполни должникот лично.*

(4) *Доверителот може да прими исполнување од трето лице без знаење на должникот, па и во случај кога должникот го известил дека не се согласува да ја исполни неговата обврска од третото лице.*

(5) *Ако должникот му понудил сам да ја исполни веднаш својата обврска, доверителот не може да го прими исполнувањето од трето лице.*

Исполнување на деловно неспособен должник

Член 286

(1) *И деловно неспособен должник може правноисправно да ја исполни обврската ако постоењето на обврската е несомнено и ако стасал рокот за нејзиното исполнување.*

(2) *Може да се оспорува исполнувањето од став* (1) *на овој член, ако такво лице исплатило застарен долг или долг што произлегува од игра или од обложување.*

Трошоци на исполнувањето

Член 287

Трошоци на исполнувањето ги поднесува должникот доколку не ги причинил доверителот.

II. ИСПОЛНУВАЊЕ СО СУБРОГАЦИЈА

Исполнување со преминување на правото врз исполнувачот (Суброгација)

Член 288

(1) *Во случај на исполнување на туѓа обврска, секој исполнувач може да договори со доверителот, пред исполнувањето или при исполнувањето, исполнетото побарување да премине врз него со сите или само со некои споредни права.*

(2) *Доверителовите права можат да преминат врз исполнувачот и врз основа на договор меѓу должникот и исполнувачот, склучен пред исполнувањето.*

(3) *Во случаите од ставовите* (1) *и* (2) *на овој член суброгацијата на исполнувачот во правата на доверителот настанува во моментот на исполнувањето.*

Законска суброгација

Член 289

Кога обврската ќе ја исполни лице кое има некој правен интерес во тоа, врз него преминува според самиот закон во моментот на исполнувањето на доверителовото побарување со сите споредни права.

Суброгација во случај на делумно исполнување

Член 290

(1) *Во случај на делумно исполнување на доверителовото побарување, врз исполнувачот преминуваат споредните права со кои е обезбедено исполнувањето на тоа побарување само доколку не се потребни за исполнување на остатокот од доверителовото побарување.*

(2) *Доверителот и исполнувачот можат да договорат дека гаранциите ќе ги користат сразмерно со своите побарувања, а можат да договорат и дека исполнувачот ќе има право на првенствена наплата.*

Докази и средства за обезбедување

Член 291

(1) *Доверителот е должен да му ги предаде на исполнувачот средствата со кои се окажува или се обезбедува побарувањето.*

(2) *По исклучок, доверителот може да му го предаде на исполнувачот предметот што го примил во залог од должникот или од некој друг, само ако залогодавецот се согласи со тоа*, *инаку тој останува кај доверителот*, *да го држи и чува за сметка на исполнувачот*.

Колку може да се бара од должникот

Член 292

Исполнувачот врз кого преминало побарувањето не може да бара од должникот повеќе отколку што му исплатил на доверителот.

Исклучување на одговорноста на доверителот за постоењето и наплативоста на побарувањето

Член 293

(1) *Доверителот што примил исполнување од трето лице не одговара за постоењето и наплативоста на побарувањето во време на исполнувањето.*

(2) *Со ова не се исклучува примената на правилото за стекнување без основа.*

III. КОМУ МУ СЕ ВРШИ ИСПОЛНУВАЊЕ

Овластено лице

Член 294

(1) *Исполнувањето мора да му биде извршено на доверителот или на лице определено со закон, со судска одлука, со договор меѓу доверителот и должникот или од страна на самиот доверител.*

(2) *Исполнувањето е полноважно и кога му е извршено на трето лице, ако доверителот дополнително го одобрил или ако го користел.*

Исполнување на деловно неспособен доверител

Член 295

(1) *Исполнувањето извршено на деловно неспособен доверител го ослободува должникот само доколку било корисно за доверителот или предметот на исполнувањето уште се наоѓа кај него.*

(2) *Деловно неспособниот доверител може, откако ќе стане деловно способен, да го одобри исполнувањето што го примил во време на својата деловна неспособност.*

IV. ПРЕДМЕТ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО

Содржина на обврската

Член 296

(1) *Исполнувањето се состои од извршување на она што ја сочинува содржината на обврската, па ниту должникот може да ја исполни со нешто друго, ниту доверителот може да бара нешто друго.*

(2) *Нема полноважно исполнување ако она што го предал должникот како предмет што го должи и доверителот како таков го примил навистина не е тоа и доверителот има право да го врати она што му е предадено и да го бара предметот што му се должи.*

Замена за исполнувањето

Член 297

(1) *Обврската престанува ако доверителот во спогодба со должникот прими нешто друго наместо она што му се должи.*

(2) *Во случајот од став* (1) *на овој член, должникот одговара исто како продавачот за материјалните и правните недостатоци на предметот даден наместо она што го должел.*

(3) *Доверителот, наместо барање врз основа на одговорноста на должникот за материјалните или за правните недостатоци на предметот, може да бара од должникот, но не повеќе од гарантот, исполнување на првобитното побарување и надомест на штетата.*

Предавање заради продажба

Член 298

Ако должникот му предал на доверителот некој предмет или некое друго право да ги продаде и од постигнатиот износ да го наплати своето побарување, а остатокот да му го предаде, обврската престанува дури откако доверителот ќе се наплати од постигнатиот износ.

Делумно исполнување

Член 299

(1) *Доверителот не е должен да прими делумно исполнување, освен ако природата на обврската поинаку не налага.*

(2) *Доверителот е должен да го прими делумното исполнување на парична обврска, освен ако има посебен интерес да го одбие.*

Обврска за давање на предмети определени според родот

Член 300

(1) *Ако предметите се определени само според родот, должникот е должен да даде предмети со среден квалитет.*

(2) *Ако му била позната намената на предметите, должен е да даде предмети со соодветен квалитет.*

V. ЗАСМЕТУВАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО

Ред на засметувањето

Член 301

(1) *Кога меѓу исти лица постојат повеќе истородни обврски, па она што ќе го исполни должникот не е доволно за да можат да се намират сите, тогаш, ако за тоа не постои спогодба меѓу доверителот и должникот, засметувањето се врши по оној ред што ќе го определи должникот најдоцна при исполнувањето.*

(2) *Кога не постои должниковата изјава за засметувањето, обврските се намируваат по оној ред како која стасала за исполнување.*

(3) *Ако повеќе обврски стасале истовремено, прво се намируваат оние што се најмалку обезбедени, а кога се сите еднакво обезбедени, прво се намируваат оние што на должникот му се најголем товар.*

(4) *Ако во сето што е напред кажано обврските се еднакви, се намируваат по редот како што настанале, а ако настанале истовремено, она што е дадено на име исполнување се распоредува на сите обврски сразмерно со нивните износи.*

Засметување на каматите и трошоците

Член 302

Ако должникот покрај главнината, должи и камати и трошоци, засметувањето се врши така што прво се отплатуваат трошоците, потоа каматите и најпосле главнината.

VI. ВРЕМЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО

Кога рокот не е определен

Член 303

Ако рокот не е определен, а целта на работата, природата на обврската и другите околности не бараат извесен рок за исполнување, доверителот може да бара веднаш исполнување на обврската, а должникот од своја страна може да бара од доверителот веднаш да го прими исполнувањето.

Исполнување пред рокот

Член 304

(1) *Кога рокот е договорен исклучиво во интерес на должникот, тој има право да ја исполни обврската и пред договорениот рок, но е должен да го извести доверителот за својата намера и да внимава тоа да не биде во невреме.*

(2) *Во другите случаи кога должникот ќе понуди исполнување пред рокот, доверителот може да го одбие исполнувањето, а може и да го задржи правото на надомест на штетата, ако за тоа без одлагање го извести должникот.*

Право на доверителот да бара исполнување пред рокот

Член 305

Доверителот има право да бара исполнување пред рокот, ако должникот не му го дал ветеното обезбедување или ако по негово барање не го дополнил обезбедувањето намалено без негова вина, како и кога рокот е договорен исклучиво во негов интерес.

Кога определувањето на рокот и е оставено на една страна

Член 306

Кога определувањето на времето за исполнување е оставено на волјата на доверителот или на должникот, другата страна може, ако овластеникот не го определи рокот ни по опомената, да бара од судот да определи примерен рок за исполнување.

Парични обврски

Член 307

(1) *Ако плаќањето се врши со посредство на банка или штедилница кај која се води сметката на доверителот, ќе се смета доколку договорните страни поинаку не определиле дека долгот е намирен кога до банката, односно штедилницата кај која се води сметката ќе пристигне парична обврска во полза на доверителот или налог (вирман) на должниковата банка, односно штедилница да и го одобри на сметката на доверителот износот означен во налогот.*

(2) *Ако со договорот е предвидено плаќање преку пошта се претпоставува дека странките се согласиле дека со уплата на износот што го должи на пошта должникот ја намирил својата обврска спрема доверителот ако ваков начин на плаќање не е договорен, долгот е намирен кога доверителот ќе ја прими паричната обврска.*

(3) *Ако со посебен пропис или со договор е предвидено плаќње со чековна уплатница на определена сметка, се претпоставува дека странките се согласиле дека исплатата е извршена тогаш кога должникот ќе го уплати износот што го должи со чековна уплатница во корист на означената сметка.*

VII. МЕСТО НА ИСПОЛНУВАЊЕТО

Општи правила

Член 308

(1) *Должникот е должен да ја исполни обврската, а доверителот да го прими исполнувањето во местото определено со правната работа или со закон.*

(2) *Кога местото на исполнувањето не е определено, а не може да се определи ни според целта на работата, природата на обврската или другите околности, исполнувањето на обврската се врши во местото во кое должникот во време на настанувањето на обврската имал свое седиште, односно живеалиште, а во недостиг на живеалиште, свое престојувалиште.*

(3) *Ако должник е правно лице кое има повеќе единици во разни места, како место на исполнување се смета седиштето на единицата што треба да ги изврши дејствијата неопходни за исполнување на обврската, ако на доверителот таа околност при склучувањето на договорот му била позната или морала да му биде позната*

Место на исполнување на паричните обврски

Член 309

(1) *Паричните обврски се исполнуваат во местото во кое доверителот има седиште, односно живеалиште, а во недостиг на живеалиште, престојувалиште.*

(2) *Ако плаќањето се врши со вирман, паричните обврски се исполнуваат во седиштето на банката, односно штедилницата кај која се водат паричните средства на доверителот.*

(3) *Ако доверителот го променил местото во кое имал свое седиште, односно живеалиште во време кога настанала обврската, па поради тоа се зголемени трошоците на исполнувањето, тоа зголемување паѓа врз товар на доверителот.*

VIII. ПРИЗНАНИЦА

Претпоставки во врска со признаницата

Член 310

(1) *Тој што ќе исполни обврска наполно или делумно има право да бара доверителот да му издаде признаница за тоа.*

(2) *Должник кој исплатил парична обврска преку банка или пошта, може да бара доверителот да му издаде признаница само ако за тоа има оправдана причина.*

(3) *Ако е издадена признаница дека наполно е исплатена главнината, се претпоставува дека се исплатени и каматите и судските и други трошоци, ако ги имало.*

(4) *Исто така, ако должникот на повремени давања, како што се закупнините и на други побарувања кои повремено се пресметуваат, како што се оние што настануваат со трошење на електрична енергија, или вода, или со употреба на телефон, има признаница дека го исплатил подоцна стасаното побарување, се претпоставува дека ги исплатил и оние што стасале порано.*

Одбивање на издавање признаница

Член 311

Ако доверителот одбие да издаде признаница, должникот може да го положи кај судот предметот на својата обврска.

IX. ВРАЌАЊЕ НА ОБВРЗНИЦА

Член 312

(1) *Кога ќе ја исполни својата обврска, наполно, должникот може, покрај признаницата, да бара од доверителот да му ја врати обврзницата.*

(2) *Кога доверителот не може да ја врати обврзницата, должникот има право да бара доверителот да му издаде јавно заверена исправа дека обврската престанала.*

(3) *Ако на должникот му е вратена обврзницата се претпоставува дека обврската е наполно исполнета.*

(4) *Должникот кој ја исполнил обврската само делумно, има право да бара тоа исполнување да се забележи на обврзницата.*

Отсек 2

ЗАДОЦНУВАЊЕ

I. ЗАДОЦНУВАЊЕ НА ДОЛЖНИКОТ

Кога должникот паѓа во задоцнување

Член 313

(1) *Должникот паѓа во задоцнување кога не ќе ја исполни обврската во рокот определен за исполнување.*

(2) *Ако рокот за исполнување не е определен, должникот паѓа во задоцнување кога доверителот ќе го повика да ја исполни обврската усно или писмено, со вонсудска опомена или со започнување на некоја постапка чија цел е да се постигне исполнување на обврската.*

II. ЗАДОЦНУВАЊЕ НА ДОВЕРИТЕЛОТ

Кога доверителот паѓа во задоцнување

Член 314

(1) *Доверителот паѓа во задоцнување ако без основана причина одбие да го прими исполнувањето или ако го спречи во своето однесување.*

(2) *Доверителот паѓа во задоцнување и кога е готов да го прими исполнувањето на должниковата истовремена обврска, но не нуди исполнување на својата стасана обврска.*

(3) *Доверителот не паѓа во задоцнување ако докаже дека во време на понудата за исполнување, или во времето определено за исполнување, должникот не бил во можност да ја исполни својата обврска.*

Дејства на доверителовото задоцнување

Член 315

(1) *Со паѓањето на доверителот во задоцнување престанува задоцнувањето на должникот и врз доверителот преминува ризикот од случајното пропаѓање или оштетување на предметот.*

(2) *Од денот на доверителовото задоцнување престанува да тече каматата.*

(3) *Доверителот во задоцнување е должен да му ја надомести на должникот штетата настаната поради задоцнувањето за која одговара, како и трошоците околу натамошното чување на предметот.*

Отсек 3

ПОЛАГАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ПРЕДМЕТ ШТО СЕ ДОЛЖИ

Полагање кај суд

Член 316

(1) *Кога доверителот е во задоцнување, или е непознат, или кога е неизвесно кој е доверител или каде се наоѓа, или кога доверителот е деловно неспособен, а нема застапник, должникот може да го положи предметот што го должи кај судот за доверителот.*

(2) *Истото право го имаат и трети лица кои се правно заинтересирани да биде исполнета обврската.*

(3) *За извршеното полагање должникот е должен да го извести доверителот ако знае за него и за неговото престојувалиште.*

Кај кој надлежен суд се врши полагање

Член 317

(1) *Полагање се врши кај стварно надлежниот суд во местото на исполнувањето, освен ако причините на економичноста или природата на работата бараат полагањето да се изврши во местото каде што се наоѓа предметот.*

(2) *Секој друг стварно надлежен суд мора да го прими предметот во депозит, а должникот е должен да му даде надомест на доверителот ако овој со полагањето кај друг суд претрпел штета.*

Предавање на чување на друго лице

Член 318

(1) *Кога предмет на обврската е некој предмет кој не може да се чува во судски депозит, должникот може да бара од судот да определи лице на кое ќе му го предаде предметот да го чува на трошок и за сметка на доверителот.*

(2) *Во случај на обврска од договор во стопанството, предавањето на таков предмет на чување во јавен склад за сметка на доверителот произведува дејство на полагање кај суд.*

(3) *За извршеното предавање на чување должникот е должен да го извести доверителот.*

Земање на положениот предмет назад

Член 319

(1) *Должникот може да го земе назад положениот предмет.*

(2) *За земањето на предметот должникот е должен да го извести доверителот.*

(3) *Правото на должникот да го земе положениот предмет престанува кога должникот ќе изјави на судот дека се откажува од тоа право, кога доверителот ќе изјави дека го прима положениот предмет, како и кога ќе биде утврдено со правосилна судска одлука дека полагањето ги исполнува условите на уредно исполнување.*

Дејство на полагањето

Член 320

(1) *Со полагањето на предметот што го должи должникот се ослободува од обврската во моментот кога го извршил полагањето.*

(2) *Ако должникот бил во задоцнување, неговото задоцнување престанува.*

(3) *Од моментот кога предметот е положен, ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот преминува врз доверителот.*

(4) *Од денот на полагањето престанува да тече каматата.*

(5) *Ако должникот го земе назад положениот предмет ќе се смета како да немало полагање, а неговите содолжници и гаранти остануваат во обврска.*

Трошоци на полагањето

Член 321

Трошоците на полноважно и неотповикано полагање ги понесува доверителот, доколку ги надминуваат трошоците на исполнувањето што е должен да ги поднесува должникот.

Продажба наместо полагање на предметот

Член 322

(1) *Ако предметот е непогоден за чување, или ако за неговото чување или за неговото одржување се потребни трошоци несразмерни со неговата вредност, должникот може да го продаде на јавна продажба во местото определено за исполнување, или на некое друго место, ако е тоа во интерес на доверителот, а постигнатиот износ, по одбивањето на трошоците на продажбата, да го положи кај судот на тоа место.*

(2) *Ако предметот има тековна цена, или ако е со мала вредност во споредба со трошоците на јавната продажба, должникот може да го продаде од слободна рака.*

(3) *Ако предметот е таков што може брзо да пропадне или да се расипе, должникот е должен да го продаде без одлагање на најпогоден начин.*

(4) *Во секој случај, должникот е должен да го извести доверителот за намераваната продажба секогаш кога е тоа можно, а по извршената продажба, за постигнатата цена и за нејзиното полагање кај судот.*

Предавање на предметот на доверителот

Член 323

Судот ќе му го предаде на доверителот положениот предмет под условите што ги поставил должникот.

Продажба заради покривање на трошоците за чување

Член 324

(1) *Ако трошоците за чување не бидат исплатени во разумен рок судот, на барање од чуварот, ќе нареди предметот да се продаде и ќе го определи начинот на продажба.*

(2) *Од износот добиен со продажба ќе се одбијат трошоците на продажбата и трошоците за чување, а остатокот ќе се положи кај судот за доверителот.*

Оддел 3

ДРУГИ НАЧИНИ НА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

Отсек 1

ПРЕБИВАЊЕ (КОМПЕНЗАЦИЈА)

Општи услови

Член 325

Должникот може да го пребие побарувањето што го има спрема својот доверител со она што овој го побарува од него, ако двете побарувања гласат на пари или други заменливи предмети од ист род и ист квалитет и ако двете се стасани.

Изјава за пребивање

Член 326

(1) *Пребивање не настанува штом ќе се стекнат условите за тоа, туку е потребно едната страна да и изјави на другата дека врши пребивање.*

(2) *По изјавата за пребивање се смета дека пребивањето настанало оној момент кога се стекнале условите за тоа.*

Отсуство на заемност

Член 327

(1) *Должникот не може да изврши пребивање на она што му го должи на доверителот со она што доверителот му го должи на неговиот гарант.*

(2) *Гарантот може да изврши пребивање на должниковата обврска спрема доверителот со должниковото побарување од доверителот.*

(3) *Тој што дал свој предмет во залог за туѓа обврска, може да бара од доверителот да му го врати заложениот предмет кога ќе се исполнат условите за престанување на таа обврска со пребивање, како и кога доверителот по своја вина ќе пропушти да изврши пребивање.*

Застарено побарување

Член 328

(1) *Долг може да се пребие со застарено побарување само ако тоа уште не било застарено во моментот кога се стекнале условите за пребивање.*

(2) *Ако условите за пребивање настанале откако едно од побарувањето застарело, пребивање не настанува ако должникот на застареното побарување истакнал приговор за застареноста.*

Пребивање со отстапено побарување

Член 329

(1) *Должникот на отстапено побарување може да му ги пребие на примачот оние свои побарување кои до известувањето за отстапувањето можел да му ги пребие на отстапувачот.*

(2) *Тој може да му ги пребие и оние свои побарувања од отстапувачот што ги стекнал пред известувањето за отстапувањето, а чиј рок за исполнување не стасал во моментот кога е известен за отстапувањето, но само ако тој рок паѓа пред рокот за исполнување на отстапеното побарување или во исто време.*

(3) *Должникот кој без резерва му изјавил на примачот дека се согласува со отстапувањето не може повеќе да му пребие никакво свое побарување од отстапувачот.*

(4) *Ако отстапеното побарување е запишано во јавните книги, должникот може да му изврши пребивање на примачот само ако неговото побарување е запишано кај отстапеното побарување или ако примачот при отстапувањето е известен за постоењето на тоа побарување.*

Случаи кога пребивањето е исклучено

Член 330

Не може да престане со пребивање:

1) *побарување кое не може да се заплени;*

2) *побарување на предмети или вредности на предмети кои на должникот му биле дадени на чување или на заем, или кои должникот ги зел бесправно или ги задржал бесправно;*

3) *побарување настанато со намерно причинување штета;*

4) *побарување на надомест на штета причинета со оштетување на здравје или со причинување на смрт и*

5) *побарување што произлегува од законската обврска за издржување.*

Забрана на побарување на другата страна

Член 331

Должникот не може да врши пребивање ако неговото побарување стасало дури откако некој трет ставил забрана над побарувањето на доверителот спрема него.

Засметување со пребивање

Член 332

Кога меѓу две лица постојат повеќе обврски кои можат да престанат со пребивање, пребивањето се врши според правилата што важат за засметувањето на исполнувањето.

Отсек 2

ОТПУШТАЊЕ НА ДОЛГ

Спогодба

Член 333

(1) *Обврската престанува кога доверителот ќе му изјави на должникот дека нема да бара нејзино исполнување и кога должникот ќе се согласи со тоа.*

(2) *За полноважноста на оваа спогодба не е потребно таа да биде склучена во форма во која е склучена работата од која настанала обврската.*

Откажување од средствата за обезбедување

Член 334

Враќањето на залогот и откажувањето од другите средства со кои било обезбедено исполнувањето на обврската, не значи откажување на доверителот од правото да бара нејзино исполнување.

Отпуштање на долг на гарантот

Член 335

(1) *Отпуштањето на долг на гарантот не го ослободува главниот должник, а отпуштањето на долг на главниот должник го ослободува гарантот.*

(2) *Кога има повеќе гаранти, па доверителот ќе ослободи еден од нив, другите остануваат во обврска, но нивната обврска се намалува за делот кој отпаѓа на ослободениот гарант.*

Општо отпуштање на долгови

Член 336

Општото отпуштање на долговите ги гаси сите побарувања на доверителот спрема должникот, со исклучок на оние за кои доверителот не знаел дека постојат во моментот кога е извршено отпуштањето.

Отсек 3

НОВАЦИЈА

Услови

Член 337

(1) *Обврската престанува ако доверителот и должникот се согласат постојната обврска да ја заменат со нова и ако новата обврска има различен предмет или различна правна основа.*

(2) *Спогодбата на доверителот и должникот со која се менува или додава одредба за рокот, за местото или за начинот на исполнување, потоа дополнителната спогодба за каматата, за договорната казна, за обезбедувањето на исполнувањето или за која и да е друга споредна одредба, како и спогодбата за издавање на нова исправа за долгот, не се сметаат за новација.*

(3) *Издавањето на меница или чек поради некоја поранешна обврска не се смета за новација, освен кога е тоа договорено.*

Волја да се изврши новација

Член 338

Новацијата не се претпоставува, па ако страните не изразиле намера да ја угасат постојната обврска кога создавале нова, поранешната обврска не престанува, туку постои и понатаму покрај новата.

Дејства на новацијата

Член 339

(1) *Со договорот за новација поранешната обврска престанува, а настанува нова.*

(2) *Со поранешната обврска престануваат и залогот и гаранцијата, освен ако со гарантот или со залогодавецот поинаку не е договорено.*

(3) *Истото важи и за другите споредни права што биле врзани за поранешната обврска.*

Недостаток на поранешната обврска

Член 340

(1) *Новацијата е без дејство ако поранешната обврска била ништовна или веќе угасена.*

(2) *Ако поранешната обврска била само рушлива, новацијата е полноважна ако должникот знаел за недостатокот на поранешната обврска.*

Дејство на поништувањето

Член 341

Кога договорот за новација е поништен се смета дека и немало новација и дека поранешната обврска и не престанала да постои.

Отсек 4

СОЕДИНУВАЊЕ (КОНФУЗИЈА)

Член 342

(1) *Обврската престанува со соединување кога едно исто лице ќе стане и доверител и должник.*

(2) *Кога гарантот ќе стане доверител, обврската на главниот должник не престанува.*

(3) *Обврската запишана во јавна книга престанува со соединување дури кога ќе се изврши упис на бришењето.*

Отсек 5

НЕВОЗМОЖНОСТ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ

Престанување на обврската поради невозможност за исполнување

Член 343

(1) *Обврската престанува кога нејзиното исполнување ќе стане невозможно поради околности за кои должникот не одговара.*

(2) *Должникот треба да ги докаже околностите кои ја исклучуваат неговата одговорност.*

Кога предмет на обврската се предмети определени според родот

Член 344

(1) *Ако предмет на обврската се предмети определени според родот, обврската не престанува дури и кога сите такви предмети што ги има должникот ќе пропаднат поради околности за кои тој не одговара.*

(2) *Но, кога предмет на обврската се предмети определени според родот кои треба да се земат од определена маса такви предмети, тогаш обврската престанува кога ќе пропадне целата таа маса.*

Отстапување на правата спрема третиот одговорен за невозможноста за исполнување

Член 345

Должникот на определен предмет кој е ослободен од својата обврска поради невозможност за исполнување е должен да му го отстапи на доверителот правото кое би го имал спрема третото лице поради настанатата невозможност.

Отсек 6

ИСТЕК НА ВРЕМЕ, ОТКАЗ

Рокот во траен долговен однос

Член 346

Трајниот долговен однос со определен рок на траењето престанува кога рокот ќе истече, освен кога е договорено или со закон определено дека по истекот на рокот долговниот однос продолжува за неопределено време ако не биде навремено откажан.

Отказ на траен долговен однос

Член 347

(1) *Ако времето на траењето на долговниот однос не е определено, секоја страна може да го прекине со отказ.*

(2) *Отказот мора да биде доставен до другата страна.*

(3) *Отказ може да се даде во секое време, само не во невреме.*

(4) *Отказниот долговен однос престанува кога ќе истече отказниот рок определен со договор, а ако таквиот рок не е определен со договор, тогаш односот престанува по истекот на рокот определен со законот или со обичајот, односно со истекот на примерениот рок.*

(5) *Страните можат да се договорат дека нивниот долговен однос ќе престане со самото доставување на отказот, ако за определен случај законот не наредува нешто друго.*

(6) *Доверителот има право да го бара од должникот она што е стасано пред да престане обврската со истекот на рокот или со отказот.*

Отсек 7

СМРТ

Член 348

Со смртта на должникот или на доверителот престанува обврската само ако настанала со оглед на личните особини на некоја од договорните страни или на личните способности на должникот.

Оддел 4

ЗАСТАРЕНОСТ

Отсек 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Општо правило

Член 349

(1) *Со застареност престанува правото да се бара присилно исполнување на обврската.*

(2) *Застареноста настапува кога ќе истече определеното време со закон во кое доверителот можел да бара исполнување на обврската.*

(3) *Судот не може да ја земе предвид застареноста ако должникот не се повикал на неа.*

Кога застареноста започнува да тече

Член 350

(1) *Застареноста почнува да тече првиот ден по денот кога доверителот имал право да бара исполнување на обврската, ако за одделни случаи со закон не е пропишано нешто друго.*

(2) *Ако обврската се состои во тоа нешто да не се стори, да се пропушти или трпи, застареноста почнува да тече првиот ден од денот кога должникот постапил спротивно на обврската.*

Настапување на застареноста

Член 351

Застареноста настапува кога ќе истече последниот ден од времето определено со закон.

Засметување на времето на претходниците

Член 352

Во време на застареноста се смета и времето кое изминало во корист на должниковите претходници.

Забрана на промената на рокот на застареноста

Член 353

(1) *Со правна работа не може да се определи подолго или пократко време на застареноста од она време што е определено со закон.*

(2) *Со правна работа не може да се определи дека застареноста нема да тече за некое време.*

Откажување од застареноста

Член 354

Должникот не може да се откаже од застареноста пред да измине времето определено за застареност.

Писмено признание и обезбедување на застарена обврска

Член 355

(1) *Писменото признание на застарена обврска се смета како откажување од застареноста.*

(2) *Исто дејство има давањето на залог или некое друго обезбедување за застарено побарување.*

Дејство на исполнувањето на застарена обврска

Член 356

Ако должникот исполни застарена обврска, нема право да бара да му се врати она што го дал, дури и ако не знаел дека обврската е застарена.

Доверител чие побарување е обезбедено

Член 357

(1) *Кога ќе измине времето на застареноста, доверителот чие побарување е обезбедено со залог или со хипотека може да се намири само од оптоварен предмет, ако го држи во раце или ако неговото право е запишано во јавната книга.*

(2) *Меѓутоа, застарените побарувања на камати и на други повремени давања не можат да се намират ни од оптоварен предмет.*

Споредни побарувања

Член 358

Кога ќе застари главното побарување, тогаш се застарени и спорединте побарувања, како што се побарувањата на камати, плодови, трошоци, договорна казна.

Кога не се применуваат правилата на застареност

Член 359

Правилата за застареност не се применуваат во случаи кога во законот се определени роковите во кои треба да се подигне тужба или да се изврши определено дејствие под закана на губење на правото.

Отсек 2

ВРЕМЕ ПОТРЕБНО ЗА ЗАСТАРЕНОСТ

Општ рок на застареноста

Член 360

Побарувањата застаруваат за пет години, ако со закон не е определен некој друг рок на застареност.

Повремени побарувања

Член 361

(1) *Побарувањата на повремени давања кои стасуваат годишно или во пократки определени временски периоди (повремени побарувања), па било да се работи за споредни повремени побарувања, како што е побарувањето на камати, било да се работи за такви повремени побарувања во кои се исцрпува самото право, како што е побарувањето на издржување, застаруваат за три години од стасаноста на секое одделно давање.*

(2) *Истото важи за ануитетите со кои во еднакви однапред определени повремени износи се отплатуваат главнината и каматите, но не важи за отплатите во рати и за други делумни исполнувања.*

Застареност на самото право

Член 362

(1) *Самото право од кое произлегуваат повремени побарувања застарува за пет години, сметајќи од стасаноста на најстарото неисполнето побарување по кое должникот не вршел давања.*

(2) *Кога ќе застари правото од кое произлегуваат повремени побарувања, доверителот го губи правото не само да бара идни повремени давања, туку и повремени давања кои стасале пред оваа застареност.*

(3) *Не може да застари правото на издржување определено со закон.*

Меѓусебни побарувања од договор во прометот на стоки и услуги

Член 363

(1) *Меѓусебните побарувања на договорните страни од договорите во прометот на стоки и услуги*, *како и побарувањата на надомест за издатоци направени во врска со тие договори*, *застаруваат за три години*.

(2) *Застарувањето тече одвоено за секоја испорака на стоки, извршена работа или услуга.*

Побарување на закупнина

Член 364

Побарувањето на закупнина, било да е определено да се плаќа повремено, било во еден вкупен износ, застарува за три години.

Побарување на надомест на штета

Член 365

(1) *Побарувањето на надомест на причинета штета застарува за три години од кога оштетеникот дознал за штетата и за лицето кое ја сторило штетата.*

(2) *Во секој случај ова побарување застарува за пет години од кога настанала штетата.*

(3) *Побарувањето на надомест на штета настаната со повреда на договорна обврска застарува за времето определено за застареност на таа обврска.*

Побарување на надомест на штета причинета со кривично дело

Член 366

(1) *Кога штетата е причинета со кривично дело, а за кривично гонење е предвиден подолг рок на застареност, барањето за надомест на штета спрема одговорното лице застарува кога ќе измине времето определено за застареност на кривичното гонење.*

(2) *Прекинот на застарувањето на кривичното гонење повлекува со себе и прекин на застарувањето на барањето за надомест на штета.*

(3) *Истото важи и за застојот на застарувањето.*

Едногодишен рок на застареност

Член 367

(1) *За една година застаруваат:*

1) *побарувањето на надомест за испорачана електрична и топлотна енергија, гас, вода , за оџачарски услуги и за одржување на чистота, кога испораката, односно услугата е извршена за потребите на домаќинството;*

2) *побарувањето на радиостаница и радио-телевизиска станица за употреба на радио- приемник и телевизиски приемник;*

3) *побарувањето на пошта, телеграф и телефон за употреба на телефон и на поштенски прегадоци, како и другите нивни побарувања што се наплатуваат во тримесечни или во пократки рокови и*

4) *побарувањето на претплата на повремена публикација, сметајќи од истекот на времето за кое е нарачана публикацијата.*

(2) *Застарувањето тече иако се продолжени испораките или услугите.*

Побарувања утврдени пред судот или пред друг надлежен орган

Член 368

(1) *Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за десет години, па и оние за кои законот инаку предвидува пократок рок на застареност.*

(2) *Меѓутоа, сите повремени побарувања што произлегуваат од такви одлуки или порамнувања и стасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареноста на повремените побарувања.*

Рокови на застареност кај договорите за осигурување

Член 369

(1) *Побарувањата на договарачот на осигурување, односно на трето лице од договорот за осигурување на живот застаруваат за пет, а од другите договори за осигурување за три години, сметајќи од првиот ден по истекот на календарската година во која настанало побарувањето.*

(2) *Ако заинтересираното лице докаже дека до денот определен во став* (1) *на овој член не знаело дека настанал осигурениот случај, застарувањето почнува од денот кога дознало за тоа, со тоа што во секој случај побарувањето застарува кај осигурувањето на живот за десет, а кај другите за пет години од денот определен во став* (1) *на овој член.*

(3) *Побарувањата на осигурителот од договорот за осигурување застаруваат за три години.*

(4) *Кога во случај на осигурување од одговорноста на трет, оштетеното лице бара надомест од осигуреникот или го добие од него, застарувањето на барањето на осигуреникот спрема осигурителот почнува од денот кога оштетеното лице барало по судски пат надомест од осигуреникот, односно кога осигуреникот го обештетил.*

(5) *Непосредно барање на трето оштетено лице спрема осигурителот застарува за истото време за кое застарува неговото барање спрема осигуреникот одговорен за штетата.*

(6) *Застарувањето на побарување кое му припаѓа на осигурителот спрема третото лице одговорно за настапување на осигурениот случај почнува да тече тогаш кога и застарувањето на побарување на осигуреникот спрема тоа лице и се навршува во истиот рок.*

Отсек 3

ЗАСТОЈ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО

Побарувања меѓу определени лица

Член 370

Застарувањето не тече меѓу:

1) *брачни другари;*

2) *родители и деца додека трае родителското право*;

3) *штитеник и неговиот старател, како и органот за старателство, за време на траењето на стрателството и додека не ќе бидат положени сметките и*

4) *две лица кои живеат во вонбрачна заедница додека постои таа заедница.*

Побарувања на определени лица

Член 371

Застарувањето не тече:

1) *за време на мобилизација, во случај на непосредна воена опасност или војна во поглед на побарувањата на лицата на воена должност и*

2) *во поглед на побарувањата што ги имаат лицата вработени во туѓо домаќинство спрема работодавецот или спрема членовите на неговото семејство кои живеат заедно со него, се додека трае тој работен однос.*

Несовладливи пречки

Член 372

Застарувањето не тече за сето време за кое доверителот не бил во можност поради несовладливи пречки по судски пат да бара исполнување на обврската.

Влијание на причините за застој врз текот на застарувањето

Член 373

(1) *Ако застарувањето не можело да почне да тече поради некоја законска причина тоа почнува да тече кога ќе престане таа причина.*

(2) *Ако застарувањето почнало да тече пред да настане причината која го запрела неговиот натамошен тек, тоа продолжува да тече кога ќе престане таа причина, а времето што изминало пред запирањето се смета по рокот за застареноста определен со законот.*

Побарувања спрема деловно неспособни лица и нивните побарувања

Член 374

(1) *Застарувањето тече и спрема малолетник и друго деловно неспособно лице, без оглед на тоа дали имаат законски застапник или не.*

(2) *Застареност на побарувањата на малолетник кој нема застапник и на друго деловно неспособно лице без застапник не може да настапи додека не ќе изминат две години откако станале наполно деловно способни, или откако добиле застапник.*

(3) *Ако за застареност на некое побарување е определено време пократко од две години, а доверител е малолетник кој нема застапник или некое друго деловно неспособно лице без застапник, застарувањето на тоа побарување почнува да тече од кога доверителот станал деловно способен или од кога добил застапник.*

Побарување спрема лице кое е на отслужување на воениот рок

Член 375

Застареност спрема лице кое се наоѓа на отслужување на воениот рок или на воена вежба не може да настапи додека не ќе изминат три месеци од отслужувањето на воениот рок, или од престанувањето на воената вежба.

Отсек 4

ПРЕКИНУВАЊЕ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО

Признавање на долг

Член 376

(1) *Застарувањето се прекинува кога должникот ќе го признае долгот.*

(2) *Признавање на долг може да се стори не само со изјава до доверителот, туку и на посреден начин, како што се давањето отплата, плаќањето камата, давањето обезбедување.*

Подигање тужба

Член 377

Застапувањето се прекинува со подигање тужба и со секое друго доверителово дејствие преземено против должник пред суд или пред друг надлежен орган заради утврдување, обезбедување или остварување на побарувањето.

Откажување, отфрлање или одбивање тужба

Член 378

(1) *Се смета дека прекинувањето на застарување извршено со подигање тужба или со некое друго доверителово дејствие преземено против должникот пред суд или пред друг надлежен орган заради утврдување, обезбедување или остварување на побарување не настапило ако доверителот се откаже од тужбата или од дејствието што го презел.*

(2) *Исто така, се смета дека немало прекинување ако доверителовата тужба или барање биде отфрлено или одбиено, или ако издејствуваната или преземената мерка за извршување или обезбедување биде поништена.*

Отфрлање на тужбата поради ненадлежност

Член 379

(1) *Ако тужбата против должникот е отфрлена поради ненадлежност на судот или поради некоја друга причина која не се однесува на суштината на работата, па доверителот повторно подигне тужба во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката за отфрлање на тужбата, се смета дека застарувањето е прекинато со првата тужба.*

(2) *Истото важи и за повикување во заштита и за истакнување на пребивање на побарувањата во спор, како и во случај кога суд или друг орган го упатил должникот своето пријавено побарување да го остварува во процесна постапка.*

Повикување на должникот

Член 380

За прекинување на застарувањето не е доволно доверителот писмено или усно да го повика должникот да ја исполни обврската.

Рок на застареноста во случај на прекинување

Член 381

(1) *По прекинувањето, застарувањето почнува да тече одново, а времето што изминало пред прекинувањето не се смета во рокот на застареност определен со закон.*

(2) *Застарувањето прекинато со признание од страна на должникот почнува да тече одново од признанието.*

(3) *Кога прекинување на застарувањето настанало со подигање тужба или со повикување во заштита, или со истакнување на пребивање на побарувањата во спор, односно со пријавување на побарување во некоја друга постапка, застарувањето почнува да тече одново од денот кога спорот е окончан или завршен на некој друг начин.*

(4) *Кога прекинување на застарувањето настанало со пријава на побарување во стечајна постапка, застарувањето почнува да тече одново од денот на окончувањето на оваа постапка.*

(5) *Истото важи и кога прекинување на застарувањето настанало со барање на принудно извршување или обезбедување.*

(6) *Застарувањето што почнува да тече одново по прекинувањето, се завршува кога ќе измине толку време колку што со закон е определено за застарувањето што е прекинато.*

Застареност во случај на новација

Член 382

Ако настанало прекинување со признавање на долгот од страна на должникот, а доверителот и должникот се спогодиле да го изменат основот или предметот на обврската, новото побарување застарува за време кое е определено за неговата застареност.

Глава V

РАЗНИ ВИДОВИ ОБВРСКИ

ОДДЕЛ 1

ПАРИЧНИ ОБВРСКИ

Отсек 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Начело на монетарен номинализам

Член 383

Кога обврската има за предмет парична сума, должникот е должен да го исплати оној број парични единици на кој гласи обврската, освен кога со закон се определува нешто друго.

Валута на обврската

Член 384

(1) *Дозволена е одредба во договорот според која вредноста на договорната обврска во домашна валута е изразена во странска валута или е определена во таква валута.*

(2) *Во случајот од став* (1) *на овој член обврската се исполнува со плаќање во домашна валута, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија што важи во денот на исполнувањето.*

Индексна клаузула

Член 385

Дозволена е одредбата на договорот со која што износот на паричната обврска во домашна валута се врзува за промена на цената за добрата и услугите изразени со индекс на цени утврдени од овластено лице (индексна клаузула).

Лизгава скала

Член 386

Во договорите во кои една страна се обврзува да изработи и да испорача определени предмети е дозволено да се договори дека цената ќе зависи од цената за материјали и од трудот, како и од другите елементи кои влијаат врз висината на трошоците на производството, во определено време на определен пазар.

Плаќање пред рокот

Член 387

(1) *Должникот на парична обврска може истата да ја исполни пред рокот.*

(2) *Ништовна е одредбата на договор со која должникот се откажува од ова право.*

(3) *Во случај на исполнување на парична обврска пред рокот, должникот има право од износот на долгот да го одбие износот на каматата за времето од денот на исплатата до стасаноста на обврската, ако поинаку не е определено со договорот.*

ДОГОВОРНА КАМАТА

Висина на стапката на договорната камата

Член 388

(1) *Стапката на договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата утврдена во членот 266-а на овој закон, зголемена најмногу за* 50 *проценти.*

(2) *Стапката на договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.*

(3) *Ако во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка за соодветната валута.*

(4) *Целосно или делумно е ништовна одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската произлегува дека со вака договорената стапка на договорна камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.*

(5) *При оценувањето дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата е ништовна, предвид ќе се земе и кои биле причините за така определена висина на стапка на договорната камата.*

(6) *Ако плаќањето на каматата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина од една третина од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина од една половина од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, определена според одредбите на овој закон.*

(7) *Ако во трговските договори или договорите меѓу трговци и лица на јавното право е договорена повисока стапка на договорна камата од стапката на законската казнена камата, а притоа не е договорена договорна казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска тече само договорната камата.*

(8) *Ништовна е одредбата на договорот која предвидува истовремено течење и пресметување на договорна казнена камата и законска казнена камата*

Кога се должи домицилна стапка на договорна камата

***Членот 388-а е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.161/09).*

Камата на камата

Член 388-б

Ништовна е одредбата на договорот со која се предвидува дека на каматата, кога ќе пристигне за исплата, ќе почне да тече камата доколку не биде исплатена по нејзиното пристигнување, освен за депозитите кај банките, штедилниците и другите финансиски институции.

Зголемување на каматна стапка

Член 389

Дозволена е договорната одредба со која однапред се договара зголемување на годишната каматна стапка, до највисоко допуштената, во случај должникот да не ги исплати пристигнатите договорни камати навреме.

Камата во непарични обврски

Член 390

Одредбите на овој закон за договорната камата сообразно важат и за другите обврски што за предмет имаат предмети определени според родот.

ОДДЕЛ 2

ОБВРСКИ СО ПОВЕЌЕ ПРЕДМЕТИ

Отсек 1

АЛТЕРНАТИВНИ ОБВРСКИ

Право на избор

Член 391

Ако некоја обврска има два или повеќе предмети, но должникот е должен да даде само еден за да се ослободи од обврската, правото на избор, ако не е договорено нешто друго, му припаѓа на должникот и обврската престанува кога тој ќе го предаде предметото што го избрал.

Неотповикливост и дејство на извршениот избор

Член 392

(1) *Изборот е извршен кога страната на која и припаѓа правото на избор ќе ја извести другата страна за тоа што избрала и од тој момент изборот повеќе не може да се менува.*

(2) *Со извршување на изборот се смета дека обврската од почетокот била едноставна и дека нејзин предмет од почетокот бил избраниот предмет.*

Траење на правото на избор

Член 393

(1) *Должникот има право на избор се додека во постапката за принудно извршување еден од предметите што се должат не ќе му биде наполно или делумно предаден на доверителот по негов избор.*

(2) *Ако правото на избор му припаѓа на доверителот, а тој не ќе се изјасни за изборот во рокот определен за исполнување, должникот може да го повика да изврши избор и за тоа да му определи примерен рок, по чиј истек правото на избор преминува врз должникот.*

Избор доверен на трето лице

Член 394

Ако изборот треба да го изврши некое трето лице, а лицето не го направи тоа, секоја страна може да бара изборот да го изврши судот.

Ограничување на преостанатиот предмет

Член 395

Ако еден предмет на обврска станал невозможен поради некој настан за кој не одговара ниедна страна, обврската се ограничува на преостанатиот предмет.

Ограничување во случај на одговорност на една страна

Член 396

(1) *Кога еден предмет на обврската станал невозможен поради настан за кој е одговорен должникот, обврската се ограничува на преостанатиот предмет во случај кога правото на избор му припаѓа нему, а ако правото на избор му припаѓа на доверителот, тој може според својот избор да го бара преостанатиот предмет или надомест на штетата.*

(2) *Кога еден предмет на обврската станал невозможен поради настан за кој е одговорен доверителот, обврската на должникот престанува, но во случај нему да му припаѓа правото на избор, тој може да бара надомест на штетата и да ја изврши својата обврска со преостанатиот предмет, а ако правото на избор го има доверителот, тој може да даде надомест на штетата и да го бара преостанатиот предмет.*

Отсек 2

ФАКУЛТАТИВНИ ОБВРСКИ И ФАКУЛТАТИВНИ ПОБАРУВАЊА

I. ФАКУЛТАТИВНИ ОБВРСКИ

Овластување на должникот во факултативна обврска

Член 397

Должникот чија обврска има еден предмет, но му е дозволено да се ослободи од својата обврска давајќи некој друг определен предмет, може да ја користи таа можност се додека доверителот во постапка за принудно извршување не ќе го добие наполно или делумно предметот на обврската.

Овластувања на доверителот во факултативна обврска

Член 398

(1) *Доверителот во факултативна обврска може да го бара од должникот само предметот на обврската, но не и друг предмет со кој должникот, ако сака може, исто така, да ја исполни својата обврска.*

(2) *Кога предметот на обврската ќе стане невозможен поради настан за кој должникот одговара, доверителот може да бара само надомест на штетата, но должникот може да се ослободи од обврската давајќи го предметот за кој е овластен да го даде наместо предметот што го должи.*

II. ФАКУЛТАТИВНИ ПОБАРУВАЊА

Член 399

(1) *Кога со договор или со закон е предвидено дека доверителот може наместо предметот што се должи да бара од должникот некој друг определен предмет, должникот е должен да му го предаде тој предмет, ако тоа го бара доверителот.*

(2) *Во другото за ваквите факултативни побарувања според намерата на договарачите и спрема приликите на работата, важат соодветните правила за факултативните и за алтернативните односи.*

ОДДЕЛ 3

ОБВРСКИ СО ПОВЕЌЕ ДОЛЖНИЦИ ИЛИ ДОВЕРИТЕЛИ

Отсек 1

ДЕЛИВИ ОБВРСКИ

Делење на обврската и на побарувањето

Член 400

(1) *Обврската е делива ако она што се должи може да се подели и исполни во делови што имаат исти својства како и целиот предмет и ако тоа со таа поделба не губи ништо од својата вредност, инаку обврската е неделива.*

(2) *Кога во некоја делива обврска има повеќе должници, обврската се дели меѓу нив на еднакви делови, ако не е определена поинаква поделба и секој од нив одговара за својот дел од обврската.*

(3) *Кога во некоја делива обврска има повеќе доверители, побарувањето се дели меѓу нив на еднакви делови, ако не е определено нешто друго и секој доверител може да го бара само својот дел од побарувањето.*

Претпоставка на солидарноста

Член 401

Кога има повеќе должници во некоја делива обврска од трговски договор тие му одговараат на доверителот солидарно, освен ако договарачите изречно ја отстраниле солидарната одговорност.

Отсек 2

СОЛИДАРНИ ОБВРСКИ

I. СОЛИДАРНОСТ НА ДОЛЖНИЦИТЕ

Содржина на солидарноста на должниците

Член 402

(1) *Секој должник на солидарна обврска му одговара на доверителот за целата обврска и доверителот може да го бара нејзиното исполнување од кого сака се додека не ќе биде наполно исполнета, но кога еден должник ќе ја исполни обврската таа престанува и сите должници се ослободуваат.*

(2) *Од повеќе солидарни должници, секој може да должи со друг рок на исполнување, под други услови и воопшто со различни отстапувања.*

Пребивање

Член 403

(1) *Секој солидарен должник може да се повикува на пребивањето што го извршил неговиот содолжник.*

(2) *Солидарниот содолжник може побарувањето на својот содолжник спрема доверителот да го пребие со побарувањето на доверителот, но само за онолку колку што изнесува делот од долгот на тој содолжник во солидарната обврска.*

Отпуштање на долг

Член 404

(1) *Отпуштањето на долг извршено спогодбено со еден солидарен должник ги ослободува од обврската и другите должници.*

(2) *Ако отпуштањето имало за цел да го ослободи од обврската само должникот со кој е извршено, солидарната обврска се намалува за делот кој според меѓусебните односи на должниците паѓа врз него, а другите должници одговараат солидарно за остатокот од обврската.*

Новација

Член 405

(1) *Со новацијата што ја извршил доверителот со еден солидарен должник се ослободуваат и другите должници.*

(2) *Ако доверителот и должникот ја ограничиле новацијата на делот од обврската што паѓа врз овој, обврската на другите не престанува, туку само се намалува за тој дел.*

Порамнување

Член 406

Порамнувањето што го склучил еден од солидарните должници со доверителот нема дејство спрема другите должници, но овие имаат право да го прифатат тоа порамнување, ако тоа не е ограничено на должникот со кој е склучено.

Соединување

Член 407

Кога во едно лице ќе се соединат својството на доверител и својството на должник на иста солидарна обврска, обврската на другите должници се намалува за износот на делот што паѓа врз него.

Задоцнување на доверителот

Член 408

Кога доверителот ќе падне во задоцнување спрема еден солидарен должник, тој е во задоцнување и спрема другите солидарни должници.

Задоцнување на еден должник и признавање на долг

Член 409

(1) *Задоцнување на еден солидарен должник нема дејство спрема другите должници.*

(2) *Истото важи и за признавањето на долгот што би го извршил еден од солидарните должници.*

Застој и прекин на застарувањето и откажување од застареноста

Член 410

(1) *Ако застарувањето не тече или е прекинато спрема еден должник, тоа тече за другите солидарни должници и може да настане, но должникот спрема кој обврската не е застарена и кој морал да ја исполни има право да бара од другите должници спрема кои обврската застарела да му го надоместат секој својот дел од обврската.*

(2) *Откажувањето од застареноста нема дејство спрема другите должници.*

Право на исполнувачот на надомест

Член 411

(1) *Должникот што ја исполнил обврската има право да бара од секој содолжник да му го надомести делот од обврската кој паѓа врз него.*

(2) *Притоа не е од влијание околноста што доверителот го ослободил од долгот некого од содолжниците или му го намалил долгот.*

(3) *Делот што паѓа врз должникот од кого не може да се добие надомест се дели сразмерно на сите должници.*

Поделба на еднакви делови и исклучок

Член 412

(1) *Ако не е договорено нешто друго или не произлегува поинаку од правните односи на учесниците во работата врз секој должник паѓа еднаков дел.*

(2) *Ако солидарната обврска е склучена во исклучив интерес на еден солидарен должник, тој е должен да му го надомести целиот износ на обврската на содолжникот кој го намирил доверителот.*

II. СОЛИДАРНОСТ НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

Солидарноста не се претпоставува

Член 413

Кога на доверителската страна има повеќе лица, тие се солидарни само кога солидарноста е договорена или определена со закон.

Содржина на солидарноста

Член 414

(1) *Секој солидарен доверител има право да бара од должникот исполнување на целата обврска, но кога еден од нив ќе биде намирен, обврската престанува и спрема другите доверители.*

(2) *Должникот може да му ја исполни обврската на доверителот што ќе го избере самиот, се додека некој доверител не ќе побара исполнување.*

Пребивање

Член 415

(1) *Должникот може да изврши пребивање на својата обврска со побарувањето што го има спрема доверителот кој му бара исполнување.*

(2) *Пребивање со побарувањето што го има спрема некој друг доверител должникот може да изврши само до висината на делот на солидарното побарување што му припаѓа на тој доверител.*

Отпуштање на долгот и новација

Член 416

Со отпуштањето на долгот и со новацијата меѓу должникот и еден доверител се намалува солидарната обврска за толку колку што изнесува делот од тоа побарување на доверителот.

Порамнување

Член 417

Порамнувањето што го склучил еден од солидарните доверители со должникот нема дејство спрема другите доверители, но овие имаат право да го прифатат тоа порамнување, освен кога тоа се однесува само на делот на доверителот со кој е склучено.

Соединување

Член 418

Кога во личноста на еден солидарен доверител ќе се соедини и својството на должник, секој од другите солидарни доверители може од него да го бара само својот дел од побарувањето.

Задоцнување

Член 419

(1) *Кога должникот ќе падне во задоцнување спрема еден солидарен доверител , тогаш тој е во задоцнување и спрема другите доверители.*

(2) *Задоцнувањето на еден солидарен доверител дејствува и спрема другите доверители.*

Признавање на долг

Член 420

Признавањето на долг направено на еден доверител им користи на сите доверители.

Застареност

Член 421

(1) *Ако еден доверител го прекине застарувањето, или ако спрема него не тече застарувањето, тоа не им користи на другите доверители и спрема нив застарувањето тече и натаму.*

(2) *Откажувањето од застареноста извршено спрема еден доверител им користи и на другите доверители*.

Односи меѓу доверителите
по исполнувањето

Член 422

(1) *Секој солидарен доверител има право да бара од доверителот кој примил исполнување од должникот да му го предаде делот што му припаѓа.*

(2) *Ако од односот меѓу доверителите не произлегува нешто друго, на секој солидарен доверител му припаѓа еднаков дел.*

Отсек 3

НЕДЕЛИВИ ОБВРСКИ

Член 423

(1) *За неделивите обврски во кои има повеќе должници сообразно се применуваат прописите за солидарните обврски.*

(2) *Кога во неделивата обврска има повеќе доверители меѓу кои не е ниту договорена ниту со закон определена солидарност, еден доверител може да бара должникот да му ја исполни нему само ако е овластен од другите доверители да го прими исполнувањето, а инаку секој доверител може да бара од должникот да им ја исполни обврската на сите доверители заедно или да ја положи кај суд.*

Глава VI

ПРОМЕНА НА ДОВЕРИТЕЛОТ ИЛИ НА ДОЛЖНИКОТ

Оддел 1

ОТСТАПУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕТО СО ДОГОВОР (ЦЕСИЈА)

Отсек 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Кои побарувања можат да се пренесат со договор

Член 424

(1) *Доверителот може со договор склучен со трет да го пренесе врз него своето побарување, освен она чие пренесување е забрането со закон или кое е врзано за личноста на доверителот, или кое според својата природа му се спротиставува на пренесувањето врз друг.*

(2) *Договорот за отстапување нема дејство спрема должникот, ако тој и доверителот договориле дека овој не ќе може да го пренесе побарувањето врз друг или дека не ќе може да го пренесе без должниковата согласност.*

Споредни права

Член 425

(1) *Со побарувањето врз примачот преминуваат споредните права, како што се правото на првенствена наплата, хипотеката, залогот, правата од договорот со гарантот, правата на камата, договорната казна и слично.*

(2) *Отстапувачот може да му го предаде заложениот предмет на примачот само ако залогодавецот се согласи со тоа, инаку тој останува кај отстапувачот да го чува за сметка на примачот.*

(3) *Се претпоставува дека стасаните, а неисплатени камати се отстапени со главното побарување.*

Известување на должникот

Член 426

(1) *За пренесување на побарување не е потребно согласност од должникот, но отстапувачот е должен да го извести должникот за извршеното отстапување.*

(2) *Исполнувањето извршено на отстапувачот пред известување за отстапување е полноважно и го ослободува должникот од обврската, но само ако не знаел за отстапувањето, инаку обврската останува и тој е должен да му ја исполни на примачот.*

Повеќекратно отстапување

Член 427

Ако доверителот им отстапил исто побарување на разни лица, побарувањето му припаѓа на примачот за кого отстапувачот прво го известил должникот, односно кој прв му се јавил на должникот.

Отсек 2

ОДНОС НА ПРИМАЧОТ И ДОЛЖНИКОТ

Член 428

(1) *Примачот ги има спрема должникот истите права што отстапувачот ги имал спрема должникот до отстапувањето.*

(2) *Должникот може да му ги истакне на примачот покрај приговорите што ги има спрема него и оние приговори што можел да му ги истакне на отстапувачот до моментот кога дознал за отстапувањето.*

Отсек 3

ОДНОС НА ОТСТАПУВАЧОТ И ПРИМАЧОТ

Предавање на исправи за долг

Член 429

(1) *Отстапувачот е должен на примачот да му предаде обврзница или друга исправа за долгот, ако ги има, како и други докази за отстапеното побарување и за споредните права.*

(2) *Ако отстапувачот пренел врз примачот само еден дел од побарувањето тој е должен да му предаде заверен препис на обврзница или на некоја друга исправа со која се докажува постоењето на отстапеното побарување.*

(3) *Тој е должен, по негово барање, да му издаде заверена потврда за отстапувањето.*

Одговорност за постоењето на побарување

Член 430

Кога отстапувањето е извршено со договор со надомест, *отстапувачот одговара за постоењето на побарување во моментот кога е извршено отстапувањето*.

Одговорност за наплативоста

Член 431

(1) *Отстапувачот одговара за наплативоста на отстапеното побарување ако тоа било договорено, но само до висината на она што го примила од примачот, како и за наплативоста на каматите, трошоците околу отстапувањето и трошоците на постапката против должникот.*

(2) *Поголема одговорност на совесниот отстапувач не може да се договори.*

Отсек 4

ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕ

Отстапување наместо исполнување или заради наплатување

Член 432

(1) *Кога должникот наместо исполнувањето на својата обврска му го отстапи на доверителот своето побарување или еден негов дел, со склучувањето на договорот за отстапување должниковата обврска се гаси до износот на отстапеното побарување.*

(2) *Кога должникот ќе му го отстапи на својот доверител своето побарување само заради наплатување, неговата обврска се гаси односно се намалува дури тогаш кога доверителот ќе го наплати отстапеното побарување.*

(3) *Во двата случаи примачот е должен да му го предаде на отстапувачот сето она што го наплатил над износот на своето побарување спрема отстапувачот.*

(4) *Во случај на отстапување заради наплатување, должникот на отстапеното побарување може да ја исполни својата обврска и спрема отстапувачот, дури и кога е известен за отстапувањето.*

Отстапување заради обезбедување

Член 433

Кога отстапувањето е извршено заради обезбедување на примачовото побарување спрема отстапувачот, примачот е должен да се грижи со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин за наплатувањето на отстапеното побарување и по извршената наплата, откако ќе задржи колку што е потребно за намирување на сопственото побарување спрема отстапувачот, на овој да му го предаде вишокот.

Оддел 2

ПРОМЕНА НА ДОЛЖНИКОТ

Отсек 1

ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДОЛГ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Договор за преземање на долг

Член 434

(1) *Преземањето на долг се врши со договор меѓу должникот и преземачот*, *со кој се согласил доверителот*.

(2) *За склучениот договор секој од нив може да го извести доверителот и на секој од нив доверителот може да му ја соопшти својата согласност за преземањето на долгот.*

(3) *Се претпоставува дека доверителот ја дал својата согласност ако без оградување примил некое исполнување од преземачот, што овој го направил од свое име.*

(4) *Договарачите, како и секој од нив посебно, може да го повика доверителот во определен рок да се изјасни дали се согласува со преземањето на долгот и ако доверителот не се изјасни во определениот рок, се смета дека не ја дал својата согласност.*

(5) *Договорот за преземање на долг има дејство на договор за преземање на исполнување за време додека доверителот не ќе даде своја согласност за договорот за преземање на долгот, како и ако тој одбие да даде согласност.*

Случај кога долгот е обезбеден со хипотека

Член 435

(1) *Кога при отуѓувањето на некоја недвижност врз која постои хипотека е договорено меѓу прибавувачот и отуѓувачот дека прибавувачот ќе го преземе долгот спрема хипотекарниот доверител, се смета дека хипотекарниот доверител дал согласност за договорот за преземање на долг ако на писмен повик од отуѓувачот не го одбил во рок од еден месец од приемот на повикот.*

(2) *Во писмениот повик на доверителот мора да му биде свртено внимание на оваа последица, инаку ќе се смета како повикот да не е упатен.*

II. ДЕЈСТВА НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДОЛГ

Промена на должник

Член 436

(1) *Со преземањето на долгот преземачот стапува на местото на поранешниот должник, а овој се ослободува од обврската.*

(2) *Ако во времето на доверителовата согласност со договорот за преземање на долгот преземачот бил презадолжен, а доверителот тоа не го знаел, ниту морал да го знае, поранешниот должник не се ослободува од обврската, а договорот за преземање на долгот има дејство на договор за пристапување кон долг.*

(3) *Меѓу преземачот и доверителот постои истата обврска која дотогаш постоела меѓу поранешниот должник и доверителот.*

Споредни права

Член 437

(1) *Споредните права што дотогаш постоеле кон побарувањето остануваат и натаму, но гаранциите, како и залозите што ги дале трети лица престануваат ако гарантите и залогодавците не се согласат да одговараат и за новиот должник.*

(2) *Ако не е договорено нешто друго, преземачот не одговара за ненаплатените камати што стасале до преземањето.*

Приговори

Член 438

(1) *Преземачот може да му ги истакне на доверителот сите приговори што произлегуваат од правниот однос меѓу поранешниот должник и доверителот од кого потекнува преземениот долг, како и приговорите што преземачот ги има спрема доверителот.*

(2) *Преземачот не може да му ги истакне на доверителот приговорите што потекнуваат од неговиот правен однос со поранешниот должник, а кој однос бил основа за преземањето.*

Отсек 2

ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ДОЛГ

Договор за пристапување кон долг

Член 439

Со договор меѓу доверителот и трет, со кој овој се обврзува спрема доверителот дека ќе го исполни неговото побарување од должникот, третиот влегува во обврска покрај должникот.

Пристапување кон долг во случај на примање на некоја имотна целина

Член 440

(1) *Лицето врз кое ќе премине врз основа на договор некоја имотна целина (занаетчиска работилница или слично) на поединец или правно лице, или еден дел од таа целина одговара за долговите што се однесуваат на таа целина, односно на нејзиниот дел, покрај дотогашниот имател и солидарно со него, но само до вредноста на нејзината актива.*

(2) *Нема правно дејство спрема доверителите одредбата од договорот со која би се исклучувала или ограничувала одговорноста утврдена во став* (2) *на овој член.*

Отсек 3

ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕ

Член 441

(1) *Преземањето на исполнување се врши со договор меѓу должникот и некој трет со кој овој се обврзува спрема должникот да ја исполни неговата обврска спрема неговиот доверител.*

(2) *Тој му одговара на должникот ако навремено не ја исполни обврската спрема доверителот, па овој ќе побара исполнување од должникот.*

(3) *Тој не го презема долгот, ниту пристапува кон долгот и доверителот нема никакво право спрема него.*

Дел втори

ДОГОВОРИ

Глава VII

ПРОДАЖБА

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 442

(1) *Со договорот за продажба продавачот се обврзува предметот што го продава да му го предаде на купувачот така што купувачот да стекне право на сопственост, а купувачот се обврзува да му ја плати на продавачот цената.*

(2) *Продавачот на некое право се обврзува на купувачот да му го прибави продаденото право, а кога вршењето на тоа право бара држење на предметот и да му го предаде предметот.*

Форма на продажбата на недвижности

Член 443

(1) *Договорот за продажба на недвижни предмети мора да биде склучен во писмена форма.*

(2) *Потписите на договорните страни кај договорот за продажба на недвижности се заверуваат кај нотар.*

Ризик

Член 444

(1) *До предавањето на предметот на купувачот, ризикот за случајна пропаст или оштетување на предметот го поднесува продавачот, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз купувачот.*

(2) *Ризикот не преминува врз купувачот ако тој поради некој недостаток на предадениот предмет го раскинал договорот или барал замена на предметот.*

Преминување на ризикот во случај на задоцнување на купувачот

Член 445

(1) *Ако предавањето на предметот не е извршено поради задоцнување на купувачот, ризикот преминува врз купувачот во моментот кога паднал во задоцнување.*

(2) *Кога предметот на договорот се предмети определени според родот, ризикот преминува врз купувачот во задоцнување ако продавачот ги издвоил предметите очигледно наменети за извршување на предавањето и за тоа му испратил известување на купувачот.*

(3) *Кога предметите определени според родот се од таква природа што продавачот не може да издвои еден нивни дел, доволно е продавачот да ги извршил сите дејствија што се потребни за да може купувачот да ги преземе предметите и за тоа да испратил известување до купувачот.*

Оддел 2

СОСТОЈКИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА

Отсек 1

ПРЕДМЕТ

Општо правило

Член 446

(1) *Предметот за кој е договорот мора да биде во промет, па е ништовен договорот за продажба на предмет кој е надвор од прометот.*

(2) *За продажбата на предмети чијшто промет е ограничен важат посебни прописи.*

(3) *Продажбата може да се однесува и на иден предмет.*

Кога предметот пропаднал пред договорот

Член 447

(1) *Договорот за продажба нема правно дејство, ако во моментот на неговото склучување предметот за кој е договорот, пропаднал.*

(2) *Ако во моментот на склучувањето на договорот предметот бил само делумно пропаднат, купувачот може да го раскине договорот или да остане при него со сразмерно намалување на цената.*

(3) *Договорот ќе остане во сила и купувачот ќе има само право на намалување на цената ако делумното пропаѓање не му пречи на постигнувањето на целта на договорот, или ако за определениот предмет постои таков обичај во правниот промет.*

Продажба на туѓ предмет

Член 448

Продажбата на туѓ предмет ги обврзува договарачите, но купувачот кој не знаел или не морал да знае дека предметот е туѓ може, ако поради тоа не може да се оствари целта на договорот, да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Продажба на спорно право

Член 449

(1) *Спорно право може да биде предмет на договор за продажба.*

(2) *Ништовен е договорот со кој адвокат или некој друг налогопримач би купил спорно право чиешто остварување му е доверено, или би договорил за себе учество во поделбата на износот досуден на неговиот налогодавец.*

Отсек 2

ЦЕНА

Кога цената не е определена

Член 450

(1) *Ако со договорот за продажба цената не е определена, а ни договорот не содржи доволно податоци со чија помош таа би можела да се определи, договорот нема правно дејство.*

(2) *Кога со договорот за продажба во стопанството цената не е определена, ниту во него има доволно податоци со помошта на кои таа би можела да се определи, купувачот е должен да ја плати цената што продавачот редовно ја наплатувал во време на склучувањето на вакви договори, а во недостиг на оваа разумна цена.*

(3) *Како разумна цена се смета тековната цена во времето на склучувањето на договорот, а ако таа не може да се утврди тогаш цената што ја утврдува судот според околностите на случајот.*

Пропишана цена

Член 451

Кога е договорена поголема цена од онаа што за определен вид предмети ја пропишал надлежниот орган, купувачот го должи само износот на пропишаната цена, а ако веќе ја исплатил договорената цена, има право да бара да му се врати разликата.

Кога е договорена тековна цена

Член 452

(1) *Кога е договорена тековна цена, купувачот ја должи цената утврдена со официјалната евиденција на пазарот во местото на продавачот во време кога требало да настапи исполнувањето.*

(2) *Ако таква евиденција нема, тогаш тековната цена се определува врз основа на елементите со помошта на кои, според обичаите на пазарот, се утврдува цената.*

Кога определувањето на цената му е доверена на трето лице

Член 453

Ако трето лице на кое му е доверено определувањето на цената не сака или не може да ја определи, а договарачите не ќе се согласат дополнително за определувањето на цената, ниту ќе го раскинат договорот, ќе се смета дека е договорена разумна цена.

Кога определувањето на цената му е оставено на еден договарач

Член 454

Одредбата од договорот со која определувањето на цената се остава на волјата на еден договарач се смета како да не е ни договорена и тогаш купувачот ја должи цената како во случајот кога цената не е определена.

Оддел 3

ОБВРСКИ НА ПРОДАВАЧОТ

Отсек 1

ПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ

I. ЗА ПРЕДАВАЊЕТО ВООПШТО

Време и место на предавањето

Член 455

(1) *Продавачот е должен да му го предаде предметот на купувачот во времето и на местото предвидено со договорот.*

(2) *Продавачот ја извршил обврската за предавање на купувачот, по правило, кога предметот ќе му го врачи или ќе му предаде исправа со која предметот може да се преземе.*

Предмет на предавањето

Член 456

(1) *Ако не е договорено нешто друго или ако не произлегува нешто друго од природата на работата, продавачот е должен да му го предаде предметот на купувачот во исправна состојба, заедно со неговите припадоци.*

(2) *Плодовите и другите користи од предметот му припаѓаат на купувачот од моментот кога продавачот бил должен да му ги предаде.*

Кога е договорено предавање во текот на извесен период време

Член 457

Кога е договорено предавањето на предметот да се изврши во текот на извесен период време, а не е определено која страна ќе има право да го определи датумот на предавањето во границите на тој период, тоа право му припаѓа на продавачот, освен кога од околностите на случајот произлегува дека определувањето на датумот на предавањето му е оставено на купувачот.

Кога датумот на предавањето не е определен

Член 458

Кога датумот на предавањето на предметот на купувачот не е определен, продавачот е должен предавањето да го изврши во разумен рок по склучувањето на договорот, со оглед на природата на предметот и на другите околности.

Кога местото на предавањето не е определено со договорот

Член 459

(1) *Кога местото на предавањето не е определено со договорот, предавањето на предметот се врши во местото во кое продавачот во моментот на склучувањето на договорот имал свое живеалиште или, во недостиг на ова, свое престојувалиште, а ако продавачот го склучил договорот во вршењето на својата редовна трговска дејност, тогаш во местото на неговото седиште.*

(2) *Ако во моментот на склучувањето на договорот на договарачите им било познато каде се наоѓа предметот, односно каде треба да биде изработен, предавањето се врши во тоа место.*

Предавање на превозник

Член 460

Во случај кога според договорот е потребно да се изврши превоз на предметот, а со договорот не е определено местото на исполнувањето, предавањето е извршено со врачувањето на предметот на превозникот или на лицето кое го организира експедирањето.

Организирање на превозот

Член 461

Ако продавачот е должен да го испрати предметот до купувачот тој мора, на вообичаен начин и под вообичаени услови, да склучи договори потребни за извршување на превозот до определено место.

Трошоци

Член 462

Трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, ги поднесува продавачот, а трошоците за однесување на предметот и сите други трошоци по предавањето ги поднесува купувачот, ако не е договорено нешто друго.

I. ИСТОВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ И ИСПЛАТА НА ЦЕНАТА

Одлагање на предавањето до исплатата на цената

Член 463

Ако не е нешто друго договорено или вообичаено, продавачот не е должен да го предаде предметот ако купувачот не му ја исплати цената истовремено, или ако не е готов тоа да го стори истовремено, но купувачот не е должен да ја исплати цената пред да има можност да го прегледа предметот.

Одлагање на предавањето во случај на превоз на предметот

Член 464

(1) *Кога предавањето на предметот се остварува со врачување на превозникот, продавачот може да го одложи испраќањето на предметот до исплатата на цената, или да го испрати предметот така што да го задржи правото да располага со него за време на превозот.*

(2) *Ако го задржал правото да располага со предметот на превозот, продавачот може да бара предметот да не му биде предаден на купувачот во местото на определувањето додека не ќе ја исплати цената, а купувачот не е должен да ја исплати цената пред да има можност да го прегледа предметот.*

(3) *Меѓутоа, кога договорот предвидува плаќање со предавање на соодветна исправа, купувачот нема право да ја одбие исплатата на цената поради тоа што немал можност да го прегледа предметот.*

Спречување на предавањето на испратен предмет

Член 465

(1) *Ако по испраќањето на предметот до купувачот се покаже дека неговите материјални прилики се такви што основано може да се посомнева дека тој не ќе може да ја исплати цената, продавачот може да го спречи предавањето на предметот на купувачот, дури и кога овој веќе има во рацете исправа која го овластува да бара предавање на предметот.*

(2) *Меѓутоа, продавачот не може да го спречи предавањето, ако го бара некое трето лице кое е уреден имател на исправа која го овластува да бара предавање на предметот, освен ако исправата содржи резерви во поглед на дејството на преносот или ако продавачот докаже дека имателот на исправата кога ја прибавувал, постапил свесно на штета на продавачот.*

Отсек 2

ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

I. ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ ВООПШТО

Материјални недостатоци за кои одговара продавачот

Член 466

(1) *Продавачот одговара за материјалните недостатоци на предметот што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз купувачот, без оглед дали тоа му било познато.*

(2) *Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.*

(3) *Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.*

Кога постојат материјални недостатоци

Член 467

Недостаток постои:

1) *ако предметот ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;*

2) *ако предметот ги нема потребните својства за особената употреба за која го набавува купувачот, а која му била позната на продавачот или морала да му биде позната;*

3) *ако предметот ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани и*

4) *кога продавачот предал предмет кој не е соодветен на мострата или на моделот освен ако мострата или моделот се покажани само заради известување.*

Недостатоци за кои продавачот не одговара

Член 468

(1) *Продавачот не одговара за недостатоците од претходниот член, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на купувачот или не можеле да му останат непознати.*

(2) *Се смета дека на купувачот не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како купувачот би можело лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.*

(3) *Продавачот одговара и за недостатоците што купувачот можел лесно да ги забележи ако изјавил дека предметот нема никакви недостатоци или дека предметот има определени својства или одлики.*

Преглед на предметот и видливи недостатоци

Член 469

(1) *Купувачот е должен примениот предмет на вообичаен начин да го прегледа или да го даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести продавачот во рок од осум дена, а кај трговските договори без одлагање, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.*

(2) *Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, купувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на продавачот веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.*

(3) *Ако купувачот го експедирал предметот натаму без претовар, а на продавачот при склучувањето на договорот му била позната или морала да му биде позната можноста за такво натамошно експедирање, прегледот на предметот може да биде одложен до неговото пристигнување во новото место на определување и во тој случај купувачот е должен да го извести продавачот за недостатоците штом, според редовниот тек на работите, можел за нив да узнае од своите клиенти.*

Скриени недостатоци

Член 470

(1) *Кога по приемот на предметот од страна на купувачот ќе се покаже дека предметот има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на предметот (скриен недостаток), купувачот е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести продавачот во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот, а кај трговски договор без одлагање.*

(2) *Продавачот не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на предметот, освен кога со договорот е определен подолг рок.*

Рокови во случај на поправка, замена и слично

Член 471

Кога поради некој недостаток дошло до поправка на предметот, испорака на друг предмет, замена на делови и слично, роковите од претходните два члена почнуваат да течат од предавањето на поправениот предмет, предавањето на другиот предмет, извршената замена на делови и слично.

Известување за недостатокот

Член 472

(1) *Во известувањето за недостатокот на предметот купувачот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика продавачот да го прегледа предметот.*

(2) *Ако известувањето за недостатокот кое купувачот навремено го испратил до продавачот со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до продавачот, се смета дека купувачот ја извршил својата обврска да го извести продавачот.*

Значење на фактот дека продавачот знаел за недостатокот

Член 473

Купувачот не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска предметот да го прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести продавачот за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на предметот, ако тој недостаток му бил познат на продавачот или не можел да му остане непознат.

Договорно ограничување или исклучување на одговорноста на продавачот за материјалните недостатоци

Член 474

(1) *Договарачите можат да ја ограничат или сосема да ја исклучат одговорноста на продавачот за материјалните недостатоци на предметот.*

(2) *Одредбата од договорот за ограничување или исклучување на одговорноста за недостатоците на предметот е ништовен, ако недостатокот му бил познат на продавачот, а тој за него не го известил купувачот, како и тогаш кога продавачот ја наметнал таа одредба користејќи ја својата посебна монополска положба.*

(3) *Купувачот кој се откажал од правото да го раскине договорот поради недостатоци на предметот ги задржува другите права поради тие недостатоци.*

Принудна јавна продажба

Член 475

Имателот чиј предмет е продаден на принудна јавна продажба не одговара за недостатоците на предметот.

II. ПРАВА НА КУПУВАЧОТ

Исполнување, намалување на цената, раскинување на договорот, надомест на штетата

Член 476

(1) *Купувачот кој навремено и уредно го известил продавачот за недостатокот може:*

1) *да бара од продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друг предмет без недостаток (исполнување на договорот);*

2) *да бара намалување на цената и*

3) *да изјави дека го раскинува договорот.*

(2) *Во секој од овие случаи купувачот има право и на надомест на штетата.*

(3) *Покрај тоа и независно од тоа, продавачот му одговара на купувачот и за штетата што овој поради недостаток на предметот ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.*

Неисполнување на договорот во разумен рок

Член 477

Ако купувачот не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок, тој го задржува правото да го раскине договорот или да ја намали цената.

Кога купувачот може да го раскине договорот

Член 478

(1) *Купувачот може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на продавачот дополнителен примерен рок за исполнување на договорот.*

(2) *Купувачот може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако продавачот, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека продавачот не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.*

Неисполнување на договорот во дополнителниот рок

Член 479

Ако продавачот во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но купувачот може да го одржи ако без одлагање му изјави на продавачот дека договорот го одржува во сила.

Делумни недостатоци

Член 480

(1) *Кога само дел од предадениот предмет има недостатоци, или кога е предаден само дел од предметот, односно помало количество од договореното, купувачот може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.*

(2) *Купувачот може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадениот предмет сочинува целина, или ако купувачот инаку има оправдан интерес да го прими договорениот предмет или количество во целост.*

Кога продавачот му дал на купувачот поголемо количество

Член 481

(1) *Со договорот за продажба во стопанството кога продавачот на предмети определени според родот му дал на купувачот поголемо количество отколку што е договорено, а купувачот во разумен рок не изјавил дека го одбива вишокот, се смета дека го примил и тој вишок, па е должен да го плати по истата цена.*

(2) *Ако купувачот одбие да го прими вишокот, продавачот е должен да му ја надомести штетата на купувачот.*

Кога е определена една цена за повеќе предмети

Член 482

(1) *Кога со еден договор и за една цена се продадени повеќе предмети или една група предмети, па само некои од нив имаат недостатоци, купувачот може да го раскине договорот само во поглед на тие предмети, а не и на другите.*

(2) *Меѓутоа, ако тие сочинуваат една целина така што нивното раздвојување би било штетно, купувачот може да го раскине целиот договор, или ако тој сепак изјави дека го раскинува договорот само во поглед на предметите со недостаток, продавачот од своја страна може да го раскине договорот и во поглед на другите предмети.*

Губење на правото да се раскине договорот поради недостаток

Член 483

(1) *Купувачот го губи правото да го раскине договорот поради недостаток на предметот кога му е невозможно да го врати предметот или да го врати во состојбата во која го примил.*

(2) *Сепак купувачот може да го раскине договорот поради некој недостаток на предметот ако предметот наполно или делумно пропаднал или е оштетен поради недостатокот што го оправдува раскинувањето на договорот, или поради некој настан што не потекнува од него ниту од некое лице за кое одговара тој.*

(3) *Истото важи ако предметот наполно или делумно пропаднал, или е оштетен поради обврската на купувачот да го прегледа предметот, или ако купувачот пред да се открие недостатокот потрошил или изменил еден дел од предметот во текот на неговата редовна употреба, како и ако оштетувањето или измената се без значење.*

Зачувување на другите права

Член 484

Купувачот кој поради невозможност да го врати предметот или да го врати во состојбата во која го примил го загубил правото да го раскине договорот, ги задржува другите права што му ги дава законот поради постоењето на некој недостаток.

Дејства на раскинувањето поради недостаток

Член 485

(1) *Раскинувањето на договорот поради недостаток на предметот произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.*

(2) *Купувачот му должи на продавачот надомест за користа од предметот и кога му е невозможно да го врати целиот или еден негов дел, а договорот е сепак раскинат.*

Намалување на цената

Член 486

Намалувањето на цената се врши според сразмерот меѓу вредноста на предметот без недостаток и вредноста на предметот со недостаток во време на склучувањето на договорот.

Постапно откривање на недостатоците

Член 487

Купувачот кој постигнал намалување на цената поради постоењето на некој недостаток, може да го раскине договорот или да бара ново намалување на цената ако дополнително се открие некој друг недостаток.

Губење на правата

Член 488

(1) *Правата на купувачот кој навремено го известил продавачот за постоењето на недостаток се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога е испратено известувањето до продавачот, освен ако со измама на продавачот купувачот бил спречен да ги употреби.*

(2) *Меѓутоа, купувачот кој навремено го известил продавачот за постоењето на недостаток може, по истекот на овој рок, ако уште не ја исплатил цената, да го истакне своето барање цената да се намали или да му се надомести штетата како приговор против барањето на продавачот да му се исплати цената.*

III. ГАРАНЦИЈА ЗА ИСПРАВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРОДАДЕНИОТ ПРЕДМЕТ

Одговорност на продавачот и производителот

Член 489

(1) *Кога продавачот му предал на купувачот гарантен лист со кој производителот го гарантира исправното функционирање на предметот во текот на определено време, сметајќи од неговото предавање на купувачот, купувачот може, ако предметот не функционира исправно, да бара како од продавачот така и од производителот да го поправи предметот во разумен рок, кој не може да биде подолг од* 45 *дена, или ако тоа не го стори наместо него да му предаде предмет кој функционира исправно.*

(2) *Со овие правила не се засега во правилата за одговорноста на продавачот за недостатоци на предметот.*

(3) *Во гаранцијата мораат да бидат наведени правата кои на купувачот му припаѓаат како и јасно наведено дека гаранцијата за исправно функционирање на предметот не влијае на правата на купувачот по други основи.*

(4) *Гаранцијата мора да ги содржи поединостите кои му се потребни на купувачот за остварување на неговите права, а посебно гарантниот рок и територијата за кои гаранцијата важи, како и името односно називот на лицето кое гаранцијата ја издало.*

(5) *Неисполнувањето на овие обврски не влијае на полноважноста на гаранцијата.*

Гарантен рок

Член 489-а

(1) *Траењето на гарантниот рок страните го определуваат спогодбено, но овој рок не може да биде пократок од една година.*

(2) *Ништовна е одредбата на договорот со која се определува гарантен рок пократок од една година.*

Барање поправка или замена

Член 490

(1) *Купувачот може поради неисправното функционирање да бара од продавачот, односно од производителот или лицето определено од нивна страна поправка или замена на предметот во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.*

(2) *Тој има право на надомест на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на предметот од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.*

Продолжување на гарантниот рок

Член 491

(1) *Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува онолку колку што купувачот бил лишен од употребата на предметот.*

(2) *Меѓутоа, кога поради неисправното функционирање е извршена замена на предметот, или негова суштествена поправка, гарантниот рок почнува повторно да тече од замената, односно од враќањето на поправениот предмет.*

(3) *Ако е заменет или суштествено поправен само некој дел од предметот, гарантниот рок почнува повторно да тече само за тој дел.*

Раскинување на договорот и намалување на цената

Член 492

Ако продавачот не изврши во разумен рок, кој не може да биде подолг од 45 *дена поправка или замена на предметот, купувачот може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.*

Трошоци и ризик

Член 493

(1) *Продавачот, односно производителот е должен на своја сметка да го пренесе предметот до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправениот, односно заменетиот предмет да му го врати назад на купувачот.*

(2) *За тоа време продавачот, односно производителот го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на предметот.*

Одговорност на кооперантите

Член 494

Кога во изработката на одделни делови од предметот или во извршувањето на одделни дејствија учествувале повеќе самостојни производители, нивната одговорност спрема финалниот производител за неисправното функционирање на предметот кое потекнува од тие делови или од тие дејствија престанува кога ќе престане одговорноста на финалниот производител спрема купувачот на предметот.

Губење на правата

Член 495

Правата на купувачот спрема производителот врз основа на гарантниот лист се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога барал од него поправка или замена на предметот.

Отсек 3

ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРАВНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ (ЗАШТИТА ОД ЕВИКЦИЈА)

Правни недостатоци

Член 496

(1) *Продавачот одговара ако врз продадениот предмет постои некое право на трет што го исклучува, намалува или ограничува правото на купувачот, а за чие постоење купувачот не е известен, ниту се согласил да го земе предметот оптоварен со тоа право.*

(2) *Продавачот на некое друго право гарантира дека тоа постои и дека нема правни пречки за неговото остварување.*

Известување на продавачот

Член 497

Кога ќе се покаже дека трето лице полага некое право врз предметот, купувачот е должен да го извести продавачот за тоа, освен ако тоа на продавачот веќе му е познато и да го повика во разумен рок да го ослободи предметот од правото или претензијата на трет или кога предмет на договорот се предмети определени според родот, да му испорача друг предмет без правен недостаток.

Санкции на правните недостатоци

Член 498

(1) *Ако продавачот не постапи според барањето на купувачот, во случај на одземање на предметот од купувачот, договорот се раскинува според самиот закон, а во случај на намалување или ограничување на правото на купувачот, купувачот може по свој избор да го раскине договорот или да бара сразмерно намалување на цената.*

(2) *Ако продавачот не го задоволи барањето на купувачот во разумен рок да го ослободи предметот од правото или претензиите на трет, купувачот може да го раскине договорот ако поради тоа неговата цел не може да се оствари.*

(3) *Во секој случај купувачот има право на надомест на претрпената штета.*

(4) *Меѓутоа, ако купувачот во моментот на склучувањето на договорот знаел за можноста предметот да му биде одземен, или да му биде намалено или ограничено неговото право, нема право на надомест на штетата ако таа можност се оствари, но има право да бара враќање, односно намалување на цената.*

Кога купувачот не ќе го извести продавачот

Член 499

Купувачот кој, не известувајќи го продавачот, се впуштил во спор со трет и спорот го загубил, сепак може да се повика на одговорноста на продавачот за правните недостатоци, освен ако продавачот докаже дека тој располагал со средства да се одбие барањето на третото лице.

Кога правото на трет е очигледно основано

Член 500

(1) *Купувачот има право да се повика на одговорноста на продавачот за правните недостатоци и кога без известување на продавачот и без спор го признал очигледното основано право на третиот.*

(2) *Ако купувачот му исплатил на трет извесна сума пари за да се откаже од своето очигледно право, продавачот може да се ослободи од својата одговорност ако му ја надомести на купувачот исплатената сума и претрпената штета.*

Договорно ограничување или исклучување на одговорноста на продавачот

Член 501

(1) *Одговорноста на продавачот за правните недостатоци може со договор да се ограничи или сосем да се исклучи.*

(2) *Ако во времето на склучувањето на договорот на продавачот му бил познат или не можел да му остане непознат некој недостаток во неговото право, одредбата од договорот за ограничување или за исклучување на одговорноста за правните недостатоци е ништовна.*

Ограничување од јавноправна природа

Член 502

Продавачот одговара и за посебните ограничувања од јавноправна природа што на купувачот не му биле познати, ако тој знаел за нив или знаел дека можат да се очекуваат, а не му ги соопштил на купувачот.

Губење на правото

Член 503

(1) *Правото на купувачот врз основа на правните недостатоци се гаси со истекот на една година од дознавањето за постоењето на правото на трет.*

(2) *Ако третото лице пред истекот на тој рок повело спор, а купувачот го повикал продавачот да се замеша во спорот, правото на купувачот се гаси дури со истекот на шест месеци по правосилно завршениот спор.*

ОДДЕЛ 4

ОБВРСКИ НА КУПУВАЧОТ

Отсек 1

ИСПЛАТА НА ЦЕНИТЕ

Време и место на исплата

Член 504

(1) *Купувачот е должен да ја плати цената во времето и на местото определено во договорот.*

(2) *Во недостиг на договорна одредба или на поинакви обичаи, плаќањето се врши во моментот и во местото во кое се врши предавањето на предметот.*

(3) *Ако цената не мора да се плати во моментот на предавањето, плаќањето се врши во живеалиштето, односно во седиштето на продавачот.*

Камата во случај на продажба на кредит

Член 505

Ако предметот е продаден на кредит, купувачот должи камата освен ако поинаку не е договорено.

Исплата на цената во случај на последователни испораки

Член 506

(1) *Во случај на последователни испораки, купувачот е должен да ја исплати цената за секоја испорака во моментот на нејзиното преземање, освен ако нешто друго е договорено или произлегува од околностите на работата.*

(2) *Ако во договорот со последователни испораки купувачот му дал аванс на продавачот, првите испораки се исплатуваат од авансот, ако не е договорено нешто друго.*

Отсек 2

ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ

Член 507

(1) *Преземањето на предметот се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и во однесување на предметот.*

(2) *Ако купувачот без оправдана причина одбие да го преземе предметот чие предавање му е понудено на договорениот или вообичаениот начин и на време, продавачот може, ако има основана причина да се посомнева дека купувачот нема да ја исплати цената, да изјави дека го раскинува договорот.*

ОДДЕЛ 5

ОБВРСКА ЗА ЧУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА СМЕТКА НА СОДОГОВАРАЧОТ

Случаи на обврска за чување

Член 508

(1) *Кога поради задоцнување на купувачот ризикот преминал врз купувачот пред предавањето на предметот, продавачот е должен да го чува предметот со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и за таа цел да ги преземе потребните мерки.*

(2) *Истото важи и за купувачот кога предметот му е врачен, а тој сака да му го врати на продавачот, било поради тоа што го раскинал договорот, било поради тоа што барал друг предмет наместо него.*

(3) *И во едниот и во другиот случај договарачот кој е должен да ги преземе мерките за зачувување на предметот има право на надомест на трошоците потребни заради зачувување на предметот.*

Кога купувачот не сака да го прими предметот што му е упатен

Член 509

Купувачот кој не сака да го прими предметот што му е упатен во местото на определувањето и таму ставен на располагање, должен е да го преземе за сметка на продавачот, ако овој не е присутен во местото на определувањето, ниту таму има некој што би го презел за него, а под услов ако е тоа можно без исплата на цената и без поголеми незгоди или претерани трошоци.

Права на страната што е должна да го чува предметот

Член 510

Договорната страна која, според претходните одредби, е должна да преземе мерки за зачувување на предметот може, под условите и со последиците наведени во одредбите на овој закон за полагањето кај судот и за продажбата на предметот што се должи, да го положи кај суд, да го предаде на чување на некој друг или да го продаде за сметка на другата страна.

ОДДЕЛ 6

НАДОМЕСТ НА ШТЕТАТА ВО СЛУЧАЈ НА РАСКИНУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА

Општо правило

Член 511

Кога продажбата е раскината поради повреда на договорот од страна на еден договарач, другата страна има право на надомест на штетата што ја трпи поради тоа, според општите правила за надомест на штетата настаната со повреда на договорот.

Кога предметот има тековна цена

Член 512

(1) *Кога продажбата е раскината поради повреда на договорот од страна на еден договарач, а предметот има тековна цена, другата страна може да ја бара разликата меѓу цената определена со договорот и тековната цена на денот на раскинувањето на договорот на пазарот во местото во кое е извршена работата.*

(2) *Ако на пазарот во местото во кое е извршена работата нема тековна цена, за пресметување на висината на надоместот се зема тековната цена на пазарот која би можела да го замени во дадениот случај, кон која треба да се додаде разликата во трошоците на превозот.*

Кога е извршена продажба или купувачка заради покритие

Член 513

(1) *Кога предметот на продажбата е извесно количество предмети определени според родот, па едната страна не ја изврши својата обврска на време, другата страна може да изврши продажба заради покритие, односно купување заради покритие и да ја бара разликата меѓу цената определена со договорот и цената на продажбата, односно на купувањето заради покритие.*

(2) *Продажбата, односно купувањето заради покритие мора да биде извршено во разумен рок и на разумен начин.*

(3) *За намерата да се изврши продажба, односно купувачка доверителот е должен да го извести должникот.*

Надомест на другата штета

Член 514

Покрај правото на надомест на штетата според правилата од претходните членови, страната верна на договорот има право и на надомест на поголемата штета, доколку ја претрпела.

ОДДЕЛ 7

СЛУЧАИ НА ПРОДАЖБА СО ОСОБЕНИ ПОГОДБИ

Отсек 1

ПРОДАЖБА СО ПРАВО НА ПРВЕНСТВЕНО КУПУВАЊЕ

Поим

Член 515

Со договорната одредба за правото на првенствено купување купувачот се обврзува да го извести продавачот за намерата да му го продаде предметот на определено лице, како и за условите на таа продажба и да му понуди тој да го купи предметот за истата цена.

Рокови за вршење на правото и за исплата на цената

Член 516

(1) *Продавачот е должен да го извести купувачот на сигурен начин за својата одлука да го користи правото на првенствено купување во рок од еден месец, сметајќи од денот кога купувачот го известил за намерата да изврши продажба на трето лице.*

(2) *Истовремено со изјавата дека тој го купува предметот, продавачот е должен да ја исплати цената договорена со третото лице или да ја положи кај судот.*

(3) *Ако во договорот со трет е предвиден рок за исплата на цената, продавачот може да го користи тој рок само ако даде доволно обезбедување.*

Можност за наследување и отуѓување

Член 517

Правото на првенствено купување на подвижни предмети не може ниту да се отуѓи ниту да се наследи, доколку поинаку не е определено со закон.

Во случај на принудна јавна продажба

Член 518

(1) *Во случај на принудна јавна продажба продавачот не може да се повикува на своето право на првенствено купување.*

(2) *Продавачот чие право на првенствено купување било запишано во јавната книга може да бара поништување на јавната продажба, ако не бил посебно повикан да* ù *присуствува.*

Траење на правото на првенствено купување

Член 519

(1) *Правото на првенствено купување престанува по пет години од склучувањето на договорот, ако не е договорено дека тоа ќе престане порано.*

(2) *Договорениот подолг рок се сведува на рок од пет години.*

Кога е извршен пренос на сопственоста без известување на продавачот

Член 520

(1) *Ако купувачот продал предмет и неговата сопственост ја пренел врз трет не известувајќи го продавачот и ако на третиот му било познато или не можело да му остане непознато дека продавачот има право на првенствено купување*, *продавачот може во рок од шест месеци*, *сметајќи од денот кога дознал за овој пренос*, *да бара преносот да се поништи и предметот да му се отстапи нему под истите услови*.

(2) *Ако купувачот неточно го известил продавачот за условите на продажбата на трет и ако на третиот тоа му било познато или не можело да му остане непознато, овој рок од шест месеци почнува да тече од денот кога продавачот дознал за точните услови на договорот.*

(3) *Правото на првенствено купување престанува во секој случај по истекот на пет години од преносот на сопственоста на предметот врз трет.*

Законско право на првенствено купување

Член 521

(1) *За определени лица правото на првенствено купување може да биде установено со закон.*

(2) *Траењето на законското право на првенствено купување не е ограничено.*

(3) *Лицата кои според самиот закон имаат право на првенствено купување мораат да бидат известени писмено за намерата да се изврши продажба и за нејзините услови, инаку имаат право да бараат поништување на продажбата.*

(4) *Правилата за продажбата со право на првенствено купување сообразно се применуваат и врз законското право на првенствено купување.*

Отсек 2

КУПУВАЊЕ НА ПРОБА

Поим

Член 522

(1) *Кога е договорено дека купувачот ќе го земе предметот под услов да го испроба за да утврди дали одговара на неговите желби, должен е за тоа дали останува при договорот да го извести продавачот во рокот утврден со договорот или со обичајот, а ако таков нема, тогаш во примерениот рок што ќе му го определи продавачот, инаку се смета дека се откажал од договорот.*

(2) *Ако предметот му е предаден на купувачот за да го проба до определен рок, а тој не го врати без одлагање по истекот на рокот или ако не му изјави на продавачот дека се откажува од договорот, се смета дека останал при договорот.*

Објективна проба

Член 523

Кога пробата е договорена за да се утврди дали предметот има определено својство, или дали е подобен за определена употреба, опстанокот на договорот не зависи од мислењето на купувачот, туку од тоа дали тој навистина ги има тие својства, односно дали е подобен за определената употреба.

Ризик

Член 524

Ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на предметот предаден на купувачот заради проба го поднесува продавачот до изјавата на купувачот дека останува при договорот, односно до истекот на рокот кога купувачот бил должен да му го врати предметот на продавачот.

Купување по преглед, односно со резерва да се проба

Член 525

Одредбите за купувањето на проба сообразно се применуваат врз купувањето по преглед и врз купувањето со резерва да се проба.

Отсек 3

ПРОДАЖБА ПО МОСТРА ИЛИ МОДЕЛ

Член 526

(1) *Во случај на продажба по мостра или модел кај трговски договор, ако предметот што продавачот му го предал на купувачот не е сообразен со мострата или со моделот, продавачот одговара според прописите за одговорност на продавачот за материјалните недостатоци на предметот, а во другите случаи според прописите за одговорност за неисполнување на обврската.*

(2) *Продавачот не одговара за недостиг на сообразноста ако мострата, односно моделот му го поднел на купувачот само заради известување и приближно определување на особините на предметот без ветување на сообразност.*

Отсек 4

ПРОДАЖБА СО СПЕЦИФИКАЦИЈА

Член 527

(1) *Ако со договорот е задржано право за купувачот подоцна да ја определи формата, мерата или некои други подробности на предметот, а купувачот не ја изврши оваа спецификација до договорениот датум, или до истекот на разумниот рок, сметајќи од продавачовото барање тоа да го стори, продавачот може да изјави дека го раскинува договорот или да изврши спецификација според она што му е познато за потребите на купувачот.*

(2) *Ако самиот продавач изврши спецификација, тој е должен да го извести купувачот за нејзините подробности и да му определи разумен рок да изврши самиот поинаква спецификација.*

(3) *Ако купувачот не ја искористи оваа можност задолжителна е спецификацијата што ја извршил продавачот.*

Отсек 5

ПРОДАЖБА СО ЗАДРЖУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Услови

Член 528

(1) *Продавачот на определен недвижен предмет може со посебна одредба на договорот да го задржи правото на сопственост и по предавањето на предметот на купувачот, се додека купувачот не ја исплати цената во целост.*

(2) *Задржувањето на правото има дејство спрема доверителите на купувачот само ако е направено во форма на јавно заверена исправа, пред стечајот на купувачот или пред запленатa на предметот.*

(3) *Продавачот и на подвижен индивидуален предмет и на предмети за кои се водат посебни јавни книги може со посебна одредба на договорот да го задржи правото на сопственост се додека купувачот не ја исплати цената во целост.*

Ризик

Член 529

Ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на предметот го поднесува купувачот од моментот кога предметот му е предаден.

Отсек 6

ПРОДАЖБА СО ОТПЛАТА НА ЦЕНАТА ВО РАТИ

Поим

Член 530

(1) *Со договорот за продажба на подвижен предмет со отплата на цената во рати продавачот се обврзува да му предаде на купувачот определен подвижен предмет пред да му биде наполно исплатена цената, а купувачот се обврзува да ја исплати неговата цена во рати, во определени временски интервали.*

(2) *Одредбите од овој отсек за продажбата со отплата на цената во рати се применуваат само ако купувачот е поединец.*

Форма на договорот

Член 531

Договорот за продажба со отплата на цената во рати мора да биде составен во писмена форма без оглед на предметот на продажбата.

Суштествени состојки на договорот

Член 532

(1) *Покрај предметот и неговата цена во продажбата за готово, во исправата за договорот мораат под закана од ништовност да бидат наведени: вкупниот износ на сите рати, сметајќи ја и онаа што е извршена во моментот на склучувањето на договорот, износот на одделните рати, нивниот број и нивните рокови.*

(2) *Исправата за договорот мора под закана од ништовност да содржи одредба дека купувачот може да се откаже од договорот ако тоа писмено му го соопшти на продавачот во рок од три дена од потпишувањето на исправата и дека од ова право купувачот не може да се откаже однапред.*

Право на купувачот да ја исплати цената одеднаш

Член 533

(1) *Купувачот може секогаш да го исплати одеднаш остатокот на цената што ја должи.*

(2) *Тој остаток се исплатува чист, без договорните камати и без трошоци.*

(3) *Ништовна е спротивната одредба на договорот.*

Раскинување на договорот и барање за целосна исплата на цената

Член 534

(1) *Продавачот може да го раскине договорот ако купувачот падне во задоцнување со почетната рата.*

(2) *По исплатата на почетната рата продавачот може да го раскине договорот ако купувачот падне во задоцнување со најмалку две последователни рати.*

(3) *По исклучок, продавачот може да го раскине договорот кога купувачот ќе падне во задоцнување со исплатата само на една рата, ако за исплатата на цената не се предвидени повеќе од шест рати освен ако во договорот не определил помал број рати.*

(4) *Во случаите предвидени во ставовите* (2) *и* (3) *од овој член продавачот може, наместо да го раскине договорот, да бара од купувачот исплата на целиот остаток од цената, но пред тоа барање должен е да му остави на купувачот дополнителен рок од* 15 *дена.*

Судско продолжување на роковите за отплата

Член 535

По барање од купувачот судот може, кога тоа околностите на случајот го оправдуваат, да ги продолжи роковите за исплата на задоцнетите рати, ако купувачот даде обезбедување дека ќе ги изврши своите обврски и ако поради тоа продавачот не трпи штета.

Ништовност на договорната казна

Член 536

Ништовна е одредбата на договорот за договорната казна во случај на раскинување на договорот, како и во случај купувачот да падне во задоцнување со исплатата на некоја рата од цената.

Раскинување на договорот

Член 537

(1) *Во случај на раскинување на договорот, продавачот е должен да му ги врати на купувачот примените рати со казнена камата од денот кога ги примил и да му ги надомести нужните трошоци што ги направил за предметот.*

(2) *Од своја страна, купувачот е должен да му го врати предметот на продавачот во состојбата во која бил кога му бил предаден и да му даде надомест за неговото употребување до раскинувањето на договорот.*

Примена на правилата за продажбата со отплата на цената во рати

Член 538

(1) *Правилата за продажбата со отплата на цената во рати важат и во случај на други погодби што имаат иста суштина, како што е на пример, договорот за закуп со одредба дека предметот што е даден во закуп ќе премине во сопственост на закупецот ако плаќа закупнина за определено време.*

(2) *Тие ќе се применуваат и во случај на заем даден на купувачот и наменет за купување на определени предмети ако заемодавецот и продавачот се спогодиле купувачот*, *за предметот што продавачот му го продал*, *да му ја отплатува на заемодавецот цената во рати*, *според договорот склучен меѓу купувачот и продавачот*.

Ништовност на одредбите неповолни за купувачот

Член 539

Ништовни се одредбите од договорот за продажба со отплатата на цената во рати кои би биле неповолни за купувачот од одредбите на оваа глава, освен одредбите за задржување на правото на сопственост.

Глава VIII

ПРОДАВЕН НАЛОГ

Поим

Член 540

(1) *Со договорот за продавен налог се обврзува налогопримачот определен подвижен предмет, што му го предал налогодавецот, да го продаде за определена цена во определен рок или во тој рок да му го врати на налогодавецот.*

(2) *Продавниот налог не може да се отповика.*

Ризик за пропаѓање и оштетување на предметот

Член 541

Предметот предаден на налогопримачот му останува на налогодавецот и тој го поднесува ризикот за негово случајно пропаѓање или оштетување, но тој не може да располага со него додека не ќе му биде вратен.

Кога се смета дека налогопримачот го купил предметот

Член 542

(1) *Ако налогопримачот не го продаде предметот и не му ја предаде определената цена на налогодавецот до определениот рок, ниту го врати во тој рок, се смета дека тој го купил предметот.*

(2) *Неговите доверители не можат да го запленат предметот додека тој не ќе му ја исплати цената на налогодавецот.*

Глава IX

РАЗМЕНА

Поим

Член 543

(1) *Со договорот за размена секој договарач се обврзува спрема својот содоговарач да му го предаде предметот што се разменува така што тој да стекне право на сопственост врз предметот.*

(2) *Предмет на размена можат да бидат и преносливи права.*

Дејства на договорот за размена

Член 544

(1) *Од договорот за размена настануваат за секој договарач обврските и правата што од договорот за продажба настануваат за продавачот.*

(2) *Во сѐ друго на размената соодветно се применуваат одредбите од договорот за продажба.*

Глава X

ЗАЕМ

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 545

(1) *Со договорот за заем се обврзува заемодавецот да му предаде на заемопримачот определен износ пари или определено количество други заменливи предмети, а заемопримачот се обврзува да му го врати по извесно време истиот износ пари, односно истото количество предмети од ист вид и квалитет.*

(2) *Врз примените предмети заемопримачот стекнува право на сопственост.*

Камата

Член 546

Заемопримачот може да се обврзе покрај главнината да должи и камата.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ЗАЕМОДАВЕЦОТ

Предавање на ветените предмети

Член 547

(1) *Заемодавецот е должен да ги предаде определените предмети во договореното време, а ако рокот за предавање не е определен, тогаш кога тоа ќе го побара заемопримачот.*

(2) *Правото на заемопримачот да бара предавање на определени предмети застарува за три месеци од паѓањето на заемодавецот во задоцнување, а во секој случај престанува за една година од склучувањето на договорот.*

Лоши материјални прилики на заемопримачот

Член 548

(1) *Ако се покаже дека материјалните прилики на заемопримачот се такви што е неизвесно дали тој ќе биде во состојба да го врати заемот, заемодавецот може да одбие да ја изврши својата обврска за предавање на ветените предмети ако во време на склучувањето на договорот не го знаел тоа, како и ако влошувањето на заемопримачовите материјални прилики настанало по склучувањето на договорот.*

(2) *Тој е должен да ја изврши својата обврска ако заемопримачот или некој друг за него даде доволно обезбедување.*

Штета поради недостатоци на зајмени предмети

Член 549

(1) *Заемодавецот е должен да му ја надомести на заемопримачот штетата што му била причинета поради материјалните недостатоци на зајмените предмети.*

(2) *Ако е заемот без надомест тој е должен да ја надомести штетата само ако недостатоците на предметите му биле познати или не можеле да му останат непознати, а тој за нив не го известил заемопримачот.*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА ЗАЕМОПРИМАЧОТ

Рок за враќање на заемот

Член 550

(1) *Заемопримачот е должен да го врати во договорениот рок истото количество предмети, од ист вид и квалитет.*

(2) *Ако договарачите не го определиле рокот за враќање на заемот, ниту тој може да се определи од околностите на заемот, заемопримачот е должен да го врати заемот по истекот на примерениот рок кој не може да биде пократок од два месеца сметајќи од барањето на заемодавецот да му се врати заемот.*

Избор при враќањето на заемот

Член 551

(1) *Ако на заем не се дадени пари, а договорено е заемопримачот да го врати заемот во пари, заемопримачот сепак е овластен да ги врати по свој избор зајмените предмети или износот на пари кој одговара на вредноста на тие предмети во времето и во местото што со договорот се определени за враќање.*

(2) *Истото важи и во случај кога не е можно да се врати исто количество предмети од ист вид и со ист квалитет.*

Откажување од договорот

Член 552

Заемопримачот може да се откаже од договорот пред да му ги предаде заемодавецот определените предмети, но ако поради тоа би настанала каква и да било штета за заемодавецот, должен е да ја надомести.

Враќање на заемот пред рокот

Член 553

Заемопримачот може да го врати заемот и пред рокот определен за враќање, но должен е однапред да го извести заемодавецот за својата намера и да му ја надомести штетата настаната од предвременото враќање, освен ако поинаку не е договорено.

Оддел 4

НАМЕНСКИ ЗАЕМ

Член 554

Ако со договорот е определена целта за која заемопримачот може да ги употреби зајмените пари, па тој ги употреби за некоја друга цел, заемодавецот може да изјави дека го раскинува договорот.

Глава XI

Договор за дар

Оддел 1

Општи одредби

Поим

Член 555

Со договорот за дар дарувачот се обврзува да му пренесе или му предава на даропримачот во сопственост определен предмет, или му отстапува некое право, или му отпушта долг, или му презема долг без надомест.

Форма

Член 556

(1) *Договорот за дар се склучува во писмена форма.*

(2) *Договорот за дар за движен предмет склучен во усмена форма е полноважен, ако тој е предаден на даропримачот.*

(3) *Кога дар се прави со договор во корист на трето лице, прифаќањето на даропримачот не мора да биде во писмена форма, освен ако предмет на договорот за дар е недвижност.*

(4) *Кога предмет на договорот за дар е недвижност на формата од ставовите* (1) *и* (3) *на овој член, соодветно се применува одредбата за формата на договорот за продажба на недвижности.*

Способност за дарување

Член 557

(1) *Дар може да направи само лице со полна деловна способност.*

(2) *Под услови предвидени со овој и друг закон дар може да дава и лице со ограничена, односно посебна деловна способност.*

Способност за примање на дар

Член 558

(1) *Дар може да прими и лице со ограничена деловна способност, како и деловно неспособно лице.*

(2) *Ако дарот го прими деловно неспособно лице, законскиот застапник на тоа лице може со изјава дадена на дарувачот, во рок од* 30 *дена да го одобри дарот.*

Кога предмет на дар е повремено давање

Член 559

(1) *Договорот за дар со кој дарувачот се обврзал на повремени давања, престанува со смртта на даропримачот.*

(2) *Во случај на смрт на дарувачот обврските од овој договор не преминуваат на неговите наследници, освен ако неговите наследници го прифатиле овој договор.*

Оддел 2

Договор за дар со товар или налог

Член 560

(1) *Со договорот за дар со товар или налог дарувачот може да задржи за себе или за некој друг, некое право или може на даропримачот да му наложи нешто да направи или да му дозволи нешто на друг.*

(2) *Во случај даропримачот да не го изврши товарот или налогот ни во дополнителен примерен рок, дарувачот може да го раскине договорот и да бара од даропримачот да му го врати она што го примил.*

(3) *Наследниците на дарувачот можат да го раскинат договорот за дар заради неизвршување на товарот или налогот, кога тоа е предвидено со договорот за дар.*

(4) *По смртта на дарувачот извршување на товарот или налогот можат да бараат неговите наследници или друго лице определено со договорот.*

(5) *Ако во случај за извршување на товарот или налогот се потребни повеќе средства отколку што изнесува вредноста на дарот, или ако извршувањето на товарот или налогот е отежнато од било кои причини, даропримачот може да се ослободи од товар или налогот ако го врати дарот.*

Оддел 3

Одговорност на дарувачот

Одговорност за неисполнување или задоцнување

Член 561

(1) *Дарувачот одговара за неисполнување на својата обврска, како и за задоцнување на исполнувањето, ако е тоа со намера или е од негово крајно невнимание.*

(2) *Во случај на задоцнување на исполнување на паричен дар, дарувачот должи казнена камата од денот на поднесувањето на тужбата, ако поинаку не е договорено.*

Одоговорност за материјални, правни недостатоци

Член 562

(1) *Дарувачот одговара за правните недостатоци на даруваниот предмет.*

(2) *Дарувачот одговара и за материјалните недостатоци на предмет, ако тие биле скриени, а тој знаел или можел да знае за тие недостатоци, а истите не му ги соопшти на даропримачот.*

Оддел 4

Отповикување на дарот и договорен поврат на дарот

Член 563

(1) *Дарувачот може да го раскине договорот и да го отповика направениот дар, во случај кога даропримачот со своето однесување кон него или на нему блиско лице, покаже крајна неблагодарност.*

(2) *Ова право преминува и на наследниците на дарувачот.*

(3) *Ова право престанува со истекот најмногу на една година сметајќи од денот кога дарувачот дознал за неблагодарноста на даропримачот, а најмногу по истек на пет години од покажаната неблагодарност.*

(4) *Во случај на отповикување заради неблагодарност, даропримачот е должен да врати се што примал на име дар.*

Отповикување на дар поради немање на средства за живот

Член 564

(1) *Дарувачот кој нема доволно средства за живот, или за издржување на лицата кои по закон е должен да ги издржува, може да го раскине договорот, а ако предметот веќе го предал на даропримачот може дарот да го отповика и да бара даропримачот да му го врати она што од примениот дар се уште се наоѓа во имотот на даропримачот.*

(2) *Даропримачот може да го избегне отповикувањето, доколку се обврзе дека на дарувачот, во адекватна мера ќе му дава средства што му недостасуваат.*

(3) *Ако дарувачот направил повеќе дарови, отповикувањето се прави по обратен ред од настанувањето.*

Отповикување на дар

Член 565

Дар може да се отповика и во други случаи предвидени со закон.

Откажување од правото дарот да се отповика

Член 566

Откажувањето однапред од правото дарот да се отповика нема правна важност.

Дарови што не можат да се отповикаат

Член 567

(1) *Вообичаените, пригодните дарови, наградните дарови, како и даровите од благодарност не можат да се отповикаат.*

(2) *Не можат да се отповикаат ни даровите направени за добротворни и општо корисни цели.*

Договорен поврат на дарот

Член 568

Полноважна е одредбата на договорот за поврат на дарот во случај даропримачот да умре пред дарувачот.

Оддел 5

Дар во случај на смрт

Член 569

Договорот за дар во кој е договорено предметот да биде предаден по смртта на дарувачот мора да биде составен во форма на јавно заверена исправа.

Глава XII

ЗАКУП

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 570

(1) *Со договорот за закуп се обврзува закуподавецот да му предаде определен предмет на закупецот на употреба, а овој се обврзува за тоа да му плаќа определена закупнина.*

(2) *Употребата го опфаќа и користењето на предметот (прибирањето на плодовите) ако поинаку не е договорено или вообичаено.*

Примена на посебните прописи

Член 571

Одредбите од оваа глава нема да се применуваат врз закупите уредени со посебни прописи.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ЗАКУПОДАВЕЦОТ

Предавање на предметот

Член 572

(1) *Закуподавецот е должен да му го предаде на закупецот закупениот предмет во исправна состојба, заедно со неговите припадоци.*

(2) *Предметот е во исправна состојба, ако е во состојбата определена со договорот, а во недостиг на договор, во состојба да може да послужи за употреба заради која е склучен договор.*

Одржување на предметот

Член 573

(1) *Закуподавецот е должен да го одржува предметот во исправна состојба за време на траењето на закупот и заради тоа да врши потребни поправки на него.*

(2) *Тој е должен на закупецот да му ги надомести трошоците што овој ги направил за одржувањето на предметот, а кои тој самиот би бил должен да ги направи.*

(3) *Трошоците за ситни поправки предизвикани од редовната употреба на предметот, како и трошоците при самата употреба, паѓаат врз товар на закупецот.*

(4) *За потребата од поправка, закупецот е должен да го извести закуподавецот.*

Раскинување на договорот и намалување на закупнината поради поправки

Член 574

(1) *Ако потребните поправки на закупениот предмет ја попречуваат неговата употреба во значителна мера и за подолго време, закупецот може да го раскине договорот.*

(2) *Тој има право на намалување на закупнината сразмерно со ограничувањето на употребата на предметот поради тие поправки.*

Измени на закупен предмет

Член 575

(1) *Закуподавецот не може без согласност од закупецот да врши измени на закупениот предмет за време на траењето на закупот, доколку тоа би ја спречувало употребата на предметот.*

(2) *Ако со измени на предметот би му била на закупецот намалена во извесна мера употребата на предметот, ќе се намали и закупнината во соодветен сразмер.*

Одговорност за материјалните недостатоци

Член 576

(1) *Закуподавецот му одговара на закупецот за сите недостатоци на закупениот предмет кои ја попречуваат неговата договорена или редовна употреба, без оглед дали знаел за нив или не, како и за недостатоците на својствата или одликите предвидени изречно или премолчно со договорот.*

(2) *Не се земаат предвид недостатоците кои се од помало значење.*

Недостатоци за кои закуподавецот не одговара

Член 577

(1) *Закуподавецот не одговара за недостатоците на закупениот предмет кои му биле познати на закупецот во моментот на склучувањето на договорот или кои не можеле да му останат непознати.*

(2) *Закуподавецот одговара за недостатокот на закупениот предмет кој на закупецот поради крајно невнимание му останал непознат, ако тој знаел за тој недостаток и намерно пропуштил за него да го извести закупецот.*

Проширување на одговорноста за материјалните недостатоци

Член 578

Закуподавецот одговара за сите недостатоци на закупениот предмет ако тврдел дека тој нема никакви недостатоци.

Договорно исклучување или ограничување на одговорноста

Член 579

(1) *Одговорноста за материјалните недостатоци на закупениот предмет може да биде со договор исклучена или ограничена.*

(2) *Одредбата од договорот со кој оваа одговорност се исклучува или ограничува е ништовна ако закуподавецот знаел за недостатоците и намерно пропуштил за нив да го извести закупецот или ако недостатокот е таков што ја оневозможува употребата на закупениот предмет, како и тогаш кога закуподавецот ја наметнал таа одредба користејќи ја својата монополска положба.*

Известување на закуподавецот за недостатоци и опасности

Член 580

(1) *Закупецот е должен да го извести закуподавецот без непотребно одлагање за секој недостаток на закупениот предмет кој би се покажал во текот на закупот, освен ако закуподавецот знае за недостатокот.*

(2) *Тој исто така е должен да го извести закуподавецот за секоја непредвидена опасност која во текот на закупот би му се заканила на закупениот предмет, за да може да ги преземе потребните мерки.*

(3) *Закупецот што не ќе го извести закуподавецот за појавениот недостаток или за настанатата опасност, за кои овој не знаел, го губи правото на надомест на штетата што би ја претрпел поради постоењето на недостатокот или настанатата опасност за закупениот предмет, а е должен да ја надомести штетата што би ја претрпел закуподавецот поради тоа.*

Права на закупецот кога предметот има некој недостаток

Член 581

(1) *Ако во моментот на предавањето закупениот предмет има некој недостаток кој не може да се отстрани, закупецот може, по свој избор, да го раскине договорот или да бара намалување на закупнината.*

(2) *Кога предметот има некој недостаток кој може да се отстрани без поголеми незгоди за закупецот, а предавањето на предметот во определениот рок не било суштествена состојка на договорот, закупецот може да бара од закуподавецот или отстранување на недостатокот во примерен рок или намалување на закупнината.*

(3) *Ако закуподавецот не го отстрани недостатокот во дополнителниот примерен рок што му го определил закупецот, закупецот може да го раскине договорот или да бара намалување на закупнината.*

(4) *Во секој случај закупецот има право на надомест на штетата.*

Кога недостатокот ќе настане во текот на закупот и кога предметот го нема договореното или вообичаеното својство

Член 582

(1) *Одредбите од членот* 581 *се применуваат и во случај кога во текот на закупот ќе настане некој недостаток на закупениот предмет.*

(2) *Тие се применуваат и во случаите кога закупениот предмет нема некое својство кое според договорот или обичајот треба да го има или кога тоа својство ќе го загуби во текот на закупот.*

Одговорност на закуподавецот за правните недостатоци

Член 583

(1) *Кога некој трет претендира да врши некое право врз закупениот предмет или врз некој друг дел, и со свое барање се обрати до закупецот, како и ако самовласно го одземе предметот од закупецот, овој е должен да го извести за тоа закуподавецот, освен ако тој веќе го знае, инаку ќе одговара за штетата.*

(2) *Ако се утврди дека на трет му припаѓа некое право кое сосема го исклучува правото на закупецот на употребата на предметот, договорот за закуп се раскинува според самиот закон, а закуподавецот е должен да му ја надомести на закупецот штетата.*

(3) *Во случај кога со правото на трет само се ограничува правото на закупецот, овој може, по свој избор, да го раскине договорот или да бара намалување на закупнината и во секој случај надомест на штетата.*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА ЗАКУПЕЦОТ

Употреба на предметот според договорот

Член 584

(1) *Закупецот е должен да го употребува предметот како добар стопанственик односно добар домаќин.*

(2) *Тој може да го употребува само онака како што е определено со договорот или со намената на предметот.*

(3) *Тој одговара за штетата што ќе настане со употребата на закупениот предмет спротивно на договорот или на неговата намена, без оглед дали го употребувал предметот тој или некое лице кое работи по негов налог, подзакупецот или некое друго лице на кое тој му овозможил да го употребува предметот.*

Отказ поради употреба спротивно на договорот

Член 585

Ако закупецот и по опомената од закуподавецот го употребува предметот спротивно на договорот или на неговата намена или го занемарува неговото одржување, та постои опасност од значителна штета за закуподавецот, овој може да го откаже договорот без давање на отказен рок.

Плаќање на закупнината

Член 586

(1) *Закупецот е должен да ја плаќа закупнината во роковите определени со договорот или со закон, а во недостиг на договор и закон, како што е вообичаено во местото каде што предметот му е предаден на закупецот.*

(2) *Ако поинаку не е договорено или во местото на предавањето на предметот вообичаено, закупнината се плаќа полугодишно кога предметот е даден под закуп за една или повеќе години, а ако е даден за покусо време, тогаш по истекот на тоа време.*

Отказ поради неплаќање на закупнината

Член 587

(1) *Закуподавецот може да го откаже договорот за закуп ако закупецот не ја плати закупнината ни во рок од* 15 *дена откако закуподавецот го повикал да ја плати.*

(2) *Договорот ќе остане во сила ако закупецот го исплати износот на закупнината што ја должи пред да му биде соопштен отказот.*

Враќање на закупениот предмет

Член 588

(1) *Закуподавецот е должен да го чува закупениот предмет и по престанувањето на закупот да го врати неоштетен.*

(2) *Предметот се враќа во местото во кое бил предаден.*

(3) *Закупецот не одговара за истрошеноста на предметот која настанува со неговата редовна употреба, како ни за оштетувањата што потекнуваат од неговата дотраеност.*

(4) *Ако за време на закупот извршил некакви промени на предметот, должен е да го врати во состојбата во која бил кога му е предаден во закуп, освен ако промените биле направени со согласност на закуподавачот.*

(5) *Тој може да ги однесе додатоците што ги направил на предметот ако можат да се одвојат без негово оштетување, но закуподавецот може да ги задржи ако му ја надомести нивната вредност во време на враќањето.*

Оддел 4

ПОДЗАКУП

Кога можат предмети да се дадат во подзакуп

Член 589

(1) *Доколку не е договорено поинаку, закупецот може закупениот предмет да му го даде во закуп на друг (подзакуп) или според некој друг основ да му го предаде на употреба, но само ако со тоа не му се нанесува штета на закуподавецот.*

(2) *Закупецот му гарантира на закуподавецот дека подзакупецот ќе го употребува предметот според договорот за закуп.*

Кога закуподавецот може да ја одбие дозволата

Член 590

Кога за давањето на закупен предмет во подзакуп е потребна дозвола од закуподавецот, овој може да ја одбие само од оправдани причини.

Отказ поради недозволен подзакуп

Член 591

Закуподавецот може да го откаже договорот за закуп ако закупениот предмет е даден во подзакуп без негова дозвола, кога оваа е потребна според законот или според договорот.

Непосредно барање на закуподавецот

Член 592

Закуподавецот може заради наплата на своите побарувања од закупецот настанати од закупот, да бара непосредно од подзакупецот исплата на износите што овој му ги должи на закупецот врз основа на подзакупот.

Престанување на подзакупот според самиот закон

Член 593

Подзакупот престанува во секој случај кога ќе престане закупот.

Оддел 5

ОТУЃУВАЊЕ НА ЗАКУПЕН ПРЕДМЕТ

Отуѓување по предавањето во закуп

Член 594

(1) *Во случај на отуѓување на предмет кој пред тоа му е предаден на некој друг во закуп, прибавувачот на предметот стапува на местото на закуподавецот и по тоа правата и обврските од закупот настануваат меѓу него и закупецот.*

(2) *Прибавувачот не може да бара од закупецот да му го предаде предметот пред истекот на времето за кое е договорен закупот, а ако траењето на закупот не е определено ни со договор ни со закон, тогаш пред истекот на отказниот рок.*

(3) *За обврските на прибавувачот од закупот спрема закупецот одговара пренесувачот како солидарен гарант.*

Право на закупнина

Член 595

(1) *Ако не е договорено нешто друго, прибавувачот на предметот предаден во закуп има право на закупнина почнувајќи од првиот наредден ден по прибавувањето на предметот, а ако пренесувачот ја примил таа закупнина однапред, должен е да му ја отстапи.*

(2) *Од моментот кога е известен за отуѓувањето на закупениот предмет, закупецот може да му ја исплати закупнината само на прибавувачот.*

Отуѓување на закупен предмет пред предавањето на закупецот

Член 596

(1) *Кога предметот за кој е склучен договор за закуп му е предаден на прибавувачот*, *а не на закупецот*, *прибавувачот стапува на местото на закуподавецот и ги презема неговите обврски спрема закупецот*, *ако во моментот на склучувањето на договорот за отуѓување знаел за постоењето на договорот за закуп*.

(2) *Прибавувачот кој во моментот на склучувањето на договорот за отуѓување не знаел за постоењето на договорот за закуп, не е должен да му го предаде предметот на закупецот, а закупецот може само да бара надомест на штетата од закуподавецот.*

(3) *За обврските на прибавувачот од закупот спрема закупецот одговара пренесувачот како солидарен гарант.*

Отказ на договор поради отуѓување на предметот

Член 597

Кога поради отуѓување на закупен предмет правата и обврските на закуподавецот ќе преминат врз прибавувачот, закупецот може да го откаже договорот во секој случај, почитувајќи ги законските, односно договорните отказни рокови а во отсуство на овие вообичаените.

Оддел 6

ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЗАКУПОТ

Истек на определеното време

Член 598

(1) *Договорот за закуп склучен за определено време престанува со самиот истек на времето за кое е склучен.*

(2) *Истото важи и во случаите кога во недостиг на волја на договарачите, траењето на закупот е определено со закон.*

Премолчно обновување на закупот

Член 599

(1) *Кога по истекот на времето за кое бил склучен договорот за закуп закупецот ќе продолжи да го употребува предметот, а закуподавецот не му се противи на тоа, се смета дека е склучен нов договор за закуп со неопределено траење, под истите услови како и претходниот.*

(2) *Обезбедувањата што трети лица ги дале за првиот закуп престануваат со истекот на времето за кое бил склучен.*

Отказ

Член 600

(1) *Договорот за закуп чие траење не е определено ниту може да се определи од околностите или од месните обичаи престанува со отказот што секоја страна може да* ù *го даде на другата, почитувајќи го определениот отказен рок.*

(2) *Ако должината на отказниот рок не е определена со договор или со закон или со месните обичаи, таа изнесува осум дена со тоа што отказот не може да биде даден во невреме.*

(3) *Ако закупените предмети се опасни за здравјето, закупецот може да го откаже договорот без давање отказен рок, дури ако и во моментот на склучувањето на договорот го знаел тоа.*

(4) *Закупецот не може да се откаже од правото од став* (3) *на овој член.*

Пропаѓање на предмет поради виша сила

Член 601

(1) *Закупот престанува ако закупениот предмет биде уништен од некој случај на виша сила.*

(2) *Ако закупениот предмет биде делумно уништен или само оштетен, закупецот може да го раскине договорот или и натаму да остане во закуп и да бара соодветно намалување на закупнината.*

Смрт

Член 602

Во случај на смрт на закупецот или на закуподавецот, закупот се продолжува со неговите наследници ако поинаку не е договорено.

Глава XIII

ДОГОВОР ЗА ПОСЛУГА

ОДДЕЛ 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 603

Со договорот за послуга се обврзува послугодавачот да му предаде определен предмет на користење без надомест на послугопримачот на определено или неопределено време, а послугопримачот се обврзува тој предмет да му го врати по истекот на тоа време.

Траење на послугата

Член 604

(1) *Траењето на послугата може да биде определено со договорот.*

(2) *Ако траењето на послугата не е определено со договор, доколку предметот е предаден на користење за постигнување на определена цел се смета дека послугата е договорена за време потребно за постигнување на таа цел.*

(3) *Доколку времето на траење на договорот за послуга не е определено, ниту може да се определи на друг начин, договорот за послуга ќе престане кога давателот ќе побара предметот да му се врати, но не во невреме.*

Смрт на послугодавачот или послугопримачот

Член 605

(1) *По смртта на послугодавачот и послугопримачот обврските од договорот преоѓаат на нивните наследници.*

(2) *Доколку договорот биде склучен со оглед на личноста на послугопримачот или така е договорено тој престанува со неговата смрт.*

ОДДЕЛ 2

ОБВРСКИ НА ПОСЛУГОДАВАЧОТ

Предавање на предметот

Член 606

(1) *Послугодавачот е должен да го предаде предметот на послугопримачот во определено време.*

(2) *Ако послугодавачот задоцни со предавањето на предметот послугопримачот може да бара тој да му биде предаден во рок не подолг од* 30 *дена.*

Одговорност за правните и материјалните недостатоци на предметот и исправно функционирање

Член 607

(1) *На одговорноста на послугодавачот за правните и материјалните недостатоци на предметот и за исправно функционирање на предметот ако е таа техничка стока, соодветно се применуваат правилата за одговорност кај двострано обврзувачките договори.*

(2) *При предавање на предметот послугодавачот е должен да го извести послугопримачот за сите недостатоци кои ги има и за кои знаел или можел да знае*.

(3) *Ако тој тоа не го стори па од соодветниот недостаток послугопримачот претрпи штета, ќе биде должен да му ја надомести така претрпената штета.*

ОДДЕЛ 3

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПОСЛУГОПРИМАЧОТ

Чување и употреба на предметот

Член 608

Послугопримачот е должен предметот да го чува и да го користи со потребно внимание (на добар домаќин, добар стопанственик или внимание на добар стручњак).

Начин на користење

Член 609

Во случај кога со договорот не е определен начинот на користење на предметот кој се дава на послуга, послугопримачот може да го користи предметот на начин кој одговара на неговата примена и намена.

Невозможност предметот да се пренесе на трето лице

Член 610

(1) *Без согласност на послугодавачот, послугопримачот не може предметот да го дава на послуга на трети лица.*

(2) *Ако послугопримачот го предал предметот на користење на трето лице, послугодавачот има право да бара непосредно од третото лице да му го врати.*

(3) *За штетата што би ја претрпел послугодавачот со давањето на предметот на трето лице без негова согласност, солидарно одговараат послугопримачот и третото лице ако знаело или можело да знае дека предметот е даден на послуга без можност да се пренесе на друг.*

Трошоци на одржување

Член 611

(1) *Послугопримачот ги поднесува трошоците на тековно (редовно) одржување на предметот земен на послуга.*

(2) *Во случај кога направил инвестициони трошоци заради подобрување на предметот или други трошоци соодветно ќе се применуваат одредбите од овој закон за работоводство без налог.*

Ризик за случајна пропаст на предметот

Член 612

Ризик за случајна пропаст на предметот или оштетување го поднесува послугодавачот.

Одговорност на послугопримачот

Член 613

Послугопримачот одоговара за оштетување или целосно уништување на предметот ако го употребувал на начин спротивен на договорот или на природата, или ако предметот го доверил на трето лице иако со оглед на околностите не било потребно тоа да го направи, а тој не би пропаднал доколку го употребувал на договорениот начин, односно доколку го задржал кај себе.

Враќање на предметот

Член 614

(1) *Послугопримачот е должен предметот да му го врати на послугодавачот во состојба во која го примил.*

(2) *Послугопримачот не е одговорен за намалување на вредноста на предметот што настанала со редовна употреба.*

Враќање на предметот предвреме

Член 615

(1) *Послугопримачот е должен да го прими назад предметот даден на послуга и пред времето одредено за послуга, со исклучок ако рокот на враќање е договорен во интерес на двете договорни страни или ако враќањето на предметот е врзано со одредени неприлики за послугодавачот.*

(2) *Послугодавачот може да бара предвремено враќање на предметот ако тој ненадејно и итно му станал потребен.*

Престанок на договорот за послуга

Член 616

(1) *Договорот за послуга склучен на одредено време престанува со протекот на тоа време.*

(2) *Договорот за послуга склучен на неодредено време престанува кога послугопримачот ќе го искористи предметот според договорот или со протекот на времето во кое предметот може да биде искористен.*

Други причини за престанок на договорот за послуга

Член 617

Договорот за послуга може да престане кога послугопримачот го користи предметот на начин кој не е предвиден во договорот, кога ќе го предаде предметот на трето лице иако не постојат околности што го принудуваат на тоа, кога предметот ќе му стане потребен на послугодавачот од причини што не биле познати во моментот на склучување на договорот.

Аналогна примена на одредбите за договорот за закуп

Член 618

Во се друго на договорот за послуга соодветно се применуваат одредбите од договорот за закуп.

Глава XIV

ДОГОВОР ЗА ДЕЛО

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 619

Со договор за дело вршителот на работата (претприемач, изведувач на работи) се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му плати надомест.

Однос со договорот за продажба

Член 620

(1) *Договорот со кој едната страна се обврзува да изработи определен подвижен предмет од свој материјал кога постои сомневање се смета како договор за продажба.*

(2) *Договорот останува договор за дело ако нарачувачот се обврзал да даде суштествен дел од материјалот потребен за изработка на предметот.*

(3) *Во секој случај, договорот се смета како договор за дело ако договарачите го имале предвид особено трудот на вршителот на работата.*

Квалитет на материјалот на вршителот на работата

Член 621

(1) *Кога е договорено вршителот на работата да изработи предмет од свој материјал, а не е определен квалитетот, вршителот на работата е должен да даде материјал со среден квалитет.*

(2) *Тој му одговара на нарачувачот за квалитетот на употребениот материјал исто како продавачот.*

Оддел 2

НАДЗОР

Член 622

Нарачувачот има право да врши надзор над извршувањето на работата и да дава упатства кога тоа одговара на природата на работата, а вршителот на работата е должен да му го овозможи тоа.

Оддел 3

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР СО НАДДАВАЊЕ

Повик за наддавање за цената на работите

Член 623

(1) *Повикот упатен до определен или неопределен број на лица за наддавање за извршување на определени работи, под определени услови и определени гаранции, го обврзува повикувачот да склучи договор за тие работи со оној што ќе понуди најниска цена, освен ако таа обврска ја исклучил во повикот за наддавање.*

(2) *Во случај на исклучување на обврската да се склучи договор повикот за наддавање се смета како повик до заинтересираните тие да направат понуди на договор под објавените услови.*

Повик за наддавање за уметничко или техничко решение на работите за кои постои намера

Член 624

Повикот упатен до определен или неопределен број лица за наддавање за уметничко или техничко решение на работи за кои постои намера го обврзува повикувачот под условите содржани во повикот за наддавање да склучи договор со учесникот во наддавањето чие решение е прифатено од комисијата чиј состав е објавен однапред, освен ако таа обврска ја исклучил во повикот за наддавање.

Оддел 4

ОБВРСКИ НА ВРШИТЕЛОТ НА РАБОТАТА

Недостатоци на материјалот

Член 625

(1) *Вршителот на работата е должен да му го сврти вниманието на нарачувачот на недостатоците на материјалот што му го предал нарачувачот, а кои ги забележил или морал да ги забележи, инаку ќе одговара за штетата.*

(2) *Ако нарачувачот барал предметот да се изработи од материјал на чии недостатоци му укажал вршителот на работата, вршителот на работата е должен да постапи според неговото барање, освен ако е очигледно дека материјалот не е подобен за нарачаното дело или ако изработката од бараниот материјал би можела да му нанесе штета на угледот на вршителот на работата, во кој случај вршителот на работата може да го раскине договорот.*

(3) *Вршителот на работата е должен да го предупреди нарачувачот за недостатоците во неговиот налог, како и на другите околности за кои знаел или морал да знае, а кои можат да бидат од значење за нарачаното дело или за неговото извршување на време, инаку ќе одговара за штетата.*

Обврска да го изврши делото

Член 626

(1) *Вршителот на работата е должен да го изврши делото како што е договорено и според правилата на работата.*

(2) *Тој е должен да го изврши за определеното време, а ако тоа не е определено, тогаш за времето кое разумно е потребно за таквите работи.*

(3) *Тој не одговара за задоцнувањето настанато поради тоа што нарачувачот не му го предал материјалот на време, или поради тоа што барал измени, или што не му го исплатил авансот што го должи и воопшто за задоцнувањето настанато поради однесувањето на нарачувачот.*

Раскинување на договорот поради отстапување од договорените услови

Член 627

(1) *Ако во текот на извршувањето на делото се покаже дека вршителот на работата не се придржува кон условите на договорот и воопшто дека не работи како што треба, и дека извршеното дело ќе има недостатоци, нарачувачот може за тоа да го предупреди вршителот на работата и да му определи примерен рок својата работа да ја сообрази со своите обврски.*

(2) *Ако до истекот на тој рок вршителот на работата не постапи според барањето на нарачувачот, овој може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.*

Раскинување на договорот пред истекот на рокот

Член 628

(1) *Ако е рокот суштествена состојка на договорот, а вршителот на работата е во толкаво задоцнување со започнувањето или завршувањето на работата што да е очигледно дека нема да ја заврши во рокот, нарачувачот може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.*

(2) *Тој го има тоа право и тогаш кога рокот не е суштествена состојка на договорот, ако поради таквото задоцнување нарачувачот очигледно не би имал интерес за исполнување на договорот.*

Доверување на извршување работа на трет

Член 629

(1) *Доколку од договорот или од природата на работата не произлегува нешто друго, вршителот на работата не е должен работата да ја изврши лично.*

(2) *Вршителот на работата и натаму одговара пред нарачувачот за извршувањето на работата и кога работата не ќе ја изврши лично.*

Одговорност за соработниците

Член 630

Вршителот на работата одговара за лицата кои по негов налог работеле врз работата што ја презел да ја изврши како да ја извршил самиот.

Непосредно барање на соработниците на вршителот на работата од нарачувачот

Член 631

За наплата на своите побарувања од вршителот на работата, неговите соработници можат да се обратат непосредно до нарачувачот и да бараат од него да им ги исплати тие побарувања врз товар на сумата што во тој момент му ја должи на вршителот на работата, ако тие побарувања се признаени.

Предавање на изработен предмет на нарачувачот

Член 632

(1) *Вршителот на работата е должен на нарачувачот да му го предаде изработениот или поправениот предмет.*

(2) *Вршителот на работата се ослободува од оваа обврска, ако предметот што го изработил или поправил пропадне од причини за кои тој не одговара.*

Оддел 5

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Прегледување на извршеното дело и известување на вршителот на работата

Член 633

(1) *Нарачувачот е должен да го прегледа извршеното дело штом тоа според редовниот тек на работата е возможно и за најдените недостатоци да го извести вршителот на работата без одлагање.*

(2) *Ако нарачувачот на повик од вршителот на работата да ја прегледа и прими извршената работа тоа не го стори без оправдана причина, ќе се смета дека работата е примена.*

(3) *По прегледот и примањето на извршената работа вршителот на работата повеќе не одговара за недостатоците што можеле да се забележат со обичен преглед, освен ако знаел за нив, а не му ги покажал на нарачувачот.*

Скриени недостатоци

Член 634

(1) *Ако подоцна се покаже некој недостаток кој не можел да се открие со обичен преглед, нарачувачот сепак може да се повика на него под услов за него да го извести вршителот на работата што побргу, а најдолго во рок од еден месец од неговото откривање.*

(2) *Со истекот на две години од приемот на извршената работа, нарачувачот повеќе не може да се повика на недостатоците.*

Престанување на правото

Член 635

(1) *Нарачувачот кој на време го известил вршителот на работата за недостатоците на извршената работа, не може своето право да го остварува по судски пат по истекот на една година од направеното известување.*

(2) *По истекот на тој рок нарачувачот може, ако за недостатоците на време го известил вршителот на работата, со приговор против барањето на вршителот на работата за исплата на надоместите да го истакне своето право на намалување на надоместите и на надомест на штетата.*

Кога вршителот на работата го губи правото да се повика на претходните членови

Член 636

Вршителот на работата не може да се повика на некоја одредба од претходните членови кога недостатокот се однесува на факти кои му биле познати или не можеле да му останат непознати а не му ги соопштил на нарачувачот.

Право да се бара отстранување на недостатоците

Член 637

(1) *Нарачувачот кој уредно го известил вршителот на работата дека извршената работа има некој недостаток, може од него да бара да го отстрани недостатокот и за тоа да му определи примерен рок.*

(2) *Тој има право и на надомест на штетата што ја трпи поради тоа.*

(3) *Ако отстранувањето на недостатоците бара претерани трошоци, вршителот на работата може да одбие да го изврши, но во тој случај на нарачувачот, по негов избор му припаѓа право на намалување на надоместот или на раскинување на договорот, како и право на надомест на штетата.*

Раскинување на договорот во посебен случај

Член 638

Кога извршената работа има таков недостаток кој ја прави неупотреблива или е извршена во спротивност со изречните услови на договорот, нарачувачот може, небарајќи претходно отстранување на недостатокот, да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Право на нарачувачот во случај на други недостатоци на извршената работа

Член 639

(1) *Кога извршената работа има недостаток поради кој делото не е неупотребливо, односно кога работата не е извршена во спротивност со изречните услови на договорот, нарачувачот е должен да му дозволи на вршителот на работата да го отстрани недостатокот.*

(2) *Нарачувачот може на вршителот на работата да му определи примерен рок за отстранување на недостатокот.*

(3) *Ако вршителот на работата не го отстрани недостатокот до истекот на тој рок, нарачувачот може, по свој избор, да изврши отстранување на недостатокот за сметка на вршителот на работата, или да го намали надоместот или да го раскине договорот.*

(4) *Кога се работи за незначителен недостаток, нарачувачот не може да го користи правото на раскинување на договорот.*

(5) *Во секој случај тој има право и на надомест на штетата.*

Намалување на надоместот

Член 640

Намалување на надоместот се врши во сразмер меѓу вредноста на извршената работа без недостаток во времето на склучувањето на договорот и вредноста што би ја имала во тоа време извршената работа со недостаток.

Оддел 6

ОБВРСКА НА НАРАЧУВАЧОТ

Обврска да ја прими работата

Член 641

Нарачувачот е должен да ја прими работата извршена според одредбите на договорот и правилата на работата.

Определување и исплата на надоместот

Член 642

(1) *Надоместот се определува со договор, ако не е определено со задолжителна тарифа или со некој друг задолжителен акт.*

(2) *Ако надоместот не е определен, ќе го утврди судот според вредноста на работата, според нормално потребното време за таква работа, како и според вообичаениот надомест за тој вид работа.*

(3) *Нарачувачот не е должен да го исплати надоместот пред да ја прегледа извршената работа и да ја одобри, освен ако поинаку е договорено.*

(4) *Истото важи ако е договорено извршување и предавање на работата на делови.*

Пресметка со изречна гаранција

Член 643

(1) *Ако надоместот е договорен врз основа на пресметката со изречна гаранција од вршителот на работата за нејзината точност, тој не може да бара зголемување на надомест дури и ако во работата вложил повеќе труд и ако извршувањето на работата барало повеќе трошоци отколку што било предвидено.*

(2) *Со ова не се исклучува примената на правилата за раскинување и измена на договорот поради променети околности.*

(3) *Ако надоместот е договорен врз основа на пресметка без изречна гаранција од вршителот на работата за нејзината точност, па во текот на работата пречекорувањето на пресметката се покаже како неизбежно, вршителот на работата мора за тоа без одлагање да го извести нарачувачот, инаку го губи секое побарување поради зголемените трошоци.*

Оддел 7

РИЗИК

Кога материјалот го дал вршителот на работата

Член 644

(1) *Во случај кога вршителот на работата го дал материјалот за изработка на предметот, а предметот ќе биде оштетен или ќе пропадне од која и да е причина пред предавањето на нарачувачот, ризикот го поднесува вршителот на работата и нема право на надомест за дадениот материјал, како ни на надомест за својата работа.*

(2) *Ако нарачувачот ја прегледал извршената работа и ја одобрил се смета дека предметот му е предаден, а дека кај вршителот на работата останал на чување.*

(3) *Ако нарачувачот паднал во задоцнување поради непримање на понудениот предмет, ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот преминува врз него.*

Кога материјалот го дал нарачувачот

Член 645

(1) *Ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот го поднесува нарачувачот ако тој го дал материјалот за изработка.*

(2) *Во случајот од став* 1 *на овој член, вршителот на работата има право на надомест само ако предметот пропаднал или бил оштетен по паѓањето на нарачувачот во задоцнување, или ако нарачувачот не се одзвал на неговиот уреден повик да го прегледа предметот.*

Ризик во случај на предавање по делови

Член 646

Ако е договорено дека нарачувачот ќе врши преглед и прием на одделни делови штом ќе бидат изработени, вршителот на работата има право на надомест за изработката на деловите што нарачувачот ги прегледал и одобрил, дури и ако тие по тоа би пропаднале кај него без негова вина.

ОДДЕЛ 8

ПРАВО НА ЗАЛОГ

Член 647

Заради обезбедување наплата на побарувањата за надомест за работата и надомест за потрошениот материјал, како и на други побарувања врз основа на договор за дело вршителот на работата има право на залог над предметите што ги направил или поправил, како и над другите предмети што му ги предал нарачувачот во врска со неговата работа, сè додека ги држи и додека не ќе престане доброволно да ги држи.

ОДДЕЛ 9

ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Раскинување на договорот по волја на нарачувачот

Член 648

Сѐ додека нарачаната работа не е завршена, нарачувачот може да го раскине договорот секогаш кога сака, но во тој случај е должен на вршителот на работата да му го исплати договорениот надомест, намален за износот на трошоците што овој не ги направил, а кои би бил должен да ги направи да не е раскинат договорот, како и за износот на заработката што ја остварил на друга страна или што намерно пропуштил да ја оствари.

Глава XV

ДОГОВОР ЗА ГРАДЕЊЕ

ОДДЕЛ 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 649

(1) *Договорот за градење е договор за дело со кој изведувачот се обврзува да изгради според определен проект во договорениот рок определен градеж на определено земјиште, или да изврши на такво земјиште односно на веќе постоен објект некакви други градежни работи, а нарачувачот се обврзува за тоа да му исплати определена цена.*

(2) *Договорот за градење мора да биде склучен во писмена форма.*

Градеж

Член 650

Под градеж, во смисла на оваа глава, се подразбираат зградите, браните, мостовите, тунелите, водоводите, канализациите, патиштата, железничките пруги, бунарите и другите градежни објекти чија изработка бара поголеми и посложени работи.

Надзор над работите и контрола на квалитетот на материјалот

Член 651

Изведувачот е должен да му овозможи на нарачувачот постојан надзор над работите и контрола на количеството, квалитетот и соодветноста на употребениот материјал.

Отстапување од проектот

Член 652

(1) *За секое отстапување од проектот за градење, односно од договорените работи изведувачот мора да има писмена согласност од нарачувачот.*

(2) *Тој не може да бара зголемување на договорената цена за работите што ги извршил без таква согласност.*

Итни непредвидени работи

Член 653

(1) *Непредвидени работи изведувачот може да изведе и без претходна согласност од нарачувачот ако поради нивната итност не бил во можност да ја прибави таа согласност.*

(2) *Непредвидливи се оние работи кои треба нужно да се изведат поради осигурување на стабилноста на градежот, спречување на опасности по животот и здравјето на луѓето, околината, природата, другите градежи и предмети и стабилноста на тлото на околното земјиште, а е предизвикана од вонредни околности, односно поради спречување на настанување штета во наведените случаи, односно по наредба на надлежните државни органи.*

(3) *Изведувачот е должен за овие појави и за преземените мерки да го извести нарачувачот без одлагање.*

(4) *Изведувачот има право на справедлив надомест за непредвидени работи што морале да бидат извршени.*

(5) *Нарачувачот може да го раскине договорот ако поради овие работи договорената цена би морала да биде значително зголемена, за што е должен да го извести изведувачот без одлагање.*

(6) *Во случај на раскинување на договорот, нарачувачот е должен да му исплати на изведувачот соодветен дел од цената за веќе извршените работи, како и справедлив надомест за направените неопходни трошоци.*

Цена на работите

Член 654

Цената на работите може да се определи по единица мерка на договорените работи (единечна цена) или во вкупен износ за целиот објект (вкупно договорена цена).

Измена на цената

Член 655

(1) *Ако со договорот во поглед на изменатa на цената не е предвидено нешто друго, изведувачот што ја исполнил својата обврска во предвидениот рок може да бара зголемување на цената на работите ако во времето меѓу склучувањето на договорот и неговото исполнување, а без негово влијание се зголемиле ценитe на елементите врз основа на кои е определена цената на работите, така што би требало таа цена да биде поголема за повеќе од* 2%.

(2) *Во случај изведувачот по своја вина да не ги извел работите во рокот предвиден со договорот*, *тој може да бара зголемување на цената на работите ако во времето меѓу склучувањето на договорот и денот кога работите според договорот требало да бидат завршени*, *а без негово влијание се зголемиле цените на елементите врз основа на кои е определена цената на работите*, *така што таа*, *според новите цени на тие елементи*, *би требало да биде поголема за повеќе од* 5%.

(3) *Во случаите од ставовите* (1) *и* (2) *на овој член, изведувачот може да ја бара само разликата во цената на работите што преминува* 2 *односно* 5%.

(4) *Изведувачот не може да се повикува на зголемувањето на цените на елементите врз основа на кои е определена цената на работите ако до зголемувањето на цената дошло по неговото паѓање во задоцнување.*

Одредба за непроменливост на цената

Член 656

(1) *Ако е договорено дека цената на работите нема да се менува во случај по склучувањето на договорот да се зголемат цените на елементите врз основа на кои е таа определена, изведувачот може, и покрај ваквата одредба на договорот, да бара измена на цената на работите ако се зголемиле цените на елементите, а без негово влијание, во толкава мера што цената на работите би требало да биде поголема за повеќе од* 10%.

(2) *И во овој случај изведувачот може да ја бара само разликата во цената која преминува* 10%, *освен ако до зголемувањето на цената на елементите дошло по неговото паѓање во задоцнување.*

Раскинување на договор поради зголемена цена

Член 657

(1) *Ако договорената цена би морала да биде значително зголемена, нарачувачот може да го раскине договорот.*

(2) *Во случај на раскинување на договорот нарачувачот е должен да му исплати на изведувачот соодветен дел од договорената цена за дотогаш извршените работи, како и справедлив надомест за направените неопходни трошоци.*

Право на нарачувачот да бара намалување на договорената цена

Член 658

(1) *Ако во времето меѓу склучувањето на договорот и исполнувањето на обврската на изведувачот цените на елементите врз основа на кои е определена цената на работите се намалиле за повеќе од* 2%, *а работите се извршени во договорениот рок, нарачувачот има право да бара соодветно намалување на договорената цена на работите над тој процент.*

(2) *Ако е договорена непроменливост на цената на работите, а тие се извршени во договорениот рок, нарачувачот има право на намалување на договорената цена во случај цените на елементите врз основа на кои е определена цената да се намалиле за толку што цената би била пониска за повеќе од* 10% *и тоа за разликата во цената над* 10%.

(3) *Во случај на задоцнување на изведувачот на работите, нарачувачот има право на сразмерно намалување на цената на работите за секое намалување на цената на елементите врз основа на кои е определена цената на работите.*

ОДДЕЛ 2

ДОГОВОР ЗА ГРАДЕЊЕ СО ПОСЕБНА ОДРЕДБА

Член 659

(1) *Ако договорот за градење ја содржи одредбата клуч во раце или некоја друга слична одредба, изведувачот самостојно се обврзува да ги изврши збирно сите работи потребни за изградба и употреба на определен целосен објект.*

(2) *Договорената цена во случајот од став* (1) *на овој член ја опфаќа и вредноста на сите непредвидени работи и на вишоците на работите, а го исклучува влијанието на недостатоците на работите врз договорената цена.*

(3) *Ако во договорот "клуч во раце" учествуваат како договорна страна повеќе изведувачи, нивната одговорност спрема нарачувачот е солидарна.*

ОДДЕЛ 3

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Примена на правилата од договорот за дело

Член 660

Доколку во оваа глава поинаку не е определено, за одговорноста за недостатоци на градеж се применуваат соодветните одредби од договорот за дело.

Преминување на правата од одговорноста за недостатоците

Член 661

Правата на нарачувачот спрема изведувачот поради недостаток на градеж, преминуваат и врз сите подоцнежни стекнувачи на градежот или на негов дел, но со тоа што на подоцнежните стекнувачи да не им тече нов рок за известување и тужба, туку им се засметува рокот на претходникот.

Посебни права на закупците на државен стан

Член 662

Закупецот на стан во сопственост на државата, има право да бара од изведувачот отстранување на недостатокот во границите на неговата одговорност за недостатоците на градеж спрема нарачувачот.

ОДДЕЛ 4

ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧОТ И ПРОЕКТАНТОТ ЗА СОЛИДНОСТА НА ГРАДЕЖ

Во што се состои

Член 663

(1) *Изведувачот одговара за недостатоците во изработката на градеж што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од десет години од предавањето и приемот на работите.*

(2) *Изведувачот одговара и за недостатоците на земјиштето на кое е подигнат градежот, што би се покажале за време на десет години од предавањето и приемот на работите, освен ако специјализирана организација дала стручно мислење дека земјиштето е погодно за градење, а во текот на градењето не се појавиле околности кои ја доведуваат во сомневање основаноста на стручното мислење.*

(3) *Истото важи и за проектантот ако недостатокот на градеж или земјиштето произлегува од некој недостаток во проектот.*

(4) *Истото важи и за лицето кое вршело надзор ако недостатокот на градеж или земјиштето произлегува од некој недостаток во спроведувањето на надзорот.*

(5) *Субјектите од ставовите* (1), (2) *и* (3) *на овој член, се одговорни не само пред нарачувачот, туку и пред секој друг стекнувач на градеж.*

(6) *Оваа нивна одговорност не може со договорот ниту да се исклучи, ниту да се ограничи.*

Должност за известување и губење на правото

Член 664

(1) *Нарачувачот или друг стекнувач е должен за недостатоците да ги извести изведувачот, проектантот или лицето кое вршело надзор во рок од шест месеци од кога го установил недостатокот, инаку го губи правото да се повика на него.*

(2) *Правото на нарачувачот или на друг стекнувач спрема изведувачот, односно проектантот врз основа на нивната одговорност за недостатоците престанува за една година, сметајќи од денот кога нарачувачот, односно стекнувачот го известил проектантот односно изведувачот за недостатокот.*

Намалување и исклучување на одговорноста

Член 665

(1) *Изведувачот не се ослободува од одговорноста ако штетата настанала поради тоа што при изведувањето на определени работи постапувал според барањата на нарачувачот.*

(2) *Но, ако пред извршувањето на определена работа по барањето на нарачувачот го предупредил овој за опасноста од штета, неговата одговорност се намалува, а според околностите на конкретниот случај може и да се исклучи.*

Регреси

Член 666

(1) *Кога за штетата се одговорни изведувачот, проектантот или лицето кое вршело надзор, одговорноста на секој од нив се определува според големината на неговата вина.*

(2) *Проектантот што изработил проект за градеж и на кого му е доверен надзорот над извршувањето на планираните работи, одговара и за недостатоците во извршените работи настанати по вина на изведувачот ако можел да ги забележи со нормално и разумно надгледување на работите, но има право да бара од изведувачот соодветен надомест.*

(3) *Лицето кое го врши надзорот одговара и за недостатоците во извршените работи, ако можело да ги забележи при совесен надзор на работите, но има право да бара од изведувачот соодветен надоместок.*

(4) *Изведувачот што ја надоместил штетата настаната поради недостаток во извршените работи, има право да бара надомест од проектантот во мерка во која недостатоците во извршените работи произлегуваат од недостатоците во проектот.*

(5) *Изведувачот кој ја надоместил штетата настаната поради недостатоци во извршените работи има право да бара надоместок од лицето кое го вршело надзорот на работите во сразмерот во кој овие недостатоци потекнуваат од недостатоците во спроведувањето на надзорот.*

(6) *Кога за недостатокот е одговорно лице на кое изведувачот му доверил извршување на еден дел од работата, изведувачот ако сака од него да бара надомест, мора да го извести за постоењето на недостатокот во рок од два месеца, сметајќи од денот кога тој самиот е известен од нарачувачот за истиот недостаток.*

Глава XVI

ДОГОВОР ЗА ОРТАКЛАК
(ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЦА)

ОДДЕЛ 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 667

Со договорот за ортаклак две или повеќе лица ортаци заемно се обврзуваат да го здружат својот имот и труд или дел од имотот и труд, заради заедничко остварување имотна корист и поделба на таа корист (во вид на добивка).

Форма и промени на договорот за ортаклак

Член 668

(1) *Договорот за ортаклак се склучува во писмена форма.*

(2) *За секоја измена на договорот за ортаклак потребна е согласност на сите ортаци.*

(3) *Ништовна е одредбата на договорот која предвидува можност за измена без ваква согласност.*

Траење на ортаклакот

Член 669

Ортаклакот може да биде склучен на одредено или на неопределено време на траење.

ОДДЕЛ 2

МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА ОРТАЦИТЕ

Имот на ортаклакот

Член 670

(1) *Имотот на ортаклакот го сочинуваат влоговите на ортаците (главнината) и имотот стекнат со работење на ортаклакот.*

(2) *Ортаците се сосопственици на имотот на ортаклакот.*

Ортачки влог

Член 671

(1) *Секој ортак е должен да внесе влог во ортаклакот.*

(2) *Ортачкиот влог може да се состои во предмети, пари, права и труд.*

(3) *Ако во договорот за ортаклак поинаку не е договорено, се претпоставува дека ортачките влогови се еднакви.*

(4) *Вредноста на ортачките влогови ја определуваат ортаците сами или ова може да го доверат на трето лице.*

Одоговорност за правните и материјалните недостатоци и гарантирање за исправно функционирање

Член 672

(1) *Секој ортак одоговара за правните и материјалните недостатоци на предметот и за исправно функционирање на т.н. технички стоки, што како влог ги внел во ортаклакот.*

(2) *За одговорноста на ортакот, соодветно се применуваат правилата на овој закон за одговорност за правни и материјални недостатоци на предметот и исправно функционирање на т.н. технички стоки кај двострано обврзувачките договори* .

Ризик

Член 673

*Ризикот на случајната пропаст или оштетување на предметот предаден како влог го поднесува ортакот, освен ако поинаку не е договорено***.**

Дополнително зголемување на влогот

Член 674

(1) *Влоговите одредени со договорот за ортаклак можат дополнително да се зголемат единствено со согласност на сите ортаци.*

(2) *Како зголемување на влогот може да се смета и внесување на добивката остварена во ортаклакот.*

(3) *Кога за зачувување на ортачкиот предмет како дел од влогот, односно имотот бара дополнителни непредвидени трошоци, секој ортак е должен да даде сразмерен придонес за покривање на тие издатоци.*

Истапување и исклучување на ортаците

Член 675

(1) *Кога договорот за ортаклак е склучен на неопределено време, ортакот може да истапи од ортаклакот во секое време освен во невреме . Ортакот е должен да го откаже своето учество во ортаклакот три месеци однапред пред крајот на пресметковната година.*

(2) *Од оправдани причини - како што се повреда на договорните обврски на договорот со намера или крајно невнимание, неможност за исполнување на обврските, скратување на правото да биде известен и слично, ортакот може без оглед на отказните рокови да истапи од ортаклакот и тогаш кога тој е склучен на одредено време.*

(3) *Ортакот одговара за причинување на штета на ортаклакот при истапување спротивно на став* (1) *и* (2) *од овој член.*

(4) *Ортакот може да се исклучи од ортаклакот од оправдани причини: повреда на битните обврски од договорот за ортаклак, крајно невнимание, неможност за исполнување на обврските, скратување на неможноста на другите ортаци да бидат известени и слично.*

(5) *Одлуката за исклучување на ортаклакот од оправдани причини ја донесуваат другите ортаци едногласно.*

Враќање на влогот во случај на истапување од ортаклакот

Член 676

(1) *На ортакот кој истапува од ортаклакот му се враќаат во натура предметите кои ги внел во ортаклакот, а му се исплаќа противвредност во пари за предметите и права, кои не можат да бидат вратени, а ако нивната вредност не е определена во договорот, онаа вредност која влогот ја имал во времето на внесување во ортаклакот. Не се враќа вредноста на влогот која се состои во дејност на ортакот.*

(2) *Покрај тоа, на ортакот кој истапува од ортаклакот му се исплатува во пари дел од вредноста на заедничкиот имот што останува по одбивањето на вредноста на влоговите на сите ортаци, а која сразмерно одговара на неговиот придонес во зголемување на вредноста на ортачкиот имот, освен ако поинаку не е договорено*

(3) *Во случај на спор во однос на правото на ортакот од став* (2) *на овој член одлучува судот или избран суд.*

Поделба на добивката и загубите

Член 677

(1) *Добивка е оној дел од имотот на ортаклакот кој ќе преостане по одбивањето на вредноста на ортачките влогови (главнина)* , *заеднички долгови и трошоци.*

(2) *Загуба настанува ако вредноста на имотот падне под вредноста на ортачките влогови (главнината).*

(3) *Ортаците можат со договор да одредат како меѓу нив се делат добивката и загубата.*

(4) *Кога со договорот е предвидено единствено како ќе се дели добивката, истото правило ќе важи и за поделба на загубата.*

(5) *Ако со договорот не е предвидено како ќе се дели добивката се претпоставува дека ортаците имаат еднакво учество во поделбата, истото важи и за загубата.*

(6) *По правило ортакот чиј влог се состои исклучиво во труд не учествува во поднесувањето на загубата освен ако тоа изречно не е договорено.*

(7) *Ништовна е одредбата на договорот со која ортакот се лишува од учество во поделба на добивката.*

(8) *Полноважна е одредбата на договорот за ортаклак, со која се предвидува губење на правата на учество во поделба на добивката заради повреда на некоја обврска.*

Поделба и исплата на добивката

Член 678

(1) *Ортакот може да бара поделба и исплата на добивката по престанок на ортаклакот.*

(2) *Во случај кога ортаклакот е склучен на подолго време, ортаците можат да бараат поделба и исплата на добивката на крајот на секоја пресметковна година.*

Располагање со имотот на ортаклакот

Член 679

(1) *Ортакот не може да располага со дел од имотот во сосопственост на ортаците* , *ниту со одделни влогови во тој имот.*

(2) *Ортакот не може за време на траење на ортаклакот, да бара делба на заедничкиот имот на ортаклакот.*

Одговорност за штета

Член 680

Ортакот одговара за штетата што ќе ја нанесе на ортаклакот со намера и крајно невнимание.

Раководење и застапување

Член 681

(1) *Правото на водење на работите на ортаклакот им припаѓа на сите ортаци.*

(2) *Секој ортак може без претходна согласност на другите ортаци, да ги врши работите што не ја преминуваат границата на редовно управување (работење) со ортаклакот, меѓутоа ако некој од ортаците ќе се спротивстави потребна е одлука на сите ортаци.*

(3) *Кога некој од ортаците ги пречекори границите на редовното управување или овластувањата што му се доверени од другите ортаци, тогаш за с# што ќе направи важат правилата за работоводство без налог.*

(4) *Секој ортак може без претходна согласност на другите ортаци веднаш да ја изврши работата поради чие неизвршување на ортаклакот му се заканува штета која на друг начин не може да биде отстранета.*

(5) *Во случај кога ортаците не се договориле, секој ортак е овластен да го застапува ортаклакот во оној обем во кој е овластен да ги врши неговите работи.*

Обврски на ортаците и на трети лица на кои им е доверено водење на работите

Член 682

(1) *Со договорот за ортаклак може водењето на работите на ортаклакот да им биде доверено на еден или повеќе ортаци (полномошници) или на лица кои не се членови на ортаклакот.*

(2) *Ако работоводител е лице кое не е ортак, односот меѓу ова лице и ортаците се уредува со посебен договор.*

(3) *Ортакот или третото лице на кого му е доверено водењето на работата на ортаклакот: работоводителот е овластен да ги презема сите работи потребни за постигнување на целите на ортаклакот (редовно управување), освен ако со договорот поинаку не е договорено.*

(4) *Кога има повеќе работоводители тие одлучуваат со мнозинство на гласови.*

(5) *Работоводителите се должни да поднесуваат сметки за своето работење на крајот од секоја година, доколку со договорот не им е определен друг рок.*

(6) *Ортаците кои не учествуваат во управувањето имаат право на надзор.*

(7) *Правото да се раководи може да биде одземено со едногласна одлука на ортаците.*

(8) *Кога за работоводител е назначен еден од ортаците, тој не може да даде оставка без оправдани причини, во спротивен случај ќе одговара за штета.*

ОДДЕЛ 3

ОДНОСИ СО ТРЕТИ ЛИЦА

Обврски на ортаклакот

Член 683

(1) *Ортакот не може со правна работа да го обврзе ортаклакот без согласност на другите ортаци.*

(2) *Согласноста може да биде дадена пред склучување на договорот во вид на дозвола или по неговото склучување во вид на одобрение, ако со закон не е пропишано нешто друго.*

Одговорност на ортаците за долговите на ортаклакот

Член 684

(1) *На побарувањата и долгувањата на ортаклакот, ако поинаку не е договорено се применуваат одредбите од овој закон за обврски со повеќе должници и доверители. За обврските на ортакалкот ортаците одговараат солидарно.*

(2) *Одредбите на договорот за ортаклак со кој одговорноста на ортаците се ограничува на износот на нивните влогови или на некој друг начин , има дејство спрема доверителите на ортаклакот, единствено ако доверителите пред склучувањето на договорот биле известени за тоа ограничување.*

Права на личните доверители на ортаците

Член 685

(1) *Личните доверители на ортаците не можат да бараат да се наплатат од имотот на ортаклакот.*

(2) *Доверителите на секој ортак можат да стават забрана на дел од добивката која припаѓа на нивниот должник и да бараат издвојување на влогот на нивниот должник од имотот на ортаклакот.*

Пребивање

Член 686

Должникот на ортаклакот не може да го пребие своето побарување кое го има спрема некој ортак, а ни ортаклакот не може да го пребие побарувањето на својот доверител со она што овој му го должи на некој ортак.

Отстапување на ортачкиот влог на трето лице

Член 687

Кога некој ортак го отстапи со договор на трето лице својот влог во ортаклакот потполно или делумно, третото лице не станува ортак наместо него, туку единствено се стекнува со право, при ликвидација на ортаклакот да му се исплати влогот на отстапувачот, освен ако ортаците поинаку не се договориле.

ОДДЕЛ 4

ПРЕСТАНОК НА ОРТАКЛАКОТ

Протек на време и премолчно продолжување на ортаклакот

Член 688

(1) *Ортаклакот престанува со протекот на времето одредено за негово траење.*

(2) *Ако по протекот на времето одредено за траење на ортаклакот, ортаците продолжат да ги вршат заедно работите од ист вид се смета дека ортаклакот премолчно е продолжен за неодредено време.*

Постигнување на целта

Член 689

Ортаклакот престанува кога е постигната целта за која е заклучен договорот за ортаклак, како и кога постигнувањето на таа цел станува невозможно.

Оставка или отповикување на работоводителот

Член 690

Ортаклакот престанува со оставка или отповикување на работоводителот на ортаклакот, ако ортаците не можат да се согласат да именуваат друг работоводител.

Смрт на еден од ортаците

Член 691

(1) *Ортаклакот престанува со смрт на еден од ортаците, освен ако не е договорено нешто друго.*

(2) *Со договор може да се предвиди дека наследниците на умрениот ортак, можат да стапат на негово место во ортаклакот, во кој случај наследниците се должни на ортаклакот да му назначат лице кое ќе ги остварува нивните права.*

Престанок на правното лице

Член 692

Ортаклакот престанува ако ортакот-правно лице престанал да постои со припојување кон друго правно лице, со разделување на повеќе правни лица или со други статусни промени, освен ако со договор не е определено дека ортаклакот ќе продолжи со правните следбеници на правното лице.

Стечај и презадолженост

Член 693

(1) *Ортаклакот престанува со стечај на еден-ортак правно лице.*

(2) *Ортаклакот престанува и тогаш кога личниот доверител на еден ортак, што не можел да го наплати своето побарување од неговиот имот, бара издвојување на неговиот дел од имотот на ортаклакот.*

Губење на деловна способност

Член 694

Ортаклакот престанува кога еден ортак ќе биде лишен од деловната способност.

Продолжување на ортаклакот по смртта, престанокот, стечајот, презадолженоста или губењето на деловната способност

Член 695

(1) *Во случај на смрт, престанок или стечај на еден од ортаците или кога неговите лични доверители бараат издвојување на неговиот дел од ортачкиот имот, како и во случаите кога еден од ортаците ќе биде лишен од деловна способност, другите ортаци можат да го спречат престанувањето на ортаклакот, ако се согласат да го продолжат меѓу себе.*

(2) *Во тој случај се издвојува од имотот на ортаклакот, според состојбата во моментот кога настанот се случил, делот на ортакот кој престанал да биде тоа.*

Други причини за престанок на ортаклакот

Член 696

Ортаклакот престанува и со:

- спогодба на ортаците;

- пропаѓање на заеднички имот и

- пропаѓање на предмет што како влог требал да го внесе или го внел еден од ортаците, пред или по неговото предавање во ортаклакот, ако со тоа постигнувањето на целта на ортаклакот е значително отежната.

Раскинување на договорот и исклучување на ортак со судска пресуда

Член 697

(1) *Секој ортак може да бара од судот да изрече раскинување на договорот за ортаклак кога еден од ортаците не ги извршува своите обврски спрема ортаклакот или на било кој друг начин го оневозможува или го отежнува постигнувањето на целта на ортаклакот.*

(2) *Од истите причини може секој ортак да бара од судот да изрече исклучување на некој ортак од ортаклакот.*

(3) *Ништовна е одредбата со која ортаците се откажуваат од право да бараат раскинување на договорот или исклучување на некој ортак од причините во став* (1) *на овој член.*

ОДДЕЛ 5

ЛИКВИДАЦИЈА НА ОРТАКЛАКОТ

Продолжување на ортаклакот за потребите на ликвидацијата

Член 698

По настаните кои повлекуваат престанок на ортаклакот, ортаклакот може да продолжи да постои и понатаму ако тоа го бараат потребите на ликвидација на ортаклакот.

Престанок на овластувањата

Член 699

(1) *По престанок на ортаклакот, лицата овластени да управуваат со работите на ортаклакот можат единствено да ги завршат започнатите работи, ако од незавршувањето би произлегла штета за ортаците.*

(2) *Полноважно е правното дело што го склучил работоводителот или друго овластено лице, по престанок на ортаклакот ако не знаел ниту можел да знае дека ортаклакот престанал.*

(3) *Полноважно е и правното дело на трето лице со ортаклакот што престанал да постои, а тоа лице ниту знаело или не можело да знае за престанок на ортаклакот.*

Ликвидатори

Член 700

(1) *Ако сите ортаци не можат да се согласат сами да ја извршат ликвидацијата на својот ортаклак, а ни на кого да му ја доверат ликвидацијата, на барање на било кој од ортаците судот ќе именува еден или повеќе ликвидатори.*

(2) *Ликвидаторот го претставува ортаклакот во ликвидација.*

(3) *Ликвидаторот е должен да го претвори во пари имотот на ортаклакот, да ги наплати неговите побарувања, да ги исплатат доверителите на ортаклакот, а на ортаците да ја исплати вредноста на нивните влогови и да ги подели меѓу ортаците евентуалната добивка или загуба.*

(4) *Ликвидаторот може да ги доврши започнатите работи, но не може да преземе нови.*

(5) *Кога има повеќе ликвидатори, тие одлучуваат со мнозинството на гласови.*

Отповикување на ликвидатор

Член 701

Ликвидаторот може да биде сменет со едногласна одлука на ортаците со одлука на судот на барање на било кој од ортаците.

Ред на исплаќање

Член 702

(1) *Од имотот на ортаклакот најнапред се исплаќаат долговите на ортаклакот, потоа трошоците што определени ортаци ги направиле за ортаклакот, потоа на секој ортак му се исплаќа вредноста на неговиот влог, при што за вредност на влогот кој се состоел во одреден предмет се смета висината на вредноста на самиот предмет намален со неговата употреба.*

(2) *Остатокот од имотот се дели меѓу ортаците според правилата за поделба на добивката.*

(3) *Во случај кога после исплатата на доверителите на ортаклакот и надоместот на трошоците што определени ортаци ги направиле во интрес на ортаклакот, остатокот на имотот не е доволен за потполна исплата на влоговите се применуваат правилата за поднесување на загуба.*

(4) *Кога вредноста на имотот не е доволна за исплата на нивните долгови, ликвидаторот може да бара од секој ортак во сразмер со својот удел во поднесување на загубата да уплати одреден износ за потполнување на кусокот.*

Член 703

На престанокот и ликвидацијата на ортаклакот за сé што не е уредено со овој закон, соодветно се применуваат одредбите за јавните друштва од Законот за трговските друштва.

***Одредбите од членовите 704 до 741 Глава XVII ПРЕВОЗ од Законот за облигационите односи, престанале да важат**, види: Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.23/13).*

Глава XVIII

ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 742

(1) *Со договорот за лиценца давачот на лиценца се обврзува на стекнувачот на лиценца да му го отстапи во целост или делумно, правото на искористување, на патент, знаење и искуство, на жиг, мостра или модел, а стекнувачот на лиценца се обврзува да му плати за тоа определен надомест.*

(2) *Со договорот за лиценца давачот може да се обврзе да му отстапи потенцијално право од пријава на патент, жиг модел и мостра како и непатентиран пронајдок на стекнувачот на лиценцата.*

Форма

Член 743

Договорот за лиценца мора да биде склучен во писмена форма.

Траење на лиценцата

Член 744

Лиценцата за искористување на патент, мостра или модел, не може да биде склучена за време подолго од траењето на законската заштита на тие права.

Исклучива лиценца

Член 745

(1) *Со договорот за лиценца стекнувачот на лиценца стекнува исклучиво право на искористување на предметот на лиценцата, само ако е тоа изречно договорено (исклучива лиценца).*

(2) *Другите можности за искористување на предметот на лиценцата ги задржува давачот на лиценца.*

(3) *Ако во договорот за лиценца не е назначено за каква лиценца станува збор, се смета дека му е дадена неисклучива лиценца.*

Просторно ограничување на правото на искористување

Член 746

(1) *Правото на искористување на предметот на лиценцата може да биде просторно ограничено.*

(2) *Ако со договорот за лиценца не е просторно ограничено правото на искористување на предметот на лиценцата, се смета дека лиценцата е просторно неограничена.*

ОДДЕЛ 2

ОБВРСКИ НА ДАВАЧОТ НА ЛИЦЕНЦА

Предавање на предметот на лиценцата

Член 747

(1) *Давачот на лиценца е должен на стекнувачот на лиценца во определен рок да му го предаде предметот на лиценцата.*

(2) *Давачот на лиценца е должен на стекнувачот на лиценца да му ја предаде и техничката документација потребна за практична примена на предметот на лиценцата.*

Давање на упатства и известување

Член 748

Давачот на лиценца е должен на стекнувачот на лиценцата да му ги дава сите упатства и известувања што се потребни за успешното искористување на предметот на лиценцата.

Обврска за гарантирање

Член 749

Давачот на лиценца му ја гарантира на стекнувачот на лиценца техничката изводливост и техничката употребливост на предметот на лиценцата.

Гаранција

Член 750

(1) *Давачот на лиценца гарантира дека правото на искористување што е предмет на договорот му припаѓа нему, дека врз него нема товари и дека не е ограничено во корист на некој трет.*

(2) *Ако предмет на договорот е исклучива лиценца, давачот на лиценца гарантира дека правото на искористување не му го отстапил на друг ни целосно ни делумно.*

(3) *Давачот на лиценца е должен да го чува и брани правото отстапено на стекнувачот на лиценца од сите барања на трети лица.*

Обврска на давачот на исклучива лиценца

Член 751

Ако е договорена исклучива лиценца, давачот на лиценца не може во никој вид самиот да го искористува предметот на лиценцата, ниту неговите одделни делови, ниту тоа да му го довери на некој друг во границите на просторното важење на лиценцата.

ОДДЕЛ 3

ОБВРСКИ НА СТЕКНУВАЧОТ НА ЛИЦЕНЦА

Искористување на предметот на лиценцата

Член 752

Стекнувачот на лиценца е должен да го искористува предметот на лиценцата на договорениот начин, во договорениот обем и во договорените граници.

Користење на дополнителни усовршувања

Член 753

Ако со договорот поинаку не е определено, стекнувачот на лиценца не е овластен да ги искористува дополнителните усовршувања на предметот на лиценцата.

Чување на предметот на лиценцата во тајност

Член 754

Ако предметот на лиценцата го сочинува непатентиран пронајдок или тајно техничко знаење и искуство, стекнувачот на лиценца е должен да го чува во тајност.

Квалитет

Член 755

(1) *Ако со лиценцата за производство е отстапена и лиценцата за употреба на жиг, стекнувачот на лиценца може да пушта во промет стоки со тој жиг само ако нивниот квалитет е ист како што е квалитетот на стоките што ги произведува давачот на лиценца.*

(2) *Спротивната спогодба нема правно дејство.*

Обележување

Член 756

Стекнувачот на лиценца е должен стоките да ги обележи со ознаката за производство по лиценца.

Надомест

Член 757

Стекнувачот на лиценца е должен на давачот на лиценца да му го исплати договорениот надомест во време и на начин како што е тоа определено со договорот.

Поднесување извештај

Член 758

Ако надоместот се определува во зависност од обемот на искористувањето на предметот на лиценцата, стекнувачот на лиценца е должен на давачот на лиценца да му поднесе извештај за обемот на искористувањето и да изврши пресметка на надоместот за секоја година, ако со договорот не е определен за тоа покус рок.

Измена на договорен надомест

Член 759

Ако договорениот надомест станал очигледно несразмерен во однос на приходот што стекнувачот на лиценца го има од искористувањето на предметот на лиценцата, заинтересираната страна може да бара измена на договорениот надомест.

Оддел 4

ПОДЛИЦЕНЦА

Кога може да се даде

Член 760

(1) *Стекнувачот на исклучива лиценца може правото на искористување на предметот на лиценцата да му го отстапи на друг (подлиценца).*

(2) *Со договор може да се предвиди дека стекнувачот на лиценцата не може да му даде на друг подлиценца или дека не може да му ја даде без дозвола од давачот на лиценца.*

Кога давачот може да ја одбие дозволата

Член 761

Кога за давањето на подлиценца е потребна дозвола од давачот на лиценца овој може да не му ја даде на стекнувачот на исклучива лиценца само од сериозни причини.

Отказ поради недозволена подлиценца

Член 762

Давачот на лиценца може да го откаже договорот за лиценца без отказен рок, ако подлиценцата е дадена без негова дозвола, кога оваа е потребна според законот или според договорот.

Непосредно барање на давачот на лиценца

Член 763

(1) *Со договорот за подлиценца не се создава никаков посебен правен однос меѓу стекнувачот на подлиценца и давачот на лиценца, дури ни кога давачот на лиценца ја дал потребната дозвола за склучување на подлиценца.*

(2) *Давачот на лиценца може, заради наплата на своите побарувања од стекнувачот на лиценцата настанати од лиценцата, да бара непосредно од стекнувачот на подлиценца исплата на износите што овој му ги должи на давачот на подлиценца врз основа на подлиценцата.*

Оддел 5

ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Истек на определено време

Член 764

Договорот за лиценца склучен на определено време престанува со самиот истек на времето за кое е склучен, па не е потребно да биде откажан.

Премолчено обновување на лиценцата

Член 765

(1) *Кога по истекот на времето за кое бил склучен договорот за лиценца, стекнувачот на лиценца ќе продолжи да го искористува предметот на лиценцата, а давачот на лиценца не се противставува, се смета дека е склучен нов договор за лиценца со неопределено траење, под истите услови како и претходниот.*

(2) *Обезбедувањата што трети лица ги дале за првата лиценца престануваат со истекот на времето за кое била склучена.*

Отказ

Член 766

(1) *Договорот за лиценца чие траење не е определено престанува со отказ, што секоја страна може да ѝ го даде на другата почитувајќи го определениот отказен рок.*

(2) *Ако отказниот рок не е определен со договорот тој изнесува шест месеци, со тоа што давачот на лиценца не може да го откаже договорот во истекот на првата година од неговото важење.*

Смрт, стечај и редовна ликвидација

Член 767

(1) *Во случај на смрт на давачот на лиценцата, лиценцата се продолжува со неговите наследници, ако поинаку не е договорено.*

(2) *Во случај на смрт на стекнувачот на лиценца, лиценцата се продолжува со неговите наследници кои ја продолжуваат неговата дејност.*

(3) *Во случај на стечај или редовна ликвидација на стекнувачот на лиценца, давачот на лиценца може да го раскине договорот.*

Глава XIX

ДЕПОЗИТ

Оддел 1

ЗА ДЕПОЗИТОТ ВООПШТО

Отсек 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 768

(1) *Со договорот за депозит, примачот на депозит се обврзува да го прими предметот од давачот на депозит, да го чува и да го врати кога овој ќе го побара.*

(2) *Предмет на депозит можат да бидат само подвижни предмети.*

Депозит на туѓ предмет

Член 769

(1) *Договор за депозит може полноважно да склучи од свое име и лице кое не е сопственик на предметот и примачот на депозит должен е нему да му го врати предметот, освен ако би дознал дека предметот е украден.*

(2) *Ако трето лице со тужба го бара предметот од примачот на депозит како сопственик, примачот на депозит е должен да му соопшти на судот од кое лице го примил предметот, а истовремено да го извести давачот на депозит за подигнатата тужба.*

Отсек 2

ОБВРСКИ НА ПРИМАЧОТ НА ДЕПОЗИТ

Обврска за чување и известување

Член 770

(1) *Примачот на депозит е должен да го чува предметот како свој сопствен, а ако депозитот е со надомест, како добар стопанственик, односно како добар домаќин.*

(2) *Ако се договорени местото или начинот на чување на предметот, примачот на депозит може да ги промени само ако го бараат тоа променетите околности, инаку ќе одговара и за случајно пропаѓање или оштетување на предметот.*

(3) *За сите промени што би ги забележал на предметот и за опасностите да биде оштетен на кој и да е начин, примачот на депозит е должен да го извести давачот на депозит.*

Предавање предмет на чување на друг

Член 771

Примачот на депозит не може без согласност од давачот на депозит или без нужда, предметот што му е доверен да го предаде на друг да го чува, инаку ќе одговара и за неговото случајно пропаѓање или оштетување.

Употребување на предметот

Член 772

(1) *Примачот на депозит нема право да го употребува предметот што му е доверен на чување.*

(2) *Во случај на недозволена употреба на предметот, примачот на депозит му должи на давачот на депозит соодветен надомест и одговара за случајното пропаѓање или оштетување на предметот што би се случиле при тоа.*

(3) *Кога е даден во депозит некој непотрошен предмет и на примачот на депозит му е дозволено да го употребува, тогаш врз односите на договарачите се применуваат правилата за договорот за послуга, а само за прашањата на времето и местото на враќање на предметот се суди според правилата за договорот за депозит, ако договарачите не определиле нешто друго во тој поглед.*

Употребување и предавање на предметот на друг

Член 773

Кога примачот на депозит без согласност од давачот на депозит и без нужда спротивно со договорот го употребува предметот, го менува местото или начинот на неговото чување, или кога предметот ќе му го предаде на чување на друго лице, тој не одговара за случајното пропаѓање или оштетување на предметот до кои би дошло и да постапувал во согласност со договорот.

Враќање на предметот

Член 774

(1) *Примачот на депозит е должен да го врати предметот штом ќе го побара давачот на депозит и тоа со сите плодови и други користи од предметот.*

(2) *Ако е определен рокот за враќање на предметот, давачот на депозит може да бара предметот да му се врати и пред истекот на рокот, освен кога рокот не е договорен исклучиво во интерес на давачот на депозит.*

(3) *Враќањето се врши во местото на предавањето на предметот на примачот на депозит, ако со договорот не е определено некое друго место, во кој случај примачот на депозит има право на надомест на трошоците за пренос на предметот.*

Отсек 3

ПРАВА НА ПРИМАЧОТ НА ДЕПОЗИТ

Надомест на трошоците и на штетата

Член 775

Примачот на депозит има право да бара од давачот на депозит да му ги надомести трошоците оправдано направени заради зачувување на предметот, како и штетата што ја имал поради депозитот.

Надомест

Член 776

Примачот на депозит нема право на надомест за својот труд, освен ако е договорен надоместот, ако примачот на депозит се занимава со примање предмети на чување, или ако надомест можело да се очекува со оглед на околностите на работата.

Враќање на предметот во случај на бесплатен депозит

Член 777

(1) *Примачот на депозит кој се обврзал бесплатно да го чува предметот определено време може да му го врати на давачот на депозит пред истекот на договорениот рок, ако на самиот предмет би му се заканувала опасност од пропаѓање или оштетување, или ако неговото натамошно чување би можело да му причини штета.*

(2) *Ако рокот не е договорен, примачот на депозит од став* (1) *на овој член може во секое време да се откаже од договорот, но должен е на давачот на депозит да му определи примерен рок за преземање на предметот.*

Отсек 4

ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ДЕПОЗИТ

Невистински депозит

Член 778

Кога се дадени во депозит заменливи предмети со право за примачот на депозит да ги потроши и со обврска да врати исто количество предмети од ист вид, тогаш врз неговите односи со давачот на депозит се применуваат правилата на договорот за заем, само во поглед на времето и местото на враќање ќе важат правилата на договорот за депозит, ако договарачите не определиле нешто друго во тој поглед.

Депозит во нужда

Член 779

Тој кому предметот му е доверен во случај на некаква неволја, на пример, во случај на пожар, земјотрес, поплава, должен е да го чува со зголемено внимание.

Оддел 2

УГОСТИТЕЛСКИ ДЕПОЗИТ

Угостителот како примач на депозит

Член 780

(1) *Угостителот се смета како примач на депозит во поглед на предметите што ги донеле гостите и одговара за нивното загубување или оштетување најмногу до* 10.000 *денари.*

(2) *Оваа одговорност е исклучена ако предметите пропаднале или се оштетени поради околности кои не можеле да се избегнат или отстранат, поради некоја причина во самиот предмет, ако се загубени или оштетени со поведението на самиот гостин или со поведението на лицата кои ги довел тој или кои му дошле во посета.*

(3) *Угостителот должи целосен надомест ако гостинот му го предал предметот на чување, како и ако штетата настанала по негова вина или по вина на лицето за кое одговара тој.*

Обврски на угостителот да прими предмети на чување

Член 781

(1) *Угостителот е должен да ги прими на чување предметите што гостите ќе ги донесат и сакаат да му ги предадат на чување, освен ако не располага со соодветни простории за нивно сместување или ако нивното чување ги надминува неговите можности од некоја друга причина.*

(2) *Ако угостителот неоправдано одбие да прими предмет на чување, должи целосен надомест на штетата што гостинот ќе ја претрпи поради тоа.*

Должност на гостинот да ја пријави штетата

Член 782

Гостинот е должен да го пријави загубувањето или оштетувањето на предметот штом ќе узнае за нив, инаку има право на надомест само ако докаже дека штетата настанала по вина на угостителот или на лицето за кое одговара тој.

Објави за исклучување на одговорноста

Член 783

Немаат никакво правно дејство објавите истакнати во просториите на угостителите со кои се исклучува, ограничува или условува нивната одговорност за предметите што ги донеле гостите.

Право на задржување

Член 784

Угостителот што прима гости на ноќевање има право да ги задржи предметите што ги донеле гостите до целосната наплата на побарувањата за сместување и другите услуги.

Проширување на примената на одредбите за угостителскиот депозит

Член 785

Одредбите за угостителскиот депозит сообразно се применуваат и врз болниците, гаражите, спалните коли, организираните кампови и слично.

Глава XX

СКЛАДИРАЊЕ

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 786

(1) *Со договорот за складирање се обврзува складиштарот да прими и чува определени стоки и да ги презема потребните или договорени мерки заради нивно зачувување во определена состојба, да ги предаде по барање од давачот на депозит или од друго овластено лице, а давачот на депозит се обврзува да му плати за тоа определен надомест.*

(2) *При предавањето на стоките давачот на депозит е должен да ги даде сите потребни известувања за нив и да изјави колкава е нивната вредност.*

Исклучување на одговорноста и некои обврски на складиштарот

Член 787

(1) *Складиштарот одговара за штетата на стоките освен ако докаже дека штетата е причинета поради околности што не можеле да се избегнат или отстранат, или е причинета по вина на давачот на депозитот, поради недостатоците или природните својства на стоките, како и поради неисправната амбалажа.*

(2) *Складиштарот е должен да го предупреди давачот на депозит за недостатоците или природните својства на стоките, односно за неисправната амбалажа поради кои може да дојде до штета на стоките, штом наведените недостатоци ги забележал или морал да ги забележи.*

(3) *Ако на стоките би се случиле такви неотстранливи промени поради кои постои опасност стоките да се расипат да пропаднат, складиштарот е должен, ако тоа на негов повик не би можел на време да го стори давачот на депозит, да ги продаде стоките без одлагање на најпогоден начин.*

(4) *Складиштарот е должен да презема дејствија заради зачувување на правата на давачот на депозит спрема превозникот што му ги предал стоките за сметка на давачот на депозит во оштетена или манлива состојба.*

Кога постои должност за осигурување

Член 788

(1) *Складиштарот е должен да ги осигури стоките примени на чување, само ако е тоа договорено.*

(2) *Ако со договорот не е определено кои ризици треба да ги опфати осигурувањето, складиштарот е должен да ги осигури стоките од вообичаените ризици.*

Ограничување на надоместот на штета

Член 789

Надоместот на штета што складиштарот е должен да го плати поради пропаѓање, намалување или оштетување на стоките за време од нивниот прием до предавањето, не може да ја надмине вистинската вредност на стоките, освен ако штетата ја причинил намерно или со крајно невнимание.

Мешање на заменливи предмети

Член 790

(1) *Складиштарот не може да ги измеша примените заменливи предмети со предмети од ист вид и ист квалитет, освен ако давачот на депозит се согласил со тоа, или ако е очигледно дека станува збор за работи што можат да се мешаат без опасност од настанување штета за давачот на депозит.*

(2) *Ако се измешани предметите, складиштарот може, на барање од овластеното лице без учество на другите овластени лица, од смесата на заменливи предмети да го издвои делот што му припаѓа.*

Прегледување на стоки и земање мостри

Член 791

Складиштарот е должен да му дозволи на овластеното лице да ги прегледува стоките и да зема мостра од нив.

Побарување на складиштарот и право на залог

Член 792

(1) *Покрај надоместот за чување, складиштарот има право на надомест на трошоците што биле потребни за зачувување на стоките.*

(2) *За своите побарувања од договорот за складирање и за другите побарувања настанати во врска со чувањето на стоките тој има заложно право над тие стоки.*

Подигање на стоки и продажба на неподигнати стоки

Член 793

(1) *Давачот на депозит може стоките да ги подигне и пред договорениот рок.*

(2) *Ако давачот на депозит не ги подигне стоките по истекот на договорениот рок или по истекот на една година, ако не е договорен рокот за чување, складиштарот може за негова сметка да ги продаде стоките на јавна продажба, но е должен претходно да го извести за својата намера и да му остави дополнителен рок од најмалку осум дена да ги подигне стоките.*

Недостатоци при приемот на стоки

Член 794

(1) *Примачот на стоки е должен да ги прегледа стоките во моментот на нивното преземање.*

(2) *Ако при преземањето на стоките забележи недостатоци, примачот е должен веднаш да го предупреди за тоа складиштарот, инаку се смета дека стоките се уредно примени.*

(3) *За недостатоците на стоките што не можеле да се утврдат во моментот на преземањето, примачот е должен на сигурен начин да го извести складиштарот во рок од седум дена, сметајќи од денот на преземањето на стоките, инаку се смета дека стоките се уредно примени.*

Примена на правилата за депозит

Член 795

Врз договорите за складирање сообразно се применуваат правилата за депозитот, доколку со правилата за складирање поинаку не е регулирано.

Оддел 2

СКЛАДИШНИЦА

Должност за издавање складишница

Член 796

Складиштарот што врз основа на законот е овластен за стоките примени на складирање да издаде складишница, должен е да му ја издаде на давачот на депозит по негово барање.

Состојки и содржина на складишницата

Член 797

(1) *Складишницата се состои од признаница и заложница.*

(2) *Признаницата и заложницата ги содржат податоците: назив, односно име и занимање на давачот на депозит, негово седиште односно живеалиште, назив и седиште на складиштарот, датум и број на складишницата, место каде се наоѓа складот, вид, природа и количество на стоките, навод за тоа до кој износ се стоките осигурени, како и други податоци потребни за распознавање на стоките и за определување на нивната вредност.*

(3) *Признаницата и заложницата мораат да се повикуваат една на друга.*

Складишница за делови на стоки

Член 798

(1) *Давачот на депозит може да бара складиштарот да ги подели стоките на определени делови и за секој дел да му издаде посебна складишница.*

(2) *Ако веќе добил складишница за целото количество стоки, тој може да бара складиштарот да му ги подели стоките на определени делови и во замена за складишницата што ја добил, да му издаде посебни складишници за секој одделен дел.*

(3) *Давачот на депозит може да бара складиштарот да му издаде складишница само за еден дел од заменливите стоки што ги оставил кај него.*

Права на имателот на складишницата

Член 799

(1) *Имателот на складишница има право да бара да му се предадат стоките означени во неа.*

(2) *Тој може да располага со стоките означени во складишницата со пренесување на складишницата.*

Пренесување на признаницата и заложницата

Член 800

(1) *Признаницата и заложницата можат да се пренесуваат со индосамент, заедно или одделно.*

(2) *При секој пренос, на нив мора да биде забележан датумот.*

(3) *По барање од примачот на признаницата или заложницата, преносот врз него ќе се препише во регистарот на складот каде што ќе се забележи и неговото седиште, односно живеалиште.*

Права на имател на признаница

Член 801

(1) *Преносот на признаницата без заложница му дава на примачот право да бара да му се предадат стоките само ако му го исплати на имателот на заложницата или ако му го положи на складиштарот за имателот на заложницата износот што треба да му биде исплатен на денот на стасаноста на побарувањето.*

(2) *Имателот на признаница без заложница може да бара стоките да се продадат, ако со постигнатата цена може да се исплати износот на кој има право имателот на заложница, со тоа што остварениот вишок да му се предаде нему.*

(3) *Кога се работи за заменливи предмети, имателот на признаница без заложница може да бара складиштарот да му предаде еден дел од стоките под услов да му положи на складиштарот за сметка на имателот на заложница соодветен износ во пари.*

Права на имател на заложницата

Член 802

(1) *Преносот на заложница без признаница му дава на примачот право на залог над стоките.*

(2) *При првиот пренос, на заложницата мораат да бидат забележани називот, односно името и занимањето на доверителот, неговото деловно седиште односно живеалиште, износот на неговото побарување, сметајќи ги и каматите и датумот на стасувањето.*

(3) *Првиот примач на заложница е должен без одлагање да му пријави на складиштарот дека врз него е извршен пренос на заложницата, а складот е должен да му го препише тој пренос во својот регистар и на самата заложница да забележи дека овој препис е извршен.*

(4) *Без извршување на дејствијата од став* (3) *на овој член, заложницата не може понатаму да се пренесува со индосамент.*

(5) *Заложницата што не го содржи износот на побарувањето на заложниот доверител, ја обврзува во корист на заложниот доверител целокупната вредност на предметите наведена во неа.*

Протест поради неисплатување и продажба на стоките

Член 803

(1) *Имателот на заложница без признаница, кому не ќе му биде исплатено во рокот побарувањето обезбедено со заложницата, должен е, под закана на губење на правото да бара исплата од пренесувачите, да подигне протест според Законот за меница.*

(2) *Имателот на заложница кој подигнал протест може по истекот на осум дена од стасаноста на побарувањето да бара продажба на заложените стоки, а истото право му припаѓа и на пренесувачот што му го исплатил на имателот на заложница побарувањето обезбедено со заложницата.*

(3) *Од износот постигнат со продажбата се издвојува потребната сума за намирување на трошоците на продажбата, побарувањата на складиштарот од договорот за складирање и другите негови побарувања настанати во врска со оставените стоки, потоа се исплатува обезбеденото побарување на имателот на заложницата, а остатокот му припаѓа на имателот на признаница.*

Барање исплата од пренесувачите на заложницата

Член 804

(1) *Имателот на заложница може да бара исплата од пренесувачот дури ако не можел да постигне целосно намирување со продажбата на заложените стоки*.

(2) *Ова барање мора да биде подигнато во рокот определен во Законот за меница за барање спрема индосантите и тој рок почнува да тече од денот кога е извршена продажбата на стоките.*

(3) *Имателот на заложница го губи правото да бара исплата од пренесувачите ако не побара продажба на стоките најдоцна во рок од еден месец од протестот*.

Глава XXI

НАЛОГ

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 805

(1) *Со договорот за налог се обврзува налогопримачот спрема налогодавецот за негова сметка да преземе определени правни работи.*

(2) *Истовремено налогопримачот се овластува за преземање на тие работи.*

(3) *Налогопримачот има право на надомест за својот труд, освен ако е договорено поинаку или произлегува од природата на меѓусебниот однос.*

Лица должни да одговараат на понудата на налогот

Член 806

Тој што се занимава со вршење туѓи работи како со занимање или јавно се нуди за вршење на тие работи, должен е ако не сака да го прифати понудениот налог што се однесува на тие работи без одлагање за тоа да ја извести другата страна, инаку ќе одговара за штетата што оваа би ја претрпела поради тоа.

О д д е л 2

ОБВРСКИ НА НАЛОГОПРИМАЧОТ

Извршување на налогот како гласи

Член 807

(1) *Налогопримачот е должен да го изврши налогот според примените упатства со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин, останувајќи во неговите граници и во сѐ да внимава за интересите на налогодавецот и да се раководи со нив.*

(2) *Кога налогопримачот смета дека извршувањето на налогот според добиените упатства би било од штета за налогодавачот, тој е должен да го сврти кон тоа неговото внимание и да бара нови упатства.*

(3) *Ако налогодавецот не дал определени упатства за работа што треба да се изврши*, *налогопримачот е должен*, *раководејќи се од интересите на налогодавецот да постапи како добар стопанственик односно добар домаќин*, *а ако е налогот без надомест*, *како што би постапил во истите околности во сопствена работа*.

Отстапување од налогот и упатствата

Член 808

(1) *Од добиениот налог и упатства налогопримачот може да отстапи само со согласност од налогодавецот, а кога поради недостиг на време или од некоја друга причина не е можно да се бара согласност од налогодавецот, тој може да отстапи од налогот и упатствата само ако според проценатa на сите околности можел основано да смета дека тоа го бараат интересите на налогодавецот.*

(2) *Ако налогопримачот ги пречекори границите на налогот или отстапи од добиените упатства вон случајот предвиден во став* (1) *на овој член нема да се смета за налогопримач, туку за работоводител без налог освен ако налогодавецот дополнително го одобри она што го сторил.*

Замена

Член 809

(1) *Налогопримачот е должен да го изврши налогот лично.*

(2) *Тој може да му го довери извршувањето на налогот само ако налогодавецот го дозволил тоа, како и ако е на тоа принуден од околностите.*

(3) *Во тие случаи тој одговара само за изборот на заменикот и за упатствата што му ги дал.*

(4) *Во другите случаи тој одговара за работата на заменикот, како и за случајното пропаѓање или оштетување на предметите што би се случиле кај заменикот.*

(5) *Налогодавецот може во секој случај да бара непосредно од заменикот извршување на обврските од налогот.*

Полагање сметка

Член 810

За извршена работа налогопримачот е должен да положи сметка и да му го предаде без одолжување на налогодавецот сето она што го примил врз основа на вршење на доверените работи, без оглед на тоа дали она што го примил за налогодавецот му било должено на овој или не.

Поднесување извештај

Член 811

Налогопримачот е должен на барање од налогодавецот да му поднесе извештај за состојбата на работите и да му положи сметка и пред определеното време.

Одговорност за употребата на парите на налогодавецот

Член 812

Ако налогопримачот се служел за своите потреби со пари што ги примил за налогодавецот, должен е да плати камата сметајќи од денот на употребата, а на другите пари што ги должи а не ги предал на време, казнена камата, сметајќи од денот кога бил должен да ги предаде.

Солидарна одговорност на налогопримачите

Член 813

Ако некоја работа им е доверена на неколкумина со ист налог да ја вршат заеднички, тие одговараат солидарно за обврските од тој налог, ако не е договорено нешто друго.

Оддел 3

ОБВРСКИ ЗА НАЛОГОДАВЕЦОТ

Авансирање пари

Член 814

Налогодавецот е должен на барање на налогопримачот да му даде извесна сума пари за предвидените издатоци.

Надомест на трошоци и преземање на обврските

Член 815

(1) *Налогодавецот е должен да му ги надомести на налогопримачот дури и ако неговиот труд без негова вина немал успех, сите потребни трошоци што ги направил за извршувањето на налогот, со камата од денот кога се направени.*

(2) *Тој е должен да ги преземе обврските што налогопримачот ги зел врз себе вршејќи ги од свое име работите што му се доверени, или на некој друг начин да го ослободи од нив.*

Надомест на штета

Член 816

Налогодавецот е должен да му ја надомести на налогопримачот штетата што ја претрпел овој без своја вина во вршењето на налогот.

Висина на надоместот

Член 817

Ако не е договорено поинаку, налогодавецот должи надомест во вообичаена висина, а ако за тоа не постои обичај, тогаш справедлив надомест.

Исплата на надоместот

Член 818

(1) *Доколку не е договорено поинаку, налогодавецот е должен да му го исплати на налогопримачот надоместот по извршената работа.*

(2) *Ако налогопримачот без своја вина само делумно го извршил налогот, има право на сразмерен дел од надоместот.*

(3) *Во случај кога однапред договорениот надомест би бил во очигледен несразмер со направените услуги*, *налогодавецот може да бара негово намалување*.

Право на залог

Член 819

Заради обезбедување на надоместот и на трошоците, налогопримачот има право на залог над подвижните предмети на налогодавецот што ги добил врз основа на налогот, како и над паричните износи што ги наплатил за сметка на налогодавецот.

Солидарна одговорност на налогодавците

Член 820

Ако повеќемина му довериле на налогопримачот извршување на налог, тие му одговараат солидарно.

Оддел 4

Престанување на налогот

Откажување од договорот

Член 821

(1) *Налогодавецот може да се откаже од договорот.*

(2) *Во случај на откажување од договорот во кој на налогопримачот му припаѓа надомест за неговиот труд, налогодавецот е должен да му исплати на налогопримачот соодветен дел од надоместот и да му ја надомести штетата што ја претрпел со откажувањето од договорот, ако за откажувањето немало основани причини.*

Отказ

Член 822

(1)Налогопримачот може да се откаже од налогот кога сака, само не во невреме.

(2) *Тој е должен да му ја надомести на налогодавецот штетата што ја претрпел овој поради отказот на налогот во невреме, освен кога за отказот постоеле основани причини.*

(3) *Налогопримачот е должен да ги продолжи по отказот работите што не трпат одлагање*, *додека налогодавецот не ќе биде во можност да ја преземе грижата за нив*.

Смрт, престанување на правното лице

Член 823

(1) *Налогот престанува со смртта на налогопримачот.*

(2) *Наследниците на налогопримачот се должни за неговата смрт да го известат што побргу налогодавецот и да преземат што е потребно за заштита на неговите интереси, додека не ќе биде во состојба самиот да ја преземе грижата за нив.*

(3) *Налогот престанува со смртта на налогодавецот само ако е така договорено или ако налогопримачот го примил налогот со оглед на своите лични односи со налогодавецот.*

(4) *Во тој случај налогопримачот е должен да ги продолжи доверените работи, ако инаку би настапила штета за наследниците, додека овие не ќе бидат во можност самите да ја преземат грижата за нив.*

(5) *Ако налогодавецот или налогопримачот е некое правно лице, налогот престанува кога тоа лице ќе престане да постои.*

Стечај, лишување од деловната способност

Член 824

Налогот престанува кога налогодавецот, или налогопримачот ќе падне под стечај или ќе биде наполно или делумно лишен од деловната способност.

Момент на престанувањето на налогот

Член 825

(1) *Кога налогодавецот се откажал од договорот, како и кога умрел или паднал под стечај, или наполно или делумно е лишен од деловната способност, налогот престанува во моментот кога налогопримачот дознал за настанот поради кој престанува налогот.*

(2) *Кога на налогопримачот му е издадено писмено полномошно, должен е да го врати по престанување на налогот.*

Исклучоци

Член 826

Кога налогот е даден за да може налогопримачот да постигне исполнување на некое свое побарување од налогодавецот, налогодавецот не може да се откаже од договорот и налогот не престанува ни со смртта, ни со стечај на налогодавецот или налогопримачот ни кога еден од нив ќе биде наполно или делумно лишен од деловната способност.

Глава XXII

КОМИСИОН

Оддел 1

Поим

Член 827

(1) *Со договорот за комисион се обврзува комисионерот за надомест (провизија) да изврши од свое име и за сметка на комитентот една или повеќе работи што му ги доверува комитентот.*

(2) *Комисионерот има право на надомест и кога овој не е договорен.*

Примена на правилата за договорот за налог

Член 828

Врз договорот за комисион сообразно се применуваат правилата за налогот, доколку со правилата за комисионот поинаку не е определено.

Склучување работа под услови различни од налогот

Член 829

(1) *Ако комисионерот склучил некоја работа под неповолни услови од оние определени со налогот кога тоа не го смеел, должен е да му ја надомести на комитентот разликата, како и причинетата штета.*

(2) *Во случај од став* (1) *на овој член, комитентот може да одбие да ја прифати склучената работа под услов за тоа веднаш да го извести комисионерот.*

(3) *Комитентот го губи тоа право ако комисионерот покаже готовност веднаш да му ја исплати разликата и да му ја надомести причинетата штета.*

(4) *Ако работата е склучена под поповолни услови од оние определени со налогот, сета така постигната корист му припаѓа на комитентот.*

Продажба на стоки на презадолжено лице

Член 830

Комисионерот му одговара на комитентот за штетата ако му продал стоки на лице за чија презадолженост знаел или можел да знае.

Кога самиот комисионер купува стоки од комитентот или му продава свои стоки

Член 831

(1) *Комисионерот кому му е доверено да продаде или да купи некои стоки котирани на берзата или на пазарот може, ако му го дозволил комитентот, да ги задржи стоките за себе како купувач, односно да ги испорача како продавач, по цената во време на извршувањето на доверената работа.*

(2) *Во тој случај меѓу комисионерот и комитентот настапуваат односи од договорот за продажба.*

(3) *Ако берзанската, односно пазарната цена и цената што ја определил комитентот не се согласуваат, комисионерот-продавач има право на помалата од овие две цени, а комисионерот - купувач е должен да ја плати поголемата.*

Оддел 2

ОБВРСКИ НА КОМИСИОНЕРОТ

Чување и осигурување

Член 832

(1) *Комисионерот е должен да ги чува доверените стоки со внимание на добар стопанственик.*

(2) *Тој одговара и за случајното пропаѓање или оштетување на стоките ако не ги осигурил, а според налогот бил должен тоа да го стори.*

Известување за состојбата на примени стоки

Член 833

(1) *При преземањето од превозникот на стоките што му ги испратил комитентот, комисионерот е должен да ја утврди нивната состојба и да го извести без одлагање комитентот за денот на пристигнувањето на стоките, како и за видливите оштетувања или кусокот, инаку ќе одговара за штетата што поради тоа пропуштање би настанала за комитентот.*

(2) *Тој е должен да ги преземе сите потребни мерки заради зачувување на правата на комитентот спрема одговорното лице.*

Известување за промените на стоки

Член 834

Комисионерот е должен да го извести комитентот за сите промени на стоките поради кои тие би можеле да загубат од својата вредност, а ако нема време за чекање на неговите упатства или ако тој одолжува со давањето упатства, во случај на опасност од позначително оштетување на стоките, комисионерот е должен да ги продаде на најпогоден начин.

Соопштување на комитентот името на содоговарачот

Член 835

(1) *Комисионерот е должен да му соопшти на комитентот со кое лице ја извршил работата што му ја доверил комитентот.*

(2) *Ова правило не важи во случај на продажба на подвижни предмети која се врши преку комисионите продавници, освен ако поинаку не е договорено.*

Полагање сметка

Член 836

(1) *Комисионерот е должен да положи сметка за извршената работа без непотребно одлагање.*

(2) *Тој е должен да му го предаде на комитентот сето што го примил врз основа на работата извршена за негова сметка.*

(3) *Комисионерот е должен да ги пренесе врз комитентот побарувањата и другите права што ги стекнал спрема третиот со кој ја извршил работата од свое име и за негова сметка.*

Делкредере

Член 837

(1) *Комисионерот одговара за исполнувањето на обврските на својот содоговарач само ако посебно гарантирал дека тој своите обврски ќе ги исполни* (*делкредере*), *во кој случај тој одговара солидарно со него*.

(2) *Комисионерот кој гарантирал за исполнувањето на обврските на својот содоговорач има право и на посебен надомест (делкредере провизија).*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА КОМИТЕНТОТ

Надомест (провизија)

Член 838

(1) *Комитентот е должен да му исплати на комисионерот надомест кога ќе биде извршена работата што ја извршил комисионерот, како и ако извршувањето на работата биде спречено од некоја причина за која одговара комитентот.*

(2) *Во случај на постапно извршување, комисионерот може да бара сразмерен дел од надоместот по секое делумно исполнување.*

(3) *Ако не дојде до извршување на склучената работа од причини за кои не одговараат ни комисионерот ни комитентот, комисионерот има право на соодветен надомест за својот труд.*

(4) *Комисионерот што постапил нечесно спрема комитентот нема право на надомест.*

Висина на надоместот

Член 839

(1) *Ако износот на надоместот не е определен со договор или тарифа на комисионерот му припаѓа надомест според извршената работа и постигнатиот резултат.*

(2) *Ако во дадениот случај надоместот е несразмерно голем спрема извршената работа и постигнатиот резултат, судот може на барање од комитентот да го намали на справедлив износ.*

Надомест на трошоците

Член 840

(1) *Комитентот е должен да му ги надомести на комисионерот трошоците што биле потребни за извршување на налогот, со камата од денот кога се направени.*

(2) *Комитентот е должен да му даде на комисионерот посебен надомест за употребата на неговите складови и транспортни средства, ако тој не е опфатен со надоместот за извршување на работата.*

Авансирање пари на комисионерот

Член 841

Ако со договорот за комисион не е определено нешто друго, комитентот не е должен да му авансира на комисионерот потребни средства за извршување на доверената работа.

Оддел 4

ЗАЛОЖНО ПРАВО

Член 842

(1) *Комисионерот има право на залог над предметите што се предмет на договорот за комисион додека тие предмети се наоѓаат кај него, или кај некој кој ги држи за него или додека тој има во рацете исправа со помош на која може да располага со нив.*

(2) *Од вредноста на тие предмети комисионерот може да ги наплати пред другите доверители на комитентот своите побарувања врз основа на сите комисиони работи со комитентот, како и врз основа на заемите и авансите дадени на комитентот, без оглед на тоа дали настанале во врска со тие предмети или со некои други.*

(3) *Право на првенствена наплата има комисионерот од побарувањата што извршувајќи го налогот, ги стекнал за сметка на комитентот.*

Оддел 5

ОДНОСИ СО ТРЕТИ ЛИЦА

Права на комитентот на побарувања од работа со трет

Член 843

(1) *Комитентот може да бара исполнување на побарувањата од работата што комисионерот ја склучил со трет за негова сметка дури откако комисионерот ќе му ги отстапи.*

(2) *Во поглед на односите на комитентот со комисионерот и со неговите доверители, овие побарувања од своето настанување се сметаат како побарување на комитентот.*

Ограничување на правата на доверителите на комисионер

Член 844

Доверителите на комисионерот не можат заради наплата на своите побарувања, ни во случај на негов стечај, да преземат мерки на извршување врз правата и предметите што комисионерот, извршувајќи го налогот, ги стекнал од свое име, но за сметка на комитентот, освен ако се работи за побарувања настанати во врска со стекнувањето на тие права и предмети.

Стечај на комисионер

Член 845

(1) *Во случај на стечај на комисионер, комитентот може да бара одлачување од стечајната маса на предметите што му ги предал на комисионерот заради продажба за негова сметка, како и на предметите што комисионерот ги набавил за негова сметка.*

(2) *Во истиот случај комитентот може да бара од третиот кому комисионерот му ги предал предметите, да му ја исплати нивната цена, односно нејзиниот уште неисплатен дел.*

Глава XXIII

ДОГОВОР ЗА ТРГОВСКО ЗАСТАПУВАЊЕ

Оддел 1

Поим

Член 846

(1) *Со договорот за трговско застапување застапникот се обврзува дека за време на траењето на договорот ќе преговара со трети лица за склучување договори во име и за сметка на налогодавачот и, ако е така договорено, ќе склучува договори со трети лица во име и за сметка на налогодавачот, а налогодавачот се обврзува да му плати на застапникот, за секој договор кој го склучил или е склучен со неговото дејствување, одреден надоместок (провизија).*

(2) *Како застапник нема да се сметаат лицата кои според овој или друг закон се овластени да застапуваат други лица.*

(3) *Налогодавачот може да има, на иста територија за ист вид на работи, повеќе застапници.*

Застапување на друг налогодавач

Член 846-а

Застапникот не може без согласност на налогодавачот да преземе обврска, на иста територија и за ист вид на работи, да работи за друг налогодавач."

Форма

Член 847

Договорот за трговско застапување мора да биде склучен во писмена форма.

Полномошно

Член 848

Застапникот може да бара од налогодавачот да му издаде полномошно.

Примање на исполнувањето

Член 849

Застапникот не може да бара ни да прими исполнување на побарување на својот налогодавач, ако за тоа не е посебно овластен.

Насловот пред членот 850 и членот 850 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.84/08).

Изјави од името на налогодавецот

Член 851

Застапникот е овластен заради зачувување на правата на својот налогодавач да му дава потребни изјави на неговиот содоговарач.

Мерки за обезбедување

Член 852

Заради заштита на интересите на налогодавачот, застапникот може да презема потребни мерки за обезбедување.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ЗАСТАПНИКОТ

Грижа за интересите на налогодавачот

Член 853

(1) *Застапникот е должен да се грижи за интересите на налогодавачот и должен е во сите работи што ги презема да постапува во согласност со начелото на совесност и чесност и со внимание на добар стопанственик.*

(2) *Застапникот е особено должен да презема се што е потребно за да посредува или склучува правни работи за коишто е овластен, придржувајќи се притоа кон разумните напатствија на налогодавачот.*

(3) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна.*

Должност за известување

Член 854

(1) *Застапникот е должен да му ги дава на налогодавачот сите потребни информации за состојбата на пазарот, особено оние што се значајни за секоја посебна правна работа.*

(2) *Застапникот е должен редовно да го известува налогодавачот за исполнувањето на своите договорни обврски, за третите лица кои се подготвени да преговараат со налогодавачот или со него да склучат договор, како и за договорите што ги склучил во име и за сметка на налогодавачот.*

(3) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна.*

Постапување по упатства

Член 854-а

При водењето на преговори и при склучување на договори, застапникот е должен да постапува по упатствата на налогодавачот.

Чување на деловни тајни

Член 855

(1) *Застапникот е должен да ги чува деловните тајни на својот налогодавач за кои дознал во врска со договорената работа.*

(2) *Тој одговара ако ги искористи или на друг му ги открие и по престанувањето на договорот за трговско застапување.*

Враќање на предмети дадени на употреба

Член 856

По престанувањето на договорот за трговско застапување, застапникот е должен да му ги врати на налогодавачот сите предмети што му ги предал тој на употреба за време на траењето на договорот.

Посебен случај на одговорност

Член 857

(1) *Застапникот одговара пред налогодавачот за исполнување на обврските од договорот за чие склучување посредувал или што според овластувањето ги склучи од името на налогодавачот, само ако за тоа посебно писмено гарантирал.*

(2) *Во тој случај тој има право и на посебен надомест (делкредере провизија).*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

Општо правило

Член 858

(1) *Налогодавачот е должен во својот однос со застапникот да постапува во согласност со начелото на совесност и чесност и со внимание на добар стопанственик.*

(2) *Кога е потребно за вршење на одредени негови работи, налогодавачот е должен на свој трошок да му стави на располагање на застапникот мостри, нацрти, ценовници, рекламен материјал, општи услови за работење и другата потребна документација.*

(3) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна.*

Должност за известување

Член 859

(1) *Налогодавачот е должен да му ги даде на застапникот сите известувања потребни за исполнување на неговите договорни обврски.*

(2) *Налогодавачот е должен, во разумен рок да го извести застапникот за тоа дали ја прифаќа или одбива понудата, како и за неисполнување на договор во чие склучување учествувал застапникот.*

(3) *Налогодавачот е должен, без одлагање да го извести застапникот за потребата обемот на неговите работи да се сведе на мерка помала од онаа што застапникот можел основано да ја очекува, за да може застапникот навремено и во соодветна мера да ја намали својата претприемчивост, инаку налогодавачот ќе одговара за претрпената штета.*

(4) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна.*

Надомест (провизија)

Член 860

(1) *Налогодавачот е должен да му исплати на застапникот провизија за договорите што за време на траењето на договорот за трговско застапување биле склучени со негово посредување, како и за договорите што ги склучил застапникот во име и за сметка на налогодавачот, ако за тоа бил овластен.*

(2) *Застапникот има право на провизија и за договорите што ги склучил налогодавачот непосредно со клиентите кои ги пронашол застапникот.*

(3) *Застапникот на кој по основ на договор за трговско застапување му е доверено исклучиво право на посредување на одредена територија или со одредена група клиенти, има право на провизија и за оние договори што налогодавачот ги склучил на таа територија или со тие клиенти без посредување на застапникот.*

(4) *Секој надоместок чиј износ зависи од бројот или вредноста на остварените работи ќе се смета за провизија.*

(5) *Застапникот има право на провизија за договор кој налогодавачот го склучил по престанокот на договорот за трговско застапување, ако склучениот договор е последица претежно на дејствувањето на застапникот пред престанокот на договорот за трговско застапување и ако договорот е склучен во разумен рок од престанокот на договорот за трговско застапување или ако понудата на трето лице за склучување на договор стигнала до застапникот или налогодавачот пред престанокот на договорот за трговско застапување.*

(6) *Застапникот го нема правото на провизија утврдена во ставовите* (1) *до* (3) *на овој член, ако правото на провизија, во согласност со ставот* (5) *на овој член, би му припаднало на поранешниот застапник, освен ако со оглед на околностите на случајот би било правично провизијата да се подели меѓу овие два застапника.*

Насловот пред членот 861 и членот 861 се избришани, видиː Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.84/08).

Износ на провизијата

Член 862

(1) *Ако износот на провизијата не е определен со договорот или со тарифа, застапникот има право на провизија во износот кој е вообичаен за тој вид на работа, во местото во коешто застапникот ги вршел работите за налогодавачот.*

(2) *Ако застапникот посредувал за налогодавачот во различни места, има право на провизија што е вообичаена во местото каде што се наоѓа неговото постојано живеалиште, односно седиште.*

(3) *Доколку не е можно да се утврди вообичаениот износ на провизија, застапникот има право на провизија во износ кој според околностите на случајот, а особено според бројот и вредноста на работите кои застапникот ги извршил за налогодавачот, како и според сложеноста и обемот на посредувањето на застапникот, би бил справедлив.*

Посебен надомест

Член 863

Застапникот кој по овластување од налогодавачот извршил наплата на некое негово побарување, има право на посебен надомест од наплатената сума.

Стекнување право на провизија

Стекнување право на провизија

Член 863-а

(1) *Застапникот стекнува право на провизија во моментот кога налогодавачот ја исполнил, односно требало да ја исполни својата обврска од договорот меѓу него и третото лице или ако третото лице врз основа на договорот со налогодавачот е должно прво да ја исполни својата обврска, во моментот кога третото лице ја исполнило, односно требало да ја исполни својата обврска, па и тогаш кога тоа не го направил од причина за којашто е одговорен налогодавачот.*

(2) *Ако меѓу налогодавачот и третото лице е склучен договор со сукцесивни исполнувања кои треба да се исполнат во одреден временски период, застапникот стекнува право на сразмерен дел на провизијата во согласност со правилата од ставот* (1) *на овој член.*

(3) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна, ако со неа се влошува положбата на застапникот уредена со овој член.*

Пресметување на провизијата

Член 863-б

(1) *Налогодавачот е должен да му поднесе пресметка на провизијата на која застапникот има право на секои три месеца, пресметана за секој месец посебно.*

(2) *Пресметката на провизија мора да ги содржи сите битни елементи врз основа на кои е извршена пресметката.*

(3) *Налогодавачот е должен да му ја пресмета и плати на застапникот тримесечната провизија најдоцна до крајот на месецот што следи по последниот месец на пресметковното тримесечје.*

(4) *Договорните страни можат да договорат пресметковен период пократок од три месеца.*

(5) *Налогодавачот е должен на барање на застапникот, на свој трошок да му предаде извадок од своите трговски книги кој се однесува на работите кои на застапникот му даваат право на провизија, како и да го извести за сите околности кои имаат влијание на висината на провизијата.*

(6) *Ако налогодавачот го одбие ова барање на застапникот или ако застапникот се посомнева во точноста на податоците во извадокот од трговски книги или ако се посомнева во известувањата кои налогодавачот му го дал, има право да побара овластен ревизор да ги прегледа трговските книги на налогодавачот кои се во врска со податоците од кои зависи висината на провизијата и податоците да му ги достави.*

(7) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна, ако со неа се влошува положбата на застапникот уредена со овој член.*

Губење на правото на провизија

Член 863-в

(1) *Застапникот го губи правото на провизија ако договорот меѓу налогодавачот и третото лице не е исполнет од причини што не се на страната на налогодавачот.*

(2) *Доколку, во овој случај застапникот примил провизија, е должен да ја врати.*

(3) *Секоја поинаква одредба на договорот за трговско застапување е ништовна, ако со неа се влошува положбата на застапникот уредена со претходните ставови.*

Трошоци

Член 864

(1) *Застапникот нема право на надомест на трошоците што произлегуваат од редовното вршење на посреднички работи, освен ако е договорено поинаку.*

(2) *Тој има право на надомест на посебните трошоци што ги направил во корист на налогодавачот или по негов налог.*

Оддел 4

ЗАЛОЖНО ПРАВО

Член 865

Заради обезбедување наплата на своите стасани побарувања настанати во врска со договорот, застапникот има право на залог над сумите што ги наплатил за налогодавачот по негово овластување, како и над сите предмети на налогодавачот што во врска со договорот ги примил од налогодавачот или од некој друг, додека се наоѓаат кај него, или кај некој што ги држи за него или додека има во рацете исправа со помош на која може да располага со нив.

Оддел 5

ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

Траење на договорот

Член 865-а

(1) *Ако поинаку не е договорено, договорот за трговско застапување се склучува на неопределено време.*

(2) *Договорот за трговско застапување склучен на одредено време, престанува со истекот на времето за кое е склучен.*

(3) *Доколку договорните страни продолжат да ги исполнуваат обврските од договорот склучен на определено време и по истекот на времето за кое бил склучен, ќе се смета декатие склучиле нов договор со иста содржина, на неопределено време.*

Отказ на договорот

Член 866

(1) *Ако договорот за трговско застапување е склучен на неопределено време, секоја страна може да го откаже со писмено известување упатено до другата страна, почитувајќи ги отказните рокови утврдени во овој член.*

(2) *Должината на отказниот рок е условена од траењето на договорот и изнесува по еден месец за секоја започната година на траење на договорот.*

(3) *Ако договорот траел подолго од пет години, отказниот рок изнесува шест месеца.*

(4) *Страните не можат да договорат пократок отказен рок, но ако договорат подолг рок, тој мора да важи и за двете страни.*

(5) *Ако не е поинаку договорено, отказниот рок започнува да тече првиот ден од месецот кој му следи на месецот во кој на другата договорна страна и е упатено писменото известување за отказот и завршува со последниот ден на последниот месец од рокот.*

(6) *Овие одредби се применуваат и на договорот склучен на определено време, кој поради понатамошното исполнување и по истекот на времето за кое е склучен се смета за договор на неопределено време, со тоа што времето на траење на договорот на определено време се зема предвид при пресметувањето на должината на отказниот рок.*

Раскинување на договорот

Член 867

(1) *Од сериозни причини кои мораат да бидат наведени, а особено поради неисполнување на договорните обврски на другата страна или заради променети околности, секоја страна може да го раскине договорот склучен на неопределено време без отказен рок, односно да го раскине договорот на определено време пред истекот на времето за кој е склучен.*

(2) *Ова право страните не можат да го исклучат или ограничат.*

(3) *Доколку изјавата за раскинување на договорот на неопределено време е дадена без постоење на сериозни причини, таа се смета како изјава за отказ со редовен отказен рок.*

(4) *Договорната страна има право на надоместок на штета ако другата договорна страна немала сериозна причина за раскинување на договорот.*

(5) *Неоснованото раскинување и дава право на другата страна да го раскине договорот на неопределено време без отказен рок, односно да го раскине договорот на определено време пред истекот на времето за кое е склучен.*

Оддел 5-а

ПОСЕБЕН НАДОМЕСТОК

Право на посебен надоместок

Член 868

(1) *По престанокот на договорот, застапникот стекнува право на посебен надоместок, ако налогодавачот пронашол нови клиенти или значително му се зголемил обемот на работење со постојните клиенти, а налогодавачот и по престанокот на договорот имал значителна корист од тие клиенти, ако плаќањето на тој надоместок може да се оправда од околностите на случајот, особено поради губењето на провизијата од работењето со тие клиенти.*

(2) *Правото на посебен надоместок настанува и во случај кога договорот престанал поради смрт на застапникот.*

(3) *При утврдувањето на посебниот надоместок треба да се води сметка и за провизијата што застапникот ја добил за договорите склучени по престанокот на договорот со налогодавачот, како и можната забрана или ограничување на вршењето на дејност по престанокот на односот со налогодавачот.*

(4) *Износот на посебниот надоместок не може да го надмине износот на просечната годишна провизија во последните пет години, а ако договорниот однос траел пократко од пет години, износот на просечната годишна провизија за време на траењето на договорот.*

(5) *Во однос на извадоците од трговските книги на налогодавачот и известувањето за околностите кои имаат влијание на висината на посебниот надоместок, на соодветен начин ќе се применуваат одредбите од овој закон за правата на застапникот при пресметувањето на провизијата.*

(6) *Плаќањето на посебниот надоместок не го исклучува правото на застапникот да бара надоместок на штета која ја надминува висината на посебниот надоместок.*

Причини што го исклучуваат правото на посебен надоместок

Член 868-а

Налогодавачот не е должен да плати посебен надоместок, ако:

- застапникот го откажал или го раскинал договорот, со тоа што застапникот и тогаш има право на посебен надоместок ако причината за раскинувањето или откажувањето на договорот била на страната на налогодавачот, односно го раскинал или откажал договорот поради својата старост или болест која го спречува да го продолжи договорниот однос,

- налогодавачот го раскинал договорот поради однесување за кое е виновен застапникот и

- врз основа на спогодба со налогодавачот, застапникот го пренел договорот на некое друго лице.

Губење на правото на посебен надоместок

Член 868-б

Застапникот го губи правото на посебен надоместок, како и правото на надоместок на штета, ако во рок од една година од денот на престанокот на договорот не го извести налогодавачот дека ќе ја побарува нивната исплата.

Забрана на ограничување или исклучување на правата на застапникот

Член 868-в

Договорните страни не можат пред престанокот на договорот за трговско застапување да ги ограничат или исклучат правата што застапникот ги има според овој оддел од законот.

Оддел 5-б

ДОГОВОРНА ОДРЕДБА ЗА ЗАБРАНА ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

Забрана или ограничување за вршење на дејност

Член 868-г

(1) *Договорните страни можат да се договорат дека застапникот по престанокот на договорот нема да смее да врши, во целост или делумно дејност на трговско застапување.*

(2) *Таквата договорна обврска ќе биде важечка ако е во писмена форма и ако се однесува на истата територија, истите лица или истата стока на кои се однесувал и договорот за трговско застапување.*

(3) *Кога договорот за трговско застапување ќе престане поради причини кои се на страна на налогодавачот, ваквата договорна одредба го обврзува застапникот само ако налогодавачот по престанок на договорот му исплати посебен надоместок и ако, за време на траењето на забраната или ограничувањето за вршење на дејност, му плаќа дополнителен месечен надоместок во износ кој е еднаков на просечениот месечен износ на провизија на која имал право во последните пет години, а ако договорот траел помалку од пет години, во износ кој е еднаков на просечен месечен износ на провизија на која имал право за време на траењето на договорот.*

(4) *Договорната одредба за забрана или ограничување за вршење на дејност го обврзува застапникот најдолго две години по престанокот на договорот.*

(5) *Доколку застапникот го раскине договорот поради причина за која е виновен налогодавачот, тој е овластен во рок од еден месец од денот на раскинувањето на договорот, со писмена изјава да го извести налогодавачот дека нема да ја почитува одредбата за забрана или ограничување за вршење на дејност.*

(6) *Секоја поинаква одредба за забрана или ограничување на дејност е ништовна, ако со неа се влошува положбата на застапникот уредена со овие одредби.*

Глава XXIV

ПОСРЕДУВАЊЕ

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 869

Со договор за посредување се обврзува посредникот да настојува да најде и да доведе во врска со налогодавецот лице кое со него би преговарало за склучување на определен договор, а налогодавецот се обврзува да му исплати определен надомест ако тој договор биде склучен.

Примена на одредбите од Законот за договор за дело

Член 870

Кога е договорено дека посредникот ќе има право на определен надомест и ако неговото настојување остане без резултат, за таквиот договор ќе се суди според одредбите што важат за договорот за дело.

Примање на исполнување

Член 871

(1) *Налогот за посредување не содржи овластување за посредникот да прими за налогодавецот исполнување на обврската од договорот склучен со негово посредување.*

(2) *Затоа е потребно посебно писмено полномошно.*

Отповикување на налог за посредување

Член 872

Налогодавецот може да го отповика налогот за посредување секогаш кога сака, ако од тоа не се откажал и под услов отповикувањето да не е спротивно на совесноста.

Отсуство на обврската за налогодавецот да го склучи договорот

Член 873

Налогодавецот не е должен да пристапи кон преговори за склучување на договор со лицето кое го нашол посредникот, ниту да склучи со него договор под условите што му ги соопштил на посредникот, но ќе одговара за штетата ако постапил спротивно на совесноста.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ПОСРЕДНИКОТ

Обврска да се бара прилика

Член 874

(1) *Посредникот е должен со внимание на добар стопанственик да бара прилика за склучување на определен договор и да му укаже за неа на налогодавецот.*

(2) *Посредникот е должен да посредува во преговорите и да настојува да дојде до склучување на договор ако за тоа се обврзал посебно.*

(3) *Тој не одговара ако и покрај потребната грижливост не успее во своето настојување.*

Обврска за известување

Член 875

Посредникот е должен да го извести налогодавецот за сите околности од значење за намислената работа кои му се познати или морале да му бидат познати.

Одговорност на посредникот

Член 876

(1) *Посредникот одговара за штетата што би ја претрпела едната или другата страна меѓу кои посредувал, а која би се случила поради тоа што посредувал, за деловно неспособно лице за чија неспособност знаел или можел да знае, или за лице за кое знаел или морал да знае дека не ќе може да ги изврши обврските од тој договор и воопшто за секоја штета настаната по негова вина.*

(2) *Посредникот одговара за штетата што би настанала за налогодавецот поради тоа што без дозвола од налогодавецот известил некој трет за содржината на налогот, за преговорите или за условите на склучениот договор.*

Посреднички дневник и лист

Член 877

Посредникот е должен во посебна книга (посреднички дневник) да ги забележи суштествените податоци за договорот што е склучен со негово посредување и да издаде извод од таа книга потпишан од негова страна (посреднички лист).

Оддел 3

ОБВРСКИ НА НАЛОГОДАВЕЦОТ

Надомест

Член 878

(1) *Посредникот има право на надомест и кога не е договорен.*

(2) *Ако висината на надоместот не е определена ниту со тарифа или со некој друг општ акт, ниту со договор а ниту со обичај, ќе ја определи судот според посредниковиот труд и направената услуга.*

(3) *Договорениот посреднички надомест судот може да го намали на барање од налогодавецот, ако најде дека претерано е висок со оглед на посредниковиот труд и направената услуга.*

(4) *Намалување на договорениот надомест не може да се бара ако му е исплатен на посредникот по склучувањето на договорот за кој посредувал тој.*

Кога посредникот стекнува право на надомест

Член 879

(1) *Посредникот стекнува право на надомест во моментот на склучувањето на договорот за кој посредувал, ако не е договорено нешто друго.*

(2) *Ако договорот е склучен под одложен услов, посредникот стекнува право на надомест дури кога ќе се оствари условот.*

(3) *Кога договорот е склучен под раскинлив услов, остварувањето на условот нема влијание врз посредниковото право на надомест.*

(4) *Во случај на неважност на договорот, посредникот има право на надомест ако причината за неважноста не му била позната.*

Надомест на трошоците

Член 880

(1) *Посредникот нема право на надомест на трошоците направени во извршувањето на налогот, освен кога е тоа договорено.*

(2) *Ако со договорот му е признато правото на надомест на трошоците, тој има право на тој надомест и во случај кога договорот не е склучен.*

Посредување за двете страни

Член 881

(1) *Доколку поинаку не е договорено, посредникот кој добил налог за посредување од двете страни може да бара од секоја страна само половина од посредничкиот надомест и надомест на половината од трошоците, ако надоместот на трошоците е договорен.*

(2) *Посредникот е должен да се грижи со внимание на добар стопанственик за интересите на двете страни меѓу кои посредува.*

Губење на правото на надомест

Член 882

Посредникот кој спротивно на договорот или спротивно на интересите на својот налогодавец, работи за другата страна, го губи правото на посреднички надомест и на надомест на трошоците.

Глава XXV

ЕКСПЕДИРАЊЕ (шпедиција)

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 883

(1) *Со договорот за експедирање се обврзува експедиторот да склучи, заради превоз на определен предмет од свое име и за сметка на налогодавецот, договор за превоз и други договори потребни за извршување на превозот, како и да ги изврши другите вообичаени работи и дејствија, а налогодавецот се обврзува да му исплати определен надомест.*

(2) *Ако со договорот е предвидено, експедиторот може да склучува договор за презоз и да презема други правни дејствија од името и за сметка на налогодавецот.*

Откажување од договорот

Член 884

Налогодавецот може да се откаже од договорот по своја волја, но во тој случај е должен на експедиторот да му ги надомести сите трошоци што ги имал дотогаш и да му исплати сразмерен дел од надоместот за дотогашната работа.

Примена на правилата за договорот за комисион, односно за трговско застапување

Член 885

Врз односите на налогодавецот и експедиторот што не се уредени во оваа глава сообразно се применуваат правилата за договорот за комисион, односно за трговско застапување.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ЕКСПЕДИТОРОТ

Предупредување за недостатоците на налогот

Член 886

Експедиторот е должен да го предупреди налогодавецот за недостатоците во неговиот налог, *особено за оние што го изложуваат на поголеми трошоци или на штета*.

Предупредување за недостатоците на пакувањето

Член 887

Ако предметот не е запакуван или инаку не е подготвен за превоз како што треба, експедиторот е должен да го предупреди налогодавецот за тие недостатоци, а кога чекањето да ги отстрани налогодавецот би било од штета за него, експедиторот е должен да ги отстрани на сметка на налогодавецот.

Чување на интересите на налогодавецот

Член 888

(1) *Експедиторот е должен во секоја прилика да постапи како што тоа го бараат интересите на налогодавецот и со внимание на добар стопанственик.*

(2) *Тој е должен без одлагање да го извести налогодавецот за оштетувањето на предметите, како и за сите настани од значење за него и да ги преземе сите потребни мерки заради зачувување на неговите права спрема одговорното лице.*

Постапување според упатствата на налогодавецот

Член 889

(1) *Експедиторот е должен да се придржува кон упатствата за правецот на патот, за средствата и начинот на превозот, како и кон другите упатства добиени од налогодавецот.*

(2) *Ако не е можно да се постапи според упатствата содржани во налогот, експедиторот е должен да бара нови упатства, а ако за тоа нема време или е тоа невозможно, експедиторот е должен да постапи како што тоа го бараат интересите на налогодавецот.*

(3) *За секое отстапување од налогот, експедиторот е должен без одлагање да го извести налогодавецот.*

(4) *Ако налогодавецот не го определил ниту правецот на патот, ниту средството односно начинот на превозот, експедиторот ќе ги определи како што бараат интересите на налогодавецот во дадениот случај.*

(5) *Ако експедиторот отстапил од добиените упатства одговара и за штетата настаната поради виша сила, освен ако докаже дека штетата би се случила и да се придржувал кон дадените упатства.*

Одговорност на експедиторот за други лица

Член 890

(1) *Експедиторот одговара за изборот на превозникот како и за изборот на други лица со кои во извршувањето на налогот склучил договор (складирање на стоки и слично), но не одговара и за нивната работа, освен ако таа одговорност ја презел со договорот.*

(2) *Експедиторот кој ќе му го довери извршувањето на налогот на друг експедитор, наместо самиот да го изврши, одговара за неговата работа.*

(3) *Ако налогот содржи изречно или премолчно овластување за експедиторот да му го довери извршувањето на налогот на друг експедитор или ако тоа е очигледно во интерес на налогодавецот, тој одговара само за неговиот избор, освен ако ја презел одговорноста за неговата работа.*

(4) *Одговорностите од претходните ставови на овој член не можат со договор да се исклучат ниту да се ограничат.*

Царински дејствија и плаќање на царина

Член 891

Доколку со договорот поинаку не е определено, налогот за експедирање на предмети преку границата содржи обврска за експедиторот да ги спроведе потребните царински дејствија и да ги исплати царинските давачки за сметка на налогодавецот.

Кога експедиторот сам врши превоз или други работи

Член 892

(1) *Експедиторот може и самиот да изврши наполно или делумно превоз на предметите, чие експедирање му е доверено, ако не е договорено нешто друго.*

(2) *Ако експедиторот сам го извршил превозот или дел од превозот, ги има правата и обврските на превозник и во тој случај му припаѓа и соодветен надомест за превозот, покрај надоместот врз основа на експедирање и надоместот на трошоците во врска со експедирањето.*

(3) *Истото важи во поглед на другите работи опфатени со налогот*, *со обичаите или со општите услови*.

Осигурување на пратка

Член 893

(1) *Експедиторот е должен да ја осигури пратката само ако е тоа договорено.*

(2) *Ако со договорот не е определено кои ризици треба да ги опфати осигурувањето, експедиторот е должен да ги осигури предметите од вообичаените ризици.*

Полагање сметка

Член 894

(1) *Експедиторот е должен по завршената работа да му положи сметка на налогодавецот.*

(2) *Спрема барањето од налогодавецот експедиторот е должен да положи сметка и во текот на извршувањето на налогот.*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА НАЛОГОДАВЕЦОТ

Исплата на надомест

Член 895

Налогодавецот е должен да му исплати на експедиторот надомест според договорот, а ако надоместот не е договорен, тогаш надомест што е определен со тарифата или со некој друг општ акт, а во недостиг на овој, надоместот го определува судот.

Кога експедиторот може да бара надомест

Член 896

Експедиторот може да бара надомест кога ќе ги изврши своите обврски од договорот за експедирањето.

Трошоци и аванс

Член 897

(1) *Налогодавецот е должен да му ги надомести на експедиторот потребните трошоци направени заради извршување на налогот за експедирање на предмети.*

(2) *Експедиторот може да бара надомест на трошоците веднаш откако ги направил.*

(3) *Налогодавецот е должен, на барање од експедиторот, да му ја авансира потребната сума за трошоците што ги бара извршувањето на налогот за експедирање на предмети.*

Кога е договорено надоместот да го исплати примачот на предметите

Член 898

Ако е договорено дека експедиторот ќе ги наплати своите побарувања од примачот на предметите, експедиторот го задржува правото да бара исплата на надоместот од налогодавецот ако примачот одбие да му го исплати.

Опасни предмети и скапоцености

Член 899

(1) *Налогодавецот е должен да го извести експедиторот за особините на предметите со кои може да биде загрозена сигурноста на лица, или добра или да биде нанесена штета.*

(2) *Кога во пратката се наоѓаат скапоцености, хартии од вредност или други скапоцени работи, налогодавецот е должен да го извести за тоа експедиторот и да му ја соопшти нивната вредност во моментот на предавањето заради експедирање.*

Оддел 4

ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ЕКСПЕДИРАЊЕ

Експедирање со фиксен надомест

Член 900

(1) *Кога со договорот за експедирање е определена една вкупна сума за извршување на налогот за експедирање на предмети, таа го опфаќа надоместот врз основа на експедирање и надомест за превоз и надоместот на сите други трошоци, ако не е договорено ништо друго.*

(2) *Во тој случај експедиторот одговара и за работата на превозникот и на другите лица со кои се послужил преку овластувањата од договорот.*

Збирно експедирање

Член 901

(1) *Експедиторот може во извршувањето на добиените налози да организира збирно експедирање, освен ако тоа е исклучено со договорот.*

(2) *Ако со збирното експедирање постигне разлика во возаринатa во корист на налогодавецот, експедиторот има право на посебен дополнителен надомест.*

(3) *Во случај на збирно експедирање, експедиторот одговара за загубувањето или оштетувањето на предметите настанати за време на превозот до кои не би дошло да немало збирно експедирање.*

Оддел 5

ЗАЛОЖНО ПРАВО НА ЕКСПЕДИТОРОТ

Член 902

(1) *Заради обезбедување наплата на своите побарувања настанати во врска со договорот за експедирање, експедиторот има право на залог над предметите предадени заради експедирање и во врска со експедирањето сѐ додека ги држи или додека има во рацете исправа со помош на која може да располага со нив.*

(2) *Кога во извршувањето на експедирањето учествувал и друг експедитор, тој е должен да се грижи за наплатата на побарувањата и за остварувањето на правото на залог на претходните експедитори.*

(3) *Ако друг експедитор ги исплати експедитеровите побарувања спрема налогодавецот, тие побарувања и правото на експедиторот на залог преминуваат врз него според самиот закон.*

(4) *Тоа истото станува ако друг експедитор ги исплати побарувањата на превозникот.*

Глава XXVI

ДОГОВОР ЗА КОНТРОЛА НА СТОКИ И УСЛУГИ

Поим

Член 903

(1) *Со договорот за контрола на стоките едната договорна страна (вршителот на контролата), се обврзува стручно и непристрасно да ја изврши договорената контрола на стоките и да издаде цертификат за тоа, а другата страна (нарачувачот на контролата), се обврзува за извршената контрола да го исплати договорениот надомест.*

(2) *Контролата на стоките може да се состои во утврдување на идентитетот, квалитетот, квантитетот и на другите својства на стоките.*

Обем на контролата

Член 904

Вршителот на контролата е должен да ја изврши контролата во обемот и на начинот што се определени во договорот, а ако во договорот не е определено ништо, во обемот и на начинот што ù *одговараат на природата на предметите.*

Ништовност на одделни одредби на договорот

Член 905

(1) *Ништовни се одредбите од договорот што му наметнуваат на вршителот на контролата должности кои би можеле да влијаат врз непристрасноста во вршењето на контролата или врз исправноста на исправата за извршената контрола (цертификатот).*

(2) *Контролата се смета за извршена дури по издавањето на цертификатот.*

Чување на стоки, односно на мостра

Член 906

(1) *Стоките што нарачувачот на контролата му ги предал на вршителот на контролата заради извршување на договорената контрола, вршителот на контролата е должен да ги чува и да ги обезбеди од замена.*

(2) *Вршителот на контролата е должен да ги чува мострите што му се предадени најмалку шест месеци, доколку поинаку не е договорено.*

Обврска за известување на нарачувачот

Член 907

Вршителот на контролата е должен за сите значајни околности во текот на контролата и чувањето на стоките навремено да го известува нарачувачот на контролата, а особено за нужните и корисните трошоци направени за негова сметка.

Надомест

Член 908

(1) *За извршената контрола и чување на стоките вршителот на контролата има право на договорениот, односно вообичаениот надомест.*

(2) *Вршителот на контролата има право и на надомест на сите нужни и корисни трошоци што се направени за сметка на нарачувачот на контролата.*

Право на залог

Член 909

Заради обезбедување на договорениот или вообичаениот надомест и надоместот на нужните и корисните трошоци, *вршителот на контролата има право на залог над стоките што му се предадени на контрола*.

Доверување на контролата на стоки на друг вршител на контролата

Член 910

(1) *Вршителот на контролата може извршувањето на договорената контрола на стоките да му ја довери на друг, освен ако нарачувачот на контролата тоа изрично му го забранил.*

(2) *Вршителот на контролата одговара пред нарачувачот на контролата за работата на другиот вршител на контролата.*

Контрола на стоки со вршење на одделни правни дејствија

Член 911

(1) *Врз основа на изречен налог од нарачувачот на контролата, вршителот на контролата е овластен, покрај извршувањето на договорената контрола на стоките, да врши и одделни правни дејствија од името и за сметка на нарачувачот на контролата.*

(2) *Вршителот на контролата има право на посебен , вообичаен или договорен надомест за извршувањето на одделни правни дејствија од името и за сметка на нарачувачот на контролата.*

Контрола на стоки со гаранција

Член 912

(1) *Вршителот на контролата може да гарантира за непроменливоста на својствата на контролираните стоки во договорениот рок.*

(2) *За преземената гаранција во поглед на својствата на стоките, вршителот на контролата има право на посебен, договорен или вообичаен надомест.*

Контрола на услуги и предмети што не се наменети за промет

Член 913

Ако вршењето на контролата се однесува на услуги или предмети што не се наменети за промет, вршителот на контролата и нарачувачот на контролата ги имаат истите права и обврски, како и кај контролата на стоки.

Раскинување на договор

Член 914

Нарачувачот на контролата може да изјави дека го раскинува договорот сè додека нарачаната контрола не е извршена, но во тој случај е должен на вршителот на контролата да му плати сразмерен дел од надоместот и направените нужни и корисни трошоци, како и да му ја надомести штетата.

Глава XXVII

ДОГОВОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАТУВАЊЕ

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 915

Со договорот за организирање на патување се обврзува организаторот на патувањето да му прибави на патникот збир на услуги кои се состојат од превоз, престој и други услуги што се врзани со нив, а патникот се обврзува на организаторот да му плати една вкупна (паушална) цена.

Издавање на потврда за патувањето

Член 916

(1) *Организаторот на патувањето при склучувањето на договорот му издава на патникот потврда за патувањето.*

(2) *Потврдата за патувањето треба да содржи: место и датум на издавањето; ознака и адреса на организаторот на патувањето; име на патникот; место и датум на почетокот и крајот на патувањето, датуми на престојот, нужни податоци за превозот, престојот, како и за другите услуги што се опфатени со вкупната цена; најмал број на потребните патници; вкупната цена за збирот на услугите предвидени со договорот; услови под кои патникот може да бара раскинување на договорот, како и другите податоци за кои се смета дека е корисно да бидат содржани во потврдата.*

(3) *Ако пред издавањето на потврдата за патување на патникот му е врачена програма за патувањето во која се наоѓаат податоците од став* (2) *на овој член, потврдата за патувањето може да содржи само упатување кон таа програма.*

Однос на договорот и потврдата за патување

Член 917

(1) *Постоењето и полноважноста на договорот за организирање на патување се независни од постоењето на потврдата за патување и од нејзината содржина.*

(2) *Организаторот на патувањето одговара за сета штета што ќе ја претрпи другата страна, поради неиздавањето на потврда за патување или поради нејзината неточност.*

Претпоставка на точноста на потврдата

Член 918

Се смета дека е точно она што стои во потврдата сè додека не ќе се докаже спротивното.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ПАТУВАЊЕТО

Заштита на правата и интересите на патникот

Член 919

Организаторот на патувањето е должен на патникот да му даде услуги што ги имаат содржината и својствата предвидени со договорот, со потврдата, односно со програмата за патување и да се грижи за правата и интересите на патникот, согласно со добрите деловни обичаи во оваа област.

Обврска за известување

Член 920

Организаторот на патувањето е должен на патникот да му ги даде потребните известувања за цените и условите на превозот, престојот и посебните услуги, како и известувања што се однесуваат на квалитетот на превозните средства и сместувањето, на возниот ред, врските, граничните и царинските формалности, на санитарните, монетарните и други административни прописи.

Обврска за чување на тајна

Член 921

Известувањата што ќе ги добие за патникот, неговиот багаж и за неговите движења, организаторот може да ги соопштува на трети лица, само со одобрение од патникот или по барање од надлежниот орган.

Одговорност за организирање на патувањето

Член 922

Организаторот на патувањето одговара за штетата што ќе му ја причини на патникот, поради целосно или делумно неизвршување на обврските кои се однесуваат на организирањето на патувањето, предвидени со договорот и со овој закон.

Одговорност на организаторот на патувањето кога самиот врши одделни услуги

Член 923

Ако самиот дава услуги на превоз, сместување или други услуги врзани за извршување на организираното патување, организаторот одговара за штетата што му е направена на патникот според прописите што се однесуваат на тие услуги.

Одговорност на организаторот на патувањето кога извршувањето на одделни услуги им го доверил на трети лица

Член 924

(1) *Организаторот на патувањето што им го доверил на трети лица извршувањето на услугите на превоз, сместување или други услуги врзани за извршувањето на патувањето, одговара пред патникот за штетата што настанала поради целосно или делумно неизвршување на овие услуги, согласно со прописите што се однесуваат на нив.*

(2) *Кога услугите се извршени согласно со договорот и со прописите што се однесуваат на нив, организаторот одговара за штетата што ја претрпел патникот по повод нивното извршување, освен ако докаже дека се однесувал како внимателен организатор на патувањето при изборот на лицата кои ги извршиле.*

(3) *Патникот има право непосредно од третото лице, одговорно за штетата, да бара целосен или дополнителен надомест за претрпената штета.*

(4) *Во мера во која му ја надоместил штетата на патникот, организаторот на патувањето ги стекнува сите права што би ги имал патникот спрема третото лице одговорно за оваа штета (право на регрес).*

(5) *Патникот е должен да му ги отстапи на организаторот на патувањето исправите и сѐ што е потребно за остварување на правото на регрес.*

Намалување на цената

Член 925

(1) *Ако услугите од договорот за организирање на патувањето се извршени нецелосно или неквалитетно, патникот може да бара сразмерно намалување на цената под услов да ставил приговор до организаторот на патувањето во рок од осум дена од денот на завршувањето на патувањето.*

(2) *Барањето за намалување на цената не влијае врз правото на патникот да бара надомест на штетата.*

Исклучување и ограничување на одговорноста на организаторот на патувањето

Член 926

(1) *Ништовни се одредбите од договорот за организирање на патување со кои се исклучува или намалува одговорноста на организаторот на патувањето.*

(2) *Но, полноважна е писмената одредба на договорот со која однапред се определува највисокиот износ на надоместот, под услов да не е во очигледен несразмер со штетата.*

(3) *Ова ограничување на износот на надоместот не важи ако организаторот штетата ја причинил намерно или со крајно невнимание.*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА ПАТНИКОТ

Плаќање на цената

Член 927

Патникот е должен на организаторот на патувањето да му ја плати договорената цена за патувањето во времето како што е договорено, односно вообичаено.

Обврска за давање на податоци

Член 928

Патникот е должен по барање од организаторот навремено да ги достави сите податоци потребни за организирање на патувањето, а посебно за прибавување на превозни билети, резервација за сместување, како и исправи потребни за преминување преку границата.

Исполнување на условите предвидени со прописите

Член 929

Патникот е должен да се грижи тој лично, неговите лични исправи и неговиот багаж да ги исполнуваат условите предвидени со граничните, царинските, санитарните, монетарните и други административни прописи.

Одговорност на патникот за причинетата штета

Член 930

Патникот одговара за штетата што ќе му ја причини на организаторот на патувањето со неизвршување на обврските што произлегуваат за него од договорот и од одредбите на овој закон.

Оддел 4
ПОСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

Замена на патникот со друго лице

Член 931

Ако поинаку не е договорено, патникот може да определи друго лице наместо него да ги користи договорените услуги под услов ова лице да ги задоволува посебните барања предвидени за определено патување и патникот да му ги надомести на организаторот на патувањето трошоците причинети со замената.

Зголемување на договорената цена

Член 932

(1) *Организаторот на патувањето може да бара зголемување на договорената цена само ако по склучувањето на договорот дошло до промени во курсот на размената на валутата или до промена во тарифите на превозникот, што влијаат врз цената на патувањето.*

(2) *Правото на зголемување на договорената цена од став* (1) *на овој член организаторот на патувањето може да го остварува само под услов тоа да е предвидено во потврдата за патување.*

(3) *Ако зголемувањето на договорената цена премине* 10%, *патникот може да го раскине договорот без обврска да ја надомести штетата.*

(4) *Во тој случај патникот има право на враќање на она што му го платил на организаторот на патувањето.*

Право на патникот да се откаже од договорот

Член 933

(1) *Патникот може во секој момент да се откаже од договорот, наполно или делумно.*

(2) *Ако патникот пред почетокот на патувањето се откаже од договорот во разумен рок кој се определува со оглед на видот на аранжманот (навремено откажување), организаторот на патувањето има право само на надомест на административните трошоци.*

(3) *Во случај на ненавремено откажување од договорот, организаторот на патувањето може да бара од патникот надомест во определен процент од договорената цена кој се утврдува сразмерно со времето преостанато до почетокот на патувањето и кој мора да биде економски оправдан.*

(4) *Организаторот на патувањето има право само на надомест на направените трошоци ако патникот се откажал од договорот поради околности кои не можел да ги избегне или отстрани и кои, да постоеле во време на склучувањето на договор, би претставувале оправдана причина да не го склучи договорот, како и во случај ако патникот обезбедил соодветна замена или замена нашол самиот организатор.*

(5) *Ако патникот се откаже од договорот по почетокот на патувањето, а причина за тоа не се околностите од став* (4) *на овој член, организаторот има право на полниот износ на договорената цена на патувањето.*

Право на организаторот на патувањето да се откаже од договорот

Член 934

(1) *Организаторот на патувањето може да се откаже од договорот, наполно или делумно, без обврска за надомест на штетата, ако пред или за време на извршувањето на договорот настапат вонредни околности кои не можеле да се предвидат, ниту да се избегнат или отстранат, а кои, да постоеле во време на склучувањето на договорот, би претставувале оправдана причина за организаторот на патувањето да не го склучи договорот.*

(2) *Организаторот на патувањето може да се откаже од договорот без обврска за надомест на штетата и кога минималниот број патници, предвиден во потврдата за патување, не се собрале, под услов за таа околност патникот да биде известен во примерен рок кој не може да биде пократок од пет дена пред денот кога патувањето требало да започне.*

(3) *Во случај на откажување од договорот пред неговото извршување, организаторот мора во целост да го врати она што го примил од патникот.*

(4) *Ако организаторот се откажал од договорот за време на неговото извршување, има право на справедлив надомест за остварените договорени услуги, а е должен да ги преземе сите нужни мерки за заштита на интересот на патникот.*

Измена на програмата за патување

Член 935

(1) *Измени во програмата за патување можат да се вршат само ако се предизвикани од вонредни околности што организаторот на патувањето не можел да ги предвиди, избегне или отстрани.*

(2) *Трошоците што настанале поради измена на програмата ги поднесува организаторот на патувањето, а намалувањето на трошоците оди во корист на патникот.*

(3) *Замена на договореното сместување може да се врши само со употреба на објект од иста категорија или на товар на организаторот со употреба на објект од повисока категорија и во договореното место на сместување.*

(4) *Ако во програмата за патување се извршени суштествени измени без оправдана причина, организаторот на патувањето мора во целост да го врати она што го примил од патникот кој поради тоа се откажал од патувањето.*

(5) *Ако се направени суштествени измени во програмата за време на извршувањето на договорот, патникот во случај на откажување ги поднесува само вистинските трошоци на остварените услуги.*

Глава XXVIII

ПОСРЕДНИЧКИ ДОГОВОР ЗА ПАТУВАЊЕ

Поим

Член 936

Со посредничкиот договор за патување посредникот се обврзува да склучи, од името и за сметка на патникот било договор за организирање на патување, било договор за извршување на една или повеќе посебни услуги што овозможуваат да се оствари некое патување или престој, а патникот се обврзува да плати за тоа надомест.

Обврска за издавање на потврда

Член 937

(1) *Кога со посреднички договор за патување се презема обврска за склучување на договор за организирање на патување, посредникот е должен при склучувањето да издаде потврда за патување која, покрај податоците што се*

однесуваат на самото патување и ознаката и адресата на организаторот на патувањето, мора да ги содржи ознаката и адресата на посредникот, како и податок дека тој истапува во тоа својство.

(2) *Ако во потврдата за патување не го назначи својството на посредник, посредникот во организирањето на патувањето се смета како организатор на патувањето.*

(3) *Во случај кога посредничкиот договор за патување се однесува на склучување договор за некоја посебна услуга*, *посредникот е должен да издаде потврда што се однесува на таа услуга со назнака за износот што е платен за услугата*.

Постапување според упатствата на патникот

Член 938

(1) *Посредникот е должен да постапува според упатствата што патникот навремено му ги дал, ако се тие во согласност со договорот, вообичаеното работење на посредникот и интересите на другите патници.*

(2) *Ако патникот не ги даде потребните упатства, посредникот е должен да работи на начинот што во дадените прилики е најпогоден за патникот.*

Избор на трети лица

Член 939

Посредникот е должен совесно да го врши изборот на трети лица кои треба да ги вршат услугите предвидени со договорот и му одговара на патникот за нивниот избор.

Сообразна примена на одребите на договорот за организирање на патување

Член 940

Одредбите на овој закон што се однесуваат на договорот за организирање на патување сообразно се применуваат врз посредничкиот договор за патување, ако со одредбите на оваа глава поинаку е определено.

Глава XXIX

ДОГОВОР ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ (ДОГОВОР ЗА АЛОТМАН)

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 941

(1) *Со договорот за алотман угостителот се обврзува во текот на определено време да* ѝ *стави на располагање на туристичката агенција определен број легла во определен објект, да им даде угостителски услуги на лицата што ќе ги упати агенцијата и да* ѝ *плати определена провизија, а оваа се обврзува да настојува да*

ги пополни односно да извести во утврдените рокови дека тоа не го може, како и да ја плати цената на дадените услуги доколку ги користела ангажираните хотелски капацитети.

(2) *Ако со договорот не е определено поинаку, се смета дека сместувачките угостителски капацитети се ставени на располагање за една година.*

Форма на договорот

Член 942

Договорот за алотман мора да биде склучен во писмена форма.

Оддел 2

ОБВРСКИ НА ТУРИСТИЧКАТА АГЕНЦИЈА

Обврска за известување

Член 943

(1) *Туристичката агенција е должна да го известува угостителот за текот на пополнувањето на сместувачките капацитети.*

(2) *Доколку не е во можност да ги пополни сите ангажирани сместувачки капацитети, туристичката агенција е должна во договорените или вообичаените рокови да го извести угостителот за тоа и да му ја достави листата на гостите, како и во известувањето да го определи рокот до кој угостителот може слободно да располага со ангажираните капацитети.*

(3) *Угостителските капацитети што во листата на гостите не се означени како пополнети, се сметаат слободни од денот на приемот на таа листа од страна на хотелот за периодот на кој се однесува листата.*

(4) *По истекот на тој рок туристичката агенција повторно стекнува право да ги пополнува ангажираните сместувачки капацитети.*

Обврска за придржување кон договорените цени

Член 944

Туристичката агенција не може на лицата кои ги праќа во угостителски објект да им засметува поголеми цени за угостителските услуги од оние што се предвидени со договорот за алотман или со угостителскиот ценовник.

Обврска за плаќање на угостителските услуги

Член 945

(1) *Доколку со договорот поинаку не е определено, цената на дадените угостителски услуги на угостителот му ја плаќа туристичката агенција по извршените услуги.*

(2) *Угостителот има право да бара плаќање на соодветна аконтација.*

Обврска за издавање на посебна писмена исправа

Член 946

(1) *Туристичката агенција е должна на лицата кои ги праќа врз основа на договор за алотман да им издаде посебна писмена исправа.*

(2) *Посебната писмена исправа гласи на име или на определена група, непренослива е и содржи налог за угостителот да ги даде услугите што се наведени во неа.*

(3) *Посебната писмена исправа служи како доказ дека лицето е клиент на туристичката агенција која со угостителот склучила договор за алотман.*

(4) *Врз основа на посебната писмена исправа се врши пресметка на заемните побарувања меѓу туристичката агенција и угостителот.*

Оддел 3

ОБВРСКИ НА УГОСТИТЕЛОТ

Обврска за ставање на користење на договорените сместувачки капацитети

Член 947

(1) *Угостителот презема конечна и неотповиклива обврска во тек на определено време да стави на користење договорен број легла и да им даде на лицата кои ги упатува туристичката агенција услугите наведени во посебната писмена исправа.*

(2) *Угостителот не може да договори со друга туристичка агенција ангажирање на капацитетите што се веќе резервирани врз основа на договор за алотман.*

Обврски за еднакво постапување

Член 948

Угостителот е должен на лицата кои ќе ги упати туристичката агенција да им даде услуги под истите услови, како и на лицата со кои непосредно склучил договор за угостителските услуги.

Обврска на угостителот да не ги менува цените на услугите

Член 949

(1) *Угостителот не може да ги менува договорените цени ако за тоа не ја извести туристичката агенција најмалку шест месеци однапред, освен во случај на промена во курсот на размената на валутите што влијаат врз договорената цена.*

(2) *Новите цени можат да се применуваат по истекот на еден месец од нивното доставување до туристичката агенција.*

(3) *Новите цени нема да се применуваат врз услугите за кои е веќе доставена листа на гостите.*

(4) *Во секој случај измените на цените немаат дејство врз резервациите што ги потврдил угостителот.*

Обврска за плаќање на провизија

Член 950

(1) *Угостителот е должен на туристичката агенција да* ù *исплати провизија на прометот остварен врз основа на договорот за алотман.*

(2) *Провизијата се определува во процент од цената на извршените угостителски услуги.*

(3) *Доколку процентот на провизијата не е определен со договор, на туристичката агенција* ù *припаѓа провизијата определена со општите услови за работење на туристичката агенција или* , *ако овие ги нема со деловните обичаи.*

Оддел 4

ПРАВО НА ТУРИСТИЧКАТА АГЕНЦИЈА ДА СЕ ОТКАЖЕ ОД ДОГОВОРОТ

Право на откажување од ангажираните сместувачки капацитети

Член 951

(1) *Туристичката агенција може привремено да се откаже од користењето на ангажираните сместувачки капацитети, а со тоа да не го раскине договорот за алотман, ниту да создаде за себе обврска за надомест на штета на угостителот, доколку во договорениот рок му прати известување за откажувањето од користењето.*

(2) *Ако рокот за известување за откажувањето не е определен со договорот, се утврдува врз основа на деловните обичаи во угостителството.*

(3) *Во случај известувањето за откажувањето да не биде пратено во предвидениот рок, угостителот има право на надомест на штетата.*

(4) *Туристичката агенција може да се откаже од договорот во целост без обврска да ја надомести штетата ако известувањето за откажувањето го испрати во договорениот рок.*

Обврска на туристичката агенција да ги пополни ангажираните капацитети

Член 952

(1) *Со договорот за алотман може да се предвиди посебна обврска за туристичката агенција да ги пополни ангажираните угостителски капацитети.*

(2) *Ако во тој случај не ги пополни ангажираните угостителски капацитети, туристичката агенција е должна да му плати на угостителот надомест за неискористено легло во ден.*

(3) *Туристичката агенција тогаш нема право преку навремено известување да го откаже договорот било делумно или во целост.*

Глава XXX

ОСИГУРУВАЊЕ

Оддел 1

ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ИМОТНИ ОСИГУРУВАЊА И ЗА ОСИГУРУВАЊА НА ЛИЦА

Отсек 1

1 . ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 953

Со договорот за осигурување се обврзува договарачот на осигурувањето, врз начелата на заемност и солидарност да здружува определен износ во друштвото за осигурување, односно во друштвото за ризици (осигурувач), а друштвото се обврзува ако дојде до настан кој претставува осигурен случај да му го исплати на осигуреникот или на некое трето лице надоместот, односно договорената сума или да направи нешто друго.

Осигурен случај
Член 954

(1) *Настанот со оглед на кој се склучува осигурувањето (осигуреният случај), мора да биде иден, неизвестен и независен од исклучивата волја на договарачот.*

(2) *Договорот за осигурување е ништовен ако во моментот на неговото склучување веќе настанал осигуреният случај, или тој бил во настапување или било извесно дека ќе настапи, или ако веќе тогаш престанала можноста тој да настане.*

(3) *Ако е договорено дека со осигурувањето ќе биде опфатен определен период кој му претходи на склучувањето на договорот, договорот ќе биде ништовен само ако во моментот на неговото склучување на заинтересираната страна* ù *било познато дека веќе настанал осигуреният случај, односно дека веќе тогаш престанала можноста тој да настане.*

Исклучувања на некои осигурувања

Член 955

(1) *Одредбите на оваа глава нема да се применуваат врз пловидбеното осигурување, како ни врз другите осигурувања врз кои се применуваат правилата за пловидбеното осигурување.*

(2) *Наведените одредби нема да се применуваат ни врз осигурувањето на побарувањата, како ни врз односите од реосигурувањето.*

Отстапување од одредбите на оваа глава

Член 956

(1) *Со договор може да се отстапи само од оние одредби на оваа глава во кои тоа отстапување изречно е дозволено, како и од оние што им даваат на договарачите можност да постапат како што сакаат.*

(2) *Отстапување од другите одредби, доколку не е забрането со овој или со некој друг закон, е дозволено само ако е во несомнен интерес на осигуреникот.*

Отсек 2

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Кога е договорот склучен

Член 957

(1) *Договорот за осигурување е склучен кога договарачите ќе ја потпишат полисата на осигурување или листата на покритието.*

(2) *Писмената понуда направена на осигурувачот за склучување на договор за осигурување го врзува понудувачот, ако тој не определил пократок рок, за време од осум дена од денот кога понудата пристигнала до осигурувачот, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од* 30 *дена.*

(3) *Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата која не отстапува од условите под кои тој го врши предложеното осигурување, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен.*

(4) *Во тој случај договорот се смета за склучен кога понудата пристигнала до осигурувачот.*

Полиса и листа на покритието

Член 958

(1) *Во полисата мораат да бидат наведени: договорните страни, осигуриот предмет, односно осигуреното лице, ризикот опфатен со осигурувањето, траењето на осигурувањето и периодот на покритието, сумата на осигурувањето или дека осигурувањето е неограничено; премијата или придонесот, датумот на издавањето на полисата и потписи на договорните страни.*

(2) *Полисата на осигурувањето може да биде привремено заменета со листа на покритието во која се внесуваат суштествените состојки на договорот.*

(3) *Осигурувачот е должен да го предупреди договарачот на осигурувањето дека општите и посебните услови на осигурувањето се составен дел на договорот и да му го предаде нивниот текст, ако тие услови не се печатени на самата полиса.*

(4) *Извршувањето на обврската од став* (3) *на овој член мора да биде констатирано на полисата.*

(5) *Во случај на несогласување на некоја одредба за општите или посебните услови и некоја одредба на полисата ќе се примени одредбата на полисата, а во случај на несогласување на некоја печатена одредба на полисата и некоја нејзина ракописна одредба, ќе се примени оваа последнава.*

(6) *Според спогодбата на договарачите, полисата може да гласи на определено лице по наредба или на доносител.*

Осигурување без полиса

Член 959

Со условите на осигурувањето можат да бидат предвидени случаите во кои договорниот однос од осигурувањето настанува со самото плаќање на премијата.

Склучување на договори од името на друг без овластување

Член 960

(1) *Тој што ќе склучи договор за осигурување од името на друг без негово овластување, му одговара на осигурувачот за обврските од договорот сè додека оној од чие име е склучен договорот не ќе го одобри.*

(2) *Заинтересираниот може да го одобри договорот и откако настанал осигурениот случај.*

(3) *Ако одобрението е одбиено, договарачот на осигурувањето должи премија за периодот на осигурувањето во кој осигурувачот е известен за одбивањето на одобрението.*

(4) *Не одговара за обврските од осигурувањето работоводителот, без налог кој го известил осигурувачот дека истапува без овластување од името и за сметка на друг.*

Осигурување за туѓа сметка или за сметка на оној на кого се однесува

Член 961

(1) *Во случај на осигурување за туѓа сметка или за сметка на оној на кого се однесува, обврските за плаќање на премијата и другите обврски од договорот е должен да ги извршува договарачот на осигурувањето, но тој не може да ги врши правата од осигурувањето, дури и кога држи полиса, без согласност од лицето чиј интерес е осигурен и кому тие му припаѓаат.*

(2) *Договарачот на осигурувањето не е должен да му ја предаде полисата на заинтересираното лице додека не ќе му бидат надоместени премиите што му ги исплатил на осигурувачот, како и трошоците на договорот.*

(3) *Договарачот на осигурувањето има право на првенствена наплата на овие побарувања од надоместот што се должи како и право да бара нивна исплата непосредно од осигурувачот.*

(4) *Осигурувачот може на секој корисник на осигурувањето за туѓа сметка да му ги истакне сите приговори што врз основа на договорот ги има спрема договарачот на осигурувањето.*

Застапници на осигурувањето

Член 962

(1) *Кога осигурувачот го овласти некого да го застапува, а не го определи обемот на неговите овластувања, застапникот е овластен од името и за сметка на осигурувачот да склучува договори за осигурување, да договара измени на договорите или продолжување на нивното важење, да издаде полиси на осигурувањето, да наплатува премии и да прима изјави упатени од осигурувачот.*

(2) *Ако осигурувачот го ограничил овластувањето на својот застапник, а тоа на договарачот на осигурувањето не му било познато, се смета како да не постоеле тие ограничувања.*

Отсек 3

ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ, ОДНОСНО НА ДОГОВАРАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

I. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ

Должност за пријавување

Член 963

Договарачот на осигурувањето е должен при склучувањето на договорот да му ги пријави на осигурувачот сите околности што се од значење за оцена на ризикот, а што му се познати или не можеле да му останат непознати.

Намерна неточна пријава или премолчување

Член 964

(1) *Ако договарачот на осигурувањето намерно направил неточна пријава или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачот не би склучил договор ако знаел за вистинската состојба на работите, осигурувачот може да бара поништување на договорот.*

(2) *Во случај на поништување на договорот од причините наведени во став* (1) *на овој член, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за периодот на осигурувањето во кој побарал поништување на договорот.*

(3) *Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако тој во рок од три месеци од денот на дознавањето на неточноста на пријавата или за премолчувањето не му изјави на договарачот на осигурувањето дека има намера да го користи тоа право.*

Ненамерна неточност или нецелосност на пријавата

Член 965

(1) *Ако договарачот на осигурувањето направил неточна пријава, или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може, по свој избор, во рок од еден месец од дознавањето за неточноста или нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.*

(2) *Договорот во тој случај престанува по истекот на* 14 *дена од кога осигурувачот својата изјава за раскинување му ја соопштил на договарачот на осигурувањето, а во случај на предлог од осигурувачот премијата да се зголеми, раскинувањето настапува според самиот закон ако договарачот на осигурувањето не го прифати предлогот во рок од* 14 *дена од кога го примил.*

(3) *Во случај на раскинување, осигурувачот е должен да го врати делот од премијата што отпаѓа на времето до крајот на периодот на осигурувањето.*

(4) *Ако осигурениот случај настанал пред да е утврдена неточноста или нецелосноста на пријавата или по тоа но пред раскинувањето на договорот, односно пред постигнувањето на спогодба за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер меѓу стапката на платените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик.*

Проширување на примената на претходните членови

Член 966

Одредбите на членовите 964 *и* 965 *на овој закон, за последиците од неточната пријава или премолчувањето на околностите од значење за оцена на ризикот се применуваат и во случаи на осигурувања склучени од името и за сметка на друг, или во корист на трет или за туѓа сметка, или за сметка на оној на кого се однесува, ако овие лица знаеле за неточноста на пријавата или за премолчувањето на околностите од значење за оцената на ризикот.*

Случаи во кои осигурувачот не може да се повикува на неточноста или нецелосноста на пријавата

Член 967

(1) *Осигурувачот, кому во моментот на склучувањето на договорот му биле познати или не можеле да му останат непознати околностите што се од значење за оцена на ризикот, а кои договарачот на осигурувањето неточно ги пријавил или ги премолчил, не може да се повикува на неточноста на пријавата или на премолчувањето.*

(2) *Истото важи во случај кога осигурувачот дознал за тие околности за време на траењето на осигурувањето, а не ги користел законските овластувања.*

II. ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

Должност за плаќање и примање на премија

Член 968

(1) *Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата на осигурувањето, но осигурувачот е должен да ја прими исплатата на премијата од секое лице кое има правен интерес таа да биде платена.*

(2) *Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се исплати одеднаш, се плаќа при склучувањето на договорот.*

(3) *Место на плаќањето на премијата е местото во кое договарачот на осигурувањето има свое седиште односно живеалиште, ако со договорот не е определено некое друго место.*

Последици од неисплата на премија

Член 969

(1) *Ако е договорено премијата да се плаќа при склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот или сумата определена со договорот почнува наредниот ден од денот на уплатата на премијата.*

(2) *Ако е договорено премијата да се плаќа по склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот или сумата определена со договорот почнува од денот определен во договорот како ден на почеток на осигурувањето.*

(3) *Ако договарачот на осигурувањето премијата што стасала по склучувањето на договорот не ја плати до стасаноста, ниту тоа го стори некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува според самиот закон по истекот на рокот од* 30 *дена од кога на договарачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, но со тоа што тој рок да не може да истече пред да поминат* 30 *дена од стасаноста на премијата.*

(4) *Во секој случај договорот за осигурување престанува според самиот закон ако премијата не биде платена во рок од една година од стасаноста.*

(5) *Одредбите на овој член не се применуваат врз осигурувањето на живот.*

III. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА РИЗИКОТ

Зголемување на ризикот

Член 970

(1) *Договарачот на осигурувањето е должен кога е во прашање осигурување на имот да го извести осигурувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот, а кога е во прашање осигурување на лица, тогаш само ако ризикот е зголемен поради тоа што осигуреното лице ја променило професијата.*

(2) *Тој е должен без одлагање да го извести осигурувачот за зголемувањето на ризикот, ако ризикот е зголемен со некоја негова постапка, а ако зголемувањето на ризикот се случило без негово учество тој е должен да го извести во рок од* 14 *дена од кога дознал за тоа.*

(3) *Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот не би склучил договор ако постоела таква состојба во моментот на неговото склучување, тој може да го раскине договорот.*

(4) *Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот би склучил договор само со поголема премија да постоела таква состојба во моментот на склучувањето на договорот, тој може на договарачот на осигурувањето да му предложи нова стапка на премијата.*

(5) *Ако договарачот на осигурувањето не се согласи со нова стапка на премијата во рок од* 14 *дена од приемот на предлогот на новата стапка, договорот престанува според самиот закон.*

(6) *Договорот останува во сила и осигурувачот повеќе не може да ги користи овластувањата да му предложи на договарачот на осигурувањето нова стапка на премијата или да го раскине договорот, ако не ги искористи тие овластувања во рок од еден месец од кога на кој и да е начин дознал за зголемувањето на ризикот, или ако уште пред истекот на тој рок покаже на некој начин дека се согласува со продолжувањето на договорот (ако ја прими премијата, исплати надомест за осигуран случај што настанал по тоа зголемување и слично).*

Кога осигурениот случај настане во меѓувреме

Член 971

Ако осигурениот случај настане пред да биде известен осигурувачот за зголемувањето на ризикот или откако е известен за зголемувањето на ризикот, но пред да го раскине договорот, или да постигне спогодба со договарачот на осигурувањето за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер меѓу платените премии и премиите што би требало да се платат според зголемениот ризик.

Намалување на ризикот

Член 972

(1) *Во случај кога по склучувањето на договорот за осигурување настанало намалување на ризикот, договарачот на осигурувањето има право да бара соодветно намалување на премијата, сметајќи од денот кога за намалувањето го известил осигурувачот.*

(2) *Ако осигурувачот не се согласи со намалувањето на премијата, договарачот на осигурувањето може да го раскине договорот.*

Обврска за известување за настапувањето на осигурениот случај

Член 973

(1) *Осигуреникот е должен, освен во случај на осигурување на живот, да го извести осигурувачот за настапувањето на осигурениот случај најдоцна во рок од три дена од кога дознал за тоа.*

(2) *Ако тој не ја изврши оваа своја обврска во определеното време, должен е да му ја надомести на осигурувачот штетата која би ја имал овој поради тоа.*

Ништовност на одредбите за губење на правото

Член 974

Ништовни се одредбите на договорот кој предвидуваат губење на правото на надомест или сумата на осигурувањето, ако осигуреникот по настапувањето на осигурениот случај не изврши некоја од пропишаните или договорените обврски.

Отсек 4

ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

Исплата на надомест или на договорена сума

Член 975

(1) *Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот е должен да го исплати надоместот или сумата определена со договорот во договорениот рок кој не може да биде подолг од* 14 *дена, сметајќи од кога осигурувачот добил известување дека настанал осигурениот случај.*

(2) *Ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и на нејзиниот износ е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено постоењето на неговата обврска и нејзиниот износ.*

(3) *Ако износот на обврската на осигурувачот не биде утврден во рокот определен во ставот* (1) *на овој член*, *осигурувачот е должен на барање од овластеното лице*, *да го исплати износот на неспорниот дел од својата обврска на име аванс*.

Исклучување на одговорноста на осигурувачот во случај на намера и измама

Член 976

Ако договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот предизвикал осигурен случај намерно или со измама, осигурувачот не е обврзан на никакви давања, а спротивната договорна одредба нема правно дејство.

Приговори на осигурувачот

Член 977

(1) *Против барањето на донесувачот на полисата, како и барањето на некое друго лице кое се повикува на неа, осигурувачот може да ги истакне сите приговори што ги има во врска со договорот спрема лицето со кое го склучил договорот за осигурување.*

(2) *По исклучок*, *против барањето на трето лице во случај на доброволно осигурување од одговорноста и барањето на носителите на определени права над осигурениот предмет чие право преминало според самиот закон од уништениот или оштетениот осигурен предмет врз надоместот од осигурувањето*, *осигурувачот може да ги истакне само приговорите што настанале пред да настане осигурениот случај*.

Отсек 5

ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Почеток на дејството на осигурувањето

Член 978

(1) *Ако поинаку не е договорено, договорот за осигурување произведува свое дејство почнувајќи од дваесет и четвртиот час на денот што е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, па се до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето.*

(2) *Ако рокот на траењето на осигурувањето не е определен со договор, секоја страна може да го раскине договорот со денот на стасаноста на премијата, известувајќи ја писмено другата страна најдоцна три месеци пред стасаноста на премијата.*

(3) *Ако осигурувањето е склучено на рок подолг од пет години, секоја страна може по истекот на овој рок при отказен рок од шест месеци писмено да* ù *изјави на другата страна дека го раскинува договорот.*

(4) *Со договорот не може да се исклучи правото на секоја страна да го раскине договорот како што е напред изложено.*

(5) *Одредбите на овој член не важат за осигурувањето на живот.*

Влијание на стечајот врз осигурувањето

Член 979

(1) *Во случај на стечај на договорачот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува, но секоја страна има право да го раскине договорот за осигурување во рок од три месеци од отворањето на стечајот, во кој случај на стечајната маса на договорачот* ù *припаѓа дел од платената премија кој му одговара на преостанатото време на осигурувањето.*

(2) *Во случај на стечај на осигурувачот, договорот за осигурување престанува по истекот на* 30 *дена од отворање на стечајот.*

Оддел 2

ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ

Отсек 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Интерес за осигурување

Член 980

(1) *Осигурување на имот може да склучи секое лице кое има интерес да не настане осигуреният случај, зашто инаку би претрпело некоја материјална загуба.*

(2) *Право од осигурувањето можат да имаат само лицата кои во моментот на настанувањето на штетата имале материјален интерес да не настане осигуреният случај.*

Цел на осигурувањето на имот

Член 981

(1) *Со осигурување на имот се обезбедува надомест за штетата која би настанала во имотот на осигуреникот поради настапувањето на осигуреният случај.*

(2) *Износот на надоместот не може да биде поголем од штетата која осигуреникот ја претрпел со настапувањето на осигуреният случај.*

(3) *Кај осигурувањето на посеви и плодови и на други производи на земјата износот на штетата се утврдува со оглед на вредноста што би ја имале во времето на собирањето, ако поинаку не е договорено.*

(4) *Полноважни се одредбите на договорот со кои износот на надомест се ограничува на помал износ од износот на штетата.*

(5) *При утврдувањето на износот на штетата се зема предвид пропуштената добивка само ако е тоа договорено.*

(6) *Ако во текот на ист период на осигурувањето настанат повеќе осигурани случаи еден по друг, надоместот од осигурувањето за секој од нив се определува и се исплатува во целост со оглед на целата сума на осигурувањето, без нејзино намалување за износот на порано исплатените надомести во тој период.*

(7) *Ако со договорот за осигурување вредноста на осигуреният предмет е утврдена спогодбено, надоместот се определува според таа вредност, освен ако осигурувачот докаже дека договорената вредност значително е поголема од вистинската вредност, а за таа разлика не постои оправдана причина (како на пример, осигурување на употребуван предмет на вредноста на таков нов предмет или осигурување на субјективната вредност).*

Спречување на осигуреният случај и спасување

Член 982

(1) *Осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните, договорените и сите други мерки потребни за да се спречи настапувањето на осигуреният случај, а ако осигуреният случај настапи, е должен да преземе сè што е во негова моќ да се ограничат неговите штетни последици.*

(2) *Осигурувачот е должен да ги надомести трошоците, загубите како и другите штети причинети со разумен обид да се отстрани непосредната опасност од настапувањето на осигуреният случај, како и со обид да се ограничат неговите штетни последици, па и тогаш ако тие обиди останале без успех.*

(3) *Осигурувачот е должен да го даде овој надомест дури и ако тој заедно со надоместот на штетата од осигуреният случај ја надминува сумата на осигурувањето.*

(4) *Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигуреният случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, обврската на осигурувачот се намалува за онолку за колку што настанала поголема штета поради тоа неисполнување.*

Препуштање на оштетен осигурен предмет

Член 983

Ако поинаку не е договорено, осигуреникот нема право по настапувањето на осигуреният случај да му го препушти на осигурувачот оштетеният предмет и од него да бара исплата на полната сума на осигурувањето.

Пропаѓање на предмет поради настан што не е предвиден во полисата

Член 984

(1) *Ако осигурениот предмет или предметот во врска со чија употреба е склучено осигурување од одговорност пропадне за време на периодот на осигурувањето поради некој настан кој не е предвиден во полисата*, *договорот престанува да важи понатаму*, *а осигурувачот е должен да му врати на договарачот*, *на осигурувањето дел од премијата сразмерно со преостанатото време*.

(2) *Кога еден од повеќе предмети опфатени со еден договор ќе пропадне поради некој настан кој не е предвиден во полисата, осигурувањето останува во сила и понатаму во поглед на другите предмети со потребните измени поради намалувањето на предметот на осигурувањето.*

Отсек 2

ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ РИЗИЦИ

Штети покриени со осигурувањето

Член 985

(1) *Осигурувачот е должен да ги надомести штетите настанати случајно или по вина на договарачот на осигурувањето, на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, освен ако во поглед на определена штета оваа негова обврска изречно е исклучена со договорот за осигурување.*

(2) *Тој не одговара за штетата што тие лица ја причиниле намерно, па ништовна е одредбата во полисата која би ја предвидувала неговата одговорност и во тој случај* .

(3) *Доколку се остварил осигурениот случај, осигурувачот е должен да ја надомести секоја штета причинета од страна на некое лице за чиишто постапки осигуреникот одговара по која и да е основа, без оглед на тоа дали штетата е причинета со невнимание или намерно.*

Штета причинета со недостатоци на осигурениот предмет

Член 986

Осигурувачот не одговара за штетата на осигурениот предмет која потекнува од неговите недостатоци, освен ако е договорено поинаку.

Штети причинети со воени операции и бунтови

Член 987

(1) *Осигурувачот не е должен да ги надомести штетите причинети од воени операции или бунтови, освен ако е договорено поинаку.*

(2) *Осигурувачот е должен да докаже дека штетата е причинета со некој од овие настани.*

Отсек 3

НАДОСИГУРУВАЊЕ И ДОГОВОР СО ПОВЕЌЕ ОСИГУРУВАЧИ

Надосигурување

Член 988

(1) *Ако при склучувањето на договорот една страна се послужила со измама и така договорила сума на осигурувањето поголема од вистинската вредност на осигурениот предмет, другата страна може да бара поништување на договорот.*

(2) *Ако договорената сума на осигурувањето е поголема од вредноста на осигурениот предмет, а при тоа ниедна страна не постапила несовесно, договорот останува во сила, сумата на осигурувањето се намалува до износот на вистинската вредност на осигурениот предмет, а премиите се намалуваат сразмерно.*

(3) *Во двата случаи совесниот осигурувач ги задржува примените премии и има право на ненамалена премија за тековниот период.*

Дополнително намалување на вредноста

Член 989

Ако осигурената вредност се намали за време на траењето на осигурувањето, секоја договорна страна има право на соодветно намалување на сумата на осигурувањето и на премијата, почнувајќи од денот кога своето барање за намалување ѝ го соопштила на другата страна.

Повеќекратно и двојно осигурување

Член 990

(1) *Ако некој предмет е осигурен кај двајца или повеќе осигурувачи од ист ризик, за ист интерес и за исто време, така што збирот на сумите на осигурувањето да не ја преминува вредноста на тој предмет (повеќекратно осигурување), секој осигурувач одговара за извршувањето во целост на обврските настанати од договорот што го склучил тој.*

(2) *Ако, пак, збирот на сумите на осигурувањето ја преминува вредноста на осигурениот предмет (двојно осигурување), а при тоа договарачот на осигурувањето не постапил несовесно, сите тие осигурувања се полноважни и секој осигурувач има право на договорената премија за периодот на осигурувањето во тек, а осигуреникот има право да бара од секој одделен осигурувач надомест според договорот склучен со него, но вкупно не повеќе од износот на штетата.*

(3) *Кога ќе стане осигурениот случај, договарачот на осигурувањето е должен да го извести за тоа секој осигурувач на истиот ризик и да му ги соопшти имињата и адресите на другите осигурувачи, како и сумите на осигурувањето на одделните договори склучени со нив.*

(4) *По исплатата на надоместот на осигуреникот, секој осигурувач поднесува дел од надоместот во сразмер во кој стои сумата на осигурувањето на која се обврзал тој спрема вкупниот збир на сумите на осигурувањето, па осигурувачот кој платил повеќе има право да бара од другите осигурувачи надомест на повеќе платеното.*

(5) *Ако некој договор е склучен без назначување на сумата на осигурувањето или со неограничено покритие, ќе се смета како договор склучен со највисока сума на осигурувањето.*

(6) *За делот на осигурувачот кој не може да плати, одговараат другите осигурувачи сразмерно со своите делови.*

(7) *Ако договарачот на осигурувањето склучил договор за осигурување со кој настанало двојно осигурување незнаејќи за порано склученото осигурување, тој може, без оглед на тоа дали поранешното осигурување го склучил тој или некој друг, во рок од еден месец откако дознал за тоа осигурување, да бара соодветно намалување на сумата на осигурувањето и на премиите на подоцнежното осигурување, но осигурувачот ги задржува примените премии и има право на премија за тековниот период.*

(8) *Ако до двојното осигурување дошло поради намалување на вредноста на осигуреният предмет за време на траењето на осигурувањето, договарачот на осигурувањето има право на соодветни намалувања на сумите на осигурувањето и на премиите, почнувајќи од денот кога своето барање за намалување му го соопштил на осигурувачот.*

(9) *Ако при настанувањето на двојно осигурување договарачот на осигурувањето постапил несовесно, секој осигурувач може да бара поништување на договорот, да ги задржи примените премии и да бара ненамалена премија за тековниот период.*

Соосигурување

Член 991

Кога договорот за осигурување е склучен со повеќе осигурувачи кои се спогодиле за заедничко поднесување и распределба на ризикот, секој осигурувач назначен во полисата на осигурувањето му одговара на осигуреникот за целосниот надомест.

Отсек 4

ПОДОСИГУРУВАЊЕ

Член 992

(1) *Кога ќе се утврди дека во почетокот на односниот период на осигурувањето вредноста на осигуреният предмет била поголема од сумата на осигурувањето, износот на надоместот што го должи осигурувачот се намалува сразмерно, освен ако поинаку не е договорено.*

(2) *Осигурувачот е должен да даде целосен надомест сѐ до износот на сумата на осигурувањето, ако е договорено дека односот меѓу вредноста на предметот и сумата на осигурувањето нема значење за определувањето на износот на надоместот.*

Отсек 5

ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО НА ДРУГ

Преминување на договорот врз прибавувачот на осигурен предмет

Член 993

(1) *Во случај на отуѓување на осигурен предмет, како и на предмет во врска со чија употреба е склучено осигурување од одговорност, правата и обврските на договарачот на осигурувањето преминуваат, според самиот закон, врз прибавувачот, освен ако поинаку не е договорено.*

(2) *Ако е отуѓен само еден дел од осигурените предмети кои во поглед на осигурувањето не сочинуваат посебна целина, договорот за осигурување престанува според самиот закон во поглед на отуѓените предмети.*

(3) *Во случај кога поради отуѓување на предмет ќе се зголеми или ќе се намали веројатноста за настапување на осигурениот случај, се применуваат општите одредби за зголемувањето или намалувањето на ризикот.*

(4) *Договарачот на осигурувањето кој нема да го извести осигурувачот дека осигурениот предмет е отуѓен, останува во обврска за плаќање на премиите што стасуваат и по денот на отуѓувањето.*

(5) *Осигурувачот и прибавувачот на осигурениот предмет можат да се откажат од осигурувањето со отказен рок од* 15 *дена, со тоа што се должни отказот да го поднесат најдоцна во рок од* 30 *дена од дознавањето за отуѓувањето.*

(6) *Договорот за осигурување не може да се раскине ако полисата на осигурувањето е издадена на доносител или по наредба.*

Доделување надомест на носителите на залог и на други права

Член 994

(1) *По настапувањето на осигурениот случај, заложните права и другите права што порано постоеле над осигурениот предмет, го имаат за предмет надоместот што се должи, како во случај на осигурување на сопствен предмет, така и во случај на осигурување на туѓи предмети поради обврската за нивното чување и враќање, па осигурувачот не може да му го исплати надоместот на осигуреникот без согласност од носителите на тие права.*

(2) *Овие лица можат да бараат непосредно од осигурувачот, во границите на сумата на осигурувањето и според законскиот ред, да им ги исплати нивните побарувања.*

(3) *Меѓутоа, ако во моментот на исплатата осигурувачот не знаел ниту можел да знае за тие права, извршената исплата на надоместот на осигуреникот останува полноважна.*

Отсек 6

ПРЕМИНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ СПРЕМА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВРЗ ОСИГУРУВАЧОТ (СУБРОГАЦИЈА)

Член 995

(1) *Со исплатата на надоместот од осигурувањето преминуваат врз осигурувачот, според самиот закон, до висината на исплатениот надомест, сите права на осигуреникот спрема лицето кое по која и да е основа е одговорно за штетата.*

(2) *Ако по вина на осигуреникот е оневозможено ова преминување на правата врз осигурувачот, во целост или делумно, осигурувачот се ослободува во соодветна мера од својата обврска спрема осигуреникот.*

(3) *Преминувањето на правата од осигуреникот врз осигурувачот не може да биде на штета на осигуреникот, па ако надоместот што осигуреникот го добил од осигурувачот од каква и да е причина е понизок од штетата што ја претрпел, осигуреникот има право од средствата на одговорното лице да му се исплати остатокот на надоместот пред да се исплати побарувањето на осигурувачот врз основа на правата што преминале врз него.*

(4) *По исклучок од правилото за преминување на правата на осигуреникот врз осигурувачот*, *овие права не преминуваат врз осигурувачот ако штетата ја причинило лице во сродство во права линија со осигуреникот или лице за чиишто постапки осигуреникот одговара*, *или кое живее со него во исто домаќинство или лице кое е работник на осигуреникот*, *освен ако тие лица штетата ја причиниле намерно*.

(5) *Ако некое од лицата споменати во став* (4) *на овој член било осигурено од одговорност, осигурувачот може да го бара од неговиот осигурувач надоместот на износот што му го исплатил на осигуреникот.*

Отсек 7

ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Одговорност на осигурувачот

Член 996

(1) *Во случај на осигурување од одговорност, осигурувачот одговара за штетата настаната со осигурениот случај само ако третото оштетено лице го бара нејзиниот надомест.*

(2) *Осигурувачот ги поднесува во границите на сумата на осигурувањето, трошоците на спорот за одговорноста на осигуреникот.*

Сопствено право на оштетениот и директна тужба

Член 997

(1) *Во случај на осигурување од одговорност, оштетеното лице може да бара непосредно од осигурувачот надомест на штетата што ја претрпело со настанот за кој одговара осигуреникот, но најмногу до износот на обрската на осигурувачот.*

(2) *Оштетеното лице има, од моментот кога станал осигурениот случај, сопствено право на надомест од осигурувањето, па секоја подоцнежна промена во правата на осигуреникот спрема осигурувачот е без влијание врз правото на оштетеното лице на надомест.*

Оддел 3

ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА

Отсек 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Утврдување на осигурената сума

Член 998

Во договорите за осигурување на лица (осигурување на живот и осигурување од несреќен случај), висината на осигурената сума што осигурувачот е должен да ја исплати кога ќе настане осигурениот случај, се утврдува во полисата според спогодбата на договорните страни.

Полиса за осигурување на живот

Член 999

(1) *Покрај состојките што мора да ги има секоја полиса, во полисата за осигурување на животот мораат да бидат назначени: името и презимето на лицето на чијшто живот се однесува на осигурувањето, датумот на неговото раѓање и настанот или рокот од кој зависи настанувањето на правото да се бара исплата на осигурената сума.*

(2) *Полисата за осигурување на живот може да гласи на определено лице или по наредба, но не може да гласи на доносител.*

(3) *За полноважноста на индосаментот на полисата по наредба потребно е тој да го содржи името на корисникот, датумот на индосирањето и потписот на индосантот.*

Неточна пријава на староста на осигуреникот

Член 1000

По исклучок од општите одредби на оваа глава за последиците од неточни пријави и премолчување на околностите од значење за оцена на ризикот, за неточна пријава на староста во договорите за осигурување на живот важат следниве правила:

1) *договорот за осигурување на живот е ништовен и осигурувачот е должен во секој случај да ги врати сите примени премии, ако при неговото склучување неточно е пријавена староста на осигуреникот, а неговата вистинска граница ја преминува границата на староста до која осигурувачот, според своите услови и тарифи, врши осигурување на живот;*

2) *ако е неточно пријавено дека осигуреникот има помалку години, а неговата вистинска старост не ја преминува границата до која осигурувачот врши осигурување на живот, договорот е полноважен, а осигурената сума се намалува во сразмер со договорената премија и со премијата предвидена за осигурување на живот на лицата кои се на возраст како осигуреникот и*

3) *кога осигуреникот има помалку години отколку што е пријавено при склучувањето на договорот, премијата се намалува на соодветен износ, а осигурувачот е должен да ја врати разликата меѓу премиите примени и премиите на кои има право.*

Последици од неплаќањето на премијата и намалување на осигурената сума

Член 1001

(1) *Ако договарачот на осигурувањето на животот не плати некоја премија во рокот на стасаноста, осигурувачот нема право нејзината исплата да ја бара по судски пат.*

(2) *Ако договарачот на осигурувањето, по покана од осигурувачот, што мора да му биде доставена со препорачано писмо, не ја исплати стасаната премија во рокот определен во тоа писмо, а кој не може да биде покус од еден месец, сметајќи од денот кога му е врачено писмото, ниту тоа ќе го стори некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може само, ако дотогаш се платени барем три годишни премии, да му изјави на договарачот на осигурувањето дека ја намалува осигурената сума на износот на откупената вредност на осигурувањето, а во спротивен случај дека го раскинува договорот.*

(3) *Ако осигурениот случај настапил пред раскинувањето на договорот или пред намалувањето на осигурената сума, ќе се смета како да е намалена осигурената сума, односно дека договорот е раскинат, според тоа дали премиите биле платени барем за три години или не.*

Осигурување на трето лице

Член 1002

(1) *Осигурувањето на живот може да се однесува на животот на договарачот на осигурувањето, а може да се однесува и на животот на некој трет.*

(2) *Истото важи и за осигурувањето од несреќен случај.*

(3) *Ако осигурувањето се однесува на случај на смрт на некој трет, за полноважноста на договорот е потребна негова писмена согласност дадена во полисата или во издвоено писмо, при потпишувањето на полисата, со назначување на осигурената сума.*

Осигурување за случај на смрт на малолетници и лица лишени од деловната способност

Член 1003

(1) *Ништовно е осигурувањето за случај на смрт на трето лице помладо од* 14 *години, како и на лице наполно лишено од деловната способност, а осигурувачот е должен да му ги врати на договарачот на осигурувањето сите премии примени врз основа на таков договор.*

(2) *За полноважноста на осигурувањето за случај на смрт на трето лице постаро од* 14 *години е потребна писмена согласност од неговиот законски застапник, како и писмена согласност од секое осигурено лице.*

Кумулирање на надоместот и на осигурената сума

Член 1004

(1) *Во осигурувањето на лица, осигурувачот кој ја исплатил осигурената сума не може да има по никоја основа право на надомест од трето лице одговорно за настапувањето на осигуреniот случај.*

(2) *Правото на надомест од трето лице одговорно за настапувањето на осигуреniот случај му припаѓа на осигуреникот, односно на корисникот, независно од неговото право на осигурената сума.*

(3) *Одредбите од ставовите* (1) *и* (2) *на овој член не се однесуваат на случајот кога осигурувањето од последиците од несреќен случај е договорено како осигурување од одговорност.*

Отсек 2

ИСКЛУЧЕНИ РИЗИЦИ

Самоубиство на осигуреникот

Член 1005

(1) *Со договорот за осигурување за случај на смрт не е опфатен ризикот од самоубиство на осигуреникот, ако тоа се случило во првата година од осигурувањето.*

(2) *Во случај самоубиството да се случило во рок од три години од денот на склучувањето на договорот, осигурувачот не е должен да му ја исплати на корисникот осигурената сума, туку само математичката резерва од договорот.*

Намерно убиство на осигуреникот

Член 1006

Осигурувачот се ослободува од обврската да му ја исплати на корисникот осигурената сума, ако овој намерно предизвикал смрт на осигуреникот, но е должен ако дотогаш биле уплатени барем три годишни премии, да му ја исплати математичката резерва од договорот на договарачот на осигурувањето, а ако е тој осигуреник, на неговите наследници.

Намерно причинување на несреќен случај

Член 1007

Осигурувачот се ослободува од обврската од договорот за осигурување од несреќен случај, ако осигуреникот намерно го предизвикал несреќниот случај.

Воени операции

Член 1008

(1) *Ако смртта на осигуреникот е причинета со воени операции, осигурувачот, ако нешто друго не е договорено, не е должен да му ја исплати на корисникот осигурената сума, но е должен да му ја исплати математичката резерва од договорот.*

(2) *Ако не е договорено нешто друго, осигурувачот се ослободува од обврската од договорот за осигурување од несреќен случај ако несреќниот случај е причинет со воени операции.*

Договорно исклучување на ризици

Член 1009

Со договорот за осигурување за случај на смрт или од несреќен случај, од осигурувањето можат да бидат исклучени и други ризици.

Отсек 3

ПРАВА НА ДОГОВАРАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО ПРЕД НАСТАПУВАЊЕТО НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

Откуп

Член 1010

(1) *По барање од договарачот на осигурувањето на живот склучено за целиот живот на осигуреникот, осигурувачот е должен да му ја исплати откупната вредност на полисата, ако дотогаш се платени барем три годишни премии.*

(2) *Во полисата мораат да бидат наведени условите под кои договарачот може да бара исплата на нејзината откупна вредност, како и начинот како се пресметува таа вредност, согласно со условите на осигурувањето.*

(3) *Правото да се бара откуп не можат да го вршат доверителите на договарачот на осигурувањето, како ни корисникот на осигурувањето, но откупната вредност ќе му биде исплатена на корисникот, по негово барање, ако определувањето на корисникот е неотповикливо.*

(4) *По исклучок од став* (3) *на овој член, откуп на полисата може да бара доверителот на кој му е предадена полисата во залог, ако побарувањето заради чиешто осигурување е даден залогот не биде намирено во рокот на стасаноста.*

Аванс

Член 1011

(1) *По барање од договарачот на осигурувањето на живот склучено за целиот живот на осигуреникот, осигурувачот може да му исплати однапред дел од осигурената сума до висината на откупната вредност на полисата што договарачот на осигурувањето може да го врати подоцна.*

(2) *На применият аванс договарачот на осигурувањето е должен да плаќа определена камата.*

(3) *Ако договарачот на осигурувањето задоцни со плаќањето на стасаната камата, ќе се постапи како да барал откуп.*

(4) *Во полисата на осигурувањето мораат да бидат наведени условите за давање на аванс, можноста да му се врати на осигурувачот износот примен на име аванс, висината на каматната стапка, последиците од неплаќањето на стасаната камата, како што е определено со условите на осигурувањето.*

Заложување на полисата

Член 1012

(1) *Полисата за осигурување на живот може да биде дадена во залог.*

(2) *Заложувањето на полисата има дејство спрема осигурувачот само ако е писмено известен дека полисата е заложена кај определен доверител.*

(3) *Кога полисата гласи по наредба, заложувањето се врши со индосамент.*

Отсек 4

ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО КОРИСТ НА ТРЕТО ЛИЦЕ

Определување на корисникот

Член 1013

(1) *Договарачот на осигурувањето на живот може во договорот, како и со некоја подоцнежна правна работа, па и со тестамент, да го определи лицето на кое ќе му припаднат правата од договорот.*

(2) *Ако осигурувањето се однесува на живот на некое друго лице, за определувањето на корисникот е потребна и неговата писмена согласност.*

(3) *Корисникот не мора да биде определен по име, доволно е ако актот ги содржи нужните податоци за неговото определување.*

(4) *Кога за корисници се определени децата или потомците, користа им припаѓа и на оние што се родени подоцна, а користа наменета на сопругот му припаѓа на лицето кое било во брак со осигуреникот во моментот на неговата смрт.*

Поделба на користа меѓу повеќе корисници

Член 1014

Кога за корисници се определени децата, потомците и воопшто наследниците, ако договарачот на осигурувањето не определил како ќе се изврши поделбата меѓу нив, поделбата ќе се изврши сразмерно со нивните наследнички делови, а ако корисниците не се наследници, осигурената сума ќе биде поделена на еднакви делови.

Отповикување на одредбата за определување на корисникот

Член 1015

(1) *Одредбата со која користа од осигурувањето му се доделува на определено лице може да ја отповика само договарачот на осигурувањето, и тоа негово право не можат да го вршат ниту неговите доверители, ниту неговите законски наследници.*

(2) *Договарачот на осигурувањето може да ја отповика одредбата за користа сѐ додека корисникот не се изјави на кој и да е начин дека ја прима, кога таа станува неотповиклива.*

(3) *Сепак, договарачот може да ја отповика одредбата за користа и по изјавата на корисникот дека ја прима, ако корисникот се обидел да изврши убиство на осигуреникот, а ако користа е доделена без надомест, за отповикувањето важат и одредбите за отповикување на подарок.*

(4) *Ќе се смета дека корисникот ја одбил користа што му е наменета, ако по смртта на договарачот на осигурувањето, по покана од неговите наследници, не се изјасни во рок од еден месец дека ја прима.*

Сопствено и непосредно право на корисникот

Член 1016

(1) *Осигурената сума што треба да му биде исплатена на корисникот не влегува во оставината на договарачите на осигурувањето, па ни тогаш кога за корисници се определени нивните наследници.*

(2) *Право на осигурената сума има само корисникот, и тоа од самото склучување на договорот за осигурување и без оглед на тоа како и кога е определен за корисник, и без оглед на тоа дали го изјавил своето прифаќање пред или по смртта на осигуреникот, па може да се обрати непосредно до осигурувачот со барање да му се исплати осигурената сума.*

(3) *Ако договарачот на осигурувањето ги определил за корисници своите деца, своите потомци, или наследниците воопшто на секој така определен корисник му припаѓа право на соодветен дел од осигурената сума и ако се откаже од наследството.*

Доверители на договарачот на осигурувањето и на осигуреникот

Член 1017

(1) *Доверителите на договарачот на осигурувањето и на осигуреникот немаат никакво право на осигурената сума договорена за корисникот.*

(2) *Ако премиите што ги уплатил договарачот на осигурувањето биле несразмерно големи спрема неговите можности во моментот кога биле уплатени, неговите доверители можат да бараат да им се предаде делот од премиите кој ги надминува неговите можности, ако се исполнети условите под кои доверителите имаат право на побивање на правните дејствија на должникот.*

Отстапување на осигурената сума

Член 1018

Своето право на осигурената сума корисникот може да го пренесе врз друг и пред осигурениот случај, но за тоа му е потребна писмена согласност од договарачот на осигурувањето во која мора да биде наведено името на лицето врз кое се пренесува правото, а ако осигурувањето се однесува на животот на некое друго лице, тогаш е потребна иста таква согласност и од тоа лице.

Кога определениот корисник ќе умре пред стасаноста

Член 1019

Кога лицето кое без надомест е определено за корисник ќе умре пред стасаноста на осигурената главнина или рента, користа од осигурувањето не им припаѓа на неговите наследници, туку на наредниот корисник, а ако овој не е определен, тогаш на имотот на договарачот на осигурувањето.

Осигурување за случај на смрт без определен корисник

Член 1020

Ако договарачот на осигурувањето за случај на смрт не определил корисник, или ако одредбата за определување на корисникот остане без дејство поради отповикување, или поради одбивање на определеното лице или од која и да било друга причина, а договарачот на осигурувањето не определил друг корисник, осигурената сума му припаѓа на имотот на договарачот на осигурувањето и како негов дел преминува со другите негови права врз неговите наследници.

Совесна исплата на осигурената сума на неовластено лице

Член 1021

(1) *Кога осигурувачот ќе му ја исплати осигурената сума на лицето кое на неа би имало право ако договарачот на осигурувањето не определил корисник, тој се ослободува од обврската од договорот за осигурување ако во моментот на извршената исплата не знаел ниту можел да знае дека корисникот е определен со тестамент или со некој друг акт што не му бил доставен, а корисникот има право да бара враќање од лицето кое ја примило осигурената сума.*

(2) *Истото важи во случај на промена на корисникот.*

Глава XXXI

ДОГОВОР ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ИМОТОТ ЗА ВРЕМЕ НА ЖИВОТ

Поим

Член 1022

Со договорот за отстапување на имот за време на живот, отстапувачот се обврзува да им го отстапи целиот свој имот или дел од имотот на потомците.

Услови за полноважност на отстапувањето

Член 1023

(1) *Отстапувањето од член* 1022 *на овој закон и распоредувањето на имотот е полноважно единствено ако со тоа се согласиле сите потомци и брачниот другар на оставителот кои според законот ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина.*

(2) *Договорот за отстапување на имотот за време на живот мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен суд или од нотар.*

(3) *При заверката судијата односно нотарот ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од него.*

(4) *Ако некој потомок не дал согласност тој може да ја даде дополнително во иста форма.*

(5) *Отстапувањето останува полноважно ако потомокот што не се согласил умрел пред отстапителот, а не оставил свои потомци, или се откажал од наследството или е исклучен од наследството, или е недостоен.*

Предмет на отстапување

Член 1024

(1) *Со отстапување може да биде опфатен само постоечкиот имот на отстапителот.*

(2) *Ништовна е одредбата во договорот, со која се предвидува како ќе се распределат добрата што ќе бидат дополнително најдени во оставнината на отстапителот.*

Кога се сметаат отстапените делови како подарок

Член 1025

(1) *Ако со отстапувањето не се согласи некој наследник, тогаш деловите од имотот што се отстапени на другите наследници се сметаат како подароци дадени на наследниците.*

(2) *На ист начин ќе се постапи и ако на отстапителот по отстапувањето му се роди дете или се појави наследник што бил прогласен за умрен.*

Задржување на правата

Член 1026

(1) *При отстапувањето судот, односно нотарот ќе го поучи отстапителот дека може за себе или за својот брачен другар, или за себе и својот брачен другар, или за некое друго лице да го задржи правото на плодоуживање на сите отстапени добра или на некои од нив, или да договори доживотна рента во натура или во пари или доживотна издршка, или некој друг надоместок.*

(2) *Ако плодоуживањето или доживотната рента се договорени за отстапителот и за неговиот брачен другар заедно, во случај на смрт на едниот од нив, плодоуживањето и рентата му припаѓаат во целост на другиот до неговата смрт, ако не е нешто друго договорено, или ако нешто друго не произлегува од случајот.*

Права на брачниот другар на отстапителот

Член 1027

(1) *Отстапителот со отстапување може да го опфати и својот брачен другар, во кој случај е потребна и негова согласност.*

(2) *Ако брачниот другар не биде опфатен неговото право на нужен дел останува.*

(3) *Во тој случај, отстапувањето останува полноважно, но при утврдување на вредноста на оставината заради определување и намирување на нужниот дел на надживеаниот брачен другар, деловите на имотот на оставителот што им се отстапени на неговите потомци се сметаат како подарок.*

Раскинување и отповикување

Член 1028

(1) *Отстапителот има право едностранo да го раскине договорот за отстапување со примена на одредбите на овој закон за едностранo раскинување на двострано обврзувачките договори.*

(2) *Отстапителот може да го отповика договорот за отстапување со соодветна примена на одредбите на овој закон за отповикување на дарот, поради крајна неблагодарност од страна на лицето на кого му го отстапил имотот.*

Глава XXXII

ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1029

Со договорот за доживотна издршка, давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено се до неговата смрт.

Форма на договорот за доживотна издршка

Член 1030

(1) *Договорот за доживотна издршка се составува во писмена форма и се заверува од надлежен суд или од нотар.*

(2) *При заверка судијата односно нотарот во присуство на договарачите и двајца сведоци кои ги познаваат гласно ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од договорот.*

(3) *При заверка на договорот за доживотна издршка, сведоци можат да бидат само лица кои можат да бидат сведоци при составување на судски тестамент.*

(4) *При склучување на договорот за доживотна издршка, давателот на издршката може да биде застапуван од полномошник. Полномошното во овој случај мора да биде издадено во форма на јавна исправа и во него да биде точно назначено лицето со кое давателот на издршката ќе склучи договор, како и содржината на договорот. Ова полномошно важи три месеци од денот на издавањето.*

Запишување на правата на доверителот

Член 1031

Давателот на издршката своето право на недвижноста од договорот може да бара да се прибележи во јавна книга.

Одговорност за долгови

Член 1032

Давателот на издршката не одговара по смртта на примателот на издршката за неговите долгови, но може да се договори дека тој ќе одговара за неговите постојни долгови на определени доверители.

Раскинување на договорот за доживотна издршка

Член 1033

(1) *Договорните страни можат спогодбено да го раскинат договорот за доживотна издршка од кога почнало неговото извршување.*

(2) *Ако според договорот за доживотна издршка, договарачите живеат заедно, па нивните односи толку се растројат што заедничкиот живот станал неподнослив, секоја страна може да бара од судот раскинување на договорот.*

(3) *Секоја страна може да бара раскинување на договорот ако другата страна не ги извршува своите обврски.*

(4) *Во случај на раскинување на договорот, страната што не е одговорна за раскинувањето има право да бара од другата страна надомест на штета што ја трпи.*

Влијание на изменети прилики

Член 1034

(1) *Ако по склучувањето на договорот приликите се измениле толку што неговото исполнување станало значително отежнато, судот по барање на страните, нивните односи одново ќе ги уреди водејќи сметка за сите околности.*

(2) *Судот може правото на примателот на издршката да го замени со доживотна парична рента ако тоа одговара на интересите на страните.*

Престанок на договорот за доживотна издршка

Член 1035

(1) *Во случај на смрт на давателот на издршката, неговите обврски поминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци што се повикани на наследство, ако тие се согласат со тоа.*

(2) *Ако тие не се согласат да го продолжат договорот за доживотна издршка а немаат оправдана причина за тоа, договорот престанува и тие немаат право да бараат надоместок за порано дадената издршка.*

(3) *Ако брачниот другар и потомците на давателот на издршката не се во состојба да ги преземат договорните обврски, тие имаат право да бараат надоместок од примателот на издршката за порано дадената издршка.*

(4) *Судот ќе го определи овој надоместок по слободна оценка земајќи ги при тоа предвид имотните прилики на примателот на издршката и на лицата кои биле овластени да го продолжат договорот за доживотна издршка.*

Глава XXXIII

ГАРАНЦИЈА

Оддел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поим

Член 1036

Со договорот за гаранција се обврзува гарантот спрема доверителот дека ќе ја исполни полноважната и стасаната обврска на должникот, ако тоа не го стори овој.

Форма

Член 1037

Договорот за гаранција го обврзува гарантот само ако изјавата за гаранција ја направил писмено.

Способност за гарантирање

Член 1038

Со договор за гаранција може да се обврзе само оној кој има целосна деловна способност.

Гарантирање за деловно неспособен

Член 1039

Тој што ќе се обврзе како гарант за обврска на некое деловно неспособно лице, му одговара на доверител исто како гарантот на деловно способно лице.

Предмет на гарантирањето

Член 1040

(1) *Гаранција може да се даде за секоја полноважна обврска, без оглед на нејзината содржина.*

(2) *Може да се гарантира и за условна обврска, како и за определена идна обврска.*

(3) *Гаранцијата за идна обврска може да се отповика пред да настане обврската, ако не е предвиден рокот во кој таа треба да настане.*

(4) *Гаранција може да се даде и за обврска на некој друг гарант (гарантов гарант).*

Обем на одговорноста на гарантот

Член 1041

(1) *Обврската на гарантот не може да биде поголема од обврската на главниот должник, а ако е договорено да биде поголема таа се сведува на мерата на должниковата обврска.*

(2) *Гарантот одговара за исполнувањето на целата обврска за која гарантирал, ако неговата одговорност не е ограничена на некој нејзин дел или на друг начин е подложена на полесни услови.*

(3) *Тој е должен да ги надомести потребните трошоци што ги направил доверителот со цел да го наплати долгот од главниот должник.*

(4) *Гарантот одговара и за секое зголемување на обврската што би настанало со задоцнување на должникот или по вина на должникот, доколку поинаку не е договорено.*

(5) *Тој одговара само за онаа договорена камата што стасала по склучувањето на договорот за гаранција.*

Преминување на правата на доверителот врз гарантот (суброгација)

Член 1042

Врз гарантот кој намирил побарување на доверителот преминува тоа побарување со сите споредни права и со гаранциите за неговото исполнување.

Оддел 2

ОДНОС НА ДОВЕРИТЕЛОТ И ГАРАНТОТ

Форми на гаранција

Член 1043

(1) *Од гарантот може да се бара исполнување на обврската дури откако главниот должник не ќе ја исполни во рокот определен во писмениот повик (супсидијарна гаранција).*

(2) *Доверителот може да бара исполнување од гарантот, иако пред тоа не го повикал главниот должник да ја исполни обврската, ако е очигледно дека од средствата на главниот должник не може да се оствари нејзино исполнување или ако главниот должник паднал под стечај.*

(3) *Ако гарантот се обврзал како гарант-платец, му одговара на доверителот како главен должник за целата обврска и доверителот може да бара нејзино исполнување било од главниот должник, било од гарантот или од двајцата во исто време (солидарна гаранција).*

(4) *Гарантот за обврска настаната од трговски договор одговара како гарант-платец, ако не е договорено нешто друго.*

Солидарност на гарантите

Член 1044

Повеќе гаранти на некој долг одговараат солидарно, без оглед дали гарантирале заедно или секој од нив се обврзал спрема доверителот одделно, освен кога со договорот нивната обврска е уредена поинаку.

Губење на правото на рок

Член 1045

Ако должникот го загубил правото на рокот определен за исполнување на неговата обврска, доверителот сепак не може да бара исполнување од гарантот пред истекот на тој рок, доколку поинаку не е договорено.

Стечај на главниот должник

Член 1046

(1) *Во случај на стечај на главниот должник доверителот е должен да го пријави своето побарување во стечајот и за тоа да го извести гарантот, инаку му одговара на гарантот за штетата што би ја имал овој поради тоа.*

(2) *Намалувањето на обврската на главниот должник во стечајната постапка или во постапката за присилно порамнување не повлекува со себе и соодветно намалување на обврската на гарантот, па гарантот му одговара на доверителот за целиот износ на својата обврска, освен ако поинаку не е договорено.*

Случај на намалена одговорност на наследникот на должникот

Член 1047

Гарантот одговара за целиот износ на обврската за кој гарантирал и во случај кога од наследникот на должникот би можело да се бара исплата само на оној нејзин дел што ù одговара на вредноста на наследениот имот.

Приговори од гарантот

Член 1048

(1) *Гарантот може против барањето на доверителот да ги истакне сите приговори на главниот должник, вклучувајќи го и приговорот за пребивање, а не и чисто личните должникови приговори.*

(2) *Должниковото откажување од приговорот, како и неговото признавање на доверителовото побарување нема дејство спрема гарантот.*

(3) *Гарантот може да истакне против доверителот и свои лични приговори, на пример: ништовност на договорот за гаранција, застареност на доверителовото побарување спрема него, приговор за пребивање на заемните побарувања.*

Должност за известување на гарантот за должниковото пропуштање

Член 1049

Ако должникот не ја исполни својата обврска, на време, доверителот е должен да го извести гарантот за тоа, инаку ќе му одговара за штетата што би ја претрпел гарантот поради тоа.

Ослободување на гарантот поради доверителовото одолжување

Член 1050

(1) *Гарантот се ослободува од одговорност ако доверителот, на негов повик по рокот на стасаноста на побарувањето, не бара исполнување од главниот должник во рок од еден месец од денот на тој повик.*

(2) *Кога рокот за исполнување не е определен, гарантот се ослободува од одговорноста ако доверителот, на негов повик по истекот на една година од склучувањето на договорот за гаранција, не ја направи во рок од еден месец од тој повик потребната изјава за определување на датумот на исполнувањето.*

Ослободување на гарантот поради напуштање на гаранциите

Член 1051

(1) *Ако доверителот го напушти залогот или некое друго право со кое било обезбедено исполнувањето на негово побарување, или го загуби со свое невнимание и така го оневозможи преминувањето на тоа право врз гарантот, овој се ослободува од својата обврска спрема доверителот за онолку колку што би можел да добие со вршењето на тоа право*

(2) *Правилото од став* (1) *на овој член важи како во случај кога правото настанало пред склучувањето на договорот за гаранција, така и во случај кога настанало потоа.*

Оддел 3

ОДНОС МЕЃУ ГАРАНТОТ И ДОЛЖНИКОТ

Право да бара надомест од должникот

Член 1052

(1) *Гарантот кој му исплатил на доверителот негово побарување, може да бара од должникот да му го надомести сето тоа што го исплатил за негова сметка, како и каматата од денот на исплатата.*

(2) *Тој има право на надомест на трошоците настанати во спор со доверителот од моментот кога го известил должникот за тој спор, како и на надомест на штетата ако имало штета.*

Право на гарантот на еден солидарен должник

Член 1053

Гарантот на еден од повеќе солидарни должници може да бара од кој и да било од нив да му го надомести она што му го исплатил на доверителот, како и трошоците.

Право на гарантот на претходно обезбедување

Член 1054

И пред да го намири доверителот, гарантот кој се обврзал со знаење или одобрение од должникот, има право да бара од должникот да му даде потребно обезбедување за неговите евентуални барања во следниве случаи: ако должникот не ја исполнил својата обврска во рокот на нејзината стасаност, ако доверителот по судски пат побарал наплата од гарантот и ако имотната состојба на должникот значително се влошила по склучувањето на договорот за гаранција.

Губење на правото на надомест

Член 1055

(1) *Должникот може да ги употреби против гарантот кој без негово знаење извршил исплата на доверителовото побарување, сите правни средства со кои во моментот на таа исплата можел да го одбие доверителовото барање.*

(2) *Гарантот кој исплатил доверителово побарување, а за тоа не го известил должникот, па и овој од незнаење за таа исплата повторно го исплатил истото побарување, не може од должникот да бара надомест, но има право да бара од доверителот да му го врати она што му го исплатил.*

Право на враќање на исплатеното

Член 1056

Гарантот кој без должниковото знаење исплатил доверителово побарување, кое подоцна по барање на должникот е поништено или угасено со пребивање, може само да бара од доверителот да му го врати исплатеното.

Оддел 4

РЕГРЕС НА ИСПЛАТУВАЧОТ СПРЕМА ДРУГИТЕ ГАРАНТИ

Член 1057

Кога има повеќе гаранти, па еден од нив го исплати стасаното побарување, тој има право да бара од другите гаранти секој да му го надомести делот што паѓа врз него.

Оддел 5

ЗАСТАРЕНОСТ

Член 1058

(1) *Со застареноста на обврската на главниот должник застарува и обврската на гарантот.*

(2) *Кога рокот за застарување на обврските на главниот должник е подолг од две години, обврската на гарантот застарува по истекот на две години од стасаноста на обврската на главниот должник, освен кога гарантот одговара солидарно со должникот.*

(3) *Прекинот на застарувањето на побарувањето спрема главниот должник дејствува и спрема гарантот само ако до прекинот дошло со некоја постапка на доверителот пред судот против главниот должник.*

(4) *Застојот на застарувањето на обврската на главниот должник нема дејство спрема гарантот.*

Глава XXXIV

УПАТУВАЊЕ (АСИГНАЦИЈА)

Оддел 1

ПОИМ НА ДОГОВОР

Член 1059

Со упатување (асигнација) едно лице, упатувач (асигнат) овластува друго лице, упатеник, (асигнат), за негова сметка да изврши нешто за определено трето лице, примач на упатување (асигнатор), а него го овластува да го прими тоа извршување од свое име.

Оддел 2

ОДНОСИ МЕЃУ ПРИМАЧОТ НА УПАТУВАЊЕ И УПАТЕНИКОТ

Прифаќање од страна на упатеникот

Член 1060

(1) *Примачот на упатување стекнува право да бара од упатеникот исполнување дури кога овој ќе му изјави дека го прифаќа упатувањето.*

(2) *Прифаќањето на упатувањето не може да се отповика.*

Приговори од упатеникот

Член 1061

(1) *Со прифаќањето на упатувањето меѓу примачот на упатувањето и упатеникот настанува должнички однос независен од односот меѓу упатувачот и упатеникот, како и од односот меѓу упатувачот и примачот на упатувањето.*

(2) *Упатеникот кој го прифатил упатувањето може на примачот на упатувањето да му ги истакне само приговорите што се однесуваат до полноважноста на прифаќањето приговорите што се засноваат врз содржината на прифаќањето или врз содржината на самото упатување, како и приговорите што ги има лично спрема него.*

Пренесување на упатување

Член 1062

(1) *Примачот на упатување може да го пренесе упатувањето врз друг и пред прифаќањето од упатеникот, а овој може да го пренесе понатаму, освен кога од самото упатување или од посебни околности произлегува дека е тоа непреносливо.*

(2) *Ако упатеникот му изјавил на примачот на упатувањето дека го прифаќа упатувањето, тоа прифаќање има дејство спрема сите лица врз кои упатувањето би било пренесено едноподруго.*

(3) *Ако упатеникот му изјавил на прибавувачот, врз кого примачот на упатувањето го пренел упатувањето дека го прифаќа, тој не може на прибавувачот да му ги истакне приговорите што ги има лично спрема примачот на упатувањето.*

Застареност

Член 1063

(1) *Правото на примачот на упатувањето да бара исполнување од упатеникот застарува за една година.*

(2) *Ако за исполнувањето не е определен рок, застареноста почнува да тече кога упатеникот ќе го прифати упатувањето, а ако тој го прифатил пред да му биде дадено на примачот на упатувањето тогаш кога ќе му биде дадено на овој.*

Оддел 3

ОДНОС МЕЃУ ПРИМАЧОТ НА УПАТУВАЊЕТО И УПАТУВАЧОТ

Ако примачот на упатувањето е доверител на упатувачот

Член 1064

(1) *Доверителот не е должен да се согласи со упатувањето што му го направил должникот заради исполнување на својата обврска, но е должен за своето одбивање веднаш да го извести должникот, инаку ќе му одговара за штетата.*

(2) *Доверителот кој се согласил со упатувањето е должен да го повика упатеникот да го изврши.*

Упатувањето не е исполнување

Член 1065

(1) *Кога доверителот се согласил со упатувањето направено од неговиот должник заради исполнување на обврската, таа обврска не престанува ако поинаку не е договорено, ни со неговата согласност со упатувањето, ни со прифаќањето од страна на упатеникот, туку дури со исполнувањето од страна на упатеникот.*

(2) *Доверителот кој се согласил со упатувањето направено од неговиот должник, може да бара од упатувачот да му го исполни она што му го должи само ако не го добил исполнувањето од упатеникот во времето определено во упатувањето.*

Должност на примачот на упатувањето да го извести упатувачот

Член 1066

Ако упатеникот ја одбие согласноста на упатувањето, или го одбие исполнувањето што му го бара примачот на упатувањето или ако изјави однапред дека не сака да го изврши, примачот на упатувањето е должен веднаш да го извести упатувачот за тоа, инаку му одговара за штетата.

Откажување од прифатеното упатување

Член 1067

Примачот на упатување кој не е доверител на упатувачот и кој не сака да го користи упатувањето може да се откаже од него, дури и ако веќе изјавил дека го прима, но е должен да го извести за тоа упатувачот без одлагање.

Отповикување на овластувањето дадено на примачот на упатувањето

Член 1068

Упатувачот може да го отповика овластувањето што му го дал со упатувањето на примачот на упатувањето, освен ако упатувањето го издал заради исполнување на некој свој долг спрема него и воопшто ако упатувањето го издал во негов интерес.

Оддел 4

ОДНОС МЕЃУ УПАТУВАЧОТ И УПАТЕНИКОТ

Ако упатеникот е должник на упатувачот

Член 1069

(1) *Упатеникот не е должен да го прифати упатувањето, дури и ако му е должник на упатувачот, освен ако тоа му го ветил.*

(2) *Кога упатувањето е издадено врз основа на долг на упатеник спрема упатувачот, упатеникот е должен да го изврши до износот на тој долг, ако тоа не му е во ништо потешко од исполнувањето на обврската спрема упатувачот.*

(3) *Со извршувањето на упатувањето издадено врз основа на долг на упатеникот спрема упатувачот, упатеникот се ослободува во иста мера од својот долг спрема упатувачот.*

Отповикување на овластувањето дадено на упатеникот

Член 1070

(1) *Упатувачот може да го отповика овластувањето што му го дал на упатеникот со упатувањето додека овој не ќе му изјави на примачот на упатувањето дека го прифаќа упатувањето, или додека не ќе го изврши.*

(2) *Тој може да го отповика и кога во самото упатување е наведено дека е неотповикливо, како и кога со отповикувањето би се навредувала некоја негова обврска спрема примачот на упатувањето.*

(3) *Отворањето на стечај над имотот на упатувачот според самиот закон повлекува отповикување на упатувањето, со исклучок на случајот кога упатеникот веќе го прифатил упатувањето пред отворањето на стечајот, како и кога во моментот на прифаќањето не знаел ниту морал да знае за тој стечај.*

Оддел 5

СМРТ И ЛИШУВАЊЕ ОД ДЕЛОВНАТА СПОСОБНОСТ

Член 1071

Смртта на упатувачот, на примачот на упатување или на упатеникот, како и лишувањето од деловната способност на некого од нив, нема влијание врз упатувањето.

Оддел 6

УПАТУВАЊЕ ВО ФОРМА НА ХАРТИЈА НА ДОНОСИТЕЛ

Член 1072

(1) *Писмено упатување може да биде издадено на донесител.*

(2) *Во тој случај, секој имател на хартија има спрема упатеникот положба на примач на упатување.*

(3) *Односите што со упатувањето настануваат меѓу примачот на упатувањето и упатувачот, во овој случај настануваат само меѓу секој одделен имател на хартија и лицето кое му ја отстапило хартијата.*

Оддел 7

УПАТУВАЊЕ ВО ФОРМА НА ХАРТИЈА ПО НАРЕДБА

Член 1073

Писмено упатување кое гласи на пари, на хартии од вредност или на заменливи предмети, може да биде издадено со одредбата "по наредба", ако упатеникот е лице кое се занимава со трговска дејност и ако она што треба да го изврши влегува во рамките на таа дејност.

Глава XXXV

БАНКАРСКИ ПАРИЧНИ ДЕПОЗИТИ

Оддел 1

ПАРИЧЕН ДЕПОЗИТ

Поим

Член 1074

(1) *Договорот за паричен депозит е склучен кога банката се обврзала да прими, а депонентот да положи кај банката определен паричен износ.*

(2) *Со овој договор банката стекнува право да располага со депонираните пари и е должна да ги врати според условите предвидени во договорот.*

Отворање сметка

Член 1075

(1) *Врз основа на договорот за паричен депозит банката отвора сметка во корист и врз товар на која ги запишува сите побарувања и должења што ќе произлезат од работите со депонентот или за негова сметка со трет.*

(2) *Не се запишуваат во сметката оние побарувања, односно должења за кои договорните страни ќе се договорат да ги исклучат.*

Отстранување на долговно салдо

Член 1076

(1) *Банката е должна да врши исплати од сметката во границите на расположливите средства.*

(2) *Ако банката извршила една или повеќе уплати и исплати во рамките на договорот за депозит, кои ја прават сметката пасивна, за тоа мора без одлагање да го извести депонентот кој е должен веднаш да преземе мерки за да се отстрани долговното салдо.*

Видови парични депозити

Член 1077

(1) *Паричниот депозит може да биде по видување или орочен, со отказен рок и без отказен рок, со посебна намена и без намена.*

(2) *Ако не е спротивно договорено, се смета дека сметката на паричниот депозит е по видување, па депонентот на сметката има право да располага со дел или со целото салдо во секој момент.*

Состојба на сметката

Член 1078

(1) *Банката е должна да го известува депонентот за секоја промена на состојбата на неговата сметка.*

(2) *Банката е должна на крајот од секоја година а ако е тоа договорено или вообичаено и почесто, да испрати извештај за состојбата на сметката (салдо).*

Место на уплати и исплати

Член 1079

Ако меѓу договорните страни поинаку не е договорено налозите за уплата и исплата од сметката на депонентот се упатуваат во седиштето на банката кај која е отворена сметката.

Постоење на повеќе сметки

Член 1080

Во случај кога исто лице има кај една банка или кај повеќе нејзини деловни единици повеќе сметки, секоја од овие сметки е самостојна.

Плаќање камата

Член 1081

(1) *Банката плаќа камата на средствата што се депонирани кај неа, доколку со закон поинаку не е определено.*

(2) *Висината на каматата се утврдува со договорот за депонирање на средствата, а ако со договорот не е предвидено ништо важи најниската каматна стапка што се применува во местото на исполнувањето на штедните влогови по видување.*

Оддел 2

ШТЕДЕН ВЛОГ

Штедна книшка

Член 1082

(1) *Ако паричниот депозит е примен како штеден влог банката, односно штедилницата му издава на депонентот штедна книшка.*

(2) *Штедната книшка може да биде издадена само на име на определено лице или на доносител.*

Упис во книшката

Член 1083

(1) *Во штедната книшка се внесуваат сите уплати и подигања на пари.*

(2) *Уписите во книшката потврдени со печатот на банката и потписот на овластеното лице се доказ за уплатите, односно за подигањата во односите меѓу банката и вложувачот.*

(3) *Спротивната спогодба е ништовна.*

Плаќање камата

Член 1084

(1) *На штедните влогови се плаќа камата.*

(2) *Висината на каматната стапка е во зависност од видот на штедниот влог.*

Видови штедни влогови

Член 1085

Штедните влогови можат да бидат по видување или орочени, со отказен рок и без отказен рок.

Глава XXXVI

ДЕПОНИРАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Поим

Член 1086

Со договорот за депонирање на хартии од вредност, банката се обврзува дека со надомест ќе ги преземе хартиите од вредност, заради чување и вршење на правата и обврските што се бараат во врска со тоа.

Вршење на правата

Член 1087

Ако поинаку не е договорено, банката може да ги врши правата од депонираните хартии од вредност исклучиво за сметка на депонентот.

Должности на банката

Член 1088

(1) *Банката е должна да обезбеди чување на хартиите од вредност со внимателност која се бара од примачот на депозитот со надомест и за сметка на депонентот, да ги презема сите дејствија заради зачувување и остварување на неговите права од хартиите од вредност.*

(2) *Доколку меѓу договорните страни не е договорено нешто друго, банката е должна да ги наплатува стасаните камати, главнината и воопшто сите суми на кои депонираните хартии даваат право, штом ќе стасаат тие за исплата.*

(3) *Банката е должна да му ги стави на располагање на депонентот наплатените суми, а ако овој кај банката има сметка со паричен депозит, да ги запише во корист на таа сметка.*

Враќање на хартиите од вредност

Член 1089

(1) *Банката е должна, по барање од депонентот, да ги врати хартиите од вредност во секое време.*

(2) *Враќањето, по правило се врши во местото каде што е извршено депонирањето.*

(3) *Предмет на враќањето се самите хартии од вредност, доколку меѓу договорните страни не е договорено дека враќањето може да биде извршено со плаќање на соодветен износ.*

(4) *Враќањето може да му се изврши само на депонентот или на неговите правни следбеници или на лицата кои ќе ги означат тие, дури и кога од самите хартии е видливо дека тие им припаѓаат на трети.*

Барања на трети лица

Член 1090

За секое барање што ќе го истакне трето лице во поглед на депонираните хартии, банката е должна да го извести депонентот.

Глава XXXVII

БАНКАРСКА ТЕКОВНА СМЕТКА

Поим

Член 1091

Со договорот за банкарска тековна сметка, банката се обврзува да му отвори на својот клиент посебна сметка и преку неа да прима уплати и да врши исплати во границите на неговите средства и на одобрениот кредит.

Форма на договорот

Член 1092

Договорот за отворање на тековна сметка мора да биде склучен во писмена форма.

Средства на тековната сметка

Член 1093

(1) *Паричните средства на тековната сметка се остваруваат со уплати од страна на депонентот и со наплати на паричните износи извршени за негова сметка.*

(2) *Банката е должна преку тековната сметка да врши плаќање за депонентот и тогаш кога на сметката нема покритие и тоа во обемот што е предвиден со договорот за отворање на тековна сметка или со посебна спогодба.*

(3) *Оваа обврска на банката може да се исклучи со договорот за отворање на тековна сметка.*

Пребивање меѓу салдата на повеќе сметки

Член 1094

Ако депонентот кај иста банка има повеќе тековни сметки, активното и пасивното салдо на овие сметки заемно се пребиваат, доколку поинаку не е договорено.

Располагање со салдото

Член 1095

Корисникот на тековната сметка може во секој момент да располага со салдото што на сметката се појавува во негова корист, освен ако е договорен отказен рок.

Примена на правилата на договорот за налог

Член 1096

(1) *Банката одговара за извршувањето на налогот на депонентот според правилата на договорот за налог.*

(2) *Ако налогот треба да се изврши во местото каде што банката нема деловна единица, таа може тоа да го изврши преку друга банка.*

Траење на сметката

Член 1097

Ако во договорот за отворање на тековна сметка не е утврден рокот на неговото траење, секоја страна може да го раскине со отказен рок од 15 *дена.*

Провизија и надомест на трошоците

Член 1098

(1) *Банката има право да засметува провизија за извршените услуги што се опфатени со договорот за тековната сметка, како и надомест за посебните трошоци направени во врска со тие услуги.*

(2) *Овие свои побарувања банката ги запишува во своја корист во тековната сметка, доколку меѓу договорните страни не е договорено поинаку.*

Доставување изводи

Член 1099

(1) *При секоја промена на состојбата на тековната сметка, банката е должна да издаде извод со назначување на салдото и да му го предаде на клиентот на спогодбено утврдениот начин.*

(2) *Се смета дека изводот е одобрен ако не е оспорен во договорениот рок или, ако договор нема, во рок од* 15 *дена.*

(3) *И по неговото одобрување, изводот на сметката може да се оспорува поради грешки во пишувањето или во пресметката, поради испуштање или дуплирање, но ова оспорување мора да се преземе најдоцна во рок од една година од приемот на сметката за ликвидацијата на салдото по заклучувањето на тековната сметка, инаку правото се гаси.*

Глава XXXVIII

ДОГОВОР ЗА СЕФ

Поим

Член 1100

(1) *Со договорот за сеф банката се обврзува да му стави на употреба на корисникот сеф за определено време, а корисникот се обврзува за тоа да* ќе *плати на банката определен надомест.*

(2) *Банката мора да ги преземе сите потребни мерки за да обезбеди добра состојба на сефот и надзор над него.*

Пристап кон сефот

Член 1101

(1) *Пристап кон сефот може да му се дозволи само на корисникот или на неговиот полномошник.*

(2) *Банката не смее кај себе да држи дупликат од клучот или од клучевите кои му се предаваат на корисникот.*

Предмети што не смеат да се стават во сеф

Член 1102

(1) *Корисникот не смее да стави во својот сеф предмет или производ што може да ја загрози сигурноста на банката или на другите сефови.*

(2) *Во случај кога корисникот не се придржува кон оваа обврска, банката може да изјави дека го раскинува договорот за сеф.*

Права на банката во случај на неплаќање

Член 1103

(1) *Ако корисникот не* ќе *плати на банката макар само една рата од надоместот по стасаноста, банката може да го раскине договорот по истекот на еден месец откако ќе го опомене корисникот со препорачано писмо за наплатата.*

(2) *Откако ќе го раскине договорот, банката може да го повика корисникот да го испразни сефот и да* ќе *го предаде клучот, па ако корисникот тоа не го направи, банката може да бара сефот да се отвори по пат на суд, да се утврди неговата содржина и најдените предмети да се стават во судски депозит или да* ќе *се доверат на банката на чување.*

(3) *Банката има право на првенство за наплата на надоместот што се должи настанат од договорот за сеф, од паричниот износ што е пронајден во сефот, како и од цената добиена со продажба на другите вредности најдени во сефот.*

Глава XXXIX

ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ

Поим

Член 1104

(1) *Со договорот за кредит банката се обврзува на корисникот на кредитот да му стави на располагање определен износ на парични средства, на определено или неопределено време, за некоја намена или без утврдена намена, а корисникот се обврзува на банката да и ја плаќа договорената камата и добиениот износ пари да го врати во времето и на начинот како што е утврдено со договорот.*

(2) *На договорот за кредит во кој паричната обврска е во домашна валута е изразена во странска валута или е определена во таква валута во однос на каматната стапка, сообразно се применуваат одредбите од договорот за заем.*

Форма и содржина

Член 1105

(1) *Договорот за кредит мора да биде склучен во писмена форма.*

(2) *Со договорот за кредит се утврдуваат износот, како и условите за давање, користење и враќање на кредитот.*

Отказ на давачот на кредитот

Член 1106

(1) *Договорот за кредит, банката може да го откаже пред истекот на договорениот рок ако кредитот е користен во спротивност со неговата намена* .

(2) *Договорот за кредит, банката може да го откаже пред истекот на договорениот рок и во случај на инсолвентност на корисникот, дури и кога не е утврдена со судска одлука, во случај на престанување на правното лице или на смрт на корисникот, ако во тие случаи давачот на кредитот би дошол во суштествено понеповолна положба.*

Откажување од договорот и враќање на кредитот пред рокот

Член 1107

(1) *Корисникот на кредитот може да се откаже од договорот пред да почне да го користи кредитот.*

(2) *Корисникот на кредитот може да го врати кредитот и пред рокот определен за враќање, но е должен за тоа однапред да ја извести банката.*

(3) *Во двата случаи корисникот на кредитот е должен да ја надомести штетата, доколку давачот на кредитот ја претрпел.*

(4) *Во случај на враќање на кредитот пред определениот рок, банката не може да ја засмета каматата за времето од денот на враќањето на кредитот до денот кога според договорот требало да биде вратен.*

Глава XL

ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ ВРЗ ОСНОВА НА ЗАЛОГ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Поим

Член 1108

Со договорот за кредит врз основа на залог на хартии од вредност банката одобрува кредит во определен износ со обезбедување залог на хартиите од вредност што му припаѓаат на корисникот на кредитот или на трет кој ќе се согласи со тоа.

Форма и содржина

Член 1109

Договорот за кредит врз основа на залог на хартии од вредност мора да биде склучен во писмена форма и да го содржи назначувањето на хартиите од вредност што се заложуваат, називот, односно фирмата и седиштето односно живеалиштето на имателот на хартиите, износот и условите на одобрениот кредит, како и износот и вредноста на хартиите што е земена предвид за одобрување на кредитот.

Кога банката може да ги продаде заложените хартии

Член 1110

Ако корисникот не го врати добиениот кредит по стасаноста, банката може да ги продаде заложените хартии од вредност.

ГЛАВА XLI

АКРЕДИТИВИ

Обврска на акредитивната банка и форма на акредитивот

Член 1111

(1) *Со прифаќање на барањето на налогодавецот за отворање на акредитиви, акредитивната банка се обврзува дека на корисникот на акредитивот ќе му ја исплати определената парична сума ако до определеното време бидат исполнети условите наведени во налогот за отворање на акредитив.*

(2) *Акредитивот мора да биде составен во писмена форма.*

Кога настанува обврска спрема корисникот

Член 1112

(1) *Банката е обврзана спрема корисникот од денот кога му е соопштено отворањето на акредитивот.*

(2) *Налогодавецот е врзан со издадениот налог од моментот кога налогот пристигнал до банката.*

Независност на акредитивот од друга правна работа

Член 1113

Акредитивот е независен од договорот за продажба или од друга работа по чиј повод е отворен акредитивот.

Документарен акредитив

Член 1114

Документарен акредитив постои кога банката е должна да му исплати на корисникот на акредитивот определена парична сума под услов да ù *бидат поднесени документите според условите утврдени во акредитивот.*

Должност на акредитивната банка

Член 1115

Банката која отвора документарен акредитив е должна да ги изврши клаузулите за плаќање под условите предвидени во акредитивот.

Видови на документарен акредитив

Член 1116

(1) *Документарниот акредитив може да биде отповиклив или неотповиклив.*

(2) *Доколку поинаку не е изречно договорено, акредитивот секогаш е отповиклив, дури и кога е отворен за определено време.*

Отповиклив акредитив

Член 1117

Отповикливиот документарен акредитив не ја врзува банката спрема корисникот, па во секој момент може да го измени или да го отповика на барање од налогодавецот или по сопствена иницијатива, ако е тоа во интерес на налогодавецот.

Неотповиклив акредитив

Член 1118

(1) *Неотповикливиот документарен акредитив содржи самостојна и непосредна обврска на банката спрема корисникот.*

(2) *Оваа обврска може да биде укината или изменета само со спогодба на сите заинтересирани страни.*

(3) *Неотповикливиот документарен акредитив може да биде потврден од некоја друга банка, која со тоа, покрај акредитивната банка, презема самостојна и непосредна обврска спрема корисникот.*

(4) *Нотификацијата на акредитивот на корисникот од страна на некоја друга банка не е самата по себе потврдување на овој акредитив.*

Должности на банката во поглед на документите

Член 1119

(1) *Банката е должна да испита дали документите се сообразни во сѐ со барања на налогодавецот.*

(2) *Кога ќе ги добие документите, банката мора во најкраток рок за тоа да го извести налогодавецот и да му укаже на утврдените неправилности и недостатоци.*

Граници на одговорноста на банката

Член 1120

(1) *Банката не презема никаква одговорност ако поднесените документи на изглед се сообразни со упатствата на налогодавецот.*

(2) *Таа не презема никаква обврска во поглед на стоките кои се предмет на отворениот акредитив.*

Преносливост и деливост на акредитивот

Член 1121

(1) *Документарниот акредитив е преносliв или делив само ако банката која отвора акредитив во корист на корисникот што го означил налогодавецот е овластена во упатствата од првиот корисник да им плати во целост, или делумно на еден или на поголем број трети лица.*

(2) *Акредитивот може да го пренесе, врз основа на изречени упатства, само банката која го отвара и тоа само еднаш, доколку не е договорено спротивно.*

Глава XLII

БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Поим

Член 1122

(1) *Со банкарската гаранција банката се обврзува спрема примачот на гаранцијата (корисникот) дека во случај трето лице да не му ја исполни обврската во рокот на стасаноста, ќе му ја намири обврската ако бидат исполнети условите наведени во гаранцијата.*

(2) *Гаранцијата мора да биде издадена во писмена форма.*

Намирување на обврска од гаранција во пари

Член 1123

Банката намирува обврска од гаранција во пари и во случај со гаранцијата да се обезбедува непарична обврска.

Потврда на гаранцијата (супергаранција)

Член 1124

Ако друга банка ја потврди обврската од гаранцијата, корисникот може своите барања од гаранцијата да ги поднесе било до банката што ја издала гаранцијата, било до онаа што ја потврдила гаранцијата.

Отстапување на правата од гаранцијата

Член 1125

Своите права од банкарската гаранција, корисникот може да му ги отстапи на трет само со отстапување на побарувањето што е обезбедено со гаранцијата и со пренос на своите обврски во врска со обезбеденото побарување.

Гаранција без приговор

Член 1126

(1) *Ако банкарската гаранција содржи клаузула "без приговор", на "прв повик" или содржи зборови што имаат исто значење, банката не може да ги истакнува спрема корисникот приговорите што налогодавецот како должник може да ги истакнува спрема корисникот по обезбедената обврска.*

(2) *Налогодавецот е должен да ù го плати на банката секој износ што го платила банката врз основа на гаранција издадена со клаузулата од став* (1) *на овој член* .

(3) *Корисникот на гаранцијата му го должи на налогодавецот износот примен врз основа на гаранцијата на кој инаку не би имал право поради оправданите приговори на налогодавецот.*

Глава XLIII

ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ЗА БАНКАРСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1127

Одредбите на членовите 1074 *до* 1126 *од овој закон сообразно се применуваат и врз други правни лица, доколку со закон се овластени за вршење на определени банкарски работи.*

Глава XLIV

ПОРАМНУВАЊЕ

Поим

Член 1128

(1) *Со договорот за порамнување лицата меѓу кои постои спор или неизвесност за некој правен однос, со помош на заемни попуштања го прекинуваат спорот, односно ја отстрануваат неизвесноста и ги определуваат своите заемни права и обврски.*

(2) *Постои неизвесност и кога остварувањето на определено право е несигурно.*

Во што се состојат заемните попуштања

Член 1129

(1) *Попуштањето може да се состои, меѓу другото, во делумно или наполно признавање на некое барање на другата страна или во откажувањето од некое свое барање; во земање врз себе некоја нова обврска; во намалување на каматната стапка; во продолжување на рокот; во согласување со делумни отплати; во давање право на пишманлак.*

(2) *Попуштањето може да биде условно.*

(3) *Кога само една страна ќе* ù *попушти на другата на пример,* ù *го признае правото на другата страна, тогаш тоа не е порамнување, па не подлежи на правилата за порамнување.*

Способност

Член 1130

За склучување на договор за порамнување е потребна способност за располагање со правото кое е предмет на порамнувањето.

Предмет

Член 1131

(1) *Предмет на порамнувањето може да биде секое право со кое може да се располага.*

(2) *Полноважно е порамнувањето за имотните последици од кривично дело.*

(3) *Не можат да бидат предмет на порамнување споровите што се однесуваат на статусните односи.*

Примена на одредбата за двостраните договори

Член 1132

(1) *За договорот за порамнување важат општите одредби за двостраните договори, ако за него не е предвидено нешто друго.*

(2) *Кога под називот порамнување договарачите ќе извршат некоја друга работа, врз нивните односи не се применуваат одредбите од законот што важат за порамнувањето, туку оние што важат за вистински извршената работа.*

Прекумерно оштетување

Член 1133

Поради прекумерно оштетување не може да се бара поништување на порамнувањето.

Дејство на порамнувањето спрема гарантите и залогодавците

Член 1134

(1) *Ако со порамнувањето е извршена новација на обврската, гарантот се ослободува од одговорноста за нејзиното исполнување, а престанува и залогот што го дал некој трет.*

(2) *Инаку, гарантот и третиот што дал свој предмет во залог остануваат и натаму во обврска, а нивната одговорност може да биде намалена со порамнувањето, но не и зголемена, освен ако се согласиле со порамнувањето.*

(3) *Кога должникот со порамнувањето ќе го признае спорното побарување, гарантот и залогодавецот го задржуваат правото да му ги истакнат на доверителот приговорите од кои се откажал должникот со порамнувањето.*

Порамнување за работа која може да се поништи

Член 1135

(1) *Полноважно е порамнувањето за правната работа чиешто поништување можела да го бара едната страна, ако таа во моментот на склучувањето на порамнувањето знаела за таа можност.*

(2) *Ништовно е порамнувањето за ништовна правна работа и кога договарачите знаеле за ништовноста и сакале да ја отстранат со порамнувањето.*

Ништовност на порамнувањето

Член 1136

(1) *Порамнувањето е ништовно ако е засновано врз погрешно верување на двата договарачи дека постои правен однос кој всушност не постои и ако без тоа погрешно верување меѓу нив не би имало, ниту спор ниту неизвесност.*

(2) *Истото важи и кога погрешното верување на договарачите се однесува на обични факти.*

(3) *Откажувањето од оваа ништовност нема правно дејство и она што е дадено на име извршување на обврските од таквото порамнување може да се бара назад.*

Ништовност на една одредба од порамнувањето

Член 1137

Одредбите од порамнувањето претставуваат целост, па ако една одредба е ништовна, целото порамнување е ништовно, освен кога од самото порамнување се гледа дека тоа се состои од независни делови.

Дел трет

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примена на овој закон

Член 1138

Одредбите на овој закон нема да се применуваат врз облигационите односи што настанале пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Насловот на членот 1139 и членот 1139 се избришани, *види: Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ" бр.84/08).*

Престанување на важењето на другите прописи

Член 1140

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат: Законот за облигациони односи ("Службен лист на СФРЈ" број 29/78; 39/85 *и* 57/89); *Законот за промет со земјишта и згради ("Службен весник на СРМ" бр.* 36/75, 41/75, 10/79 *и "Службен весник на Република Македонија" број* 38/91 *и* 4/93), *освен членовите* 27, 28 *и* 29 *кои ќе важат до донесување на Законот за сопственост и други стварни права и членовите од* 109 *до* 126 *од Законот за наследување ("Службен весник на Република Македонија" број* 35/73 *и* 27/78).

Влегување во сила на овој закон

Член 1141

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на РМ У.бр. 93/2001 ("Службен весник на РМ" бр. 78/01 од 27.09.2001):

1. *СЕ УКИНУВА член* 191 *во делот "како и лицето спрема кое е извршено некое друго кривично дело против достоинството на личноста и моралот" од Законот за облигационите односи ("Службен весник на РМ" бр.* 18/2001).

2. *Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".*

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи ("Службен весник на РМ" бр.4/02)

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на РМ У.бр. 67/2002
("Службен весник на РМ" бр. 59/02 од 23.07.2002):

1. *СЕ УКИНУВА член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи ("Службен весник на РМ" бр. 4/2002).*
2. *Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".*

ОДРЕДБА
од Законот за изменување на Законот за облигационите односи ("Службен весник на РМ" бр.5/03)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи ("Службен весник на РМ" бр.84/08)

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 139

Одредбите од членовите 35, 63, 73, 74, 75, 76, 77, 83, 84, 85, 91, 92 *и* 102 *на овој закон ќе се применуваат од 1 јули 2009 година, освен одредбата која се однесува на обврската на Народната банка на Република Македонија на секој* 1 *јануари и* 1 *јули да ја објави референтната каматна стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар во "Службен весник на Република Македонија" кои ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.*

Член 140

Со денот на отпочнувањето на примената на одредбите од членовите 73 *и* 74 *на овој закон, со исклучок на одредбата која се однесува на обврската на Народната банка на Република Македонија на секој* 1 *јануари и* 1 *јули да ја објави референтната каматна стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар во "Службен весник на Република Македонија", престанува да важи Законот за висината на стапката на затезната камата („Службен весник на Република Македонија" број* 65/92 *и* 70/93).

Член 141

На облигационите односи кои настанале пред влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 04/2002 *и* 05/2003).

Член 142

Одредбите на овој закон за одговорноста за неисправен производ нема да се применуваат на производите пуштени во промет пред влегувањето во сила на овој закон.

Член 143

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување на Законот за облигационите односи
("Службен весник на РМ" бр.81/09)

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2008), во членот 139 зборовите: "1 *јули 2009 година*" *се заменуваат со зборовите: "1 јануари 2010 година*".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи
("Службен весник на РМ" бр.161/09)

Член 7

Во членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" број 81/2009), *зборовите: „1 јануари 2010 година" се заменуваат со зборовите: „1 февруари 2010 година*".

Член 8

Кај облигационите односи засновани пред започнувањето со примена на овој закон, на правата и обврските по основ на договорна и казнена камата настанати заклучно со 31 *јануари* 2010 *година се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи* ("*Службен весник на Република Македонија*" *број* 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008 *и* 81/2009).

Кај облигационите односи од ставот 1 *на овој член, на правата и обврските по основ на договорна и казнена камата кои ќе настанат по* 31 *јануари* 2010 *година се применуваат одредбите од овој закон.*

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 *февруари* 2010 *година.*

ОДРЕДБИ
од Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај
("Службен весник на РМ" бр.23/13)

X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 115

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да се применува Законот за договорите за превоз во друмскиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ" број 2/74) *и престануваат да важат одредбите од членовите 704 до 741 Глава XVII ПРЕВОЗ од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" број* 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 *и* 161/2009).

Член 116

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".